ЗА ДОАЃАЊЕТО НА ЦАРОТ

„Зашто уште малку, сосема малку и
Оној кој доаѓа, ќе дојде и нема да забави“
(Евреите 10:37)

ПОСЛЕДНАТА КРИЗА

Ние живееме во последното време. Знаците на времето кои набрзина се исполнуваат, зборуваат дека Христовото доаѓање е пред вратата. Деновите во кои живееме се свечени и значајни. Божјиот Дух, постепено, но сигурно се повлекува од земјата. Помори и други казни веќе ги снаоѓаат оние кои ја презираат Божјата благодат. Несреќите на копно и море, несредената состојба на општеството, гласовите и стравот од војните претставуваат злокобни знаци. Сето тоа претскажува дека се приближуваат настани кои се од најголемо значење. {9С 11.1}

Претставниците на злото се здружуваат и ги зацврстуваат своите сили. Тие се засилуваат за последната голема криза. Наскоро ќе се случат големи промени во светот и последните настани нагло ќе се развиваат. {9С 11.2}

Општата состојба во светот покажува дека нам непосредно ни претстојат тешки времиња. Дневните весници се полни со предвестувања за еден ужасен судир во блиска иднина. Често се случуваат дрски разбојништва. Штрајковите станаа вообичаена појава. Кражбите и убиствата ги има на секој чекор. Злосторниците, опседнати со демони им го одземаат животот на мажите, жените и малите деца. Порокот ги залудел луѓето и секаков вид на зло превладува насекаде. {9С 11.3}

Непријателот успеал да ја изопачи правдата и човечкото срце да го исполни со желба за себична добивка. „Правдата застана далеку; зашто вистината се сопна на плоштадот и чесноста не можеше да влезе“ (Исаија 59:14). Во големите градови илјадници луѓе живеат во сиромаштија и беда, речиси потполно лишени од храна, покрив над главата и облека, додека во истите градови живеат оние кои имаат повеќе отколку што може да им посака срцето, кои живеат раскошно, трошејќи ги парите на луксузно наместени куќи, на лично украсување или, што е уште полошо, на задоволување на телесните желби: на алкохол, тутун и други пороци кои ја уништуваат силата на мозокот, оневозможувајќи урамнотеженост во расудувањето и кои ја понижуваат душата. Пекањата на напатеното човештво се издигаат пред Бога, додека луѓето со сите можни средства за угнетување и изнудување натрупуваат огромни богатства. {9С 11.4}

Во една прилика, кога бев во Њујорк, бев повикана во текот на ноќта да набљудувам едни згради кои кат по кат се издигаа кон небото. Се тврдеше дека тие

згради се сигурни од пожар, а беа подигнати за слава на нивните сопственици и градители. Тие зданија се подигаа сè повеќе и повеќе и за нивното градење беше употребуван најскап материјал. Оние на кои припаѓаа овие згради не се прашуваа: „Како најдобро ќе го прославиме Бога?“ Господ не беше во нивните мисли. {9С 12.1}

Јас помислив: „О, кога оние кои на овој начин ги вложуваат своите пари би можеле да го согледаат својот живот како Бог што го гледа! Тие подигаат величествени градби, но колку се безумни нивните планови и намери во очите на Владетелот на вселената. Тие не проучуваат со сите свои сили на срцето и умот како можат да го прослават Бога. Таа прва должност на човекот тие потполно ја изгубиле од вид“. {9С 12.2}

Додека се подигаа тие величествени згради, нивните сопственици се радуваа во својата амбициозна гордост што имаат пари со кои можат да си угодуваат себеси и да предизвикаат завист кај своите ближни. Голем дел од парите кои ги вложиле на тој начин ги стекнале со изнудување, угнетувајќи ги сиромашните. Тие забораваат дека на небото се водат книги за сите деловни трансакции; во тие книги е запишана секоја неправедна постапка, секоја измама. Се наближува времето кога луѓето во својата нечесност и дрскост ќе стигнат до точката која Господ нема да дозволи да ја поминат и тогаш ќе увидат дека постои граница на трпението на Јехова. {9С 12.3}

Тогаш пред моите очи се појави сцена на узбуна поради пожар. Луѓето ги гледаа величествените градби за кои се претпоставува дека се потполно сигурни од пожар и говореа: „Тие се совршено безбедни“. Но зградите изгореа како да беа од смола. Противпожарните машини не можеа да направат ништо за да го сопрат уништувањето. Пожарникарите не беа во состојба ниту да ги стават во движење. {9С 13.1}

Ако во срцето на гордите и славољубиви човечки суштества не се изврши промена, кога ќе дојде времето Господ да суди, луѓето ќе увидат дека таа рака која била силна да спасува, ќе биде исто толку силна да уништува. Никаква човечка сила не може да ја сопре Божјата рака. Не постои материјал за подигање згради кој би можел да заштити од уништување кога ќе дојде времето кое Бог го одредил за да ја пушти Својата казна над луѓето поради непочитување на Неговиот закон и поради нивното себично славољубие. {9С 13.2}

Малкумина луѓе, дури и меѓу просветните работници и државници ги сфаќаат причините за сегашната состојба во општеството. Оние кои во своите раце ги држат уздите на власт не се во состојба да го решат проблемот на морална расипаност, сиромаштво, беда и растечкото злосторство. Тие залудно се трудат деловните трансакции да ги стават на посигурен темел. Кога луѓето повеќе би се придржувале за учењето на Божјата Реч, тие би нашле решение за проблемите кои ги доведуваат во забуна. {9С 13.3}

Светото Писмо ја опишува состојбата во светот непосредно пред второто Христово доаѓање. За луѓето кои со кражба и изнудување стекнуваат големи богатства е напишано: „Сте собрале богатство за последните дни. Ете, платата, што сте ја задржале од работниците кои работеа на вашите ниви, и извиците на жетварите дојдоа до ушите на Господа Саваот. Се веселевте на земјата и се насладувавте, ги потхранивте срцата ваши како за ден на клање. Осудивте, убивте праведник; и тој не се бранеше“ (Јаков 5:3-6). {9С 13.4}

Но кој ги забележува и чита опомените содржани во знаците на времето кои набрзина се исполнуваат? Каков впечаток остава тоа на оние кои го сакаат овој свет? Каква промена се гледа во нивниот став? Ништо подобро отколку кај жителите на светот во времето на Ное. Преокупирани со земни работи и задоволства претпотопните луѓе „не узнаа, додека не дојде потопот и истреби сè". Небото им праќало пораки, но тие не слушале. И денешниот свет не осврнувајќи се на Божјиот глас кој опоменува, брза во пресрет на вечната пропаст. {9С 14.1}

Духот на војна го потресува светот. Пророштвото од единаесеттата глава од книгата на Даниел речиси потполно се исполнило. Наскоро ќе се појават сцени на неволји и маки за кои се зборува во пророштвата. {9С 14.2}

„Ете, Господ ја опустошува земјата и ја прави неплодна; го изменува нејзиниот вид и ги распрснува оние што живеат на неа… зашто тие ги прекршија законите, ја изменија одредбата, го нарушија вечниот завет. Затоа проклетство ја јаде земјата, а жителите нејзини трпат казна… Престана веселбата со тимпани; молкна вревата на оние што се веселеа; стивнаа звуците на гуслите" (Исаија 24:1-8). {9С 14.3}

„О каков ден! Оти денот Господен е близу; и ќе дојде како запустување од Сесилниот… Изгниени се зрната во своите лушпи, запустени се житниците, урнати се амбарите, оти нема веќе жито. Ете, како стенка добитокот, нажалени одат стадата волови, зашто нема за нив пасиште; се измачуваат и стадата овци. Лозата се исуши, смоквата свена, нарот, палмата и јаболкницата - сите дрвја по полето се исушија; поради тоа и веселбата кај синовите човечки исчезна" (Јоил 1:15-18,12). {9С 15.1}

„Нажален сум до дното на срцето свое… не можам да молчам; зашто ти слушаш, душо моја знак од труба, боен повик. Зло по зло, целата земја се опустошува" (Еремија 4:19,20). {9С 15.2}

„Ја гледам земјата - и ете, таа е разорана и пуста, - небесата, и нема на нив светлина. Ги гледам горите - и ете, тие треперат, и сите ридови се нишаат. Гледам - и ете, нема човек, и сите небески птици одлетале. Гледам - и ете Кармил е пустина, и сите негови градови се сосипани од лицето Господово, од јароста на гневот Негов" (Еремија 4:32-26). {9С 15.3}

„О, тешко, голем е оној ден, нема сличен на него; тоа е мачно време за Јакова, но тој ќе биде избавен од него" (Еремија 30:7). {9С 15.4}

Не поминаа сите во овој свет на страната на Непријателот кој води војна против Бога. Не станаа сите нелојални кон небото. По- стои мал број на оние кои се верни на Бога, зашто Јован пишува: „Тука е трпението на светиите, Тука се оние, што ги пазат заповедите Божји и верата во Исуса" (Откровение 14:12). Наскоро ќе се подигне жестока битка помеѓу оние кои му служат на Бога и оние кои не Му служат. Наскоро ќе биде решетано сè што може да се решета, за да остане само тоа што не може да се решета. {9С 15.5}

Сатаната вредно ја проучува Библијата. Тој знае дека Неговото време е кратко и прави сè што е во Негова моќ да се спротивстави на Господовото дело на оваа земја. Невозможно е да се замислат доживувањата на народот Божји кој ќе се затекне жив на земјата кога во исто време ќе се појави небесната слава (доцниот дожд) и ќе се повторат прогонствата од минатото. Тие ќе чекорат во светлина која ќе доаѓа од Божјиот престол. Со посредство на ангелите ќе се одржува нераскинлива врска помеѓу

небото и земјата. А сатаната, опкружен со злите ангели, ќе тврди дека тој е Бог, и ќе прави чуда од секаков вид за, ако е можно, да ги прелаже дури и избраните. Божјиот народ нема да наоѓа сигурност во правење на чуда, бидејќи сатаната ќе ги имитира чудата кои ќе се прават. Искушаниот и проверен Божји народ ќе ја најде својата сила во знакот за кој се зборува во Излез 31:12-18. Тие ќе мора да се потпрат на живата реч „Пишано е“. Тоа е единствен темел на кој ќе можат да стојат без опасност. Оние кои го прекинале својот завет со Бога во тој ден ќе бидат без Бога и без надеж. {9С 16.1}

Поклониците на вистинскиот Бог особено ќе се одликуваат со држење на четвртата заповед, бидејќи тоа е знак на Божјата создавачка сила и сведоштво за Неговото право на стравопочитување и уважување од страна на човекот. Безбожниците ќе се препознаат по своето настојување да ја омаловажуваат саботата која како споменик потсетува на Творецот и да ја издигнат институцијата на Рим (неделата). По исходот од борбата, целокупното христијанство ќе биде поделено на две големи групи - на оние кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, и оние кои се поклонуваат на ѕверот и Неговата икона и го примаат Неговиот жиг. Иако црквата и државата ќе ги соединат своите сили за да ги присилат сите „мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови“ за да го примат жигот на ѕверот, народот Божји сепак нема да го прими. (Откровение 13:16) Пророкот од Патмос ги видел „оние што го победија ѕверот и неговиот лик, Неговиот белег и бројот на Неговото име, како стојат на тоа море стаклено и имаа гусли Божји“ пеејќи ја песната на Мојсеј и Јагнето. (Откровение 15:2). {9С 16.2}

Страшни искушенија и проби го очекуваат Божјиот народ. Духот на војна ги потресува народите од едниот крај на земјата до другиот. Но низ времето на неволја кое доаѓа време на неволја какво што немало од почетокот на светот - избраниот Божји народ ќе стои непоколеблив. Сатаната и неговите ангели нема да можат да го уништат, бидејќи ќе го штитат ангели кои се ненадминливи во сила. {9С 17.1}

Бог ги упатува овие зборови на Својот народ: „Затоа излезете од нивната средина и одделете се, … и не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот”. „Вие сте род избран, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени, за да ги возвестите совршенствата на Оној, Кој ве повикал од темнина во Својата чудна светлина“ (2. Коринтјаните 6:17,18; 1. Петрово 2:9). Божјиот народ треба да се распознава како народ кој Му служи потполно, од цело срце, не барајќи почести за себе, секогаш имајќи на ум дека со најсвечен завет се обврзал дека ќе му служи на Господа, и само Нему. {9С 17.2}

„Пак Господ му рече на Мојсеја: Речи им на Израелците: Моите саботи треба да ги пазите, зашто саботата е знак меѓу Мене и вас од поколение до поколение, за да бидете свесни дека Јас, Господ, ве посветувам. И така, држете ја саботата, зашто е таа света за вас. Кој ќе ја онечисти, нека биде погубен; кој ќе работи во неа каква и да е работа, нека биде отстранет од својот народ. Шест дена нека се вршат работите, ама седмиот ден нека биде ден на целиот одмор, посветен на Господа. Кој ќе обавува некаква работа во саботен ден, нека биде погубен. Затоа Израелците нека ја пазат саботата - празнувајќи ја од поколение до поколение - како вечен завет. Таа нека е

знак, засекогаш, меѓу Мене и Израелците. Па Господ за шест дни ги создаде небото и земјата, а на седмиот ден прекрати да работи и се одмори“ (Излез 31:12-17). {9С 17.3}

Зар овие зборови не укажуваат на нас како на народ избран од Бога? И зар не ни зборуваат дека секогаш мораме да го чуваме тоа свето обележје кое ни е дадено? Израеловите деца морале да ја празнуваат саботата „од поколение до поколение - како вечен завет“. Саботата не изгубила ниту малку од своето значење. Таа сè уште е знак помеѓу Бога и Неговиот народ и така ќе остане засекогаш. {9С 18.1}

ПОВИКАНИ ДА БИДЕМЕ СВЕДОЦИ

Адвентистите на седмиот ден во нарочна смисла се испратени во светот како стражари и носители на светлина. Ним им е доверено објавување на последното предупредување на светот кој пропаѓа. Нив ги осветлува чудесна светлина од Божјото Слово. Ним им е доверена најсвечена задача објавувањето на веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел. Не постои друго дело од толку голема важност. Тие не треба да дозволат ништо друго да го апсорбира нивното внимание. {9С 19.1}

Најсвечени вистини кои кога и да биле доверени на смртниците ни се дадени нам да ги објавуваме на светот. Објавувањето на тие вистини претставува наша задача. На светот мора да му се објави предупредувањето и Божјиот народ не смее да го изневери аманетот кој му е доверен. Припадниците на Божјиот народ не смеат да се занимаваат со шпекулации, ниту смеат да стапат во деловни потфати со неверниците, затоа што тоа би ги попречило во работата која Бог им ја доверил. {9С 19.2}

Христос кажува за Својот народ: „Вие сте светлината на светот“ (Матеј 5:14). Тоа што толку јасно ни се откриени Божјите планови и намери не е мала работа. Да бидеме во состојба правилно да ја сфатиме Божјата волја, така како што е откриена во сигурната пророчка реч, навистина претставува чудесна предност. Заради тоа имаме голема одговорност. Бог очекува од нас знаењето кое ни го дал да го пренесеме и на другите. Негова намера е божественото и човечкото да се соединат во објавувањето на веста на предупредување. {9С 19.3}

На секого што ја примил светлината на вистината лежи, во сообразност со неговите можности, таа иста одговорност која почивала врз Израеловиот пророк, на кого му биле упатени зборовите: „И тебе, човечки сине, те поставив за стражар на Израеловиот дом: кога ќе чуеш слово од Мојата уста, опомени ги во Мое име. Ако му речам на безбожникот: ‘Безбожнику, ќе умреш!’ - а ти не проговориш и не го опоменеш безбожникот за да се врати од својот лош пат, безбожникот ќе умре заради својот грев, ама Неговата крв ќе ја барам од твојата рака. Но ако го опоменеш безбожникот за да се врати од својот лош пат, а тој не се врати од својот пат: тој ќе умре заради својот грев, а ти ќе го спасиш својот живот“ (Езекиел 33:7-9). {9С 19.4}

Зар ќе чекаме сè додека не се исполнат пророштвата за свршетокот па дури тогаш да кажеме нешто за нив? Каква смисла ќе имаат тогаш нашите зборови? Ќе чекаме ли Божјата казна да го стигне престапникот пред да му кажеме како да ја избегне? Каде е нашата вера во Божјото Слово? Дали ќе чекаме да се исполнат претскажаните настани, па дури тогаш да поверуваме во она што го кажал? Ние добивме јасна и одредена

светлина која ни покажува дека дека големиот Господов ден е близу, „токму на вратата”. Да го читаме и разбереме ова пред да биде премногу доцна. {9C 20.1}

Ние треба да бидеме посветени канали, низ кои божествената светлина треба да се разлева и на другите. Светиот Дух треба да ја оживее и проникне целата црква, чистејќи ги и соединувајќи ги срцата. Оние кои преку крштавањето се закопани со Христа, треба да станат во нов живот, покажувајќи жив пример на Христовиот живот. Нам ни е доверена света должност, даден ни е налог: „Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Таткото, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас во сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28:19,20). Вие сте посветени на делото на објавување на добрата вест за спасението. Совршенството на небото треба да биде ваша сила. {9C 20.2}

Свет живот

Само проповедањето на вистината и растурањето на литературата не нè прави сведоци за Бога. Мораме да имаме на ум дека животот сличен на Христовиот живот е најсилен доказ кој може да се изнесе во корист на христијанството и дека неисправниот карактер на христијанинот нанесува на светот повеќе штета отколку карактерот на некој световен човек. Сите книги на светот не можат да ја заменат улогата на еден свет живот. Луѓето нема да веруваат толку на она што проповедникот го проповеда, колку на тоа како живее црквата. На влијанието на проповедта одржана од проповедалната, Често се спротивставува сведоштвото, кое со својот живот го даваат оние што тврдат дека се поборници на вистината. {9C 21.1}

Божја цел е преку Својот народ да се прослави Себеси пред овој свет. Од оние кои го носат Христовото име, Тој очекува да го претставуваат со своите мисли, зборови и дела. Нивните мисли треба да бидат чисти, а зборовите благородни, за да оние кои се наоѓаат околу нив, би ги издигнале и привлекле поблиску до Спасителот. Христовата вера треба да се огледа во сето она што тие го прават или зборуваат. Мирисот на Божјата присутност треба да се чувствува и во секој нивен деловен потфат. {9C 21.2}

Гревот е одвратен. Тој ја осакатил моралната убавина на многу ангели и проникнувајќи во нашиот свет, го изопачил речиси потполно Божјиот морален лик во човекот. Меѓутоа, Бог во Својата голема љубов предвидел начин по кој човекот може повторно да ја задобие положбата од која паднал со тоа што му попуштал на искушувачот. Христос дошол да застане на чело на човештвото и во наше име да изгради совршен карактер. Оние кои ќе го примат Него се наново родени. {9C 21.3}

Христос видел како човештвото, преку делувањето на брзото умножување на Гревот е потчинето на кнезот на силата на воздухот {Ефесјаните 2:2} и како вложува џиновска сила за чинење на зло. Тој исто така видел дека една посилна сила мора да се му спротивстави на сатаната и да го победи. „сега е судот на овој свет, сега кнезот на овој свет ќе биде истеран надвор”. (Јован 12:31). Христос видел дека на човечките суштества, ако веруваат во Него, ќе им биде дадена сила да ја победат војската на паднатите ангели, чиешто име е легион. Христос ја зајакнувал Својата душа со мислата дека со чудесната жртва, која штотуку се подготвувал да ја поднесе, кнезот од овој свет

ќе биде истеран надвор и луѓето ќе бидат ставени во положба преку Божјата благодат повторно да го задобијат она што го изгубиле. {9C 21.4}

Со Христова сила и со примање на Неговите поуки, мажите и жените можат да живеат живот каков што живеел Тој, кога бил на овој свет. Во борбата против сатаната, тие можат да ја примат сета помош која Тој ја примал. Тие можат да бидат и повеќе од победници, преку Оној кој ги љуби и кој се дал Себеси заради нив. {9C 22.1}

Животот на таканаречените христијани, кои не живеат според Христовиот пример, претставува исмејување на верата. Сите оние чиишто имиња се запишани во книгата на црквата, се под обврска да го претставуваат Христа, откривајќи го внатрешниот украс на кроток и тивок дух. Тие се повикани да бидат Негови сведоци, покажувајќи им на сите што значи да се живее и работи според Христовиот пример. Вистината за ова време, мора да се одразува во сета своја сила во животот на оние кои во неа веруваат и таа мора да му биде соопштена на светот. Нејзината посветувачка и облагородувачка моќ, верниците треба да ја прикажуваат со својот живот. {9C 22.2}

Христови претставници

Жителите на целата вселена очекуваат Христовите следбеници да светат како светилки во светот. Тие треба да ја откриваат силата на благодатта која им е дадена на луѓето со Христовата смрт. Од оние кои тврдат дека се христијани, Бог со право бара во својот живот да покажат највозвишен развој на христијанство. Тие се признати Христови претставници и мораат да бидат луѓе со вера и храброст, луѓе целосно посветени, кои без никаков сомнеж се потпираат на Бога и на Неговите ветувања. {9C 22.3}

Сите кои сакаат да влезат во Божјиот град, мораат за време на својот земен живот да го откриваат Христа во своите постапки. Тоа е она што ги прави Христови гласници и Негови сведоци. Тие мораат да изнесуваат едноставно, одлучно сведоштво против сите зли дела, укажувајќи им на грешниците на Божјото Јагне кое ги зеде на себе гревовите на светот. Тој, на сите кои ќе Го примат, им дава сила да станат Божји синови. Преродбата е единствен пат по кој можеме да влеземе во Божјиот град. Тој пат е тесен, и тесна е вратата низ која влегуваме, но само по тој пат мораме да ги водиме мажите, жените и децата, поучувајќи ги дека мораат да имаат ново срце и нов дух за да бидат спасени. Неопходно е да се победат старите, наследени црти на карактерот. Мораат да се изменат природните копнежи на душата. Мора да се отфрли секоја измама, лага и озборување. Мораме да живееме со нов живот кој мажите и жените ги прави слични на Христа. {9C 23.1}

Непоколеблива приврзаност кон вистината

Во животот на оние кои имаат таква света и сериозна вест каква што ни е доверена нам, не смее да има никакво преправање. Светот будно внимава на адвентистите на седмиот ден, бидејќи знае нешто за нивната вера и за нивните возвишени мерила, и

кога ќе види дека не живеат во согласност со она што го проповедаат, покажува на нив со потсмевање. {9С 23.2}

Оние кои го љубат Исуса, сите нешта во својот живот ќе ги усогласат со Неговата волја. Бидејќи ја избрале Господовата страна, нивниот живот мора да биде во остра спротивност со животот на оние кои припаѓаат на овој свет. Искушувачот ќе им приоѓа со своите ласкања и поткупувања, зборувајќи: „сето ова ќе ти го дадам тебе ако паднеш и ми се поклониш“. Но тие знаат дека сатаната нема ништо што би било вредно за да го примат, и не попуштаат пред неговите искушенија. Преку Божјата благодат тие се во состојба чистотата на начелата да ја сочуваат неизвалкана. Со својата непоколеблива преданост на вистината, тие го откриваат Христа и покрај нив се наоѓаат светите ангели. Тие се подготвени да му служат на Христа во секој момент, понесувајќи, како вистински сведоци, одлучно сведоштво во корист на вистината. Тие покажуваат дека постои духовна сила која ги оспособува мажите и жените, ниту за влакно да не отстапуваат од вистината и правдата, било какви богатства да им се понудат. Небото ќе им укаже чест на таквите каде и да се наоѓаат, бидејќи својот живот го усогласиле со Божјата волја, не плашејќи се од жртвите кои требало да ги поднесат. {9С 23.3}

Порака за целиот свет

Светлината која Бог му ја дал на Својот народ не треба да се ограничи само на црквите каде веќе се знае за вистината. Таа мора да се шири по мрачните области на земјината топка. Оние кои чекорат во светлина, како што Христос е светлина, соработуваат со Спасителот на тој начин што им го откриваат на другите тоа што Тој им го открил ним. Божја намера е вистината за ова време да се објави на секое племе, колено, народ и јазик. Во денешно време луѓето се преокупирани со копнеж за земни добивки и телесни задоволства. Постојат илјадници и илјадници кои ниту еден момент, ниту една мисла не посветуваат за спасување на својата душа. Дојдено е време кога веста за скорото Христово доаѓање треба да одекне низ целиот свет. {9С 24.1}

Очигледни и несоборливи докази укажуваат на близината на крајот. Опомената мора да се објави со одреден и јасен глас. Мора да се подготви патот за доаѓањето на Кнезот на Мирот на небесните облаци. За жителите на градовите, кои не слушнале за вистината за ова време, треба да се направи уште многу. Ние не треба да основаме институции кои по големината и раскошот ќе се натпреваруваат со институциите од овој свет; туку во името Господово и со неуморна истрајност и непоколеблива ревност која Христос ја поттикнува во своите соработници, ние треба да го унапредуваме Господовото дело. {9С 25.1}

Мошне е потребно како Божји народ да ги понизиме своите срца пред Бога, преколнувајќи Го да ни прости што сме занемариле да го исполниме евангелскиот налог. Создадовме големи центри во неколку места, а го запоставивме делувањето во многу важни градови. Да го прифатиме делото кое ни е одредено без одлагање и да ја објавуваме веста која ќе ги разбуди мажите и жените, да ја сфатат опасноста во која се

наоѓаат. Кога секој адвентист би ја извршил својата задача, бројот на верниците денес би бил многу поголем отколку што е сега. Во сите градови во Америка би имало такви кои би биле наведени да ја прифатат веста за покорување на Божјиот закон. {9С 25.2}

Во некои места, веста за празнување на саботата е објавена јасно и силно, додека жителите на многу места воопшто не се опоменати. Ќе сакаат ли сите оние кои ја познаваат вистината да се разбудат и да ја сфатат својата одговорност. Драги браќа и сестри, не можете да си дозволите да се закопате во потфатите и интересите од овој свет. Не дозволувајте си себеси да го занемарите налогот кој ви го доверил Спасителот. {9С 25.3}

Сè што постои во вселената ги повикува оние кои ја познаваат вистината, без никаква резервираност да се посветат на објавување на вистината како што биле на неа поучени од веста на Третиот ангел. Сè што гледаме и слушаме нè повикува да ја вршиме нашата должност. И самото делување на сатанските орудија го повикува секој христијанин да стои на своето одредено место. {9С 25.4}

Какви работници се потребни

Нам ни е доверено големо и значајно дело, а во тоа дело се потребни мудри, несебични луѓе, луѓе кои сфаќаат што значи да се посвети на несебичен труд, со цел за спасување на душите. Меѓутоа, не се бара служба од оние кои се млаки, бидејќи Христос таквите не може да ги употреби. Потребни се луѓе чии срца се трогнати од страдањата на неволните и изгубените, и чиј живот дава докази дека тие примаат и даваат светлина, живот и благодат на другите. {9С 26.1}

Божјиот народ треба да се приближи кон Христос во самоодрекување и пожртвување; Негова единствена цел мора да биде на целиот свет да ја објави веста на милоста. Некои ќе работат на еден начин, некои на друг, како што Господ ќе ги повика и води. Но сите нека вложуваат сложни напори, настојувајќи делото да биде совршена целина. Тие треба да работат за Него и со перо и со зборови. Печатениот збор на вистината треба да се преведе на разни јазици и да се разнесе во сите краеви на светот. {9С 26.2}

Моето срце Често е обременето затоа што мнозина кои би можеле да помогнат во делото не прават ништо. Тие се играчки на сатанските искушенија. Од секој член на црквата кој ја познава вистината се очекува да работи додека е ден, бидејќи доаѓа ноќ, кога никој нема да може да работи. Наскоро ќе разбереме што значи таа ноќ. Божјиот Дух е ожалостен и се повлекува од Земјата. Народите се гневат едни на други. Се вршат опсежни подготовки за војна. Ноќта е близу. Нека црквата се разбуди и нека го врши делото кое ѝ е доверено. Секој верник, образуван и необразуван, може да ја објавува Божјата порака на светот. {9С 26.3}

Пред нас се протега вечноста. Наскоро ќе се подигне завесата. Како воопшто можеме да се држиме до својата себична љубов кон удобноста, додека насекаде околу нас пропаѓаат души? Зар срцето ни е потполно бесчувствително? Зар не гледаме и не сфаќаме дека мораме да извршиме едно дело за другите? Драги браќа и сестри, има ли меѓу вас такви кои имаат очи, а не гледаат, имаат уши, а не слушаат? Зар Бог

напразно ви дал да ја запознаете Неговата волја? Зар вам напразно ви праќал опомена по опомена за близината на крајот? Верувате ли во Неговата Реч која зборува за она што ќе го снајде светот? Верувате ли дека Божјите казни само што не се истуриле на жителите на овој свет? Како тогаш можете да бидете релаксирани, безгрижни и рамнодушни? {9С 26.4}

Секој ден кој поминува нè доведува нас сè поблиску до крајот. Дали исто така нè доведува и поблиску до Бога? Дали стражариме во молитва? Нашата помош и нашето водство им се потребни на оние со кои секојдневно се дружиме. Тие можеби се наоѓаат во таква духовна состојба, што еден збор во вистинско време упатен од Светиот Дух, може да биде како клин забиен на сигурно место. Утре можеби некоја од тие души ќе се наоѓа таму каде што ние никогаш нема да можеме да ѝ пријдеме. Какво влијание вршиме на своите сопатници? Каков напор вложуваме за да ги придобиеме за Христа? {9С 27.1}

Времето е кратко и ние мораме да ги организираме своите сили за да извршиме едно поголемо дело. Потребни се работници кои ја сфаќаат големината на делото и кои ќе се залагаат за него, не заради платата која ја добиваат, туку заради тоа што сфаќаат дека крајот е близу. Времето бара поделотворна работа и поголема посветеност. О, јас сум толку преокупирана со тоа, што непрестајно пекам кон Бога: „Подигни и прати гласници исполнети со чувство на одговорност, гласници во чие срце е распнато служењето на себеси, кое се наоѓа во основата на сите гревови“. {9С 27.2}

Една импресивна сцена

Во ноќно видение пред Моите очи се одвиваше една мошне возбудлива сцена. Видов како една огромна огнена топка падна меѓу некои прекрасни големи куќи и за момент ги уништи. Слушнав како некој кажа: „Знаеме дека Божјите казни ќе ја снајдат Земјата, но не знаеме дека тоа ќе биде толку брзо“. Други со очајни гласови говореа: „Вие знаевте! Зошто тогаш не ни кажавте? Ние не знаевме”. Од сите страни Слушнав слични зборови на префрлање. {9С 28.1}

Се разбудив со голема болка и повторно заспав. Како да се наоѓав на некој голем собор. Една авторитетна личност, им зборуваше на присутните пред кои беше распространа географска карта на светот. Тој рече дека картата го претставува Божјото лозје, кое мора да се обработува. Секој поединец кој е осветлен со небесна светлина должен е таа светлост да ја пренесува и на други. На многу места треба да се запалат светилници, на чиј пламен ќе се запалат нови светилки. {9С 28.2}

Повеќепати беа повторени зборовите: „Вие сте солта на земјата. Но, ако солта ја изгуби силата, со што ќе се осоли? Таа веќе за ништо не е, освен да се фрли надвор и изгази од луѓето. Ниту, пак, светило се пали и се става под поклоп, туку на свеќник и им свети на сите в куќи. Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко небесен“ (Матеј 5:13-16). {9С 28.3}

Видов како од градовите и селата, ниските и високите места на земјата, се појавуваат снопови светлина. Божјата Реч беше прифатена и како резултат на тоа се

појавуваа споменици за Него во сите градови и села. Неговата вистина беше објавена ширум светот. {9С 28.4}

Потоа таа карта беше отстранета и на нејзино место беше ставена друга. На неа се гледаше како светлината свети само од неколку места. Останатиот свет беше целосно во темнина, во која само понекаде трепери светлина. Оној Кој нè поучуваше рече: „Овој мрак е последица на тоа што некои одат по својот сопствен пат, а чијашто задача беше да бидат виделина на светот. Тие негуваат наследени и стекнати склоности кон злото. Сомнежите, пронаоѓањето на туѓи грешки и обвинувања, тие ги направија главни занимања во својот живот. Нивните срца не се исправни пред Бога. Тие својата светлина ја ставија под поклоп“. {9С 29.1}

Кога секој Христов војник би ја извршувал својата должност, кога секој стражар на ѕидовите на Сион би трубел со разбирлив звук, светот одамна ќе беше опоменат. Меѓутоа, делото со години заостанува. Додека луѓето спијеја, сатаната нè претекна. {9С 29.2}

Потпирајќи се на Бога, да се трудиме непрестајно да напредуваме во несебичното вршење на Неговото дело, понизно и со чувство на постојана зависност од Него; да се довериме себеси, својата сегашност и иднина на Неговото мудро провидение; држејќи се за довербата што ја имавме на почетокот непоколебливо до крај, имајќи на ум дека небесните благослови ги примаме не затоа што сме достојни, туку поради Христовите заслуги и затоа што со вера во Него ја примивме Божјата изобилна благодат. {9С 29.3}

ДОМАШНА МИСИОНСКА РАБОТА

Бог очекува лична служба од секој на кого му го доверил значењето за вистината за ова време. Сите не можат како мисионери да одат во туѓи земји, но сите можат да бидат домашни мисионери, во своето семејство и во својата околина. Верниците можат на различни начини да ја пренесат пораката на оние кои се наоѓаат во нивна близина. Еден од најуспешните начини е да живеат корисен, несебичен, христијански живот. Тие кои водат животна борба во тешки услови, можат да бидат освежени и охрабрени со ситни внимонија кои не чинат ништо. Љубезните зборови изговорени едноставно, малите внимонија покажани едноставно, ќе ги растераат облаците од искушенија и сомнежи кои се надвиснале над душата. Вистинскиот израз на христијанското сочувство, пружено во едноставност, има моќ да ја отвори вратата на оние срца на кои им е потребен едноставен, нежен допир на Христовиот Дух. {9С 30.1}

Христос со големо задоволство го прифаќа секое човечко орудие кое Му се потчинува! Тоа што е човечко, Тој го спојува со божественото, за да може да му ја соопшти на светот тајната на отелотворената љубов. Зборувајте за тоа, молете се за тоа, пејте за тоа, наполнете го светот околу себе со познавање на божествената вистина и непрестајно освојувајте нови подрачја. {9С 30.2}

Небесните битија сакаат да соработуваат со човечките орудија, за да му откријат на светот што можат да станат човечките битија и колку можат со своето влијание да направат за спасување на душите кои се наоѓаат на работ на пропаста. Божјата љубов толку ќе го исполни оној што е вистински обратен што тој непрестајно ќе копнее на

другите да им ја пренесе радоста која ја чувствува. Господ сака Неговата црква да му ја открие на светот убавината на светоста. Таа треба практично да ја покаже моќта на христијанската вера. Небото мора да се види во карактерот на секој христијанин. Оние кои се во мрак треба да ја чујат песната на благодарност и фалба. Својата благодарност за добрата вест на Евангелието, за неговите ветувања и охрабрувања, треба да ја изразиме со тоа што ќе настојуваме на другите да им правиме добро. Таквото дело ќе ги осветли уморните, збунетите и напатените души со зраците на небесната праведност. Тоа е извор на кој може да се освежи жедниот и од долгиот пат уморен патник. На секое такво направено дело на милосрдие или љубов, присуствуваат Божјите ангели. {9C 30.3}

Наш пример

Христовиот начин на работа треба да биде наш пример. Тој непрестајно одел правејќи добро. Во храмот и синагогите, по улиците на градовите, на пазарите и во работилниците, покрај морето и на падините на ритчињата, Тој го проповедал евангелието. Неговиот живот бил олицетворение на една несебична служба, и тоа нека ни послужи како учебник. Неговата нежна љубов, полна со сомилост, претставува укор за нашата себичност и нечувствителност. {9C 31.1}

Каде и да одел Христос, на Својот пат делел благослови. Колкумина од оние кои тврдат дека веруваат во Него ги научиле Неговите поуки за љубезноста, нежното сочувство и несебичната љубов? Да го слушнеме Неговиот глас кој им се обраќа на слабите, уморните и беспомошните: „Дојдете при Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам“ (Матеј 11:28). Неговото трпение не се уморувало, а Неговата љубов не можела да се потисне. {9C 31.2}

Христос нè повикува трпеливо и истрајно да се залагаме за илјадници што пропаѓаат во своите гревови, распрскани по сите земји како остатоци од брод на пуст брег. Тие кои ќе учествуваат во Христовата слава, мораат исто така да бидат учесници и во Неговата служба, помагајќи им на слабите, несреќните и очајните. {9C 31.3}

Оние што ќе го прифатат ова дело, мораат непрестајно да го проучуваат Христовиот живот. Тие мораат да бидат мошне ревни, вложувајќи ги сите свои способности во служба на Учителот. Искрените, несебични напори ќе вродат скапоцен плод. Работниците од големиот Учител ќе го примат највозвишеното образование. Меѓутоа, оние кои примената светлина не ја пренесуваат на другите, еден ден ќе увидат дека претрпеле ужасна загуба. {9C 32.1}

Човечките битија немаат право да мислат дека постои граница за напорите кои ги вложуваат во делото за спасување на душите. Дали Христос некогаш се уморил во Своето работење? Дали некогаш отстапил пред жртвата и тешкотијата? Верниците мораат непрестајно и истрајно да вложуваат напори, како што тоа го правел Тој. Тие секогаш треба да бидат подготвени, на заповед на Учителот, да стапат во акција. Каде и да видиме дека треба нешто да се направи за Божјото дело, да го направиме тоа веднаш, гледајќи постојано во Исуса. Кога членовите на нашите цркви би ја послушале оваа поука, стотици души би биле придобиени за Христа. Кога секој член на црквата би

бил жив мисионер, евангелието многу брзо би било објавено во сите земји, на сите луѓе, народи и јазици. {9C 32.2}

Резултати од сесрдните напори

Во делото на објавувањето на вистината за ова време, треба да се внесат посветени сили и способности. Ако силите на непријателот сега извојуваат победа, тоа ќе биде затоа што црквите го запоставиле делото коешто Бог им го доверил. Со години бевме поттикнувани на делото, но многу спиеја. Кога адвентистите на седмиот ден сега би се разбудиле и би го вршеле делото кое им доверено, вистината би била објавена во градовите каде што таа работа е запоставена на јасен и разбирлив начин и во силата на Духот. {9C 32.3}

Ако срдечно се залагаме за делото, ќе ја видиме делотворната сила на Христовата благодат. Стражарите на ѕидовите на Сион, мораат секогаш да бидат потполно будни и тие треба да ги будат другите. Божјиот народ треба да биде толку ревен и предан на Божјото дело за од Неговиот живот да исчезне секоја себичност. Тогаш видно ќе се открие силата на Господовата рака, која се огледала во Христовиот живот. Довербата ќе биде обновена и ќе владее единство меѓу членовите на нашите цркви. {9C 32.4}

Различни гранки во службата

Господ го повикува Својот народ да посвети внимание на сите гранки на делото. Луѓето кои се движат по различните животни патишта, треба да ја слушнат веста на евангелието. Нека членовите на црквите вршат евангелска работа во домовите на своите соседи, кои сè уште не примиле потполни докази за вистината за ова време. {9C 33.1}

Бог ги повикува христијанските семејства да заминуваат во места кои сè уште се наоѓаат во мрак и заблуда, и мудро и истрајно да работат за Учителот. За да одговориме на тој повик, потребно е саможртвување. Додека мнозина чекаат да бидат отстранети сите пречки, душите во светот умираат без надеж и без Бога. Многу, многу луѓе заради световна корист, заради добивање на научни знаења, се осмелуваат да заминуваат во заразени области и се изложуваат на тешкотии и оскудица. Каде се оние кои тоа би го направиле за на другите да им зборуваат за Спасителот? Каде се мажите и жените кои се подготвени да отидат во области каде што има потреба за евангелието, за на оние кои се во мрак да им укажат на Откупителот? {9C 33.2}

Разнесување на нашите публикации

Мнозина од Божјиот народ треба со нашите публикации да одат во места до кои веста на Третиот ангел сè уште не допрела. Нашите книги треба да се објавуваат на многу различни јазици. Понизни, верни луѓе треба да ги разнесуваат тие книги како

евангелски колпортери, објавувајќи ја вистината на оние кои инаку никогаш со неа не би биле осветлени. Оние кои ќе се посветат на таа гранка на делото, треба да се подготват и за здравствено - мисионска работа. На болните и страдалниците треба да им се укаже помош. Мнозина токму благодарение на тоа дело на милосрдие ќе ги слушнат и прифатат зборовите на животот. {9С 33.3}

Во работата на евангелскиот колпортер, чиешто срце е проникнато од Светиот Дух, се укажуваат многу прекрасни прилики за добродетелство. Излагањето на вистината, во љубов и едноставност, од куќа до куќа, е во согласност со поуките кои Христос ги дал на Своите ученици кога ги испратил на нивното прво мисионско патување. Со песни на благодарност, со молитви упатени во понизност и со искрени срца мнозина ќе бидат придобиени. Божествениот работник ќе биде присутен да ги увери срцата за вистината. „Јас сум со вас секогаш," гласи Неговото ветување. Уверени во постојаната присутност на еден таков помошник, можеме да работиме со вера, надеж и храброст. {9С 34.1}

Од град до град и од село до село, тие треба да ги разнесуваат публикациите кои го содржат ветувањето за скорото доаѓање на Спасителот. Тие публикации треба да се преведат на сите јазици, зашто евангелието мора да се проповеда по целиот свет. На секој работник, Христос му ветува божествена сила, која Неговата работа ќе ја направи успешна. {9С 34.2}

Оние кои одамна ја познаваат вистината, треба најсрдечно да го бараат Господа, за нивните срца да се исполнат со решителност во работа за своите ближни. Драги браќа и сестри, посетувајте ги оние кои живеат во ваша близина и трудете се со љубов и нежна добрина да допрете до нивните срца. Настојувајте да работите на таков начин, кој ќе ги отстрани сите предрасуди, наместо да ги создава. Имајте секогаш на ум дека оние кои ја познаваат вистината за ова време, а сепак ги ограничуваат своите напори на сопствените цркви, не залагајќи се за своите необратени соседи, ќе бидат повикани на одговорност заради неизвршените должности. {9С 34.3}

Позајмете им на своите соседи некои од нашите помали книги. Ако нивното интересирање се разбуди, дајте им некои од нашите поголеми книги. Покажете им ја книгата „Христовите параболи". Раскажете им како таа книга настанала и прашајте ги дали би сакале да ја имаат. Ако веќе ја имаат, прашајте ги дали сакаат да прочитаат некоја друга книга со слична содржина. Кога и да е тоа можно, искористете ја можноста да ги поучите од вистината. Сејте го семето на вистината покрај секоја вода, затоа што не знаете што ќе биде подобро, едното или другото. {9С 35.1}

Работа од куќа до куќа

Во многу држави постојат населби на вредни, богати луѓе до кои не допрела вистината за ова време. Во такви места треба да се работи. На оваа гранка на делото треба да се посветат членовите на нашите цркви. Со позајмување или продавање на книги, разнесување на трактати и држење на библиски часови, членовите на нашите цркви можат многу да направат за своите соседи. Исполнети со љубов кон душите, тие

можат да ја објавуваат пораката со таква сила, така што мнозина ќе бидат обратени. {9C 35.2}

Двајца библиски работници посетија едно семејство. Со отворена Библија во рацете, тие укажуваа на Господа Исуса Христа, како на Спасител кој простува гревови. Беше упатена срдечна молитва на Бога, а Светиот Дух ги омекна и потчини срцата со Своето влијание. Нивните молитви беа проникнати со свежина и сила. Додека го објаснуваа Божјото Слово, забележав како блага, сјајна светлина го осветлува Светото Писмо и јас тивко реков: „Излезете по патиштата и оградите и убедете ги да дојдат, за да се наполни Мојот дом“ (Лука 14:23). {9C 35.3}

Драгоцената светлина се пренесуваше од сосед до сосед. Повторно беа подигнати урнатите семејни олтари и мнозина се обратија. {9C 36.1}

Браќа мои и сестри, посветете се себеси на Господовата служба. Немојте да пропуштите ниедна прилика. Посетувајте ги болните и страдалниците и Покажете љубезно интересирање за нив. Ако сте во можност, направете нешто да им го олесните животот. Така ќе можете да допрете до нивните срца и да им зборувате за Христа. {9C 36.2}

Само вечноста ќе открие колку далекусежна може да биде таквата работа. На оние кои се подготвени да ја извршат должноста која е најнепосредна во нивната близина, ќе им се укаже можност да бидат корисни и на друг начин. На нас сега не ни се потребни обучени и елоквентни говорници, туку скромни, на Христа слични, мажи и жени, кои од Исуса Назареецот се научиле на скромност и понизност и кои во Неговата сила ќе излезат на патиштата и меѓу оградите, упатувајќи им го повикот на сите: „Дојдете, оти сè е готово“ (Стих 17). {9C 36.3}

Можат да помогнат и оние кои се упатени во обработување на земјата и другите гранки на земјоделието, како и оние кои знаат да sидаат едноставни зданија. Тие можат да вршат добро дело и во истиот момент во својот карактер да покажат какво возвишено мерило може да постигне овој народ. Нека земјоделците, трговците, градежниците и луѓето вешти со други занаети заминуваат во занемарените области, каде што ќе ја обработуваат земјата, ќе подигаат индустрија и ќе си обезбедат себеси скромен дом, а на своите соседи ќе им донесат познавање на вистината за ова време. {9C 36.4}

Работа за жените

Постои широко поле за работа за жените, исто така како и за мажите. Добра готвачка, шивачка и медицинска сестра - помошта на сите нив е потребна. Членовите на сиромашните семејства треба да се поучуваат за готвење и подготвување на здрава храна, шиење и поправање на својата облека, лекување на болни и одржување на куќата. Дури и децата треба да се учат на оние кои се во понеповолна состојба од нив, да им пружаат мали услуги на љубов и милосрдие. {9C 36.5}

Домот како мисионско поле

Родителите не смеат да заборават дека домот за нив претставува едно широко мисионско поле на работа. Секоја мајка мора да знае дека Бог ѝ ги доверил нејзините деца како света задача. „Земи го овој син и оваа ќерка“, кажува Бог, „и одгледај ги за Мене. Изгради во нив карактер кој ќе биде како прекрасно изработените столбови во дворот и кој ќе светли во Господовите дворови низ сета вечност“. На верната мајка, која се труди своите деца да ги одгледа да се спротивстават на лошите влијанија, почива светлина и слава кои блескаат од Божјиот престол. {9C 37.1}

Секој има свое место

За секој поединец постои одредена задача која треба да се врши. Секој наш потфат треба да биде неменет за облагородување на човештвото. Има толку многу луѓе на кои им е потребна помош. Преполно е со среќа и задоволство срцето на оној кој не живее само да си угоди себеси, туку за да донесе благослов на оние кои толку малку го имаат. Кој и да е без работа, треба да се разбуди и да ја сфати целата сериозноста на животот. Земете ја Божјата Реч и истражувајте ги нејзините страници. Ако сте извршители на речта, животот ќе ви биде навистина жива реалност и ќе видите колку голема ќе биде вашата плата. {9C 37.2}

Во Својот голем план Господ има место за секој. Тој не им дал на луѓето ниеден дар кој не би можел да се искористи. Дури и ако талентот е мал, Бог и за него има место; и еден талент, ако верно го искористиме, ние ќе го извршиме делото кое Бог ни го наменил. И скромниот жител кој живее во колиба има таленти кои се потребни во работата од куќа до куќа и кои во таа работа можат да придонесат повеќе отколку најсјајните дарови. {9C 37.3}

Пред нас се укажуваат безброј можности да им бидеме корисни на другите. Ние се жалиме дека моментално располагаме со оскудни средства, додека од сите страни итно се бараат и средства и луѓе. Меѓутоа, кога сериозно и енергично би се заложиле, дури и денес би можеле стократно да ги умножиме своите средства. Себичноста и угодувањето на себеси ни го попречуваат патот. {9C 38.1}

Членови на црквата, нека светлината засветли. Нека вашиот глас се чуе во молитва упатена во понизност, во сведочењето против неумереноста, лудостите и лекомислените задоволства од овој свет и во објавувањето на вистината за ова време. Вашиот глас, вашиот углед, вашето време - сето тоа се дарови примени од Бога и треба да се користат за да се придобијат души за Христа. {9C 38.2}

Посетувајте ги своите соседи и покажете интерес за спасението на нивните души. Посветете се на делото со сите свои духовни сили. Кажете им на оние кои ги посетувате дека крајот на сите нешта се приближил. Господ Исус Христос ќе ја отвори вратата на нивните срца и ќе направи тоа да остави траен впечаток врз нивниот ум. {9C 38.3}

Настојувајте мажите и жените да ги разбудите од нивната духовна нечувствителност. Зборувајте им како сте го нашле Исуса и каков благослов

претставува за вас искуството кое сте го добиле во Неговата служба. Кажете им каков е благословот да се седи крај Исусовите нозе и да се учи од драгоцените поуки на Неговата Реч. Зборувајте им за радоста и среќата кои се наоѓаат во христијанскиот живот. Вашите топли и усрдни зборови ќе ги убедат дека вие сте нашле скапоцен бисер. Со своите бодри и охрабрувачки зборови осведочете ги дека навистина сте го нашле повозвишениот пат. Тоа е вистинска мисионска работа и ако така ја вршиме, ќе разбудиме мнозина од сон. {9С 38.4}

Божјиот народ може да приведува други кон Христа дури и за време на својата секојдневна работа. И додека постапуваат така, ќе имаат драгоцено осведочување дека Спасителот е во нивна близина. Нека не мислат дека се препуштени самите на себеси и своите слаби напори. Христос ќе им даде зборови со кои ќе ги поткрепат и зајакнат јадните души кои се борат во темнината. Тоа ќе ја поткрепи и нивната сопствена вера, затоа што ќе видат дека се исполнуваат ветувањата на Спасителот. Тие нема да бидат само благослов за другите, туку нивната работа за Христа ќе им донесе благослов и на нив самите. {9С 39.1}

Работата за која зборувам, можат и треба да ја вршат мнозина. Браќа мои и сестри, што правите вие за Христа? Дали се трудите да живеете за благослов на другите? Дали изговарате зборови на љубезност, сочувство и љубов? Дали срдечно се трудите и други да приведете кон Спасителот? {9С 39.2}

Последици од запоставувањето на делото

Релативно малку се извршува мисионерска работа и какви се последиците од тоа? Народот не е поучуван за вистините кои ги дал Христос. Многу во Божјиот народ не напредуваат во благодатта. Многу се незадоволни и постојано се жалат. Оние што не им помагаат на другите да го сфатат значењето на вистината за ова време, би морале да бидат незадоволни со себеси. Сатаната го користи ваквото нивно искуство и ги наведува да ги критикуваат и да им наоѓаат мани на другите. Кога тие сериозно би се труделе да ја дознаат и вршат Божјата волја, би чувствувале такво бреме за душите што пропаѓаат, таков духовен немир, што без никакво притеснување би го прифатиле налогот: „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“ (Матеј 16:15). {9С 39.3}

Повик за неуморна работа

Господ го повикува Својот народ да се разбуди од сон. Крајот на сите нешта е пред вратата. Ако оние кои ја познаваат вистината бидат Божји соработници, ќе се покажат плодовите на праведноста. Откривањето на Божјата љубов во мисионската работа ќе разбуди многумина и тие ќе ја сфатат грешноста на своите постапки. Ќе сфатат дека себичноста им оневозможувала да бидат Божји соработници. Со изразувањето на божествена љубов, која се гледа во несебична работа и залагање на другите,

многумина ќе бидат наведени да веруваат во Божјата Реч така, како што е напишано. {9C 40.1}

Бог сака да го освежи Својот народ со дарот на Светиот Дух, крштевајќи го наново во Својата љубов. Во црквата не треба да постои недостаток на Духот. На учениците кои очекувале, се молеле и верувале, по Христовото вознесение, Светиот Дух се спуштил во толкава полнина и сила што допрел до секое срце. А во иднина целата земја треба да биде осветлена со Божјата слава. Оние кои се посветени со вистината, треба да шират свето влијание во светот. Земјата мора да биде обвиена со атмосфера на благодат. Светиот Дух треба да влијае на човечките срца, откривајќи им ги на луѓето Божјите нешта. {9C 40.2}

Мисионерски семејства

Кога сите оние што ја имаат светлината на вистината би живееле според таа вистина, би можело повеќе да се направи за Христа. Има семејства чии Членови би можеле да бидат мисионери, посветувајќи се на работа за поединци, да работат вредно и совесно за Учителот и да пронаоѓаат нови патишта по кои може да се постигне успех во Неговото дело. Постојат срдечни, разумни и љубезни мажи и жени кои се заинтересирани за доброто на други и кои би можеле многу да направат за Христа, кога би се предале на Бога, кога би Му се приближиле и кога би Го побарале со целото свое срце. {9C 40.3}

Мои браќа и сестри, учествувајте активно во работата за спасување на души. Таа работа им дава живот и сила на умните и духовните сили. Христовата светлина ќе го просветли разумот. Спасителот ќе биде во вашето срце и со Неговата светлина вие ќе ја видете светлината. {9C 41.1}

Посветете се целосно на работата за Бога. Тој е ваша сила и Тој ќе ви биде од десната страна и ќе ви помага да ги остварувате Неговите милостиви намери. Со лична работа пријдете им на оние кои се наоѓаат околу вас. Запознајте се со нив. Само со проповедање не може да се изврши задачата која ни е доверена. Божјите ангели ќе ве следат во домовите на оние кои ги посетувате. Ова дело никој не може да го направи наместо вас. Ова не може да се направи со давање и позајмување на пари, ниту пак со држење на проповеди. Срцата на луѓето ќе ги придобиете само ако ги посетувате, ако разговарате со нив, ако се молите за нив и ако сочувствувате со нив. Ова е најдобрата мисионска работа која можете да ја извршите. А за да имате успех во тоа, потребна ви е цврста и истрајна вера, непоколебливо трпение и длабока љубов кон душите. {9C 41.2}

Приближете им се на оние во чие соседство живеете. Кога им зборувате за вистината, користете зборови на христијанско сочувство. Имајте на ум дека Господ Исус е Главниот Работник. Тој го полева посаденото семе. Тој ви дава зборови со кои ќе ги придобиете срцата. Бидете сигурни дека Бог ќе го поддржи посветениот и несебичен работник. Послушноста, детската вера и довербата во Бога - тоа ќе ви донесе мир и радост. Работете несебично, со многу љубов и трпение за сите со кои доаѓате во контакт. Немојте да бидете нетрпеливи. Немојте да изговорите ниту еден

нељубезен збор. Христовата љубов нека ви биде во срцето, а на усните законот на љубезноста. {9С 41.3}

Мистерија е тоа што таму каде што денес има само еден, не постојат стотици работници. Небесната вселена е запрепастена од мртвилото, студеноста и рамнодушноста на оние кои тврдат дека се Божји синови и ќерки. Во вистината има животна сила. Појдете со вера и проповедајте ја вистината така како навистина да верувате во неа. Оние за кои работите, нека видат дека таа за вас е жива реалност. {9С 42.1}

Развиток низ службата

Оние, кои по примерот на Христа, го посветиле својот живот на грижата за другите, знаат што значи вистинска среќа. Дострелот на нивните интереси и нивните молитви е далеку повисок од нивното „јас“. Трудејќи се да им помогнат на другите, тие самите растат. Тие одблизу се запознаени со најголемите планови и потфати и зар е невозможно и тогаш да не растат, кога се вклучиле во божествениот канал на светлина и благослови? Сите такви примаат мудрост од небото. Тие сè повеќе и повеќе се поистоветуваат со Христа и сите Неговите планови. Тука не постои никаква опасност од духовен застој. Во работата која бара целосна посветеност и поставува возвишени цели, бидејќи и самото дело е возвишено и свето, нема место за себичност и славољубие. {9С 42.2}

ПОТРЕБА ЗА СРДЕЧНИ НАПОРИ

Христовите овластени слуги треба да сведочат за својот Водач во силата на Духот. Сите нивни напори треба да носат обележје на Спасителовиот срдечен копнеж да се спасат грешниците. Милостивиот повик кој првобитно го упатил самиот Христос: „И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум“ (Откровение 22:17), треба да се повторува сè додека не одекне низ целиот свет. Црквата треба да каже: „Дојди“. Сите сили во црквата активно нека делуваат на Христова страна. Христовите следбеници мораат заеднички да вложуваат силни напори за вниманието на светот да го насочат кон пророштвата на Божјата Реч, кои брзо се исполнуваат. Во светот се зацврстува неверувањето и спиритизмот. Треба ли сега да бидат студени и неверни оние на кои им е дадена толку голема светлина? {9С 43.1}

Се наоѓаме на самиот праг на времето на неволји; пред нас се тешкотии и забуни за кои и не сонуваме. Силата одоздола ги наведува луѓето да војуваат против небото. Човечките битија се здружуваат со сатанските претставници за да го обессилат Божјиот закон. Луѓето сè повеќе личат на оние во времето на Ное, кои беа уништени со потоп, и на жителите на Содом, кои беа проголтани со оган од небото. Сатаната работи со сите свои сили вниманието на умот да го одврати од вечните вредности. Непријателот ги поставува приликите и околностите така, за да одговараат на негови цели. Мислите на мажите и жените потполно ги обземаат световни дејности, спортови и мода. Забавите

и бескорисните книги го расипуваат здравиот разум. Долга поворка се движи по широкиот пат кој води во вечна пропаст. Светот, исполнет со насилство, оргии и пијанство, ја обраќа црквата. Божјиот закон, божественото мерило на праведноста, е прогласен за неважечки. {9C 43.2}

Во ова време кога беззаконието преовладува - оние кои во своето срце ја имаат љубовта Божја, освежени со нов живот примен од Вечниот Извор, мораат силно да ја објават веста за распнатиот и воскреснат Спасител. Тие мораат да вложуваат неуморни, срдечни напори за спасување на души. Нивниот пример мора да биде таков, што поволно ќе влијае на сите кои се наоѓаат околу нив. За нив сè што е земно мора да претставува загуба спрема преважното познавање на нашиот Господ Исус Христос. {9C 44.1}

Сега ни е потребна вистинска ревност. Нашите заспани енергии мора да се разбудат за неуморна работа. Посветени работници мора да заминуваат во полињата, да го подготвуваат патот на Царот и да задобиваат победи во нови места. Браќа и сестри, зар за вас ништо не значи сознанието дека секој ден многу души одат во гроб непредупредени и засекогаш загубени, не чувствувајќи ја потребата за вечен живот и не знаејќи дека Христос се жртвувал заради нив? Зар за вас ништо не значи што светот наскоро ќе мора да излезе пред Јехова поради кршење на Неговиот закон? Небесните ангели се чудат што оние кои со години ја имаат светлината, факлите на вистината не ги однеле во сè уште нерасветлените краеви на Земјата. {9C 44.2}

Неизмерната вредност на жртвата која била потребна за нашето откупување, укажува на фактот дека гревот е страшно зло. Бог можел да ја избрише таа дамка од Своите созданија со отстранување на човекот од лицето на Земјата. Но Тој „толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3:16). Зошто тогаш не сме поревни? Зошто многумина се невработени? Зошто сите кои тврдат дека го љубат Бога не се трудат да го расветлат разумот на своите соседи и познаници за повеќе да не го занемаруваат толку скапоценото спасение? {9C 44.3}

Недостаток на сочувство

Меѓу денешните таканаречени христијани се чувствува страшен недостаток на сочувство кон душите кои треба да се спасуваат. Ако нашите срца не чукаат сложно со Христовото срце, како можеме да ја сфатиме светоста и значајноста на делото на кое ни укажуваат зборовите: „Бдејте над... душите, како оние кои ќе даваат одговор“? Ние зборуваме за христијанските мисии. Звукот на нашиот глас се слуша, Меѓутоа, дали во срцето го носиме Христовиот нежен копнеж кон душите? {9C 45.1}

Спасителот бил неуморен работник. Тој Својата работа не ја мерел со часови. Своето време, Своето срце и сите Свои сили, Тој ги посветил во работата за доброто на човештвото. Цели денови посветувал на работа, а цели ноќи поминувал во молитва, за да се поткрепи и подготвено го сретне подмолниот непријател и целокупното измамничко делување, за да зајакне за работа на делото за издигнување и преобразување на човештвото. {9C 45.2}

Човекот кој го љуби Бога, не ја мери својата работа со осумчасовниот систем. Тој работи во секое време на денот и секогаш е на должност. Кога и да му се даде можност, тој прави добро. Насекаде, во секое време и на секое место, тој наоѓа прилика да работи за Бога. Каде и да појде, тој шири мил мирис зад себе. Неговата душа ја обвива здрава и благотворна атмосфера. Убавината на Неговиот среден живот и побожен разговор им влеваат на другите вера, надеж и храброст. {9С 45.3}

Потребни се мисионери, кои се тоа во срцето. Повремените напори ќе причинат малку добро. Мораме да го привлечеме вниманието на луѓето. Мораме да бидеме мошне сериозни во својата работа. {9С 45.4}

Делото за спасување на души, мора да напредува по пат на решителна борба, среде противења, опасности, загуби и човечки страдања. Во една битка, кога непријателските чети го одбиле јуришот на еден полк и го присилиле на повлекување, знаменосецот останал на своето место додека војниците отстапувале. Командантот му довикнал да го врати знамето, но знаменосецот одговорил: „Доведи ги војниците под знамето“! Тоа е задача на секој верен знаменосец - да ги доведе луѓето под знамето. Господ бара потполна преданост. Сите ние знаеме дека Гревот на мнозина кои тврдат дека се христијани се состои во тоа што немаат храброст и енергија ниту сами да дојдат, а камоли и своите ближни да ги доведат под знамето. {9С 45.5}

Од сите земји се слуша македонскиот повик: „Дојдете и помогнете ни“. Бог отворил пред нас широки полиња, и кога луѓето би сакале да соработуваат со божествените орудија, мнозина, мнозина би биле придобиени за вистината. Но оние што тврдат дека се Господов народ, заспале на делото кое им е доверено и во многу места речиси ништо не се пре-зема. Бог испраќал порака по порака за да го разбуди нашиот народ да направи нешто, и тоа веднаш. Но на повикот „Кого да испратам?“, малкумина одговориле: „Еве ме, испрати ме Мене“ (Исаија 6:8). {9С 46.1}

Кога од црквата ќе исчезне мрзеливоста, Господовиот Дух милостиво ќе се манифестира. Ќе се открие божествената сила. Заедницата ќе го согледа делувањето на Провидението на Господ Саваот. Светлината на вистината ќе блескоти со јасни, силни зраци, и многу души од заблудата ќе се обратат кон вистината, како во времето на апостолите. Земјата ќе биде осветлена со Господовата слава. {9С 46.2}

Небесните ангели одамна чекаат човечките орудија - членовите на црквата да почнат да соработуваат со нив во големото дело кое мора да се изврши. Тие чекаат на вас. Полето е толку пространо, планот е толку опширен што секое посветено срце ќе може да стапи во служба како орудие на божествената сила. {9С 46.3}

Во исто време ќе делува и една сила одоздола. Додека орудијата на божествената милост делуваат преку посветените човечки суштества, сатаната ги става своите орудија во движење, барајќи данок од секого кој ќе се потчини на Неговата власт. Тогаш ќе има многу господи и многу богови. Ќе се чујат гласови „Еве, овде е Христос“, и „Гледајте, таму е Христос“. На сите страни ќе се откриваат големи завери на сатаната со цел вниманието на мажите и жените да го одвратат од нивната должност. Ќе се појавуваат знаци и чуда. Но окото на верата во сите тие настани ќе ги види предзнаците на величествената и страшна иднина и конечната победа која го очекува Божјиот народ. {9С 47.1}

Работете, о работете, имајќи ја пред очи вечноста! Имајте на ум дека секоја способност мора да биде посветена. Мора да се изврши големо дело. Од искрените усти нека се издига молитва: „Бог да ни се смилува и да нè благослови, да нè осветли со Своето лице, за да го запознае целата земја Твојот пат, сите народи Твоето спасение!“ (Псалм 67:1,2). {9С 47.2}

Оние кои дури и во најмала мера сфаќаат што значи искупувањето за нив и нивните ближни, ќе живеат во вера и ќе ги разберат барем во извесна мера големите потреби на човештвото. Нивните срца ќе бидат исполнети со сожалување, кога на сите страни во светот ќе видат само беда - бедата на милиони луѓе кои немаат храна и облека и моралната беда на илјадници и илјадници на оние кои се под сенката на безнадежноста, неспоредливо потешко и помачно од секое телесно страдање. {9С 47.3}

Нека членовите на црквата имаат на ум дека нема да ги спаси тоа што нивните имиња се запишани во црковните книги. Тие мораат да докажат дека се избрани од Бога како работници кои немаат од што да се срамат. Од ден во ден, тие треба да го изградуваат својот карактер во согласност со Христовите упатства, пребивајќи постојано во Христа, и непоколебливо верувајќи во Него. Така ќе се развијат до потполна висина на луѓе и жени во Христа , во благотворни, срдечни и благодарни христијани кои Бог ги води во сè појасна и појасна светлина. Ако тоа не биде нивно искуство, тие ќе се најдат меѓу оние чиишто гласови еден ден ќе се чујат во горчливо плачење: „Жетвата помина, летото мина, а ние не сме спасени! Зошто не побегнавме во Тврдината за засолниште? Зошто лесно го сфативме спасението на своите души и зошто му пркосевме на Духот на благодатта?“ {9С 48.1 }

„Близу е големиот Господов ден! Близу е и доаѓа брзо!“ (Софонија 1:14). Обувајќи ги нозете со чевлите на евангелието, да бидеме подготвени да тргнеме секој момент. Секој час, секој момент е скапоцен. Не смееме да губиме време на угодување на себеси. Насекаде околу нас се наоѓаат души кои пропаѓаат во грев. Секој ден можеме да направиме нешто за својот Учител и Господ. Секој ден треба да се укажува на душите на Божјото Јагне, кое ги зеде на себе гревовите на светот. {9С 48.2}

„Затоа бидете и вие готови, зашто во кој час и не мислите, ќе дојде Синот Човечки“ (Матеј 24:44). Заминете навечер на почивка, дури откако ќе ги признаете сите свои гревови. Така ние постапуавме во 1844 година кога очекувавме да се сретнеме со Господа. А сега тој голем настан е поблиску отколку кога прв пат поверувавме. Бидете секогаш подготвени: навечер, и наутро, и напладне за, кога ќе се слушне викот: „Ете, младоженецот иде, излезете да го пречекате“, да бидете будни и да излезете да го пречекате Него со приготвени и запалени светилници. {9С 48.3}

„БЕСПЛАТНО ДОБИВТЕ, БЕСПЛАТНО И ДАВАЈТЕ“

Самопожртвувањето е клучна одлика на Христовото учење. Тоа често се прикажува и налага со авторитетни зборови, затоа што Бог гледа дека не постои друг пат човекот да се спаси, освен да се ослободи од себичноста која, ако и понатаму се задржи во душата, би го понижила целото битие. {9С 49.1}

Христос станал сиромав за ние да можеме да бидеме соучесници во „прекумерната и неизмерно, вечно изобилна слава“ (2. Коринтјаните 4:17). Такво самопожртвување кое Него го навело да умре на крстот, за да им овозможи на човечките суштества да имаат вечен живот, треба да се манифестира и во нашиот живот. Кога и да ги трошиме на нешто своите пари, мораме да се трудиме да ја твориме волјата на Оној кој е алфа и оме-га на сите христијански стремежи. {9C 49.2}

Сите пари кои можеме да ги заштедиме, должни сме да ги положиме во Господовата каса. Потребите на запоставените и необработените полиња викаат за тие пари. Од многу земји се слуша повикот: „Дојдете,... и помогнете ни“. Членовите на нашата црква треба длабоко да се заинтересирани и за домашните и за странските мисии. Трудејќи се со пожртвување, знамето на вистината да го забодат на нови подрачја, тие ќе почувствуваат голем благослов. Вложените пари во тоа дело ќе бидат богато возвратени. Радувајќи се на светлината која ја примиле од Божјата Реч, новообратените, од своја страна ќе прилагаат средства за светлината да се однесе и на други. {9C 49.3}

Божјата благонаклоност

Бог нам ни дава редовно, бесплатно и во изобилство. Секоја земна благодат е од Неговите раце. Што ќе се случи ако Бог престане да ни ги дава Своите дарови? Каков само вик на очајување, страдања и беда ќе се издига од земјата! Нам секој ден ни е потребен тој непресушен тек на Јеховината добрина. {9C 49.4}

Љубовта на Творецот го создала и го одржува овој свет. Бог ни дал сè што имаме. Тој бара да Му вратиме само еден дел од она што толку обилно ни го дал. Размислувајте за Неговата грижа за земјата на која испраќа во вистинско време дожд и сонце за сè живо во природата да може да се развива и напредува. Тој ги излева Своите благодети на праведните и на неправедните. Зарем оние кои ги примаат Неговите благослови нема да ја покажат својата благодарност прилагајќи од своите средства за да му помогнат на напатеното човештво? {9C 50.1}

Многу души треба да се запознаат со вистината која спасува. Изгубените се толку далеку од куќата на својот Татко и умираат од глад. Тие треба да биде предмет на нашето сожалување. Дали се прашувате: „Како гледа Бог на оние кои пропаѓаат во своите гревови?“ Јас ви укажувам на Голгота: Бог „Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во него, да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3:16). Размислувајте за неспоредливата љубов на Спасителот. Додека бевме сè уште грешни, Христос умре за да нè спаси од вечната смрт. За возврат на таа голема љубов со која ве љубел Христос, вие треба да Му донесете дарови на благодарност. Предадете се сами себе на жртва на благодарност. Вашето време, способности и материјални средства - сето тоа во плимата на љубовта треба да потече во светот заради спасување на изгубените. Исус ви овозможил да ја примите Неговата љубов и под нејзиното благотворно делување да соработувате со Него. Тој бара од вас и своите материјални средства да ги посветите на несебична служба, за да се потпомогне и забрза остварувањето на Неговите планови за спасување на души. Тој очекува од вас сите свои способности и средства да ги посветите на Неговото дело. {9C 50.2}

Сакате ли да го осигурате својот имот? Ставете го во рацете кои биле приковани на крстот. Ако сакате да го задржите во своја сопственост, тој за вас ќе претставува вечна загуба. Предадете го на Бога и тој од тој момент ќе го носи Неговиот натпис. Ќе биде запечатен со Неговата непроменливост. Сакате ли вашиот имот да ви донесе радост? Тогаш искористете го за добро на напатените. {9C 50.3}

На светот му е потребна помош

Големината на нашето дело бара Божјиот народ да биде дарежлив. Во Африка, во Кина, и Индија постојат илјадници, милиони луѓе кои не ја слушнале пораката на вистината за ова време. Тие мораат да бидат предупредени. Морските острови чекаат да го примат сознанието за Бога. На тие острови треба да се основаат училишта, во кои учениците ќе се подготват за уште поголемо образование кое ќе им биде достапно, кога ќе се вратат назад на своите острови, за да можат и на другите да им ја пренесат примената светлина. {9C 51.1}

И во нашата сопствена земја има уште многу работа да се заврши. Има многу градови на кои треба да им се однесе веста на предупредување. Евангелистите мора да најдат пристап во сите оние места, каде што се јавува движење за ставање на сила на законот за празнување на неделата и предавање на верата во јавните училишта. Адвентистите на седмиот ден го попречуваат ширењето на делото пропуштајќи да ги искористат овие прилики, кои самото провидение им ги дава. {9C 51.2}

Господ не поставил за Свои повереници. Ни ги доверил Своите средства за верно да ги расподелиме. Тој бара да Му го вратиме она што е Негово. Тој, десетокот како свој свет дел го наменил за ширење на евангелието во сите делови на светот. Браќа мои и сестри, признајте ја и отфрлете ја својата себичност и донесете ги на Господа своите дарови и приноси. Донесете Му го и десетокот што сте го задржале. Дојдете и признајте го својот пропуст. Искушајте го Господа, како што Тој и ве повикал да направите. „Нема ли заради вас да му забранам на скакулецот да не ви ги расипува веќе посевите за да не ви биде неплодна лозата во полето - говори Господ над војските“ (Малахија 3:11). {9C 51.3}

Нашата себичност го попречува Божјото дело

Укажано ми е дека поединци го задржуваат десетокот кој треба верно да го донесат во Господовата каса заради издржување на проповедници и мисионери, кои на народот му го отвораат Светото Писмо и работат од куќа до куќа. Членовите на црквата со својата себичност многу го попречуваат делото на проповедање на евангелието по целиот свет. Некои, дури и од оние што тврдат за себе дека се христијани, не можат да сфатат дека делото на евангелието треба да се помага со средствата кои им ги дал Христос. Потребни се пари за да напредува делото по целиот свет. Илјадници и илјадници луѓе пропаѓаат во Гревот, додека недостатокот на средства го попречува ширењето на вистината, која треба да се однесе на секое племе,

и јазик, и колено, и народ. Има луѓе кои се подготвени да појдат како Господови гласници, но заради недостаток на пари во касата не можат да бидат испратени кај душите кои молат некој да дојде и да ги поучи за вистината. {9C 52.1}

Во светот има многу луѓе кои копнеат да ги слушнат зборовите на животот. Но како можат да го чујат без проповедници? А како може овие да им се испратат без средства потребни за живот? Бог бара внимателно да се издржуваат животите на Неговите работници. Тие се Негова сопственост и Тој е обесчестен ако тие се присилени да работат во такви услови, кои го нарушуваат нивното здравје. Тој исто така е обесчестен, кога заради недостаток на средства не сме во состојба да испратиме работници во запоставените полиња. {9C 52.2}

Наместо да им префрлуваме на службениците во Генералната конференција што не се во состојба да ги задоволат многуте побарувања за испраќање на луѓе и средства, нека членовите на нашите цркви силата на вистината ја потврдат со живо сведоштво, самоодрекување и дарежливи прилози за ширење на делото. Нека нашите сестри штедат одрекувајќи се од скапите украси на своите фустани. Одречете се од сите непотребни издатоци. Нека секое семејство ги донесе на Господа сите свои десетоци и приноси. {9C 53.1}

Божји пристави

Оние што вистински се обратиле себеси, ќе се сметаат за Божји пристави и за напредокот на делото ќе даваат средства кои Бог ги ставил во нивните раце. Кога би се извршувале Христовите зборови, во Неговата каса би имало доволно средства за потребите на Неговото дело. Тој на мажите и жените им доверил обилни средства за остварување на Неговите планови на милост и добродетелство. Тој ги повикува Своите пристави, парите кои им се доверени да ги вложат во делото, за гладните да се нахранат, голите да се облечат и да им се проповеда евангелието на сиромашните. Совршенство на карактерот не може да се постигне без самопожртвување. {9C 53.2}

Во историјата на нашето дело не постоело позначајно време отколку што е денешното. Пораката од третата глава на пророштвото на Малахија допира и до нас и ни укажува дека во своите односи кон Бога и Неговото дело неопходно е да бидеме чесни и исправни. Браќа мои, парите со кои се користите да купувате, продавате и заработувате ќе ви станат проклетство ако го задржувате од Господа тоа што е Негово. Средствата кои ни се доверени за унапредување на Божјото дело, мораат да се употребат за ширење на евангелието по сиот свет. {9C 53.3}

Ние сме Христови сведоци и не треба да дозволиме световните интереси и планови да го заземат целото наше време и внимание. Овде станува збор за повозвишени интереси. „Но барајте го најнапред Божјото царство и Неговата праведност, и сето ова ќе ви се придаде“ (Матеј 6:33). Христос доброволно се жртвувал себеси за да се изврши Божјата волја. Бил послушен до самата смрт, и тоа смрт на крст. И кога знаеме што сè направил Тој, треба ли да ни биде тешко да се одречуваме од себеси? Треба ли да го избегнуваме учествувањето во Христовите страдања? Неговата смрт треба да го возбуди секое делче од нашето битие, така што ќе бидеме спремни за

Неговото дело да жртвуваме сè што поседуваме и сето наше битие. Мислејќи на сето тоа што Тој го направил за нас, нашето срце треба да се исполни со благодарност и љубов и да ја отфрли секоја себичност. Зар срцето, кое се наоѓа под силно делување на Христовата љубов, би можело да одбие било каква должност? {9C 53.4}

Не треба ли низ самоодрекување да направиме сè што можеме за ширење на божествениот потфат на милосрдие? Можеме ли да го гледаме Господовото снижување, страдањата кои ги поднел Божјиот Син, а да не нè опфати желба и ние да жртвуваме нешто за Него? Зар не е голема чест што имаме право да соработуваме со Него? Тој го напуштил Својот небесен дом за да нè побара нас. Зар тогаш не би требало и ние како Негови пастири-помошници да ги бараме заталканите и изгубените? Зар ќе пропу-штиме во својот живот да покажеме божествена нежност и сожалување? {9C 54.1}

Господ сака Неговиот народ да биде промислен и внимателен. Тој сака да бидеме штедливи во сè. Кога работниците во мисионските полиња би ги имале тие пари кои се трошат на скапоцен мебел и лично украсување, победите на Христовиот крст би биле многу поголеми. {9C 54.2}

Не можат сите да принесуваат големи дарови, не можат сите да прават големи, величествени дела, но сите можат да негуваат самоодрекување, сите можат да се угледаат на несебичноста на нашиот Спасител. Некои можат да даваат големи прилози во Господовата каса, некои само по некоја лепта, но Господ ја прима секоја жртва која е принесена искрено. {9C 54.3}

Ние молиме за парите кои се трошат за непотребни нешта. Мои браќа и сестри, Немојте да ги растурате парите на непотребни нешта. Можеби мислите дека тие мали суми не значат ништо, но од многу мали износи се собира еден голем. Одречете се од сите расфрлувачки издатоци. Немојте да трошете на било што, што служи само за покажување. Вашите пари можат да бидат средство за спасување на души. Можеби некои не можат да приложат многу, но сите можат секоја седмица да одвојат нешто за Учителот. Во ова нека учествуваат и децата. Родители, учете ги своите деца да го штедат секој денар за да го дадат на Господа. Проповедањето на евангелието треба да се потпомага со самоодрекување и жртва. {9C 55.1}

Со самопожртвуваните напори на Божјиот народ, други ќе бидат доведени во верата, а тие од своја страна ќе ги зголемат даровите за понатамошно ширење на Господовото дело. Несомнителни знаци укажуваат на тоа дека крајот е близу. Мора да се подготви патот за доаѓањето на Кнезот на Мирот. Членовите на нашата црква нека не се жалат што толку Често им се упатуваат повици да приложат нешто за делото. Зошто се потребни овие чести повици? Зар тие не доаѓаат за побрзо развивање на мисионските потфати? Зар со лишување на своите дарови ќе го задржуваме развојот на тие потфати? Зар ќе заборавиме дека ние сме Божји соработници? Нека членовите на секоја црква ги упатуваат своите молитви кон Бога, за да станат уште попобожни и подарежливи. Мои браќа и сестри, Немојте да барате делото на евангелието да се ограничува. Сè додека има души кои треба да се спасуваат, нашата ревност и залагање за спасение на изгубените не смеат да попуштат. Црквата ќе се одрече од својот Учител, ако ја ограничи својата задача. Не можат сите како мисионери да одат во други

земји, но сите можат да приложат од своите средства за одржување на странските мисии. {9C 55.2}

Треба да започнеме со работа во нови полиња и заради тоа морате да ни помогнете. Зар ќе го занемаруваме налогот кој ни е даден и ќе изгубиме право на ветувањата кои се дадени со тој налог? Зар Божјиот народ ќе стане безгрижен и рамнодушен, скратувајќи ги своите прилози за ширење на Неговото дело? Може ли тој тоа да го направи, а со тоа да не ја прекине својата врска со Бога? Можеби некој ќе мисли дека на тој начин штеди, но тоа штедење е ужасно, бидејќи доведува до одвојување од Бога. {9C 56.1}

Мои браќа и сестри, премногу е доцна за своето време и своите сили да ги трошете на угодување на себеси. Трудете се да спечалите небесно богатство, за последниот ден да не ве затече сиромашни во тој поглед. Настојувајте да придонесете за победата на крстот, да ги просветлувате душите; работете на спасението на своите ближни и вашето дело ќе ја издржи огнената проба. {9C 56.2}

Секој вистински, самопожртвуван работник за Господа, подготвен е да троши и да се жртвува за другите. Христос кажува: „Кој го љуби својот живот, ќе го изгуби, а кој го мрази својот живот на овој свет - ќе го запази за вечен живот“ (Јован 12:25). Трудејќи се срдечно и длабокомислено да помогнат таму каде што помошта е потребна, вистинските христијани ја покажуваат својата љубов кон Бога и кон ближните. Тие во таа служба можат да го изгубат дури и својот живот, но кога Христос ќе дојде да ги собере Своите скапоцени камења, тие повторно ќе добијат живот. {9C 56.3}

Драги браќа и сестри, Немојте голем дел од своето време и пари да ги трошете за себеси заради лично украсување. Тие кои постапуваат така, запоставуваат многу предности со кои би ги утешиле другите и би ги осветлиле со топли зраци нивните уморни души. Сите сè уште мораме да се учиме како верно да ја користиме секоја прилика која Често ни се пружа, за во животот на другите да внесеме светлина и надеж. Како можеме да ги искористиме тие прилики ако нашите мисли се насочени на нас самите? Оној, кој мисли само за себе, пропушта многу можности да го прави тоа што би донело благослов и Нему и на другите. Должност на Христовиот слуга е во сите околности да си го постави себеси прашањето: Што да правам за да им помогнам на другите? Кога ќе направи колку што најдобро можел, тогаш последиците може да ги препушти на Бога. {9C 56.4}

Бог се погрижил за едно задоволство кое може да го почувствува секој, било тој да е богат или сиромав - задоволство кое се наоѓа во чистотата на мислите и несебичните постапки, задоволство кое произлегува од љубезните зборови и добрите дела. Оние кои вршат таква служба, зрачат со Христовата светлина и ја осветлуваат животната патека на своите ближни, замрачена од многу страдања. {9C 57.1}

Можеби ќе Дојдете во искушение своите пари да ги вложите во купување на земја. Можеби вашите деца ќе ве советуваат да направите така. Но зар не постои некој подобар пат? Нели ви се доверени тие пари за со нив да располагате мудро, така што кога ќе дојде Господарот да ги најде талентите удвоени? Зар не увидувате дека Господ сака со вашите средства да помогне за подигање на молитвени домови и за основање на санаториуми? {9C 57.2}

Душите треба да се ценат повеќе од парите. Ако познавате во светот некое повозвишено дело од делото на спасување на души, дело кое ќе донесе поголема корист од вложените пари, зар не би нè известиле, за да ја процениме Неговата вредност? {9С 57.3}

Се плашам дека многу наши членови не го сфаќаат значењето на Божјото дело. На еден на кого му напишав писмо барајќи пари, вака ми одговори: „Го примив Твоето писмо во кое бараш да ти позајмам одредена сума на пари. Меѓутоа, имаш Тука едно парче земја и децата сметаа дека е препорачливо да го купам, и така својата заштеда ја вложив во таа земја“. Колку подобро би било за тој брат своите пари да ги вложил во подигање на санаториуми, во кои се сведочи за вистината за ова време, или во училишта кои на нашата младина ќе им обезбедат најдобри влијанија и ќе ги оспособат да станат мисионери. {9С 57.4}

Драги браќа и сестри, вложете ги своите пари во основање на христијански мисии, од кои ќе светли светлина на вистината, привлекувајќи ги душите кон Бога. Една душа, вистински обратена, станувајќи Божји мисионер, ќе придобие и други души за Спасителот. {9С 58.1}

Самиот Бог создал планови за напредок на Своето дело и му дал на Својот народ вишок на средства за, кога Тој ќе побара помош, секој да може да одговори: „Господару, Твојот талент Ти го враќам со добивка“. {9С 58.2}

Кога оние на кои им се доверени Божји пари, верно би ги вложувале тие пари во Господовата каса, Божјото дело брзо би напредувало. Многу души би биле придобиени за вистината и би се забрзал денот на Христовото доаѓање. Мажите и жените треба да дојдат под влијание на верни, срдечни и искрени работници, кои се залагаат за душите како оние, кои ќе дадат одговор. Сите кои се крстени со одредена мера на апостолскиот дух, се чувствуваат присилени да станат Божји мисионери. Ако бидат верни, цврсти во верата, ако не го продадат својот Господ заради добивка, ако секогаш ја признаваат божествената надмоќ и превласт, Бог ќе го подготви патот пред нив и обилно ќе ги благослови. Тој ќе им помогне да ја прикажат Неговата добрина, љубов и милост. А Божјата слава ќе биде нивна награда. Ќе завладее радост во небесните дворови и радост, чиста, небесна радост ќе ги исполни срцата на работниците. Тие ќе бидат подготвени да трошат и да се жртвуваат заради спасување на души кои пропаѓаат и нивните срца ќе бидат полни со љубов и благодарност. Свесноста за Божјото присуство ќе го исчисти и облагороди нивното искуство, ќе ги збогати и поткрепи. Во нивната работа, а исто така и во нивниот успех во придобивање на души за Христа, ќе се открие небесната благодат. {9С 58.3}

Така Божјото дело треба да напредува во овој свет. Верните при- стави треба да ги стават Господовите пари во Неговата каса, за да можат да се испратат работници во сите делови на светот. Заедницата на земјата треба да му служи на Бога со самоодрекување и пожртвување. Така треба да се работи на ширењето на делото; и тогаш ќе задобиеме и величествена победа. {9С 59.1}

Љубовта кон изгубените души го одвела Христа на крстот. Љубовта кон душите треба и нас да нè наведе на самоодрекување и жртвување заради спасување на она што е изгубено. Враќајќи му го на Господа она што е Негово, Христовите следбеници собираат богатство, кое ќе стане нивно кога ќе ги слушнат зборовите: „Убаво сторено,

добар и верен слуго!... Вле-зи во радоста на својот Господар,“ „Кој поради Неговата идна радост претрпе крст, го презре срамот, и седна од десната страна на Божјиот престол“ (Матеј 25:21; Евреите 12:2). Радоста што ќе ги гледаат душите спасени засекогаш, ќе биде награда за сите оние кои одат по стапките на Откупителот. {9С 59.2}

„Оној, Кој не Го поштеди ни Својот сопствен Син, туку Го предаде за нас сите, како да не ни подари со Него сè?“ (Римјаните 8:32). {9С 59.3}

Господарот на небото ја дал најскапоцената жртва. Божјата љубов кон човекот се активирала од своите неизмерни длабочини: не било можно за Бога да даде нешто повеќе. Тој „толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3:16). Зошто е толку ограничена нашата благодарност? Споредена со големата плима на љубов која ни доаѓа од Таткото, таа е слична на одвај видливо бранување по површината на водата. {9С 59.4}

Знаците кои го навестуваат второто Христово доаѓање брзо се исполнуваат. Треба ли народот да се остави во незнаење во поглед на големите настани кои му претстојат, да се остави неподготвен за тој страшен ден? Небото за спасение на светот дало најмногу што може да се даде. Зар оние кои тврдат дека го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди можат да бидат рамнодушни кон душите на луѓето? Не, не, тие не смеат да бидат рамнодушни! {9С 60.1}

Оние кои ја примиле светлината на сегашната вистина, треба со неуморна ревност да појдат таа светлина да ја пренесат на оние кои се во темнина. Самопожртвувано, со самоодрекување и посветени напори, тие треба да работат во сила на Израеловиот Бог. Оваа вест треба да им се однесе на странските земји, но исто така треба да се објави во градовите и селата на нашата земја. Уморните и натоварените копнеат за пораката на вистината која ќе им даде мир и спокој во Христа. Кој ќе ја однесе пораката на оние кои никогаш не ја чуле? Кој ќе бара радост и слава во Бога, придобивајќи ги грешниците кон нозете на Оној кој го жртвувал Својот живот за секоја душа? Кој ќе им укаже на луѓето на Спасителот како на „Божјо Јагне кое врз себе ги зеде гревовите на светот“ (Јован 1:29). {9С 60.2}

ЛИТЕРАТУРАТА ВО СЛУЖБА

„Господ даде слово: големо е
мноштвото на радосните известители“
(Псалм 68:11).

НАШИТЕ ПУБЛИКАЦИИ

Големото и чудесно дело на последната вест на евангелието денес треба да се шири како никогаш порано. Преку објавувањето на Божјото Слово во нашите книги и списанија, светот треба да ја прими светлината на вистината. Нашите публикации треба да покажат дека крајот на сите нешта се приближил. Наложено ми е на нашите издавачки куќи да им ја пренесам пораката: „Подигнете го знамето, подигнете го што повеќе. Објавувајте ја веста на Третиот ангел за да ја слушне целиот свет. Нека се види дека, ‘Тука се оние што ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса’ (Откровение 14:12). Веста објавена преку нашата литература нека биде сведоштво за целиот свет“. {9С 61.1}

Нашите работници денес треба да се поттикнуваат своето главно внимание да го посветуваат на книгите кои се занимаваат со доказите на нашата вера - на книги кои содржат библиско учење и кои ќе го подготват народот да опстане во тешките денови кои ни претстојат. Бидејќи, со молитвени напори во поучување од Библијата и со мудра употреба на нашите публикации сме ги довеле луѓето до сознание на вистината, мораме да ги научиме и тие да станат работници во речта и науката. Мораме да ги поттикнуваме да разнесуваат книги кои ги обработуваат библиските предмети поучни книги кои ќе го подготват народот да стане, опашувајќи ги своите бедра со вистината и држејќи ги своите светилници запалени. {9С 61.2}

Ние, така да се каже, сме се успале во поглед на работата која може да се изврши со циркулација на добро подготвена литература. Да се разбудиме сега и со мудро користење на книгите и списанијата да ја проповедаме Божјата Реч со непоколеблива ревност, за светот да ја сфати веста која Христос му ја дал на Јован на островот Патмос. Секое човечко суштество кое се именува со Христовото име нека сведочи: „Близу е крајот на сите нешта; подготви се, да го пресретнеш својот Бог“. {9С 61.3}

Нашите публикации треба да се издаваат на многу јазици и на тој начин да се продре секаде. Веста на Третиот ангел треба да се објавува и со помош на книги и преку живи учители. Разбудете се вие кои Верувате во вистината за ова време. сега е ваша должност да приложите сè што можете, за да им помогнете на оние кои се добро упатени во вистината истата да ја објават и на други. Еден дел од добиените пари од продадените книги треба да се вложи за проширување на нашите капацитети, за книгите, кои ќе ги отворат слепите очи и допрат до многу срца, да се печатат во уште поголем обем. {9С 62.1}

Постои опасност во тој потфат да преовладее трговски дух и толку да нѐ опфатат световните работи што нема да бидеме во состојба да ја изнесеме на виделина вистината на Божјата Реч во нејзината чистота и сила. Сѐ повеќе преовладува трговски дух и трка за заработка. Браќа мои, нека вашите души бидат целосно обратени. Ако некогаш било време да ги сфатиме нашите должности, тоа е сега, кога вистината се сопна на улиците и нема веќе пристап чесноста. Сатаната слегол со голема сила за да со секоја измама и неправда делува во оние кои гинат; и ќе се изрешета сѐ што може да се изрешета и ќе остане само она што не може да се изрешета. Господ наскоро доаѓа и доаѓаат денови на неволја. Сатанските орудија, иако невидливи, работат на уништување на човечките животи. Но ако нашиот живот е скриен со Христа во Бога, ќе ја видиме Неговата благодат и спасение. Христос доаѓа да го воспостави Своето царство на земјата. Нека нашите зборови бидат бирани и свети и секогаш изговорени на слава на Христа. сега мораме да се залагаме онака како што никогаш не сме се залагале. Зборовите: „Настојувај во погодно време и во невреме“ (2. Тимотеј 4:2) ни се упатени нам. Да, треба да создадеме прилики за објавување на вистината и секоја таква прилика да ја искористиме за доведување на души кон Христа. {9C 62.2}

Како народ мораме да бидеме наново обратени; нашиот живот мора да биде посветен за да ја објавуваме вистината каква што е во Христа. Ширејќи ги нашите публикации, ние можеме да зборуваме за љубовта на Спасителот со топло и трогнато срце. Само Бог може да ги прости гревовите. Ако таа вест не ја објавиме на необратените, нашата немарност за нив би можела да значи пропаст. Во нашите весници и списанија треба да се објавуваат благословените библиски вистини кои ја спасуваат душата. Мнозина можат да помогнат во продавањето на нашите списанија. Господ нѐ повикува сите нас да учествуваме во делото на спасување души кои се наоѓаат на работ на пропаста. Сатаната се труди да ги измами дури и избраните и сега е време да бидеме будни и да работиме претпазливо. Вниманието на народот треба да се насочи на нашите книги и весници. Евангелието на сегашната вистина треба, без било какво одлагање, да се објави во нашите градови. Зар нема да одговориме на своите должности? {9C 63.1}

Ако го проучуваме Христовиот живот и Неговото учење, секој настан ќе ни даде материјал за впечатливо излагање. Така Спасителот го проповедал евангелието по патиштата и меѓу оградите. И додека Тој зборувал, Често можело да се види како малата група која ги слушала Неговите зборови прераснувала во големо мноштво. Денешните евангелисти треба да бидат Христови соработници. Ним, исто онака како на првите ученици, им е дадена Христовото уверување: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Таткото, и Синот, и Светиот Дух, и учете ги да пазат сѐ што сум Ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28:18-20). {9C 63.2}

Делото наменето на Божјиот народ е опишано во вдахновените зборови: „Еве Јас го испраќам пред Твоето лице Мојот ангел, кој ќе го приготви Твојот пат пред Тебе. Гласот на оној, што вика во пустината: пригответе го патот на Господа, израмнете ги Неговите патеки“ (Марко 1:2,3). „Еве Го Мојот Слуга Кого Го поткрепувам, Мојот Избраник, мил на Мојата душа. Го излеав Својот Дух на Него, за да им донесува право

на народите... нема да ослабне, ниту ќе изнемошти, додека не воспостави суд на земјата. Народите ќе се надеваат на Неговиот закон“ (Исаија 42:1-4). {9C 64.1}

Бог ги повикува сите луѓе да ги проучат и добро запознаат сите барања на Неговиот свет закон. Неговата Реч е света и бескрајна. Вистината мора да блескоти како запален факел. Ревното проучување на Божјата Реч ќе ја открие вистината. Гревот и злото нема повеќе да се трпат, а Божјиот закон повторно ќе го добие своето вистинско место. „Вака зборува Господ, Бог, Кој ги создаде и оптегна небесата, Кој ја распростре земјата и нејзините растенија, Кој им дава здив на народите на неа, и здив на суштествата што одат по неа. Јас, Господ, те повикав во правда, те зедов цврсто за рака; те вообличив и те поставив за Завет на народот и за светлина на племињата, за да им ги отвориш очите на слепите, за да ги изведеш затворениците од темницата, и од темнината оние што живеат во мрак“ (Стихови 5-7). Христијаните треба да примат светлина од Божјата реч, а потоа во вера да одат напред, носејќи ја таа светлина на оние кои седат во темнина. {9C 64.2}

Санаториум, Калифорнија, 24 мај 1908.

ШИРЕЊЕ НА ПУБЛИКАЦИИТЕ

Ноќта на 2. март 1907. година ми беа откриени многу детали во врска со значењето на нашите публикации посветени на сегашната вистина и за тоа колку слаби напори вложуваат нашите членови во ширење на тие публикации. {9C 65.1}

Повеќепати ми е покажано дека нашите издавачки куќи непрестајно мораат да бидат зафатени со објавување на светлина и вистина. сега е период на духовен мрак во црквите на овој свет. Непознавањето на божествените нешта го засолнило Бог и вистината. Силите на злото ги собираат своите сили. Сатаната им ласка на своите соработници дека ќе изврши едно дело кое ќе го маѓепса светот. Додека црквата делумно ја зафатила неактивност, сатаната и Неговата војска работат интензивно. Таканаречените христијански цркви не го обратуваат светот, бидејќи се проникнати со себичност и гордост и потребно е во нивната средина да се почувствува преобразувачката Божја сила, за да можат другите да ги водат кон почист и повозвишен живот. {9C 65.2}

Едно охрабрувачко искуство

Попладнето на 2 мај го поминав со братот и сестрата С. Н. Хаскел, советувајќи се со нив за делото во Оукленд и за нивните планови да одат на исток и да поминат извесно време во Јужен Ланкастер. По посетата бев уморна и рано отидов на почивка. Патев од ревматизам на левата страна и не можев да спијам од болки. Се превртував од една страна на друга, Трудејќи се да ги олеснам болките. Во срцето чувствував болка, која не претскажуваше ништо добро. Најпосле сум заспала. {9C 65.3}

Околу девет и триесет пробав да се свртам и при тоа почувствував дека Моето тело потполно се ослободило од болките. Додека се вртев од една страна на друга и ги

движев рацете, почувствував необична слобода и леснина која не можам да ја опишам. Собата беше исполнета со светлина, прекрасна, благо сина светлина и мене ми се чинеше дека се наоѓам во раце на небесни суштества. {9С 65.4}

Таа небесна светлина сум ја видела и порано, во моментите на посебен благослов, но овој пат беше подредена, оставаш подлабок впечаток и јас почувствував таков целосен и изобилен мир што не може да се опише со зборови. Се исправив во постелата и видов дека ме опкружува светол облак, бел како снег, со рабови осенчени со темно розова боја. Воздухот беше исполнет со прекрасна, блага музика и јас во неа ги препознав песните на ангелите. Потоа еден Глас ми рече: „Не бој се; Јас сум твојот Спасител. Насекаде околу тебе се светите ангели“. {9С 66.1}

„Значи сега сум на небото“, реков јас, „и сега можам да се одморам. Не морам повеќе да објавувам пораки, не морам повеќе да го поднесувам искривеното прикажување на мојата работа. сега сè ќе биде лесно, сега можам да уживам во мир и спокојство. О, каков неискажлив мир ја исполнува мојата душа! Дали ова навистина е небото? Дали сум јас Божјо дете? И засекогаш ли ќе го чувствувам овој мир?“ {9С 66.2}

Гласот одговори: „Твоето дело сè уште не е завршено“. {9С 66.3}

Повторно заспав и кога се разбудив, Слушнав музика и посакав да запеам. Тогаш некој помина покрај мојата врата и јас се прашував дали таа личност ја виде светлината. По извесно време светлината исчезна, но мирот и понатаму траеше. {9С 66.4}

Малку подоцна повторно заспав. Изгледаше како да се наоѓам на собирот на советот на кој се расправаше за нашата работа со книги. Тука се наоѓаше одреден број на браќа, водечки луѓе во нашето дело; старешината Хаскел и Неговата сопруга се советуваа меѓусебно и со браќата за ширење на нашите книги, брошури и списанија. {9С 66.5}

Старешината Хаскел изнесе силни причини поради кои треба во поголема мера да се шират книгите кои го содржат знаењето дадено на сестра Вајт, книги кои содржат одредена вест која треба да му се соопшти на светот во денешно време. Тој запраша: „Зошто нашиот народ не ги цени и не ги разнесува во поголема мера книгите кои ги содржат божествените сведоштва? Зошто не им се посвети посебно внимание на книгите кои ја содржат Опомената во врска со сатанското дело? Зошто не вложуваме повеќе напори за ширење на книгите кои укажуваат на плановите на сатаната за попречување на Божјото дело, кои ги откриваат неговите планови и неговите измами? {9С 67.1}

Моралното зло на неговите измами мора да се отстрани на тој начин што на народот ќе му се отворат очите, за да ја сфати состојбата и опасноста во денешно време и да вложува ревни напори, за со вера да се држи за Христа и за Неговата праведност“. Еден небесен гласник се наоѓаше меѓу нас и ни упати зборови на предупредување и поука. Тој јасно ни соопшти дека евангелието за царството, веста за која светот гине, и веста содржана во нашите веќе објавени публикации, како и во оние што допрва треба да бидат објавени, треба да се шири меѓу народот близу и далеку. {9С 67.2}

Опасности од шпекулативно проучување

Светлината на вистината која според Божјата намера треба да го осветли светот во денешно време, не е тоа што настојуваат да го пружат учените луѓе од овој свет, затоа што тие луѓе во своите истражувања Често доаѓаат до погрешни заклучоци и проучувајќи многу други писатели, се воодушевуваат со теории кои се од сатанско потекло. Облекувајќи се во облека на ангел на светлината, сатаната изнесува пред човечкиот ум прашања кои навидум се мошне интересни и полни со научни тајни. При испитувањето на тие предмети, луѓето доаѓаат до погрешни заклучоци, соединувајќи се на тој начин со лажните духови во ширењето на нови теории кои водат настрана од вистината. {9С 67.3}

Постои опасност нашите проповедници, учители и уредници понекогаш во своите говори, расправи и публикации да внесат лажни мислења изразени во книгите што ги читале, сметајќи дека тоа во начело се сложува со учењето на Духот на вистината. Пример за тоа дава книгата „Жив храм“, чијшто писател своето излагање го поткрепува со тврдењето дека истите теории се наоѓаат во списите на г-ѓа Вајт. Секогаш ќе наидуваме на влијание на луѓе кои студираат науки со сатанско потекло, со помош на кои сатаната настојува да го побие постоењето на Бога и Христа. {9С 68.1}

И Таткото и Синот имаат своја личност. Христос рекол: „Јас и Мојот Татко сме едно“. Меѓутоа, Божјиот Син дошол на свет во облик на човек. Оставајќи ги Своите царски облеки и круна, Тој Своето божество го покрил со човечки облик, за човечкиот род, преку Неговата бескрајна жртва, да стане соучесник во божествената природа и да ја избегне расипаноста која владее во светот преку телесните желби. {9С 68.2}

Христос бил искушуван во сето она што човекот е искушуван, но никогаш не изговорил хулна пресуда против искушувачот. На секое искушение одговарал со Господовото Слово. „Напишано е“ -тоа било Неговото оружје кое никогаш не изневерува ниту издава. И ние како Христови претставници мораме секој обид на непријателот да го чекаме со Словото на живиот Бог. Никогаш не смееме себеси да си дозволиме сатаната со своите научни аргументи да нè влече по себе како што со својата опашка повлекол многу од ангелите. Сатаната никогаш не може да го совлада Божјото дете, кое во својата одбрана се потпира на Божјото Слово. {9С 68.3}

Нашиот Советник, највпечатливо ни прикажа дека народот кој ги држи Божјите заповеди мора да биде посветен со вистината и дека вистината секогаш мора да биде на прво место. Не смееме да заборавиме дека сатаната сè уште живее, за преку лажната наука да делува со својата измамничка сила. {9С 69.1}

Христос бил Величество на небото, Кнез на животот, а сепак се понизил како човек и се покорувал на секоја Божја заповед. Тој го поминал патот по кој мора да помине секој кој го зема Неговото име и излегол од искушението чист и неизвалкан од Гревот. Тој е наш пример во сè. {9С 69.2}

Првото Христово доаѓање и Неговиот живот на служба, не се проучуваат онака како што би требало. Неговиот живот бил полн со самоодрекувања и во него се одразувала вистината со сите свои благородни својства. Со секој свој збор и дело, Тој живеел на благослов на човештвото. {9С 69.3}

Достоинството на книжевната работа

Работата на пишување на книги е големо и добро дело. Меѓутоа, таа работа не секогаш била онака возвишена и света како што спрема Божјата намера требало да биде, бидејќи некои кои ѝ се посветиле, во неа го внеле своето јас. Работата со книгите треба да претставува средство за брзо објавување на сегашната вистина до светот. Публикациите кои излегуваат од нашите печатници, мора да бидат со таков карактер, да го засилат секој клинец и столб на верата, која е воспоставена со Божјата Реч преку откровенијата на Неговиот Дух. {9C 69.4}

Вистината која Бог ја дал на Својот народ во овие последни денови треба да ги направи верниците поцврсти, кога во црквата ќе дојдат оние кои ги застапуваат лажните теории. Вистината која устојувала на нападите на непријателите повеќе од половина век, мора сè уште да биде доверба и утеха за Божјиот народ. {9C 69.5}

Во својот живот на самоодрекување, ќе им дадеме докази на неверниците дека ја имаме вистината на Божјата Реч. Не смееме да правиме исмејување од својата вера, туку секогаш мораме да го имаме пред очи примерот на Оној, кој бил небесен Кнез, но сепак прифатил живот на самоодрекувања и пожртвувања, за да ја докаже и одбрани праведноста на Татковата Реч. Секој од нас треба да направи сè што е во Негова моќ, за светлината на нашите добри дела да го осветли светот. {9C 70.1}

Единство во напредокот

Книгите и списанијата треба да се печатат по договорен и точно разработен план, за светлината која тие ја содржат да може брзо да се рашири, како во номиналните цркви, така и во светот. Со продавање на нашите книги треба да се постигне многу повеќе отколку што постигнуваме сега. {9C 70.2}

Нашите проповедници мораат да ги повикуваат членовите на црквата да се залагаат за победа на вистината. „Стани, засвети, зашто твојата светлина доаѓа, над тебе блеска Господовата Слава, а еве, темнината ја покрива земјата, и мракот народите! А тебе те осветлува Господ, и Неговата слава се јавува над тебе. Народите чекорат кон твојата светлина, и царевите кон исток на твојот сјај“ (Исаија 60:1-3). Единството и љубовта ќе извршат чудесни дела за верните. Зар нашите цркви нема да се разбудат и да му ја однесат на светот последната вест на опомена? {9C 70.3}

Книгите во помош за исплаќање на долговите

„Христовите параболи“, е книга која зборува самата за себе и која има извршено добро дело. Со парите кои ги добивме од продажбата на оваа книга ги намаливме долговите на нашите училишта. Но, уште поважно, мнозина се благословени читајќи ги нејзините поуки за вистината и уште мнозина ќе примат благослов кога ќе ја читаат. {9C 70.4}

Книгата „Здравје и среќа“ може за нашите санаториуми и здравствени институции да го направи тоа што „Христовите параболи“ го направи за нашите училишта. Таа книга ја содржи мудроста на Големиот Лекар. Јас бев среќна што својата работа на тие книги можев да ја посветам на Божјото дело. Во иднина треба да се преземат добро планирани и истрајни напори за што поголема продажба на овие книги. {9С 71.1}

Да се исплати долгот

Бог сака да се учиме на искуствата од минатото. Нему не му е по волја тоа што нашите институции се наоѓаат под товар на долг. Ние стасавме во време кога мораме да ги зацврстиме нашите институции, не подигајќи повеќе големи и скапи згради. Не смееме да ги повторуваме старите грешки и сè подлабоко и подлабоко да запаѓаме во долг. Пред сè мораме да се трудиме да се ослободиме и од оние долгови кои сè уште ги притискаат нашите институции. Црквите можат да ни помогнат во ова само ако постои добра волја. Оние верници кои Господ ги надарил со имот, можат своите пари без камати или пак со ниски камати да ги вложат во делото, а исто така можат да помогнат и со своите доброволни прилози. Господ ве повикува со задоволство да Му вратите еден дел од тоа што ви позајмил и така да станете Негови повереници. {9С 71.2}

Уште нешто за работата со книги

Потоа присуствувавме на состаноци под ведро небо и на големи собори во нашите цркви на кои проповедниците јасно укажаа на опасноста на времето во кое живееме и на големата потреба да го зголемиме прометот на нашите книги. Одговарајќи на овој повик, браќата и сестрите откупија значајна количина на книги. Некои земаа само по неколку примероци, а некои многу повеќе. Повеќето купувачи овие книги ги платија веднаш. Неколкумина се договорија долгот да го платат подоцна. {9С 71.3}

Затоа што цената на книгите беше мошне пристапна, и цените на некои книги ги намаливме посебно за оваа прилика, луѓето купуваа многу, па дури и некои кои не припаѓаа на нашата вера. Тие рекоа: „Овие книги мора да содржат некоја порака за нас. Овие луѓе се подготвени да поднесат жртви за ние да дојдеме до тие книги и ние ќе ги земеме за себе и за своите пријатели“. {9С 72.1}

Но некои од нашиот народ беа незадоволни. Еден рече: „Мораме да му ставиме крај на ова, инаку материјално ќе пропаднеме“. Некој од колпортерите запре еден брат кој носеше полни раце со книги и го запраша: „Брате, што ќе правиш со толку многу книги?“ Тогаш го слушнав гласот на нашиот советник кој рече: „Немојте да им браните. Ова е дело кое мора да се изврши. Крајот е близу. Веќе е изгубено многу време и овие книги треба што повеќе да се шират. Разнесувајте ги на близу и далеку, нека бидат растурени како есенски лисја. Ова дело мора да напредува и никој не треба да се спречува во тоа. Душите кои сè уште не се обратиле кон Христа, пропаѓаат. Предупредете ги дека Тој наскоро ќе се појави на небесните облаци“. {9С 72.2}

Некои од работниците и понатаму изгледаа нерасположени. Еден од нив рече низ плач: „Тие им нанесуваат штета на нашата издавачка работа купувајќи книги по толку ниски цени, а освен тоа се лишуваме од приходи со кои се издржуваше нашето дело“. Гласот одговори: „Нема да претрпите никаква загуба. Работниците кои купуваат книги со намалени цени, не би можеле да ги продадат на друг начин - оваа таканаречена жртва е потребна. Мнозина денес купуваат за своите пријатели и за оние кои инаку не би можеле ни да помислат да ги купат“. {9С 72.3}

Едно предупредување

На старешината Хаскел потоа му беше предочено дека во желбата скапоцените вистини содржани во неговите книги да дојдат до народот, во настојувањето сите да почувствуваат дека тие книги вредат повеќе отколку што чинат, и за сите да ги поттикне на што пошироко ширење на истите, ги продавал премногу евтино, така правејќи го своето бреме уште потешко. {9С 73.1}

Нашиот Советник рече: „Книгите треба да се продаваат со такви цени, кои би им овозможиле на писателите да не останат со празни раце; и издавачката куќа да има доволно приходи, за да можат и понатаму да продолжат со својата работа”. {9С 73.2}

Парабола која треба да се проучува

„Зашто царството небесно“, рекол Христос, „прилега на домаќин, кој излегол наутро рано да најми работници за своето лозје. Па, штом се погоди со работниците по динариј на ден, ги прати во лозјето свое. Потоа кога излезе околу Третиот час и виде други како стојат на пазариште без работа, им рече: ‘Одете и вие во Моето лозје, па што е право, ќе ви дадам. И тие отидоа’. {9С 73.3}

Пак излезе околу шестиот и деветтиот час и направи исто. А околу единаесеттиот час одново излезе и најде други, како стојат без работа, и им рече: ‘Зошто стоите Тука цел ден без работа?’ Тие му одговорија: ‘Никој не нè повика.’ А тој им рече: ‘Одете во Моето лозје и, што е право, ќе добиете.’ А кога се стемни, господарот на лозјето му рече на својот настојник: ‘Повикај ги работниците и плати им, почнувајќи од последните па до првите.’ И дојдените околу единаесеттиот час добија по динариј. {9С 73.4}

А кога дојдоа првите, помислија дека ќе примат повеќе; но и тие добија по динариј; и штом добија, негодуваа против господарот и велеа: ‘Оние последните работеа еден час, а ти ги изедначи со нас, што ја претрпевме тегобата на денот и жегата.’ А тој им одговори и му рече на еден од нив: ‘Пријателе, не те онеправдувам: нели се погоди со Мене за динариј? Земи си го своето и оди си; и на овој, последниов сакам да му дадам колку и на тебе; зар немам право да чинам со своето, што сакам? Или окото ти е завидливо, оти сум добар?’ Така ќе бидат последните први, а првите последни; зашто мнозина се повикани, а малкумина избрани”. (Матеј 20:1-16). {9С 74.1}

Благословена ќе биде наградата на благодатта за оние кои работеле за Бога во едноставноста на верата и љубовта. Вредноста на службата на Бога се мери според тоа во каков дух се работи, а не со должината на времето кое ќе се помине во работа. {9С 74.2}

Светлина за сите

Од цело срце сакам светлината која се наоѓа во Моите книги да допре до секоја душа, бидејќи Бог Својата порака ја праќа на сите. Овие книги содржат скапоцени вистини за христијанското искуство. Не би се осмелила да забранам тие книги во посебни прилики да се продаваат со намалени цени, бидејќи со тоа би ги спречила луѓето да читаат и така би ја лишила од светлина некоја душа, која можеби би се обратила кон вистината. Нема да го спречувам ширењето на нашите книги. Поставете ја светлината на светилникот, за да им свети на сите кои се во куќата. {9С 74.3}

Поука за трговијата

„И влезе Исус во Божјиот храм и ги истера сите, што продаваа и купуваа во храмот, ги растури масите на менувачите и столовите на оние што продаваа гулаби, и им рече: ‘Напишано е: Домот Мој, дом за молитва ќе се нарече, а вие го направивте како разбојничка пештера”. {9С 75.1}

„И дојдоа при Него во храмот слепи и хроми, и Тој ги излекува. А првосвештениците и книжниците, гледајќи ги чудесата што ги направи Тој, и слушајќи ги децата како викаа во храмот и велеа: ‘Осана на Давидовиот Син!’ се расрдија, и Му рекоа: Слушаш ли што велат тие? А Исус им рече: ‘Да! Зар никогаш не сте читале: ‘Од устата на младенците и од оние што цицаат Ти си приготвил пофалба’?“ (Матеј 21:12-16). {9С 75.2}

Санаториум, Калифорнија, 4. мај 1908.

Нашите работници никогаш не смеат да го изгубат од вид фактот дека Господ Исус Христос е наш главен управител. Тој поставил план по кој нашите школи можат да се ослободат од долгот и Тој нема да ја одобри работата на оние луѓе кои го отфрлаат овој план сомневајќи се во Неговиот успех. Ниедна благодат која Бог ја ветил на Својот народ, нема да изостане ако членовите на Црквата сложно го помогнат Неговото дело на земјата. {9С 75.3}

ПОШИРОК ПОГЛЕД

Водејќи грижа за напредокот на Господовото дело во домашните и странските мисии, оние кои се наоѓаат на одговорни положби, мораат мудро да планираат, за на најдобар начин да ги искористат луѓето и средствата. Заедницата на верниците во нашата земја, мора да го поднесе поголемиот дел од товарот на издржување на мисиите во другите земји. Тие мора да располагаат со средства за отворање на нови полиња, таму каде што вистината за веста на Третиот ангел којашто луѓето ги става на тест, сè уште не навлегла. За последните две години, како некое чудо, се отворија многу врати и се потребни луѓе, кои таа можност ќе ја искористат работејќи сериозно на спасување на души. {9C 76.1}

Нашите воспитни институции можат да направат многу за да излезат во пресрет на барањата на овие мисии за подготвени работници. Треба да се направат мудри планови за работата во нашите воспитни институции уште подобро да се организира. Треба да се проучува и да се пронајдат најдобри методи со кои младите мажи и жени ќе се оспособат да носат одговорности и придобиваат души за Христа. Тие треба да се поучат како да се однесуваат со луѓето и како на пристапен и привлечен начин да ја изнесуваат веста на Третиот ангел. Исто така треба да им се дадат поуки и за работење со парите, за да им бидат од помош кога ќе бидат испратени во осамени полиња каде што ќе мораат да се откажуваат од многу работи и да применуваат најстрого штедење. {9C 76.2}

Господ поставил план, според кој многу студенти во нашите училишта треба да научат практични поуки, кои подоцна во животот ќе им осигурат успех. Тој им дал предност да имаат драгоцени книги наменети за напредување на нашето воспитно и здравствено дело. Самата работа околу овие книги ќе им даде на младите можност да добијат многу искуства, кои ќе ги поучат како да ги решаваат проблемите на кои ќе наидат во оддалечените полиња. За време на образованието тие можат, ширејќи ги нашите книги, да научат како учтиво да им се пристапува на луѓето и како со нив може внимателно да се разговара за разни прашања на сегашната вистина. И доколку постигнат извесен финансиски успех, некои ќе се научат на штедење и економичност, што ќе им биде од голема корист кога ќе се посветат на мисионерската должност. {9C 76.3}

Учениците кои ќе се нафатат за продажба на книгите „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“, мораат тие книги добро да ги проучат. Додека настојуваат предметите изложени во овие книги да ги проучат и сфатат трудејќи се да живеат во согласност со нив, тие ќе се развиваат во знаењето и духовната сила. Пораките изложени во тие книги содржат светлина, која Бог ми ја откри, за да ја соопштам на светот. Учителите во нашите училишта мора да ги поттикнуваат учениците внимателно да го проучуваат секое поглавје. Тие мора да ги поучуваат своите ученици со тие вистини, настојувајќи да ја вдахнат младината со љубов кон драгоцените мисли кои Господ ни ги доверил за да ги соопштиме на светот. {9C 77.1}

Така подготовката за ширење на овие книги и секојдневното искуство кое се добива со обраќањето на внимание на народот на вистините изложени во нив, ќе се

покаже од непроценлива корист за оспособување на оние кои вложуваат напори во таа насока. {9С 77.2}

Со Божји благослов, младината ќе се оспособи за служба во Господовото лозје. Оние кои се наоѓаат на одговорни положби во месните цркви во сите области, мора да извршат посебно дело за нашата младина. Кога црковните служители ќе видат дека некој од младите сака да се оспособи за служба во Господовото лозје, но Родителите не можат да му осигурат образование, нивна должност е да пронајдат начин како ќе му дадат помош и охрабрување. Тие мора да се посоветуваат со родителите на посочениот, а и со него самиот, и заеднички да донесат промислена одлука. За некои млади, ќе биде најзгодно да учествуваат во мисионското дело во својата околина. Постои едно пошироко поле мошне корисно за делување, а тоа е ширење на нашата литература и објавување на Третата ангелска вест на пријателите и соседите. Други можеме да поттикнуваме да се посветат на постојана колпортажа и да ги продаваат нашите поголеми книги. Некои можеби се способни да бидат корисни помагачи во нашите институции. И во многу случаи ако на вредните младинци им се даде мудра поддршка и соодветно водство, тие, продавајќи ги книгите „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“, самите ќе ја заработат својата школарина. {9С 77.3}

Продавајќи ги тие книги, младите ќе вршат должност на мисионери, бидејќи со самото тоа ќе ја изнесуваат и Драгоцената светлина пред овој свет. Истовреме-но ќе заработу-ваат пари кои ќе им овозможат посетување на училишта во кои и понатаму ќе се подготвуваат за корисно делување во Господовата служба. Во училиштето, учителите и останатите ученици ќе ги поттикнуваат и поддржуваат да ја продолжат работата на продавање на книги, и кога ќе дојде време да го напуштат училиштето, тие ќе располагаат со практична обука која оспособува за тешка, срдечна и самопожртвувана работа која треба да биде извршена во многу странски полиња, на кои Третата ангелска вест мора да им се објави под тешки и мачни околности. {9С 78.1}

Многу е подобро да се постапува според овој план, отколку учениците да го завршуваат образованието без практично знаење за работа на терен и по завршувањето на образованието, да го напуштат училиштето оптоварени со долгови, не сфаќајќи ги тешкотиите на кои ќе наидат на новите необработени полиња. Колку ќе биде тешко да ги решаваат финансиските проблеми, неминовно поврзани со пионерската работа во страните земји! И каков товар некој ќе мора да носи додека не се исплатат долговите кои соодветниот ученик ги направил! {9С 78.2}

Од друга страна колку корисен може да биде планот учениците сами себеси да се издржуваат! Учениците од воспитните институции ќе можат да излезат речиси или потполно без никакви долгови. Училишните финансии би се наоѓале во многу поповолна состојба. Поуките кои ученикот ги добил поминувајќи низ тие искуства на домашно поле, ќе му бидат од непроценлива вредност на страните полиња. {9С 79.1}

Треба да се подготват мудри планови за достојните ученици, ако тоа го сакаат, да можат да се издржуваат себе со продажба на книги. Оние кои на тој начин доволно заработуваат за своето образование во некои од нашите училишта, ќе добијат драгоцено практично искуство кое ќе им користи во пионерската мисионска работа на други полиња. {9С 79.2}

Во нашиот свет мора да се изврши големо дело за кратко време и мораме повеќе отколку досега да се трудиме да го сфатиме и цениме Божјото провидение кое ни ги ставило во рацете драгоцените книги - „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“ - како средства кои на достојните ученици треба да им помогнат во покривање на трошоците за образование и да ги исплатиме долговите на нашите просветни и здравствени установи. {9С 79.3}

Ако постапуваме мудро со тие драгоцени книги кои ни се дадени заради напредок на делото на сегашната вистина, ќе примиме богати благослови. Ако работиме во согласност со Господовиот план, многу посветени млади ќе бидат оспособени да работат како практични мисионери во страни полиња; а црквата ќе има средства со кои ќе може дарежливо да го поддржува делото кое треба да се започне во новите територии. {9С 79.4}

Санаториум, Калифорнија, 17. април 1908.

Бог има желба продавањето на книгата „Христовите параболи“ во нашиот народ да се прифати како Негова метода со која нашите училишта ќе се ослободат од долгови. Поради тоа што го запоставивме тој план, нам денес многу ни недостасуваат средства за ширење на делото. Кога училиштата би ја користеле можноста која им била дадена, денес во училишните благајни и во рацете на Божјите слуги би имало повеќе пари со кои би можеле да се задоволат потребите и на другите гранки на Божјото дело. Освен тоа, што е нај- важно, учителите и учениците би ги добиле токму оние поуки кои мора да ги научат во службата на Господарот. {9С 80.1}

Градовите кои се наоѓаат на дофат на нашите санаториуми и воспитни училишта претставуваат отворени полиња до кои одвај сме допреле. Во некои од тие места е направен добар почеток. Меѓутоа Божја намера е средствата за работа на нашите санаториуми и училишта да се соберат со продажба на книгите „Здравје и среќа“ и „Христовите параболи“, за да не мораме да бараме помош од народот кој со своите средства може послободно да помага за отпочнување на работа во нови мисионски полиња. Кога нашиот народ сега би прифатил да ги продава тие книги така како што треба, ние би имале многу повеќе средства за одржување и ширење на делото на начин кој Господ го одредил. {9С 80.2}

СОСТАНОЦИТЕ ПОД ВЕДРО НЕБО И НАШИТЕ ПУБЛИКАЦИИ

Во текот на минатите години, Божјите слуги за време на нашите состаноци под ведро небо се користеле со скапоцените можности да го поучат нашиот народ како на практичен начин да ја изложи на своите пријатели и познаници спасоносната вистина содржана во третата ангелска вест. Мнозина биле упатени како да работат како самостојни мисионери во своите цркви. Мнозина од тие годишни состаноци се вратиле дома за да работат поревно и со поголемо разбирање од порано. {9С 81.1}

На Бога би му било угодно на сите присутни на нашите состаноци да им се даваат практични поуки повеќе, отколку што тоа беше случај до сега. Нашите работници, како и сите одговорни браќа и сестри од секоја Област, мора да имаат на ум дека една од задачите на нашите годишни состаноци е и тоа сите да стекнат знаење за личната мисионска работа. Таа задача на нашите состаноци е изложена во „Сведоштва за Црквата“, книга 6, на следниот начин: {9C 81.2}

„Бог ни го доверил најсветото дело и ние мораме да се состануваме за да добиеме упатства и да се оспособиме за извршување на таа задача. Мораме да сфатиме на каква должност ќе бидеме повикани како поединци во изградба на Божјото дело на земјата, во одбрана на Светиот Божји закон и во издигнување на Спасителот како ‘Божјо Јагне кое ги зеде гревовите на светот’ (Јован 1:29). Мораме да се состануваме за да примиме божествен совет во поглед на сфаќање на својата должност во домот. Родителите треба да се поучат како да ги одгледуваат своите синови и ќерки, за по излегувањето од своето домашно светилиште, да можат да бидат светлина на светот. Мораме да ја сфатиме потребата за поделба на работата и како треба да се поттикнува секоја гранка на делото. Секој треба да ја сфати својата улога, за да постои хармонија во планот и заедничката работа на сите”. - Страна 32, 33{9C 81.3}

. „Состанокот под ведро небо, ако со него се управува како што треба, станува училиште во кое пастирите, старешините и ѓаконите можат да научат како подобро да ја усовршат својата работа за Господарот. Таквиот состанок треба да биде училиште во кое членовите на црквата, на старите и младите, ќе им биде дадена можност што поцелосно да се запознаат со Господовите патишта; тоа треба да биде место на кое верниците ќе добијат образование кое ќе им помогне да им помагаат на другите... {9C 82.1}

Најдобра помош која проповедниците можат да им ја дадат на нашите членови не се состои само во говори, туку и во пронаоѓање работа за нив. Дадете му на секого да направи нешто добро за другите. Помогнете им на сите да сфатат дека како приматели на Христовата благодат се должни да работат за Него и поучувајте ги сите како треба да работат. Особено оние кои неодамна пристапиле во верата треба да се поучуваат како да станат Божји соработници. Оној кој очајува, во работата набргу ќе го заборави своето очајување, слабите ќе станат силни, неучените ќе се вразумат и сите преку тоа ќе се подготват да ја прикажат вистината таква, каква што е во Исуса. Тие ќе најдат сигурен помошник во Оној кој ветил дека ќе ги спаси сите кои, ќе дојдат кај Него“. - Страна 49,50. {9C 82.2}

Во некои наши области луѓето од водството се двоумеле за воведувањето на тие практични методи на поучување. Некои по природа се повеќе наклонети да држат проповеди, отколку да го поучуваат народот. Меѓутоа, во приликите како што се нашите годишни состаноци, не смееме да ја изгубиме од вид можноста која овде ни се дава да ги поучиме како да работат практична мисионска работа таму каде што живеат. Во многу случаи би било добро да се одвојат извесни луѓе, кои на тие состаноци ќе се занимаваат со одредени воспитни предмети. Некои браќа можат да ги поучуваат верниците како да даваат библиски часови и да одржуваат состаноци по домовите. Други можат да го поучуваат народот како на дело да ги спроведува здравствените начела и начелата на умереност, и како треба да се негуваат болните.

Некои можат да ја поттикнуваат работата со книги и списанија. А посебно избрани работници можат да ги поучуваат присутните како треба да работат со книгите „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“. {9C 82.3}

Мнозина никогаш не научиле како треба да ги продаваат книгите наменети за напредок на работата во нашите институции. Меѓутоа, таквите не смеат да се оправдуваат со тоа. Тие мораат трудољубиво да проучуваат како можат верно да ја исполнат својата должност во врска со ширењето на тие драгоцени книги. Нашите училишта и санаториуми мораат да бидат делотворни во најголема мерка и на сите нас почива сериозна должност со ширењето на што поголем број книги, да придонесеме тие институции да дојдат во поволна положба. Секој оној, кој активно се залага тие книги да дојдат во рацете на што поголем број луѓе до кои сè уште не допрела спасоносната вистина, придонесува за Божјата слава. {9C 83.1}

Во врска со Јужно-Калифорниската Област, повеќепати ми се предочени можностите кои ни се даваат да правиме добро, настојувајќи да го спроведуваме Божјиот план за давање на поддршка на нашите училишта и санаториуми. Таму постојат необично поволни околности за постојана работа за продавање на нашите книги „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“. Спроведувањето на овој план, да се соберат средства за отплата на натрупаните долгови, никогаш не треба да им се досади на нашите браќа и сестри во Калифорнија. Учениците во училиштето Фернандо и медицинските браќа и сестри во трите основни санаториуми, не смеат да ја пропуштат можноста за добивање на драгоцени искуства во мисионерската работа, кои ги добиваат оние, што се занимаваат со продажба на тие книги. Од друга страна, и самата Област не смее да ги пропушти духовните и финансиските користи кои се резултат на постојаниот труд на таквиот вид. {9C 83.2}

Меѓутоа, поминаа години, а учениците, кои требаа да добијат богато искуство во мисионерската работа, не беа поттикнувани ревно да се прифатат на продажба на „Христовите параболи“. Членовите на црквите во многу места секојдневно се среќаваат со странци - туристи, богати и угледни луѓе и жени а сепак ги пропуштаат можностите кои им излегуваат на тие луѓе да им ги препорачаат книгите „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“. На многу искрени луѓе и жени, на кои можело да им се приjде по пат на вредни, сесрдни напори, не им е понудена светлината, која ја содржи Третата ангелска вест. {9C 84.1}

Кога би се постапувало во согласност со Господовиот план, Неговото име би било прославено и би се здобиле многу духовни победи. Оние кои располагаат со средства, би биле во поголема мерка подготвени со волја да пристапат во помош на Господа, кога Тој на необичен начин раководел со основање на здравствените мисионерски центри во близина на големите сообраќајни раскрсници. Учениците би примиле обука, која во голема мера би ја зголемила нивната вредност како практични мисионери во земјата и во странство. Црквите би оживеале со духовни благослови. Многумина би биле придобиени за вистината и би ги вложиле во Божјото дело своите средства и своето влијание. {9C 84.2}

Особени и истрајни напори на светот да му се испратат зраци на светлината и вистината, треба да се вложат во областите како што се Јужна Калифорнија, каде постојано пристигаат и доаѓаат илјадници туристи, од кои многу доаѓаат со цел да го

подобрат своето здравје и да се поткрепат. Книгите „Христовите параболи“ и „Здравје и среќа“ се особено погодни за туристичките центри и затоа треба на секој начин да се настојува тие книги да дојдат во рацете на оние кои имаат слободно време и наклонетост да ги читаат. На оние кои дошле заради закрепнување, особено добро ќе им дојде книгата „Здравје и среќа“. Треба да се искористи секоја поволна можност да се допре до овие луѓе. {9C 84.3}

Почувствував радост во срцето кога дознав дека оваа работа е оживеана во Јужна Калифорнија за последните неколку месеци. Во Лома Линда медицинските браќа и сестри преку посебен курс беа обучувани како да ја продаваат книгата „Здравје и среќа“, и кога ги посетувале домовите во околните градови и села, нив на таа работа ги придружувал небесен благослов, така што оставиле добар впечаток во поглед на нашиот народ и Неговата работа. {9C 85.1}

Во училиштето Фернандо, учителите пред некое време покажале живо интересирање за продажба на „Христовите параболи“. Група на студенти, откако ја прочитале книгата со молитва, заедно со своите учители го посетиле Лос Анџелес и добиле вистинско и здраво искуство, кое им е помило од злато и сребро. Овој начин на работа всушност е еден од патиштата по кои според Божји налог треба да се оди во обучување и подготовка на младите за мисионерска работа, и оние кои пропуштаат да ги искористат овие можности, ќе изгубат едно поглавје во својот живот, едно искуство од најголема вредност. Ако со сето свое срце се посветат на ова дело, студентите можат да научат како да им пристапат на мажите и на жените од сите слоеви, како треба учтиво да им се обратат, како да се насочи нивното внимание на вистината содржана во книгите кои им ги препорачуваат. {9C 85.2}

Наша најголема грижа не треба да биде што поголема заработувачка, туку спасување на душите, и во таа цел мораме да направиме сè што е во наша моќ, да ги поучиме студентите како да ги запознаат душите за веста на Третиот ангел. Ако имаме успех во спасување на душите, оние кои ќе пристапат кон верата, ќе ги искористат своите способности и на други да им ја однесат вистината. Ако работиме ревно на спасување на своите ближни, Бог ќе го благослови секој наш напор. {9C 85.3}

Би сакала да им кажам на претседателите на Областите и оние останатите на одговорни позиции: Да направиме сè што е во наша моќ на учителите кои работат во нашите воспитни институции да им укажеме колку голема е вредноста на благословите наменети на оние кои трудољубиво настојуваат на најдобар начин да го искористат дарот содржан во книгата „Христовите параболи“. Да ги поттикнеме учителите да формираат групи студенти со кои, пред да тргнат во полето на работа како подготовка, во молитва да ја проучуваат оваа книга. Да им помогнеме на едукаторите да ја сфатат својата одговорност. Да сториме сè што можеме да ја оживееме работата со „Христовите параболи“ и да поставиме планови за активно ширење на книгата „Здравје и среќа“. {9C 86.1}

Учителите и студентите кои сесрдно ќе се посветат на оваа работа, ќе стекнат искуство кое ќе ги оспособи за вршење на мошне делотворни служби на нашите состаноци под ведро небо. Со поуките кои ќе можат да се даваат овде на собраните верници и со продажбата на многу книги во местата каде што се одржуваат ваквите состаноци, тие кои биле во тоа училиште, ќе можат да придонесат да се допре до

мнозина кои сè уште не ја слушнале веста на Третиот ангел. Учителите и студентите примерно нека го понесат својот дел од товарот и нека му покажат на нашиот народ како треба да ги запознаваат со веста своите пријатели и соседи. {9C 86.2}

Ако се управуваме според плановите кои ги поставил Господ, „ние сме Божји помошници“. Без оглед на положбата која ја заземаме во црквата било да сме претседател на Област, проповедник, учител, ученик или обичен член - ние ќе одговараме пред Бога дали на најдобар начин сме ги искористиле приликите кои ни се дадени за да ја пренесеме светлината на оние кои сè уште не знаат за сегашната вистина. Едно од најглавните орудија кои Тој ни ги дал е печатениот збор. Мораме да се научиме мудро да го искористиме ова скапоцено орудие во нашите училишта, санаториуми и цркви, а особено на годишните состаноци под ведро небо. Посебно одбрани работници мораат трпеливо и вредно да го поучуваат нашиот народ како на љубезен и привлечен начин да им се приближат на неверниците и да им ги стават во раце книгите во кои јасно и силно е изнесена вистината за ова време. {9C 86.3}

Мои браќа и сестри, Немојте да се уморите правејќи добро. Христос за време на Својата работа на Земјата пешачел од место до место, Тој Често бил уморен и на истекот на Своите човечки сили, но секогаш бил подготвен да ги лекува оние кои Му доаѓале и да ги поучува на патот за вечен живот. Иако Често бил физички целосно исцрпен, Тој не го напуштал Своето дело. Требало да се спаси светот и Тој ги поднел сите можни жртви за светлината на вистината да ја осветли Земјата. {9C 87.1}

Господ Бог Израилев сака да се соединиме со Него во света заедница и да имаме жива вера која работи низ љубов и ја чисти душата. Тој сака ние да бидеме работничка војска, вешто извежбана и оспособена за Негова служба; ако бидеме такви, Тој ни ветува сила со која ќе можеме да задобиеме славни победи за Него. {9C 87.2}

Санаториум, Калифорнија, 10 јули 1908.

Луѓето, кои раководат со било кој дел од свеченото дело на проповедање на последната порака на евангелието, мораат да имаат широки видици и замисли. Секогаш да се биде подготвен и расположен да се учи во Христовото училиште, тоа е предност за секој оној кој има некаква одговорност во делото на евангелието. Христовиот следбеник не смее да се управува според налогот на својата волја; тој мора да научи Христовите мисли да станат негови мисли и да се просветли, за да ја сфати Божјата волја и пат. Таквиот верник точно ќе се придржува на Христовите методи на работа. {9C 87.3}

Нашите браќа не смеат да заборават дека Бог во Својата мудрост за нашите училишта предвидел таков метод на работа, кој ќе донесе благослов на сите кои учествуваат во овој потфат. Книгата „Христовите параболи“, е посветена на образовното дело за да студентите и сите кои сакаат училиштата да напредуваат, можат да ја продаваат оваа книга, и средствата добиени на тој начин можат многу да ги намалат долговите на нашите училишта. Меѓутоа, во нашите училишта овој план не е прикажан така како што би требало; ни учителите ни студентите не беа поучени да ја прифатат оваа книга и одлучно и храбро да започнат со нејзина продажба за доброто на образовното дело. {9C 88.1}

Одамна требаше да се упатат учителите и студентите во нашите училишта како да ја искористат приликата да добијат средства со продажбата на „Христовите параболи“. Со продажба на овие книги, студентите придонесуваат за Божјото дело, а истовремено, ширејќи скапоцена светлина, се здобиваат со скапоцени поуки во христијанското искуство. Во сите наши училишта треба да се вложат решителни напори за да се реализира овде изложениот план за воспитување на работниците, помагање на училиштата и за придобивање на души за Христовото дело. {9C 88.2}

Отсек Три

ДЕЛОТО ВО ГРАДОВИТЕ

„Тогаш го чув Господовиот глас: ‘Кого да испратам? И кој ќе ја однесе нашата порака?’ Јас реков: ‘Еве ме,испрати ме мене’!“ Исаија 6:8 {9C 89.1}

СОСТОЈБА ВО ГРАДОВИТЕ

Вината на градските жители постојано и брзо се зголемува, и станува речиси сеопшта, затоа што во нив постојано и со предумислаа се размножува беззаконие и безбожност. Живееме во период на „епидемија на злосторства“, кои го престравуваат и загрижуваат секој мисловен и богобојазлив човек. Човечкото перо не е во состојба да ја опише расипаноста која зема замав. Секој ден се откриваат нови политички судири, подмитувања и проневери; секој ден донесува нови записи за страшното насилство и беззаконие, за рамнодушноста кон човечките страдања, за злосторствата и свирепото уништување на човечките животи. Секој ден сведочи дека лудилото, убиствата и самоубиствата се во постојан пораст. {9C 89.2}

Денешните градови брзо стануваат слични на Содом и Гомор. Празниците се многубројни; вртлогот на раздразливите уживања и забави илјадници луѓе ги одвлекува од нивните должности. Возбудливите спортови, театрите, трките, коцкањето, пијанчењето и оргијањето ги поттикнуваат сите најлоши страсти. {9C 89.3}

Овој популарен бран ја повлече и младината. Оние кои одат на забави заради лично уживање, отвораат врата на цел пороj искушенија. Тие се оддаваат на општествените задоволства и бесмисленият провод. Паѓаат од еден порок во друг, така што на крајот губат и способност и волја да бидат корисни во животот. Нивните

религиозни копнежи остинуваат, а нивниот духовен живот станува се поповршен. Изумираат сите благородни особини и сето она што човекот го поврзува со духовниот свет. {9С 90.1}

Дејноста на разните сојузи, синдикати, како и последиците на штрајковите, постојано и сè повеќе ги влошуваат животните услови во градовите. {9С 90.2}

Сè поголемата алчност за стекнување на пари, жедта за раскош, луксуз и растурливост претставуваат сили кои еден голем дел од човештвото го одвраќаат од вистинските цели на животот. Тие ја отвораат вратата на илјадници зла. Мнозина толку се обземени со интересирање за пропадливото богатство на овој свет, што станаа потполно нечувствителни кон Божјите барања и потребите на своите ближни. Тие сметаат дека со своето богатство треба да се слават и величаат себеси. Тие додаваат куќа на куќа и нива на нива, ги полнат своите домови со најскапоцени нешта, додека насекаде околу нив, човечките суштества умираат во беда, престап и болест. {9С 90.3}

Со секакви злоупотреби, угнетувања и изнудувања, поедини луѓе натрупуваат огромни богатства, додека пекањата на гладното човештво допира до Бога. Огромен број луѓе се борат со сиромаштијата, присилени да работат напорно за толку мала плата, со која не се во состојба да си ги осигурат себеси ниту најосновните животни потреби. Мачната работа во тешки услови и оскудицата го зголемуваат и така тешкото бреме на нивните животи, и тоа без никакви изгледи за подобрување. И кога со тоа ќе дојде болест и немоќ, товарот станува скоро неподнослив. Угнетени, исцрпени и без заштита, тие не знаат кому да му се обратат за помош. {9С 90.4}

Библијата ја опишува состојбата во која ќе се наоѓа светот пред самото Христово доаѓање. Апостолот Јаков дава слика на алчноста и угнетувањата кои ќе преовладуваат. „Елате сега вие, богатите…“ кажува тој. „Сте собрале богатство за последните дни. Ете, платата, што сте ја задржале од работниците, кои работеа на вашите ниви, и извиците на жетварите дојдоа до ушите на Господа Саваот. Се веселевте на земјата и се насладувавте, ги потхранивте срцата ваши како за ден на клање. Осудивте, убивте праведник; и тој не се бранеше“ (Јаков 5:1-6). {9С 91.1}

Ова е слика на денешната состојба во светот. „Така е истиснато правосудството, и правдата стои далеку. Зашто вистината се сопна на раскрсниците, и нема веќе пристап кон чесноста. Вистината исчезна, а кој се отстранува од злото, ќе биде пленет“ (Исаија 59:14,15). {9С 91.2}

Дури и црквата, која треба да биде столб и тврдина на вистината почна да ја поттикнува себичната љубов кон задоволства. Кон какви сè средства прибегнуваат многу цркви кои собираат пари за верски цели? Се организираат базари, вечери, приредби, па дури и лотарии и слично. Често местото одредено за богослужение и славење на Бога се обесветува со гозби и пијачки, купување, продавање и забава. Младината има многу малку почитување кон Божјиот дом и богослужението. Секое ограничување и самосовладување сè повеќе исчезнуваат. Луѓето се оддаваат на себичност, попуштање на апетитот и љубов кон покажување, и тие зла доколку повеќе им се попушта сè повеќе се засилуваат и земаат замав. {9С 91.3}

Господ од столетие во столетие на луѓето им го покажувал начинот на Своето работење. Кога ќе избиела криза, Тој се вмешувал за да оневозможи остварување на сатанските планови. Тој често дозволувал да дојде до криза меѓу народите, во

семејството и кај поединци, за да се покаже Неговото делување. Така тој се откривал како Бог Израелов, Кој ќе го одбрани Својот закон и оправда Својот народ. {9С 91.4}

Луѓето од претпотопниот свет настојувале со сите можни средства и на сите начини Божјиот закон да го направат неважечки. Не сакале да ѝ се покоруваат на Неговата власт, бидејќи таа се противела на нивните желби. Како во Деновите пред потопот, така и денес доаѓа време кога Господ ќе мора да ја открие Својата семоќна сила. Во ова време, кога неправдата сè повеќе зема замав, мораме да имаме на ум дека последната голема криза е близу. Кога противењето на Господовиот закон ќе стане сеопшто, кога ќе почнат да го угнетуваат Божјиот народ и да му задаваат болка дури и неговите ближни, тогаш Господ ќе се вмеша. {9С 92.1}

Сатаната не спие; тој постојано е буден и со сите сили се труди да ја неутрализира сигурноста на пророчките зборови. Со својата вештина и со силата на своите измами тој настојува да се спротивстави на Божјата изрична волја, која јасно е изложена во Неговата Реч. Со помош на своите највешто прикриени лаги и измислици кои настојува да ги прикаже како вистина, сатаната добива сè поголема власт над човечкиот ум. Во ова време полно со опасности, праведниците во Господов страв ќе го слават Неговото име, повторувајќи ги Давидовите зборови: „О Господи, време е да дејствуваш зашто го нарушија Твојот закон“ (Псалм 119:126). {9С 92.2}

Божјите судови над нашите градови

Додека бев во Лома Линда, Калифорнија, на 16 април 1906 година, ми беше прикажана една величествена сцена. Во ноќно видение стоев на една височинка од која можев да видам како куќите се тресат како трска на ветер. Зградите, големи и мали, паѓаа на земја. {9С 92.3}

Јавните згради наменети за забава и уживање, театрите, хотелите и куќите на богатите се тресеа и распаѓаа на сите страни. Мнозина го изгубија животот, додека крициte и викањата за помош на повредените и преплашените одекнуваа во воздухот. Божјите ангели кои имаа задача да уништуваат, делуваа. Само еден допир, и градбите, чија изградба беше толку внимателно планирана, така што луѓето ги сметаа за безбедни од секаква опасност, за момент се претвораа во куп урнатини. Никаде немаш сигурност. Јас не се чувствував загрозена на ниеден начин, но не можам да најдам зборови за да ги опишам ужасите на сцените кои се одигруваа пред моите очи. Се чинеше дека Божјото трпение е исцрпени и дека дошол Судниот ден. {9С 93.1}

Тогаш, ангелот кој стоеше покрај мене ми објасни дека малкумина сфаќаат колку денешниот свет станал безбожен и расипан, а особено жителите на големите градови. Тој рече дека Господ одредил време кога Тој со гнев ќе ги посети престапниците кои се упорни во непочитувањето на Неговиот закон. {9С 93.2}

Колку и да беше страшна сцената која ми беше прикажана, најсилен впечаток врз мене остави поуката која ја добив во врска со тоа. Ангелот, кој стоеше покрај мене, рече дека над оние кои упорно одбиваат да му се покорат на Царот над царевите, мора да се открие надмоќта на Божјата врховна власт и силата и светоста на Неговиот закон. Оние што ќе одлучат да останат неверни, Бог во Својата милост ќе ги посети со

казни, за да се разбудат, ако е тоа можно, и да ја увидат грешноста на нивниот пат. {9C 93.3}

Целиот наредeн ден размислував за сцената која ми беше прикажана и за поуката која ми беше дадена. Попладне отидовме во Глендејл, близу до Лос Анџелес, а следната ноќ повторно бев поучена во поглед на светоста и задолжителноста на десетте Божји заповеди и за надмоќта на Неговата врховна власт во однос на власта на земните владетели. {9C 93.4}

Изгледаше дека се наоѓаме на еден собор, каде на присутните им го изнесував значењето на Божјиот закон. Прочитав од Светото Писмо дека саботата е поставена уште во Едем на крајот на седмицата на создавањето, потоа како е објавен законот на Синај, и тогаш нагласив дека саботата мора да се празнува „со вечен завет“, како вечен знак помеѓу Бога и Неговиот народ, за да знаеме дека Тој нè посветува, како наш Создател. {9C 94.1}

Потоа нагласив дека Бог е поголем од сите земни владетели. Неговиот закон е единствено мерило за нашите постапки. На луѓето не им е дозволено да ги отапуваат своите сетила со неумереност или да се поведуваат по сатанските влијанија, бидејќи тоа би ги направило неспособни да го држат Божјиот закон. Божествениот владетел долго ја трпи човечката изопаченост, но Него никој не може да го измами и Тој нема засекогаш да молчи. На крајот сите ќе признаат дека Нему, како Владетел на вселената му припаѓа врховната власт и дека сите барања на Неговиот закон се потполно оправдани. {9C 94.2}

Јас од својот инструктор примив уште многу поуки за Божјото долго трпение кон престапниците и за неопходноста тие да се разбудат, за да можат да сфатат во колкава опасност се наоѓаат, и сето тоа го пренесов на народот. {9C 94.3}

На 18. април, два дена по ова видение во кое ми беше прикажана сцената на уривање на зградите, тргнав во една порано закажана посета на црквата во улицата Кар, во Лос Анџелес. Додека се приближувавме кон црквата, Слушнавме како продавачите на весници викаат: „Земјотрес го уништи Сан Франциско“! Со болка во срцето ги прочитав првите кратки вести за оваа страшна несреќа. {9C 94.4}

Две седмици подоцна, враќајќи се дома, навративме и во Сан Франциско, и изнајмувајќи една кола, поминавме околу час и половина во разгледување на ужасните урнатини предизвикани со земјотресот во овој голем град. Зградите за кои се мислеше дека се потполно осигурени од било каква несреќа, лежеа во урнатини. На некои места куќите делумно пропаднале во земја. Градот даваше ужасен доказ за немоќта на сите човечки настојувања да изградат куќи, кои би биле сигурни од оган и земјотрес. {9C 94.5}

Господ преку пророкот Софонија ги споменал казните кои ќе ги прати на оние кои прават зло: {9C 95.1}

„Да, сè ќе избришам од лицето на земјата - говори Господ! Ќе ги уништам луѓето и ѕверовите, небесните птици и морските риби, соблазните идоли со безбожниците, ќе ги истребам луѓето од лицето на земјата - говори Господ! {9C 95.2}

„Во денот на Господовата жртва ќе ги казнам кнезовите, царските синови, и сите кои се облекуваат со туѓинска облека. ќе ги казнам во тој ден, сите кои прескокнуваат

преку прагот, кои домовите на своите господари ги полнат со насилство и измама… {9C 95.3}

„Во тоа време, ќе го пребарам Ерусалим со светилници и ќе ги посетам со казна луѓето, кои се одмораат на својот вински талог, и зборуваат во своето срце: 'Господ не може да направи ни добро ни зло. Нивното богатство ќе биде оставено на грабеж, нивните куќи на запустување. Тие градеа куќи - не ќе живеат во нив; садеа лозја, не ќе пијат вино од нив. {9C 94.4}

Близу е Господовиот ден, голем! Близу е и доаѓа брзо! Горчлив е гласот на Господовиот ден: тогаш и јунакот ќе заплаче. Тој ден е ден на гнев! Ден на тешкотии и неволји! Ден на ужас и запустување! Ден на мрак и наоблаченост! Ден на темнина и маглишта! Ден на трубење и на бојна викотница против утврдените градови и високите стражарници. Ќе им ги препуштам луѓето на неволјите и ќе одат како слепци, зашто згрешија против Господа, нивната крв ќе се разлее како прав, нивните трупови ќе бидат фрлени како смет. Ни нивното сребро ни нивното злато не ќе ги спаси. Во денот на Господовиот гнев, огнот на Неговата ревност ќе ја изгори сета земја. Зашто тој ќе ги уништи, и тоа наскоро, сите жители на земјата" (Софонија 1:2,3,8-18). {9C 95.5}

На Божјото трпение му доаѓа крајот. Неговите казни веќе почнаа да ги посетуваат некои места, а наскоро знакот на Неговото незадоволство ќе се почувствува и на други места. {9C 96.1}

Цела низа на настани, кои ќе следуваат еден по друг, ќе покажат дека Господ е господар на ситуацијата. Вистината ќе се проповеда со јасни зборови, потврдени со очигледни докази. Како народ, под водство и влијание на Светиот Дух, мораме да го подготвиме патот за Господа. Мораме да го проповедаме евангелието во Неговата чистота. Реката на жива вода е длабока и што подалеку тече, станува сè поширока. Во сите земји, близу и далеку, луѓето ќе бидат повикувани од плугот и разни други деловни и трговски занимања, кои толку многу го обземаат човечкиот дух - за да бидат поучувани од оние кои имаат искуство во духовниот живот. Штом ќе се упатат на делотворна работа, тие со сила ќе ја објавуваат вистината. Со чудесното делување на божественото провидение, ќе се подигнат цели планини од пречки и препреки и ќе се фрлат во море. Пораката која е толку важна за жителите на оваа земја, ќе биде објавена така што сите да можат да ја разберат. Делото ќе се развива сè повеќе, додека не бидат опоменати жителите на целата Земја; и тогаш ќе дојде крајот. {9C 96.2}

ДЕНЕШНОТО ДЕЛО

Додека Деновите минуваат еден по друг, станува сè појасно дека Бог започнал да го посетува светот со Своите казни. Со пожари, поплави и земјотреси, Тој ги опоменува жителите на земјата дека Неговото доаѓање се приближува. Се наближува времето кога ќе дојде до голема криза во историјата на светот и кога секоја постапка на Божјата власт ќе биде следена со најголемо внимание и со неискажлив трепет. Божјите судови - пожарите, поплавите, земјотресите, војните и крвопролевањата - брзо ќе наидуваат еден по друг. {9C 97.1}

О, кога народот би можел да го познае времето на својата посета! Во светот има уште многу луѓе до кои не допрела вистината која претставува пробен камен за ова време. Божјиот дух се бори со многумина, настојувајќи да ги убеди во вистината. Времето на Божјите Страшни судови е и време на милост за оние кои немале прилика да ја запознаат вистината. Господ ќе биде благ и милостив кон нив. Неговото срце е полно со сомилост, а Неговата рака е сè уште подготвена да спаси, но за оние кои нема да сакаат да влезат, вратата ќе остане затворена. {9С 97.2}

Божјата милост се покажува во Неговото долго трпение. Тој сè уште се воздржува од казнување и чека веста на опомена да им се објави на сите. О, кога нашиот народ би ја сфатил својата должност во поглед на објавувањето на последната порака на милост на овој свет, какво чудесно дело би можело да се изврши! {9С 97.3}

На жителите на градовите особено е потребно да им се објави евангелието и на тоа мораме да обрнеме внимание. Уште пред повеќе од дваесет години ми беше предочено дека во многу градови се потребни срдечни работници. Кој го чувствува и го носи товарот за тие големи градови? Сè на сè неколкумина сфатија дека тоа им е должност, но, во споредба со големината на потребата и многубројните можности, малку внимание се посветува на ова дело. {9С 97.4}

Во градовите на исток

Бев поучена дека треба повторно со сила да се објавува пораката во источните држави. За време на адвентното движење во 1844. година, во многу големи градови на исток беше објавувана веста на Првиот и Вториот ангел. Нам, како Божји слуги, ни е доверено да ја објавуваме веста на Третиот ангел, вест која поврзува и одвојува, и да го подготвиме народот за доаѓањето на Царот. Мораме со сите сили да се трудиме да ги запознаеме со вистината сите оние кои сакаат да слушаат, а такви има многу. Бог во овие големи градови има искрени души кои се заинтересирани за вистината. {9С 98.1}

Времето е кратко; Господ сака да доведе во ред сè што е поврзано со Неговото дело. Тој сака свечената вест на опомена и повик да се објавува секаде каде што можат да допрат Негови гласници. Не смееме да дозволиме во нашите планови да влезе било што, што би го попречувало објавувањето на веста. „Повторувај ја веста, повторувај ја веста,“ се зборови кои многу-пати ги слушав. „Кажи му на Мојот народ повторно да ја објавува веста во местата каде што таа е проповедана, каде цели цркви една по една ја прифаќаа вистината и каде што Божјата сила мошне впечатливо ја посведочи вистината”. {9С 98.2}

Пионерите на нашето дело, со години мораа да се борат со сиромаштија и со многубројни тешкотии за на делото на сегашната вистина да му осигурат што поповолна положба. Иако располагаа со мошне оскудни средства, тие неуморно работеа и Господ ги благослови нивните скромни напори. Веста со сила продре на исток и се прошири на запад, така што во многу места се создадени влијателни центри на делото. Денес нашите работници не мораат да се борат со такви тешкотии како што тоа беше случај во првите денови. Таа промена, Меѓутоа, не треба да нè наведе да попуштиме во своите напори. И сега, кога Бог нè повикува со уште поголема сила да ја

објавуваме веста на исток, да го започнеме делото особено во градовите на исток, запад, север и југ, нема ли еднодушно да одговориме и да го извршиме Неговиот налог? Не е ли потребно на сите тие полиња да им се укаже великодушна помош со тоа што ќе им пратиме гласници? Зар Божјите проповедници нема да отидат во тие многубројни центри и Тука да го подигнат својот глас упатувајќи ја Опомената на илјадници луѓе? За што служат нашите Области ако не за остварување на оваа важна задача? {9С 98.3}

Објавувањето на веста на Третиот ангел во Вашингтон и во други јужни и источни градови означува извесен почеток; но ако сакаме да ја исполниме Божјата волја, мораме да се подготвиме за продолжување на една далекусежна и систематска работа. Пристапувајќи кон оваа работа, мораме да одлучиме да не попуштиме во своите напори, сè додека не го видиме спасението од Бога. {9С 99.1}

Господ копнее веста на Третиот ангел во сила да ја објавиме во Портланд во државата Мејн, во Бостон и околните градови, во Њујорк и неговите многубројни предградија, во Филаделфија, Балтимор и Вашингтон. Ние сами не сме во состојба тоа да го остваримe, но можеме да избереме способни луѓе и да ги увериме да отидат во тие места каде што се даваат толку можности за работа, и да ја објавуваат веста во сила на Светиот Дух. Во тие градови мораме да праќаме луѓе, кои веста на Третиот ангел ќе ја прикажат толку силно што ќе ги потресат човечките срца. Не смееме да дозволиме луѓето кои би можеле да ја извршат оваа задача да се групираат во едно место и таму да работат на работи кои можат да ги извршат и други. {9С 99.2}

Ако тие работници ја изнесуваат вистината на народот, живеејќи во согласност со таа вистина и молејќи се за нејзин напредок, Бог ќе ги покрене срцата на луѓето. Ако работат со целата своја сила со која Бог ги надарил и ако во понизност на своето срце потполно му се доверат Нему, нивниот труд нема да биде напразен. Нивните одлучни и истрајни напори во објавувањето на вистината за ова време ќе бидат потпомогнати од светите ангели и многу души ќе бидат спасени. {9С 100.1}

Великодушност во мисионската работа

Светлината на сегашната вистина мора да допре и во јужните држави. Немојте да Кажете: „На нашите печатници и цркви им е потребно повеќе помош. Сите средства до кои можеме да дојдеме, неопходни се овде, за да можеме да го продолжиме започнатото дело". Една по друга се затвораа вратите на одредени видови на мисионска работа од страв дека за тоа ќе се потрошат средства кои беа наменети за некои други потфати. Браќа мои, морате да имате повеќе Христов Дух. Вашите мерила мора да бидат повозвишени, па тогаш и тие кои неодамна и пристапија на вистината, ќе сфатат дека и тие имаат задача која треба да ја извршат. На тој начин средствата за напредок на делото постојано сè повеќе ќе се зголемуваат. {9С 100.2}

Можеме ли да очекуваме жителите на градовите да дојдат кај нас и да ни кажат: „Ако Дојдете кај нас и почнете да проповедате, ќе ви помогнеме да го направите тоа и тоа?" Што знаат тие за нашата вест? Да ја извршиме својата задача, објавувајќи им ја опомената на тие луѓе кои се на работ на пропаста неопоменати и необратени. Господ

сака нашата светлина да свети пред луѓето, за Неговиот Свети Дух да може да ја всади вистината во искрените срца кои копнеат за Него. {9C 100.3}

Ако работиме така, ќе видиме како парите ќе дојдат во нашите каси, и ќе дојдеме до средствата неопходни за поширoки и подалекусежни потфати. На вистината ќе и придат богати луѓе и ќе приложат од своето богатство за ширење на Божјото дело. Покажано ми е дека во градовите во кои уште не сме работеле има изобилни средства. Таму има души кои ги подигнал Бог. Одете кај нив, учете ги како Христос што правел, однесете им ја вистината. Тие ќе ја примат. Како што е сигурно дека искрените души ќе се обратат, така е сигурно дека тие и своите средства ќе ги посветат на Господовата служба, и напредокот ќе биде очигледен. {9C 100.4}

О, кога би ги сфатиле потребите на овие градови како што Господ гледа на тоа! Во време какво што е денешното, сите раце мораат да бидат зафатени со работа. Господ доаѓа, крајот се ближи, и тоа мошне брзо! Уште малку и нема да можеме да работиме со таква слобода каква што уживаме денес. Пред нас се тешки денови и тоа што го правиме треба да го правиме побрзо. {9C 101.1}

Еден поттик за служба

Неодамна се разбудив во текот на ноќта и ми беа покажани страдањата кои Христос ги поднел за човекот. Неговата жртва, подигрувањето и потсмевот на безбожниците, Неговите претсмртни маки во Гетсиманската градина, предавството и распнувањето - сето тоа ми беше живо прикажано. {9C 101.2}

Го видов Христос среде големото мноштво народ. Тој се трудешесо Своите поуки да влијае на нивниот дух. Меѓутоа, тие Го презреа и Го отфрлија. Луѓето му одговараа со навреди и потсмев. Додека ја набљудував оваа сцена ме опфати голема тага. Пекав кон Господа да ми разјасни: „Што ќе биде со овој собир? Зар ниеден од нив нема да го отфрли своето високо мислење за себе и да го побара Господа како мало дете? Дали некој со потиштено срце и во покајание и признавање ќе му прийде на Бога?“ {9C 101.3}

Ми беше покажана Христовата агонија во Гетсиманската градина, кога таинствената чаша трепереше во рацете на Искупителот. „Татко Мој“, се молеше Тој, „ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша; но не како Јас што сакам, туку како Ти“ (Матеј 26:39). Додека Тој толку усрдно се молеше на Таткото, крупни капки крв од Неговото чело паѓаа на земјата. Силите на темнината се собраа околу Спасителот за да ја обесхрабрат Неговата душа. {9C 102.1}

Подигнувајќи се, Христос отиде до местото каде што ги остави Своите ученици и ги повика да стражарат и да се молат со Него, за да не му подлегнат на искушението. Сакаше да види дали тие ги сфаќаат Неговите маки; Му беше потребно нивното човечко сочувство. Меѓутоа ги најде како спијат. Трипати одеше кај нив, и секогаш ги наоѓаше во сон. {9C 102.2}

Трипати се молеше Спасителот: „Татко Мој, ако е можно, нека ме одмине оваа чаша“. Во тој момент се решаваш судбината на изгубениот свет. Да одбил да ја испие чашата, резултатот би бил вечна пропаст на човечкиот род. Но еден небесен ангел го охрабрил Божјиот Син да ја прифати и испие оваа горчлива чаша. {9C 102.3}

Колку малку луѓе разбираат дека Тој сето тоа го поднел за секој од нив поединечно! Колку малку се оние кои велат: „сето тоа беше заради Мене, за Јас да можам да изградам карактер за идниот бесмртен живот“. {9С 102.4}

Набљудувајќи ја оваа сцена која толку живо ми беше предочена, размислував: „Никогаш нема да бидам во состојба да го прикажам овој настан пред луѓето таков каков што всушност е“. Моите зборови се само слаб отсјај на тоа што ми беше покажано. Размислувајќи за таа чаша која треперела во Христовите раце, помислувајќи дека Тој можел да одбие да ја испие и да дозволи светот да пропадне во својот грев, се заветував дека сите сили на мојоживот ќе ги посветам на тоа да придобивам души за Него. {9С 102.5}

Христос дошол на земјата да страда и умре, за ние преку вера во Него и благодарение на Неговите заслуги, да станеме Божји соработници. Спасителот, сакал кога Тој ќе се вознесе на небото да посредува за човекот, Неговите ученици да го продолжат делото кое Тој го започнал. Зар човечкото орудие не треба да се заложи светлината на евангелската порака да ја однесе и на оние кои живеат во мрак? Има поединци кои се подготвени да појдат на крајот на светот за на луѓето да им ја однесат светлината на вистината, но Бог сака секоја душа која ја познава вистината да се потруди и други да придобие за вистината, за и тие да ја засакаат. Ако не сме подготвени да поднесеме посебни жртви за да ги спасиме душите на кои им се заканува пропаст, можеме ли себеси да се сметаме достојни да влеземе во Божјиот град? {9С 103.1}

Секој од нас има посебна задача која треба да ја изврши. Знам дека има многу кои заземаат правилен став кон Христа и чиј единствен копнеж е пораката на сегашната вистина да ја изнесат пред народите во светот. Тие секогаш се подготвени да служат. Но срцето ме боли кога ќе видам колку се оние кои се задоволуваат со ништожно искуство, искуство кое ги чини многу малку. Тие со својот живот покажуваат дека, што се однесува до нив, Христос умрел напразно. {9С 103.2}

Ако не чувствувате дека е чест да се учествува во Христовото страдање, ако во душите не чувствувате никаков товар за душите на кои им се заканува опасност, ако не сакате да се жртвувате за да одвоите средства за делото кое мора да се изврши, тогаш за вас нема да има место во Божјото царство. Мораме да учествуваме со Христа во Неговите страдања и на секој чекор да се угледуваме на Неговото самоодрекување. Неопходно ни е присуство и помош на Светиот Дух за да нѐ води на постојано самопожртвување. {9С 103.3}

Подгответе се

„И еве, ќе дојдам скоро“, кажува Христос, „и отплатата Моја е со Мене, за да му дадам на секого според делата негови“ (Откровение 22:12). Господ Исус пред Своето доаѓање ќе го прегледа секој талант и ќе побара добивка остварена со средствата кои ни ги доверил. Со Своето понижување и агонија, со Својот макотрпен живот и срамна смрт, Христос однапред ги исплатил напорите и залагањата на сите оние кои се нарекувале со Неговото име и кои тврдат дека се Негови слуги. Најсвета должност на

секој човек е сите свои способности да ги искористи во делото на придобивање на души за Него. „Вие не си припаѓате само на себеси“, вели Тој; „Скапо сте купени“; затоа прославете Го Бога преку живот на служба кој ќе ги придобие луѓето од Гревот кон праведноста (1. Коринтјаните 6:19,20). Купени сме по цена на Христовиот живот - купени за со својата верна служба да му го вратиме на Бога тоа што Му припаѓа. {9C 104.1}

Ние денес немаме време својата сила и способности да ги трошиме на телесни потфати. Зар да му служиме на светот, да си служиме на самите себеси и така да го изгубиме вечниот живот и бескрајното небесно блаженство? О, ние не смееме да си го дозволиме тоа! Да ги посветиме сите свои способности на Божјото дело. Тие што ќе ја примат вистината, должни се со свои напори да го зголемат бројот на мажите и жените кои ќе соработуваат со Бога. Мораме да ги просветлиме душите и да ги научиме разумно да му служат на Бога; тие мораат постојано сè повеќе да напредуваат во познавањето на праведноста. {9C 104.2}

Целото небо е заинтересирано за ширење на делото заради кое Христос дошол на светот. Небесните суштества ги отвораат вратите, за таму каде што владее темнина да засвети светлината на вистината. Ангелите чекаат да соработуваат со оние кои ќе се зафатат за работата на која ни беше укажувано пред многу години. Зар не мора да се заложиме да создадеме можности и средства за да се отпочне со работа во градовите? Пропуштивме многу прилики затоа што не ја прифативме веднаш таа задача, затоа што не напредувавме во верата. Господ кажува: „Да верувавте во веста која ви ја дадов, не би се чувствувал толкав недостиг на работници, ниту би недостигале средства за нивно издржување“. {9C 104.3}

Христовото доаѓање е на прагот и брзо се приближува. За работа ни останува уште малку време, а луѓето пропаѓаат. Ангелот рече: „Зар не би требало луѓето кои веќе примиле голема светлина да соработуваат со Оној кој го пратил Својот Син во светот за да им даде светлина и спасение на луѓето? Зар луѓето кои ја примиле вистината заповед по заповед, правило по правило, Тука малку, таму малку, ќе му укажат толку малку почитување на Оној кој дошол на земјата за Неговата божествена сила да стане наследство на секоја душа која верува? Така Христовото божество требало да стане делотворна сила во спасување на човечкиот род, а посредувањето на нашиот Првосвештеник пред Божјиот престол, корисно. Овој план е создаден на небото. Зар луѓето кои се купени по таква цена нема правилно да го вреднуваат скапоценото спасение? {9C 105.1}

Господ не може да ги пофали луѓето кои, иако изгледаат побожно и тврдат дека веруваат во скорото Христово доаѓање, сепак пропуштаат жителите на градовите да ги опоменат и да ги предупредат за казните кои набргу ќе ја снајдат Земјата. Тие што прават така, ќе бидат осудени за својата немарност. Христос го дал Својот скапоцен живот да ги спаси душите кои пропаѓаат во своите гревови. Зар ќе одбиеме да го извршиме делото кое ни е доверено, одбивајќи да соработуваме со Бога и со небесните сили? Има илјадници кои го прават тоа, кои пропуштаат да остварат единство со Христа, кои пропуштаат во својот живот да го покажат сјајот на Христовата голема жртва и спасоносната благодат која се открива во делата на праведноста. А Христовата жртва им дала на луѓето токму таква задача. Кога го знаеме тоа, можеме ли

да останеме рамнодушни? Ги повикувам нашите браќа да се разбудат. Духовните способности и даровите ќе ослабат и исчезнат ако не ги користиме за придобивање на души за Христа. Каков изговор може да се најде за занемарувањето на големото и возвишено дело заради чие остварување умрел Христос? {9С 105.2}

Ние не смееме да допуштиме овие малку денови кои ни преостануваат овде на земјата да поминат во ништожни работи. Мораме да ги понижиме своите души пред Бога, за секое срце да биде напоено на изворот на вистината, за да ова дело изврши таква промена во нашиот живот, која ќе го убеди светот дека тоа е навистина Божјата вистина. Нашиот живот нека биде сокриен со Христво Бога. Господ ќе може да нè употреби за прослава на Своето име, само тогаш, кога ќе Го побараме како мали деца, кога ќе престанеме да пронаоѓаме грешки кај нашите браќа и сестри и кај оние кои верно се трудат да ја извршат својата должност во делото и кога ќе се трудиме да имаме чисто срце пред Бога. {9С 106.1}

Сите мораме самопожртвувано да работиме за Бога, ако сакаме Тој да ја прими нашата работа. Да имаме на ум дека исповедањето на верата не значи ништо, ако вистината не ни е во срцето. Потребно е Божјата сила, која има моќ на преобразување да делува на нас, за да можеме да ги сфатиме потребите на светот кој пропаѓа. Подгответе се, подгответе се да се сретнете со Господа тоа е бремето на веста која ви ја упатувам. Пригответе ги своите светилници, за светлината на вистината да светли на патиштата и меѓу оградите. Светот треба да се опомене дека крајот на сè се приближува. {9С 106.2}

Мои браќа и сестри, барајте го Господа додека може да се најде. Ќе дојде време кога тие што напразно го трошеле своето време и ја пропуштиле приликата, ќе зажалат што не го барале Господа. Тој ви дал моќ на мислење и распознавање. Тој сака да бидете разумни и вредни. Тој сака да отидете во нашите цркви и ревно да работите за Него. Тој сака да одржувате состаноци за тие што не се членови на нашата црква, за светот да дознае за вистината и за последната вест на опомена. Во многу места луѓето со задоволство ќе ве примат и душите ќе ви бидат благодарни што сте отишле да им помогнете. Господ нека ви помогне да го прифатите ова дело како никогаш порано. {9С 106.3}

Да почнеме да работиме за оние кои не ја примиле светлината. „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата“, рекол Спасителот, „и ете, Јас сум со вас преку сите дни“ (Матеј 28:18,20). Нам ни е потребна жива вера, која над отворениот Јосифов гроб објавува дека имаме жив Спасител кој ќе нè води и ќе соработува со нас. Бог ќе ја врши работата доколку ние му обезбедиме инструменти. Потребно е да се молиме многу повеќе и да имаме многу помалку неверување. Мораме сè повеќе и повеќе да го издигаме знамето пред народот. Не смееме да заборавиме дека Христос секогаш е од десната страна кога им објавуваме слобода на робовите, и им делиме леб на животот на гладните души. Ако ја имаме на ум итноста и важноста на оваа работа, Божјото спасение јасно ќе ни се открие. {9С 107.1}

Бог нека ни помогне да го земеме сето духовно оружје и да работиме со најсрдечна сериозноста, со уверување дека душите на мажите и жените навистина се вредни за спасение. Да настојуваме наново да се обратиме. Потребна ни е присутност на Божјиот Свети Дух, за да ни ги омекне срцата и да не бидеме груби во својата

работа. Мојата молитва е Светиот Дух целосно да завладее со нашето срце. Да работиме како Божји деца кои од Него бараат совет, подготвени секогаш да ги извршуваме Неговите намери. Нашиот народ на тој начин ќе го прослави Бога, а оние што ќе бидат сведоци на нашата ревност ќе кажат: „Амин и Амин“. {9C 107.2}

„Разбуди се, разбуди се! Облечи се со сила, Сине; облечи се во најсјајни алишта, Ерусалиме, свети граде… Колку се прекрасни по планините нозете на гласоносецот на радоста кој разгласува мир, носи среќа и проповеда спасение, говорејќи му на Сион: ‘Твојот Бог царува!’ Чуј, твоите стражари го издигаат гласот, сите заедно воскликнуваат од радост, зашто гледаат со своите очи како Господ се враќа на Сион. {9C 108.1}

Ликувајте, воскликнувајте, Ерусалимски урнатини, зашто Господ го утеши Својот народ и го искупи Ерусалим. Господ ја оголи својата света мишка пред очите на сите народи, за да го видат сите краишта на земјата Спасението на нашиот Бог“ (Исаија 52:1-10). {9C 108.2}

МЕТОДИ НА РАБОТА

Нашата работа на објавување на веста во големите градови може да се одвива на повеќе начини и во неа можат да учествуваат работници со различни дарови. Некои треба да работат на еден начин, додека други на друг. Господ сака во градовите со соединети напори да работат работници со разни способности. Налог и упатство за работа сите мораат да очекуваат од Исуса, а не да се потпираат на човечка мудрост, бидејќи така ќе застранат. Како Божји соработници мораат да бидат сложни. Мораат често да се советуваат и сериозно и сесрдно да соработуваат. Сепак, сите мораат да бараат мудрост од Исуса и во поглед на упатствата не смеат да се потпираат само на луѓе. {9C 109.1}

Господ на некои проповедници им дал способност да соберат и да го држат интересот на големи собири на луѓе. Ова бара тактичност и вештина. Денес е тешко со вообичаени методи да се привлече народот во градовите каде што постојат толку можности за забава. Проповедниците коишто Бог ги наименувал, ќе видат дека мора да ги напрегнат сите свои сили за да го привлечат вниманието на народот. Доколку успеат да соберат поголем број на луѓе, ќе мораат да ја изнесуваат веста на толку несекојдневен начин, за луѓето да се разбудат и да го примат предупредувањето. Тие мораат да се послужат со сите можни средства кои можат да ги смислат за јасно и разбирливо да ја прикажат вистината. Веста за ова време мора толку јасно и решително да се изнесе пред слушателите, за во нив да се разбуди желба за проучување на Светото Писмо. {9C 109.2}

Оние кои работат во градовите за Господа, мораат да вложуваат смирени, постојани, сестрани напори за воспитување на народот. Тие мораат сериозно да се трудат да ги привлечат луѓето и да го одржат живо нивното интересирање, но во ист момент мораат да се чуваат од сè што личи на сензација. Во ова време на претераност и надворешен сјај, избраните Божји слуги мораат да покажат колку е погрешно да се расипуваат парите заради надворешен впечаток, иако луѓето мислат дека само по овој пат можат да постигнат успех. Нивната работа ќе остави траен впечаток на добро, само

ако работат едноставно, понизно и со нежно достоинство, избегнувајќи го сето она што има театарска природа. {9С 109.3}

Неопходно е, навистина, промислено да се трошат пари за рекламирање на состаноците и цврсто спроведување на делото. Меѓутоа, очигледно е дека силата на секој поединец не лежи во надворешните фактори, туку во надевањето и зависноста од Бога, во усрдната молитва кон Него за помош и во покорување на Неговата Реч. Во Господовото дело треба да се внесат многу повеќе молитви, многу повеќе угледување на Христа, многу повеќе покорување на Божјата волја. Надворешното расфрлање и непотребното трошење на средства нема да го остварат она дело кое треба да се изврши. {9С 110.1}

Божјото дело треба да напредува со сила. Нам ни е потребно крштавање со Светиот Дух. Мораме да сфатиме дека Бог во редовите на Својот народ ќе доведе способни и влијателни луѓе, кои ќе го извршат својот дел на должност во упатувањето на предупредување на светот. Сите луѓе во светот не се престапници и грешници. Бог има многу илјадници кои не ги поклониле своите колена пред Вал. Во паднатите цркви има мажи и жени кои имаат Божји страв. Кога не би било така, немаше да ни биде дадено да ја објавуваме веста: „Падна падна Вавилон големиот... Излезете од неа, народе Мој“ (Откровение 18:2-4). Многу луѓе со искрени срца копнеат за небесниот здив на животот. Тие ќе го прифатат евангелието кога тоа ќе им се изложи во својата убавина и едноставност како што изложено во Божјата Реч. {9С 110.2}

Потреба за работа од куќа до куќа

Колку што се значајни напорите кои се вложуваат во јавноста, исто толку е значајна работата со душите од куќа до куќа. Во големите градови постојат одредени кругови кои не можат да се привлечат по пат на јавни состаноци. Тие затоа треба да се бараат, токму како што пастирот ја бара изгубената овца. Заради нив мораат да се вложуваат вредни, лични напори. Ако го запоставиме личното залагање, ќе пропуштиме многу драгоцени прилики, кои кога би се искористиле, делото во голема мера би било унапредено. {9С 111.1}

Разложувањето на вистината на големите собори побудува копнеж на истражување и мошне е важно тоа интересирање да се поттикне со лично залагање. Оние кои сакаат да ја испитаат вистината, треба да се поучат ревно да ја проучуваат Божјата Реч. Некој мора да им помогне да положат цврсти темели. Во тој пресуден момент на нивниот верски живот, од најголемо значење е да им пристапат во помош мудрите библиски работници, и ризницата на Божјата Реч да ја направат пристапна на нивното сфаќање. {9С 111.2}

Мисијата во градовите како училиште за обучување

Добро урамнотежена работа може најдобро да се извршува нај- добро, ако паралелно се одржуваат курсеви за библиски работници. Додека се држат јавните

состаноци, тие курсеви или градски мисии треба да ги водат искусни луѓе, со длабоко духовно разбирање, луѓе кои на библиските работници можат да им дадат секојдневни поуки, кои исто така со сето срце можат да учествуваат во општиот јавен напор. И ако слушателите ја прифатат вистината, оние кои се наоѓаат на чело на таквите мисии, мораат во најголема побожност да им покажат на новообратените како да ја искусат силата на вистината во својот живот. Тој здружен напор на сите работници ќе биде како клин закован во сигурно место. {9C 111.3}

Поучување на начелата на здравствената реформа

Нам како народ ни е доверено дело за објавување на начелата на здравствената реформа. Некои сметаат дека прашањето за исхрана не е толку значајно за да биде вклучено во нивната евангелска работа. Меѓутоа, тие многу грешат. Божјата реч кажува: „И така, јадете ли, пиете ли, или нешто друго правите, сето тоа правете го за Божја слава“ (1. Коринтјаните 10:31). Прашањето за умереност и за сè што тоа го опфаќа, има значајно место во делото на спасение. {9C 112.1}

При нашите градски мисии секогаш треба да има пригодни простории во кои заинтересираните ќе можат да се собираат заради проучување. На ова неопходно дело не смее ништо да му недостига, за луѓето да не добијат неповолен впечаток. Сè што се презема, мора поволно да сведочи за Зачетникот на вистината и достојно да ја претставува светоста и значењето на вистините содржани во веста на Третиот ангел. {9C 112.2}

Треба да се одржуваат курсеви за готвење. Заинтересираните треба да се научат како се подготвуваат вкусни и здрави јадења. Треба да им се укаже на потребата да се откажат од нездрава храна. Меѓутоа, никогаш не треба да се проповеда гладување. Можно е да се има хранлива, здрава и вкусна храна, без користење на чај, кафе и месо. Од најголемо значење е да се поучи народот како се подготвува храна која истовремено е вкусна и здрава. {9C 112.3}

Делото на здравствена реформа е Господово средство за ублажување на страдањата на овој свет и за облагородување на Неговата црква. Поучувајте ги луѓето дека тие можат да бидат помошна рака на Господа соработувајќи со Христа - Главниот Работник на обнова на телесното и духовното здравје. Тоа дело носи небесен печат и ќе ја отвори вратата за други драгоцени вистини. Има место и работа за сите кои разумно ќе ја прифатат оваа задача. {9C 112.4}

Истакнете го на прво место делото на здравствената реформа тоа е вест, која ми е наложена да ја носам. Нејзината вредност покажете ја толку јасно, така што да се почувствува општа потреба за неа. Воздржувањето од сите штетни јадења и пијалаци е плод на вистинска вера. Човекот кој потполно се обратил, ќе се откаже од сите штетни навики и желби. Со потполно воздржување, тој ќе ја совлада желбата која го принудува да им попушти на своите каприци, кои го нарушуваат здравјето. {9C 113.1}

Наложено ми е на едукаторите во полето на здравствена реформа да им кажам: Само напред! На светот му е добредојдено и мошне потребно вашето влијание со кое се спречува поплавата од морални зла. Оние кои ја проповедаат Третата ангелска вест,

нека стојат верно под своето знаме. „Браќа, во името на милоста Божја, ве молам подајте ги вашите тела во жртва жива, света и благоугодна на Бога, и тоа ќе биде вашата духовна служба, и не управувајте се според овој век, туку преобразете се преку вашиот обновен ум, за да можете да познавате, која е добрата, угодна и совршена волја Божја“ (Римјаните 12:1,2). Господ нека ги наоружа со јасната вест на вистината сите оние кои се залагаат со збор и наука. Господ ќе им помага на своите работници, ако тие едноставно, сигурно и уверливо ја носат оваа вест. {9C 113.2}

Не треба да се заобиколат богатите слоеви

Христовите слуги мораат вредно да работат за богатите луѓе во нашите градови, исто како и за сиромашните и скромните. Има многу богати луѓе кои со задоволство ќе ги примат и усвојат поуките на евангелската вест и кои, кога Библијата, и само Библијата ќе им се прикаже како единствен правилник и толкувач на христијанската вера и живот, ќе бидат покренати од Божјиот Дух да ја отворат вратата за напредување на евангелието. Тие ќе покажат жива вера во Божјата Реч и ќе се користат со средствата кои им се доверени за да го подготват патот за Господа и прави да ги направат во пустината патеките за нашиот Бог. {9C 113.3}

Со години нè збунуваше прашањето: На кој начин ќе дојдеме до средства за издржување на мисиите на кои Господ нè повикал одејќи пред нас? Во евангелието јасно го читаме Христовиот налог, а мисиите, и оние во земјата и оние во странство, ни ги изнесуваат своите потреби. Сите знаци, па дури и вистинските откровенија на Божјото Провидение, нè повикуваат сложно и без одлагање да го прифатиме делото кое чека на нас. Господ сака богатите луѓе да се обратат и да бидат Негова помошна рака, за да се допре и до другите. Тој сака оние кои можат да помогнат во делото на реформација и обнова да се угледаат на Драгоцената светлина на вистината, да го преобразат својот карактер и да бидат наведени во Неговата служба да ги искористат талентите кои им ги доверил. Господ сака тие средства кои Тој им ги позајмил да ги вложат во Неговото дело, за да се отворат патишта, евангелието да се проповеда на сите слоеви, блиску и далеку. {9C 114.1}

Зар световно мудрите луѓе нема да го ценат небото? Ќе го ценат, бидејќи во него ќе најдат мир, спокојство и одмор од сите ништожни работи, славољубија и служење на себеси. Упатете ги да побараат мир, среќа и радост која Христос копнее да им ја даде. Свртете им го вниманието на можноста да го придобијат најскапоцениот дар кој може да се даде на смртниот човек - облека на Христовата праведност. Христос им нуди живот кој се мери со Божјиот живот, како и од сè поважната и вечна слава. Ако го примат Христа, ќе ја имаат најголемата чест, чест која светот не може да ја даде ниту да ја одземе. Ќе увидат дека е голема платата на оние кои ги исполнуваат Божјите заповеди. {9C 114.2}

Милостивиот Откупител им наложува на Своите слуги, повикот на евангелската гозба да го упатат на богатите и на сиромашните. „Излезете на патиштата и меѓу оградите“ и потрудете се со сите свои сили да дојдат сите кои ќе ги најдете. Проповедниците на евангелието мораат да им се приближат на овие богати луѓе и да

ги доведат на гозбата на вистината што Христос им ја подготвил. Тој кој за нив го дал Својот драгоцен живот кажува: „Доведете ги и сместете ги на мојата трпеза и Јас ќе им служам“. {9С 115.1}

Проповедници Христови, поврзете се со претставниците и на овој општествен слој. Немојте да ги одминете како луѓе за кои нема надеж. Уверувајте ги со сите сили и како плод на вашите усрдни напори во небесното царство ќе видите мажи и жени кои ќе добијат победоносни круни и радосно ќе пеат песни на победа. „Тие ќе одат со Мене во бела облека“, кажува Првиот и Последниот, „бидејќи се достојни“ (Откровение 3:4). {9С 115.2}

Ние мошне малку се трудевме околу луѓето кои заземаат одговорни положби во светот. Мнозина од нив имаат големи способности, располагаат со средства и се влијателни. Тоа се скапоцени дарови кои Господ им ги доверил за да ги зголемат и искористат за доброто на другите. {9С 115.3}

Трудете се да ги спасите богатите луѓе, молејќи ги да му го вратат на Господа богатството кое Тој им го позајмил, за во Њујорк и другите големи градови да се основаат центри за работа, од кои библиската вистина ќе потече кон народот во сета своја едноставност. Убе-дете ги луѓето своето богатство да го положат крај Божјиот престол, враќајќи му го на Господа тоа што им го доверил, за да им овозможат на Неговите работници да прават добро и да ја објавуваат Неговата слава. {9С 115.4}

Планови за зголемување на нашите работни сили

Силата на една војска воглавном се мери според способноста на војниците кои се наоѓаат во нејзините редови. Мудриот војсководец им налага на своите офицери секој војник да го подготват за активна служба. Тој настојува секој да даде сè од себе. Кога би се потпрел само на офицерите, воопшто не би можел да очекува дека во борбата ќе има успех. Тој смета на лојалната, неуморна служба на секој поединец во својата војска. Одговорноста во голема мера почива на војниците. {9С 116.1}

Истото е и во војската на Кнезот Емануел. Нашиот Војсководец кој никогаш не изгубил ниедна битка очекува доброволна, верна служба од секој кој стапнал под Неговото знаме. Тој очекува сите и верниците и проповедниците да учествуваат во завршната борба која сега се води помеѓу војската на доброто и војската на злото. Сите кои се распоредени во Негови војници мора верно да служат, потполно свесни за одговорноста која почива на секој поединец. {9С 116.2}

Оние кои водат духовен надзор над црквата, мора да најдат пат и начин на секој член на црквата да му се даде можност на некој начин да учествува во Божјото дело. Тоа досега премногу Често се пропуштало. Плановите на основа на кои сечии способности би биле искористени во активна служба, не биле јасно изработени доколку е изгубено заради тоа. {9С 116.3}

Водечките луѓе во Божјото дело мораат, како мудри војсководачи, да прават планови за напредување долж целиот фронт. Тие притоа особено мора да се позанимаваат со прашањето за работата која можат да ја извршат обичните верници за своите соседи и пријатели. Божјото дело на оваа земја не може да биде довршено,

сè додека мажите и жените - членовите на црквата не прифатат да работат и не се придружат на напорите на проповедниците и службениците на црквата. {9C 116.4}

Спасувањето на грешниците бара сериозни и лични залагања. Ние мора да им го однесеме зборот на животот, а не да чекаме тие да ни пристапат. О, кога би можела да пронајдам такви зборови кои би ги разбудиле членовите на црквата, да ги разбудат на сесрдно залагање! Ни преостанува уште само малку време. Се наоѓаме на самата граница на вечниот свет. Не смееме да губиме време. Секој момент е златен и премногу скапоцен за да биде употребен на угодување на себеси. Кој ќе го побара Бога срдечно и од Него ќе црпи сила и благодат и кој ќе стане Негов верен работник на мисионското поле? {9C 117.1}

Развивање на дарови во црквите

Во секоја црква има дарови кои со исправна работа можат да се развијат, така што можат да бидат од голема помош за делото. За изградување на нашите цркви е потребна деликатна работа на мудрите работници кои ќе ги воочат и развијат талентите во црквата талентите кои можат да се усовршат за служба на Господарот. Потребен е детално разработен план, па работниците, како што тоа ќе биде одредено, ќе заминуваат во сите наши цркви, големи и мали, и ќе ги поучуваат членовите како да се залагаат за изградување на црквата, а исто така и за неверниците. Да се оспособува и образува - тоа е она што е потребно. Оние коишто работат, посетувајќи ги црквите, треба да ги поучат браќата и сестрите на практични методи за мисионска работа. {9C 117.2}

Ниту сите проповеди на светот не можат да направат луѓето длабоко да го почувствуваат тоа што им е потребно на душите кои пропаѓаат околу нив. Ништо не може така да ја пробуди самопожртвуваната ревност кај луѓето и жените, отколку тоа кога ќе ги упатиме во нови полиња да се залагаат за оние кои се наоѓаат во мрак. Подгответе ги работниците да заминуваат на патиштата и меѓу оградите. Потребни ни се мудри одгледувачи, кои живите стебла ќе ги пресадуваат на разни места овозможувајќи им да се развијат. Неоспорно е дека Божјиот народ мора да заминува во странски области. Мора да се вложи труд за да се расчистат нови области, да се основаат нови влијателни центри каде што тоа е можно. Собирајте работници кои имаат вистинска мисионерска ревност и испраќајте ги да ја шират на близу и на далеку примената светлина и знаење. Животните начела на здравствената реформа нека ги внесат во оние кругови на кои тие начела на мнозинството им се непознати. {9C 117.3}

Луѓето кои немаат високи занимања во животот треба да се поттикнат да учествуваат во Божјото дело. Тие во работата ќе се здобијат со скапоцени искуства. Има премалку работници и ние не можеме да изгубиме ниту еден. Наместо да ги обесхрабруваме оние кои се трудат да служат за Господарот, треба да се поттикнат многу повеќе работници да се зафатат со Божјото дело. {9C 118.1}

Радосна служба

Сите оние кои одржуваат постојана заедница со Бога во работата за Него ќе најдат многу задачи кои треба да се извршат. Тие што заминуваат во Духот на Учителот за да ги запознаат душите со вистината, ќе се уверат дека придобивањето на души за Христа не е ниту малку досадна, незанимлива тешка работа. Тие примиле на себе обврска да работат како Божји пристави и колку поусрдно ќе се посветуваат на Божјата служба, ќе стануваат сè поподготвени. Радосна е службата при која се отвора Светото Писмо пред другите. {9С 118.2}

Младите мажи и жени треба да се оспособуваат за работници и во најблиската околина и во други места. Со сето срце и со целата своја сила нека се подготвуваат за делото за ова време, посветувајќи и се на онаа работа за која имаат најмногу способности. {9С 118.3}

Многу млади кои во домот имале правилно воспитување, треба да се подготват за служба и да се поттикнат со добро планирана и верно извршена работа, знамето на вистината да го подигнат во нови места. Најдобро ќе се поучат ако се поврзат со нашите проповедници и работници кои имаат искуство добиено со работа во градовите. Тие можат да делуваат благотворно, ако работат под божествено водство и ако нивните поискусни соработници ги поддржуваат со своите молитви. Тие треба да ги соединат своите напори со напорите на постарите работници, користејќи ја својата способност на најдобар начин и тогаш ќе ги придружуваат небесните ангели. Како Божји соработници, тие имаат предност да пеат, да се молат и веруваат, да работат храбро и бестрашно. Присутноста на небесните суштества ќе им влее доверба ним и на нивните соработници и тие ќе бидат водени кон молитва, благодарност и едноставност на вистинската вера. {9С 119.1}

Не треба да чекаме во своите добро планирани напори за подготвување на верниците за работа. За работа во големите градови треба да се одберат потполно посветени луѓе кои ја сфаќаат светоста и важноста на делото. Немојте да испраќате такви кои ги немаат овие особини. Нам ни се потребни луѓе кои ќе се борат за победа на крстот, ќе одолеваат на тешкотии и проблеми, луѓе кои се одликуваат со ревност, решителност и вера - со тие толку потребни особини во мисионската работа. На оние кои лично не се вклучуваат на делото сакам да им кажам: Не пречете им на оние кои сакаат да работат, туку храбрете ги и поддржувајте ги. {9С 119.2}

Во ова дело на подготовка треба најсрдечно да се бара Господ за помош од Неговиот Свет Дух. Упатувајте ги на ова, оние кои сакаат да се посветат на служба за Господарот. Светот гледа на нашето однесување. Гледа и зборува за секоја наша постапка. Христијанските доблести мора да се негуваат, за да можат оние кои ја проповедаат вистината, да поучуваат други на вистината каква што е во Исуса; тие мораат да даваат добар пример, така што нашите непријатели нема да можат да кажат ништо лошо за нив. Бог нè повикува да бидеме уште по побожни, уште посвети во животот и чистотата во однесувањето; секогаш да постапуваме во согласност со возвишените начела кои ги исповедаме. Животот на Христовите работници мора да биде таков, што неверниците гледајќи ја нивната побожност и слушајќи ги нивните промислени зборови, да ја засакаат верата која дава такви особини. {9С 119.3}

Лично залагање во поврзаност со состаноците под ведро небо

Делото на нашите состаноци под ведро небо треба да се организира не според мислењето на луѓето, туку според Христовиот начин на работа. Членовите на заедницата треба да се поттикнат на работа. Божјите ангели ќе нè водат додека отвораме нови полиња на блиску и на далеку, за што побрзо да се заврши делото на предупредување на светот. Бог ги повикува верниците да добијат искуство во работата заминувајќи во нови полиња и работејќи мудро и систематски за луѓето по патиштата. На оние кои сакаат така да постапуваат, ќе им се укаже можност за работа. {9С 120.1}

Разбудениот интерес по нашите состаноци под ведро небо ќе бара повеќекратна помош. Оваа прилика треба да се искористи за практично обучување на работниците. Младите мораат да работат заедно со искусните работници, кои ќе се молат за нив и трпеливо ќе ги упатуваат. Посветените жени можат да работат како библиски работници од куќа до куќа. Некои од работниците треба да работат како колпортери, да ги продаваат нашите книги или мудро да ги подаруваат на оние кои не се во можност да ги купат. {9С 120.2}

Оние кои навистина се обратени, мораат сè повеќе да се развиваат во разбирањето на Светите Списи, за да можат да ги упатуваат зборовите на светлина и спасение, на оние кои се наоѓаат во темнина и пропаѓаат во своите гревови. Како Христови помагачи можеме да очекуваме посебни благослови и дефинитивни резултати, само ако се потрудиме да ги избавуваме душите од сатанските стапици, за и тие да можат да станат деца на светлината. {9С 121.1}

Туристички и трговски центри

Оние кои, отповикувајќи се на потребите на времето, стапиле во служба на Големиот Учител, мораат да го проучуваат Неговиот начин на работа. Во текот на Својата земна служба, Спасителот се користел со можностите кои ги овозможуваат големите сообраќајни раскрсници. Исус на Своите патувања повремено престојувал во Капернаум, кој заради тоа станал познат како „Негов град“. Тој град бил мошне погоден за средиште за работа на Спасителот. Се наоѓал на главниот пат кој од Дамаск водел за Ерусалим и Египет, и спрема Средоземното море, и бил голема сообраќајна раскрсница. Луѓето од многу земји поминувале низ градот, или во него на патувањето се задржувале заради одмор. Овде Исус можел да се сретне со сите народности и сите слоеви, со богатите и големите, сиромашните и ниските, а Неговите пораки биле разнесувани по разни земји и наоѓале место во многу домови. На тој начин луѓето биле поттикнати да ги истражуваат пророштвата; вниманието било насочено на Спасителот и на светот му е предочена Неговата мисија. {9С 121.2}

Денес кога можностите за патување се многу поголеми, можностите да се дојде во допир со мажите и жените од сите слоеви и народности се многу почести отколку што тоа било случај во времето на Израелот. Бројот на сообраќајните раскрсници многукратно се зголемил. Бог чудесно го подготвил патот. Ние располагаме со

печатници кои претставуваат многукратно олеснување. На дофат ни се Библии и книги со чија помош на многу јазици се шири знаењето за вистината за нашето време и кои со голема брзина можат да се испратат во сите краеви на светот. {9С 121.3}

Особено поволни прилики им се овозможуваат на христијаните кои живеат во големите трговски и сообраќајни центри. Верниците во тие градови можат да работат за Бога во близина на своите куќи. {9С 122.1}

Нека во климатските лекувалишта со светски глас и туристичките центри во кои доаѓаат илјадници луѓе барајќи здравје и задоволство, се најде и по некој проповедник или колпортер способен да го привлече вниманието на народот. Нека овие работници ја искористат можноста да ја изнесат веста за ова време и нека одржуваат состаноци кога за тоа ќе им се укаже прилика. Тие мораат да ја искористат секоја можност да им зборуваат на луѓето. Придружувани со силата на Светиот Дух, тие пред луѓето треба да излезат со веста на Јован Крстителот: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно“ (Матеј 3:2). Божјото Слово мора да се објави јасно и со сила, за оние кои имаат уши да ја слушнат вистината. На тој начин добрата вест на сегашната вистина ќе биде изнесена пред оние кои сè уште не ја познаваат; голем број на луѓе ќе го прифатат евангелието и ќе го однесат на своите дома, во сите краишта на светот. {9С 122.2}

Со неуморна ревност

Наша должност е да го објавиме последното Божјо предупредување на светот и каква само треба да биде нашата усрдност во проучувањето на Библијата и нашата ревност во ширењето на нејзината светлина! Секоја душа која добила божествена светлина, мора да настојува да ја пренесе на другите. Работниците треба да одат од куќа до куќа, отворајќи им ја на луѓето Библијата, ширејќи ги книгите и зборувајќи за светлината, со која Бог ги благословил нивните души. Книгите треба мудро да се делат по возовите, по улиците, на големите бродови кои пловат по морињата, и преку портата. {9С 122.3}

Треба да се изврши големо дело и тие кои ја познаваат вистината мораат со сите свои сили да им пристапат на помош. Нивните срца мораат да бидат исполнети со Христовата љубов. На нив мора да се излее Христовиот Дух и тие мораат да се подготват да опстанат на судот. Кога ќе се посветат на Бога, нивните напори ќе ги придружува сила која луѓето ќе ги осведочи во вистината. Не смееме повеќе да спиеме на почвата која ја маѓепсал сатаната, туку мораме да собереме сè што ни стои на располагање и да се користиме со сите можности кои со Провидението ни паднале како дел. Последното предупредување мора да се објави на „многу народи, племиња, јазици и цареви“, а ветувањето гласи: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот“ (Откровение 10:11; Матеј 28:20). {9С 123.1}

Бев поучена на нашите проповедници да им укажам на градовите во кои сè уште не се работело и да ги повикам на секој начин да го пробијат патот за изнесување на вистината. Во некои градови во кои веста за второто Христово доаѓање веќе била објавена, мораме да работиме како тоа да е потполно ново поле. До кога ќе ги

забиколуваме тие незасадени полиња, градови во кои сè уште не одекнала веста на вистината? На многу, многу места треба да отпочне жетвата без никакво одлагање. {9C 123.2}

Господ сака Неговите слуги брзо да ја воочат вредноста на душите, да ги распознаат должностите кои мора да се извршат, да одговорат на обврските кои Тој им ги доверил. Нивната верност мора да биде таква, што ниеден земен интерес, колку и да е тој значаен, не го потисне делото кое мора да се изврши во придобивањето на души за вистината. {9C 123.3}

Проповедници, изнесувајте ги вистините кои ќе наведат на лично залагање за оние кои сега се далеку од Христа. Поттикнувајте ги личните напори на сите можни начини. Имајте на ум дека работата на проповедникот не се состои само во проповедање. Тие мораат да ги посетуваат семејствата во нивните куќи, да се молат со нив и да им го толкуваат Светото Писмо. Оној кој верно работи и тогаш кога не стои зад проповедалната, ќе постигне десет пати повеќе од оној кој целата своја работа ја врши само од катедрата. Нашите проповедници мораат да ги вршат своите должности со страв и трепет, барајќи мудрост од Господа и молејќи се постојано за Негова благодат. Исус мора да биде нивен Пример. Тие мораат ревно да го проучуваат Неговиот живот и да ги внесуваат во секојдневниот живот начелата со кои Тој се раководел во Својата служба. {9C 124.1}

„Дојдете при Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам“. Тоа е рецептот за лечење на сите болести на умот, телото и Духот. Тоа е Христов дар на тие што вистински и искрено Го бараат. Тој е лекар кој може да излечи од секоја болест. Потоа доаѓа вториот повик: „Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за вашите души; зашто Мојот јарем е благ и Моето бреме е лесно“ (Матеј 11:28-30). Носејќи го Христовиот јарем и учејќи ја од Него лекцијата на кротост и понизност, ќе најдеме мир во верата и довербата. Зашто Христовиот јарем е благ и Неговото бреме е лесно. {9C 124.2}

ПОВИК ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Кога искусните работници ќе вложат особен напор во некоја средина каде што живеат наши луѓе, тогаш на верниците во тоа поле почива свечена должност и самите да направат сè што е во нивна моќ за да го отворат патот да работи Господ. Тие мора да ги испитаат своите срца во молитва и да го расчистат и подготват патот за Господа, отфрлајќи го секој грев кој би можел да им пречи во соработката со Бога и со своите браќа. {9C 125.1}

Ова не било секогаш потполно сфатено. Сатаната Често внесувал дух, кој членовите на црквата ги спречувал да ги воочат можностите кои им се укажуваат за работа. Верниците Често му дозволувале на Непријателот да работи преку нив, токму во моментот кога требало целосно да се посветат на Бога и напредувањето на Неговото дело. Тие несвесно се оддалечиле од патот на праведноста. Негувајќи го Духот на критизирање и наоѓање мани, дух на фарисејска побожност и гордост, тие се

лишувале себеси од Божјиот Дух и силно ја попречувале работата на Божјите гласници. {9С 125.2}

Безброј пати и на многу места е укажувано на тоа зло. Понекогаш таквите кои му попуштале на Духот на критизирање и осудување се покајале и обратиле. Тогаш Господ можел да ги употреби на чест и слава на Своето име. {9С 125.3}

Ние живееме во посебен период од историјата на оваа земја. Нашето дело мора да се заврши за мошне кратко време и секој христијанин мора да учествува во извршувањето на ова дело. Бог повикува луѓе кои ќе се посветат на делото за спасување на души. Кога ќе почнеме да сфаќаме каква жртва поднел Христос за да го спаси светот кој пропаѓа, тогаш со сите сили ќе се бориме да ги спасуваме душите. О, кога членовите на сите наши цркви би ја сфатиле и разбрале бескрајната Христова жртва! {9С 125.4}

Реформаторско движење

Во ноќните видениј ми беше покажано големото реформаторско движење меѓу Божјиот народ. Мнозина го фалеа Бога. Болните беа излечени, а имаш и други чуда. Сите се залагаа како што тоа го правеле учениците во пресрет на големиот ден на Педесетницата. Стотици и илјадници посетуваа семејства и ги запознаваа со Божјата Реч. Силата на Светиот Дух ги уверуваше срцата и насекаде се чувствуваше дух на вистинско обратување. На сите страни се отвораа вратите за зборот на вистината. Се чинеше дека целиот свет е осветлен со небесна светлина. Големи благослови се излеваа на верниот и понизен Божји народ. Слушнав зборови на благодарност и фалење, како да се повтори реформацијата што ја доживеавме во 1844. година. {9С 126.1}

Меѓутоа, некои сепак не сакаа да се обратат. Тие не сакаа да одат по Божјите патишта и кога им беше упатен повикот доброволно да даваат дарови заради напредување на Божјото дело, некои од нив себично се држеа за својот земен имот. Тие алчни луѓе се одвоија од групата на верниците. {9С 126.2}

Работа додека трае времето на милоста

Божјите судови веќе ја посетуваат земјата и ние со помош на Светиот Дух мораме да ја објавуваме веста на предупредување што Тој ни ја доверил. Таа вест мораме да ја објавиме без никакво одложување, заповед по заповед, правило по правило. Жителите на земјата наскоро ќе мора да донесат големи одлуки и наша должност е да се погрижиме за да им се даде прилика да ја сфатат вистината, за разумно да се одлучат за вистинската страна. Господ го повикува Својот народ да работи - да работи ревно и мудро додека трае времето на проба (милост). {9С 126.3}

Важноста на личното залагање

Потребно е членовите на црквата да се посветат повеќе на работа од куќа до куќа, давајќи библиски часови и делејќи книги. Целосен и урамнотежен христијански карактер може да се развие единствено тогаш кога човечкото орудие согледува дека е голема чест да се работи несебично на ширење на вистината и Божјото дело да се помага со своите средства. Мораме да сееме покрај секоја вода, да негуваме во својата душа љубов кон Бога, да работиме додека сè уште е ден и со своите средства да го поддржуваме Божјото дело. Каква и да е задачата што ќе ни падне како дел мораме верно да ја извршиме. Каква и да е жртвата што ќе се бара од нас, мораме со задоволство да ја направиме. И додека сееме покрај секоја вода, ќе сфатиме дека „кој благослов сее, благослов и ќе жнее“ (2. Коринтјаните 9:6). {9C 127.1}

Оние кои себеси се нарекуваат Христови деца, мора да го следат Неговиот пример. Олеснувајте го животот на своите ближни и нивната благодарност ќе ги сруши оградите и на тој начин ќе допрете до нивните срца. Размислете сериозно за ова. Како цркви, ви се дава можност да бидете работници заедно со Бога. Кога би се покорувале на Божјата Реч и кога би се посветиле на ова дело, би примиле благослов и охрабрување и би добиле богато искуство. Би се нашле во улога на Божји помагачи кои усрдно работат на планот на обновување и спасување. Овој план со ништо не е ограничен, туку претставува постојано напредување во благодатта и силата. {9C 127.2}

Господ ми укажа на делото кое треба да се изврши во нашите градови. Верниците во тие градови треба да работат за Бога во своето соседство. Тоа треба да го прават мирно и понизно, внесувајќи небесна атмосфера насекаде каде што ќе одат. Ако, укажувајќи секогаш на Христа целосно се изгубат себеси од вид, ќе се почувствува силата на нивното влијание. {9C 128.1}

Кога станува збор за сеење на семето на вистината, Господ не сака најголемиот дел на оваа задача да им се препушти на проповедниците. И тие што не се повикани да бидат проповедници, мораат да работат за Господарот во согласност со своите можности. Работникот кој без воздржување ќе се посвети на Господовата служба, добива искуство кое ќе го оспособи да работи за својот Господар со сè поголем успех. Истата таа сила која го привлекла кон Христа, ќе му помогне и тој да привлече други. Од него можеби никогаш нема да се бара да држи јавни проповеди, но сепак тој е проповедник за Бога, а Неговото дело потврдува дека е роден од Бога. {9C 128.2}

И жените можат исто како и мажите да се посветат на делото на садење на вистината, таму каде што вистината може да делува и да биде манифестирана. Тие во оваа криза треба да го заземат своето место во делото и Господ ќе работи преку нив. Ако бидат проникнати со чувство на должност и ако работат под влијание на Божјиот дух, ќе ја имаат токму онаа самоконтрола која им е потребна за ова време. Спасителот ќе ги осветли овие пожртвувани жени со светлина на Своето лице и ќе им даде сила која ја надминува силата на мажите. Тие во кругот на семејствата можат да вршат дело кое мажите не можат да го извршат; дело кое го допира внатрешниот живот. Тие можат да допрат до срцата на оние до кои мажите не можат да допрат. Нивната работа е потребна. Повлечените и понизни жени, можат да вршат добро дело, толкувајќи ја вистината на членовите на своето семејство. Божјото слово кое тие ќе го

изложат, ќе делува како квасец и со своето влијание ќе обрати цели семејства. {9C 128.3}

Браќа мои и сестри, проучете го внимателно предложениот план, искористете ја секоја прилика да им зборувате на своите соседи и пријатели, да им прочитате нешто од книгите кои ја содржат сегашната вистина. Покажете им колку ви дошло до спасување на душите за кои Христос поднел толку голема жртва. {9C 129.1}

Во работата за душите кои пропаѓаат ќе ве придружуваат небесни ангели. Илјадници и илјадници, и десет илјади по десет илјади ангели чекаат да соработуваат со членовите на нашите цркви за ширење на вистината, за да се подготви народот за Христовото доаѓање. „Еве, сега е времето благопријатно; ете, сега е денот на спасението“ (2. Коринтјаните 6:2). Секое семејство нека го побара Господа во срдечна молитва, за Тој да му помогне да работи за Него. {9C 129.2}

Немојте да ги одминувате малите и да очекувате големи задачи. Можеби во малите задачи ќе имате успех, а сосема да потфрлите во големите, и така да станете малодушни. Прифатете ја секоја задача во делокругот на Божјото дело. Бог ве повикува активно да ѝ се посветите на Неговата служба било да сте богати или сиромашни, големи или мали. И ако со сета своја сила тргнете на работа, тоа ќе ви помогне да ги развиете своите дарови и способности за работата. А ако ги занемарувате своите секојдневни должности, ќе останете без плод и ќе свенете. Токму затоа има толку многу неплодни дрва во Господовата градина. {9C 129.3}

Во семејниот круг, кај своите соседи, крај болничката постела секогаш можете тивко да го читате Светото Писмо и да Кажете некој збор за Исуса и вистината. На тој начин ќе го посеете драгоценото семе кое ќе из’рти и ќе донесе род, можеби по подолго време. {9C 129.4}

Во многу места кои ништо не ветуваат, сепак треба да се изврши мисионерско дело. Нашето срце и душа треба да бидат проникнати со мисионски дух, кој ќе нè поттикне да работиме за оние слоеви за кои не сме ни помислувале да работиме, на сосема нов начин и во нови места. Господ има свој план за сеење на евангелското семе. Ако сееме во согласност со Неговата волја, на тој начин ќе го умножиме семето, така што Неговата Реч ќе допре илјадници души кои никогаш не слушнале за вистината. {9C 130.1}

Можности и прилики се укажуваат на сите страни. Искористете ја секоја прилика која ви се дава од Провидението. Очите треба да се намачкаат со небесна очна маст за да ги видат и ги откријат овие можности. Бог сега ги повикува будните и остроумните мисионери. Провидението ќе го отвори патот и ќе го открие начинот на кој треба да се работи, но ние тие можности мораме да ги воочиме и сфатиме. {9C 130.2}

Божјите гласници добиле налог да се посветат на она исто дело, кое Христос го вршел додека бил на Земјата. Мораат да се посветат на сите полиња на работа на кои Тој работел. Мораат срдечно и искрено да им зборуваат на илјадници за неисцрпното и неминливото небесно богатство. Мораат да се исполнат со Свет Дух и често да зборуваат за небесната понуда на мир и простување. Мораат да укажуваат на вратата на Божјиот град нагласувајќи: „Блажени се оние, што ги исполнуваат Неговите заповеди, за да бидат достојни за дрвото на животот и да влезат во градот низ портите“ (Откровение 22:14). {9C 130.3}

Негување дух на самоодрекување

Секој член на црквата мора да негува дух на самопожртвување. Поуки за самоодрекувањето треба да се даваат во секој дом. Татковци и мајки, поучувајте ги своите деца да штедат. Учете ги своите парички да ги чуваат за мисионерско дело. Христос е наш пример. Тој заради нас станал сиромав, за ние да се обогатиме со Неговото сиромаштво. Тој учи дека сите мораме да се соединиме во љубов и да работиме како што Тој работел, да се жртвуваме како што Тој се жртвувал, да се сакаме меѓусебно како Божји деца. {9С 130.4}

Браќа мои и сестри, морате да бидете подготвени да се обратите и во самоодрекувањето да се угледате на Христа. Облекувајте се скромно, но уредно. Трошете што е можно помалку на себе. Држете во својата куќа една кутија во која ќе ставате пари заштедени со ситни постапки на самоодрекување. Смислата на Божјата Реч треба секој ден да ви биде сè појасна. Искористете ја секоја можност добиеното знаење да го предадете и на другите. Бидете неуморни во добродетелството, бидејќи и вам Бог постојано ви дава големи благослови во Својот Дар кој го наменил на светот. Соработувајте со Господ Исус и Тој ќе ви даде драгоцени поуки на Својата љубов. Времето е кратко; во одредено време, кога веќе нема да има време, ќе ја примите својата плата. {9С 131.1}

Наложено ми е на оние кои искрено го љубат Бога, а се богати, да им кажам: сега е време да ги вложувате своите пари за да го помогнете Божјото дело. сега е време да ги крепите рацете на проповедниците, кои самопожртвувано се трудат да ги спасат душите кои се наоѓаат на работ на пропаста. Нема ли тоа да ви биде величествена награда кога во небесните дворови ќе ги сретнете душите кои се спасени со ваша помош? {9С 131.2}

Никој нека не ги чува своите лепти; нека оние кои имаат многу, се радуваат што можат да собираат непропадливо богатство на небото. Сите пари кои нема да ги вложиме во Господовото дело ќе пропаднат. Тие нема да донесат никаква добивка во небесната ризница. {9С 131.3}

Оние кои не му го даваат на Бога она што е Негово, апостол Павле ги опишува со следните зборови: „А оние, што сакаат да се збогатуваат, паѓаат во искушение, во стапица и во многу неразумни и штетни желби, што го потопуваат човекот во пропаст и погибел. Зашто коренот на сите зла е среброљубието, на коешто некои, откако му се предадоа, се отклонија од верата и си навлекоа многу маки“ (1. Тимотеј 6:9,10). {9С 132.1}

Да се сее покрај секоја вода значи многу. Тоа значи постојано да се даваат дарови и постојано да се жртвува. Бог ќе се погрижи верните пристави, на кои им доверил имот, да имаат сè доволно и да изобилуваат во секое добро дело. „Како што е напишано: Растури, им даде на сиромашните; правдата Негова останува вечна. А Оној, Кој му дава на сејачот семе, ќе му даде и леб за храна; Тој ќе го умножи и вашето семе, и ќе ви даде да израсне житото на вашата праведност”. (2. Коринтјаните 9:9,10) Господ се грижи за семето кое се сее дарежливо и со полна рака. Тој, кој му дава семе на сејачот, ќе му даде на својот работник сè што му е потребно, за да соработува со Дародавецот на семето. {9С 132.2}

Господ сега ги повикува адвентистите на седмиот ден во сите места потполно да му се посветат Нему, и според своите можности и прилики, да направат сè што можат за да го помогнат Неговото дело. Тој сака тие со своите дарови и жртви да покажат колку ги ценат Неговите благослови и колку Му се благодарни за Неговата милост. {9C 132.3}

Драги мои браќа и сестри, сите пари што ги имаме му припаѓаат на Господа. Ве повикувам во името Господово, сложно и успешно да го извршиме она дело, кое сме го примиле според Божјиот совет. Не дозволувајте заради недостиг на средства, делото на подигање на она што луѓето ги потсетува на Бога, во разни места со мака да се одвива. Немојте да дозволите луѓето кои се трудат да изградат потфати, поголеми или помали, да станат малодушни во извршување на делотворна служба, затоа што ние се колебаме тие потфати да ги обезбедиме со средства. Целиот наш народ треба да тргне и да види што може да направи. Треба да се покаже дека адвентистите на седмиот ден се сложни и силни. {9C 132.4}

Под кои услови Бог ја прима нашата служба

Како народ, мораме повеќе и посвето да се приближиме до Бога. Нека небесната светлина проникне во нашите срца и во одаите на нашиот ум; потребна ни е мудрост која само Бог може да ја даде, ако сакаме со успех да ја однесеме веста на тие градови. Сите наши цркви треба да се прифатат за оваа задача. Никој од оние кои со крштевање се заветувале дека својот живот ќе го посветат на служба и Божја слава, не треба да отстапат од тој завет. Треба да се спаси еден цел свет; нека оваа мисла нè поттикне на уште поголеми жртви и посрдечна работа за оние кои се наоѓаат на погрешен пат. {9C 133.1}

Ако живеете според начелата на Божјата Реч, вашето влијание ќе биде добро за секоја црква и за секоја институција. Морате да Дојдете во помош на Господа, во помош на Господа против силните. Лекомислените зборови, ништожните работи и ситниците, сè се тоа средства со кои сатаната ве заведува и ви ја одзема духовната сила. Препашете се против ова зло во името на Израеловиот Бог. Ако се понизите пред Бога, Тој ќе ви даде вест за оние на патиштата и меѓу оградите и за оние во страните земји на кои им е потребна нашата помош. Пригответе ги своите светилници и држете ги постојано запалени, за насекаде, каде и да се најдете, со зборови и дела, да откривате драгоцени зраци на светлина. {9C 133.2}

Ако потполно ѝ се посветиме на Господовата служба, Тој ќе нè поучи што да правиме. Бог ќе работи со нас, ако тесно сме поврзани со Него. Не смееме да бидеме толку зафатени со себе и со сопствените интереси за да ги заборавиме оние на кои, додека се качуваат по скалилата на христијанското искуство, им е потребна нашата помош. Мораме да бидеме подготвени способностите со кои Бог нè надарил, да ги употребиме за напредок на Неговото дело, подготвени во време и невреме да зборуваме зборови кои на другите ќе им дадат помош и благослов. {9C 134.1}

Драги браќа и сестри, дали водиме сметка за жителите на големите градови во источните држави? Дали знаеме дека и тие мораат да бидат предупредени за скорото

Христово доаѓање? Делото кое ни е наменето е прекрасно големо дело. Светот треба да се спасува. Мораме да се залагаме за душите во градовите на источните држави во кои најпрвин била изнесена веста за доаѓањето на нашиот Господ. Кој ќе се посвети на оваа гранка на мисионерска работа? Има стотици наши луѓе кои за ширењето на пораката прават малку или дури ништо, а би можеле да отидат во тие полиња. На оние кои имале можност да ја запознаат вистината и примале поуки заповед по заповед, правило по правило, овде малку таму малку, почива голема одговорност за душите кои никогаш не слушнале за последната евангелска порака. {9C 134.2}

Ако членовите на црквите, во ова време погодно за работа, излезат понизно пред Бога, отфрлат од срцето сè што е лошо и му се обраќаат за совет на секој чекор, Тој ќе им се покаже и ќе ги охрабри. И кога членовите верно ја вршат својата должност, Господ ќе ги води Своите избрани проповедници и ќе управува со нив. Тој ќе им даде сила за нивното значајно дело. Во најсрдечна молитва треба сложно да им се крепат рацете, собирајќи ги блескавите зраци од небесното светилиште. {9C 134.3}

Крајот е близу, ни се приближува тивко и незабележливо, бесшумно како крадец во ноќта. Господ нека ни помогне да не спиеме како што тоа го прават некои, туку да бдееме и да бидеме трезвени. Вистината наскоро величествено ќе триумфира, а со неа и сите што ќе се одлучат да бидат работници заедно со Бога. Времето е кратко; наскоро ќе дојде ноќ, кога никој нема да може да работи. Тие што ја имаат светлината на сегашната вистина мора да побрзаат примената вистина да ја предадат и на другите. Господ прашува: „Кого да испратам?“ Тие што сакаат да поднесат жртва заради вистината, денес треба да одговорат „Еве ме Мене, испрати ме Мене“ (Исаија 6:8). {9C 135.1}

Оние кои се наоѓаат на одговорни положби, мора да имаат на ум дека обликувањето на карактерот е во надлежност на Светиот Дух. Господ води и управува. Не смееме да се обидуваме оние за кои се залагаме да ги обликуваме според сопствените замисли. Мораме да му препуштиме на Христа Тој да го направи тоа. Тој не се придржува кон никаков човечки пример. Тој работи според Својот ум и Дух. Човечка должност е да му го открие на светот она што Христос го всадил во Неговото срце. Благодарение на Неговата благодат, човекот станува соучесник во божествената природа и се спасува од расипаноста која постои во светот, заради задоволување на телесните желби. Возвишените духовни сили на оној што го примил Христа, ќе бидат засилени и облагородени и таквиот човек се оспособува за Божја служба. {9C 135.2}

Многу учени луѓе од овој свет добиле толку високо образование што не можат да дојдат во допир со обичните луѓе. Нивното знаење останува недостапно. Тоа се издигнува во височините но никаде не се задржува. Најинтелигентниот деловен човек копнее по едноставна вистина каква што Исус му давал на народот кога бил на земјата - вистина која Тој ја прогласил за дух и живот. Неговите зборови се како листови од дрвото на животот. На светот денес му е потребна светлина на Христовиот пример, која се одразува во животот на мажите и жените слични на Него. Најмоќен ум од гледиште на вистината е оној со кој владее Христос, ум кој со светоста на Божјиот Дух е облагороден и исчистен. {9C 135.3}

Христос ни го дал Својот налог: „Одете по целиот свет“ (Марко 16:15). Сите мора да ја слушнат веста на предупредување. Награда од непроценлива вредност ги очекува

тие што трчаат во христијанската трка. Тие што трпеливо и истрајно трчаат, ќе добијат венец на живот кој никогаш нема да овене. {9C 136.1}

Бидете спокојни и доверете ја својата душа на Господа како на верен Создател. Тој ќе го сочува она што Му е доверено. Тој не сака Неговиот олтар да се опсипува со плачење и солзи. Дури и да не видите ниту една друга обратена душа, сепак имате доволно причини да го фалите Бога. Меѓутоа ова добро дело ќе напредува ако вие тргнете напред, не обидувајќи се да се прилагодите според сопствените замисли. Божјиот мир нека владее во вашите срца и бидете благодарни. Дајте му место на Господ да работи. Немојте да му го попречувате патот. Тој може, и ќе работи, доколку ние Му го допуштиме тоа. {9C 136.2}

При составувањето на плановите, треба да се посвети големо внимание на потребата секоја гранка на Божјото дело хармонично да се вклопи со сите останати гранки, така што ќе сочинуваат совршена целина. {9C 136.3}

СОВЕТИ ДО ПРОПОВЕДНИЦИТЕ

Санаториум, Калифорнија, 3. декември 1901.

До еден искусен работник во Њујорк -

Додека ја разгледував состојбата во Њујорк, голем товар ми ја притискаше душата. Во ноќните часови, ми беа покажани работи во врска со оваа светлина: Во Њујорк ќе се работи; ќе се укажат прилики за работа во оние краеви на градот во кои нема цркви и вистината ќе се зацврсти таму. Мора да се направи многу за објавување на сегашната вистина, на оние кои се мртви во престапи и гревови. Луѓето кои Бог ги избрал ќе објавуваат чудесни вести, вести кои треба да ги предупредат луѓето, да ги разбудат. И додека некои ќе се бунат против предупредувањето и ќе даваат отпор на светлината и доказите, ние од тоа ќе извлечеме заклучок дека веста која ја објавуваме е пробен камен за ова време. {9C 137.1}

Вестите ќе се објавуваат надвор од вообичаениот ред. Божјите судови ја посетуваат земјата. Мораме да основаме градски мисии во кои ќе се оспособуваат колпортери, библиски работници и практични здравствени мисионери, кои ќе допрат до разни општествени слоеви. Во нашите градови исто така мораме да имаме посветени евангелисти, кои толку силно ќе ја изнесуваат веста, така што ќе ги заплаши слушателите. {9C 137.2}

„Изведи го слепиот народ, иако има очи, и глувиот, иако има уши. Нека се соберат сите племиња, нека се приберат сите народи. Кој од нив го прорече тоа и го намести одамна? Нека доведат сведоци за да се оправдаат, нека се чуе дека може да се рече: 'Вистина е!' 'Зашто вие сте Ми сведоци,' слово е Господово 'и Мои слуги кои ги избрав, за да знаете и Верувате и да видите дека тоа Сум Јас. Пред Мене ниеден бог не беше направен и не ќе биде после Мене. Јас, Јас, Сум Господ, нема Спасител освен Мене. Јас прореков, спасив и навестив, и нема туѓинец меѓу вас! Вие сте Ми сведоци,' слово е

Господово ‘а Јас Сум Бог, од вечноста - Јас Сум! И никој не избавува од Мојата рака; што ќе направам, кој може да го измени?’“ (Исаија 43:8-13). {9С 137.3}

„Ќе ги водам слепите по патиштата, ќе ги упатам по патеките. Пред нив ќе ја обрнам темнината во светлина, а нерамната почва во рамна. Тоа ќе го направам и нема да ги оставам. Ќе се вратат назад во голем срам оние што се надеваат на идоли, кои им зборуваат на леаните ликови: ‘Вие сте наши богови.’ Чујте, глуви! Прогледајте, слепи, да видите! Кој е слеп ако не Мојот слуга, кој е глув како гласникот што го испраќам? Кој е слеп како пријателот, кој е глув како Господовиот слуга? Многу виде, но не се грижеше, ушите ти беа отворени, но не чу! На Господа Му се свиде заради Неговата праведност да го возвеличи и прослави законот“ (Исаија 42:16-21). {9С 138.1}

Прикажаното дело во овие стихови е дело кое ние треба да го извршиме. Зборовите „Мојот слуга“, „Израел“, „Господовиот слуга“ се однесуваат на секој што Господ ќе го избере, на секој на кој Тој ќе му додели одредена задача. Тој нив ги прави спроведувачи на Неговата волја, иако можеби некои од избраните ќе биде во незнаење во поглед на Неговата волја, како што тоа било случај со Навуходоносор. {9С 138.2}

Бог ќе работи за оние од Својот народ кои се подготвени да се потчинат на делувањето на Светиот Дух. Тој гарантира со Својата слава за успехот на Месијата и Неговото царство. „Вака зборува Господ, Бог, Кој ги создаде и ги оптегна небесата, Кој ја распостре земјата и нејзините растенија, Кој им дава здив на народите на неа, и здив на суштествата што одат по неа: Јас, Господ, те повикав во праведност, те зедов цврсто за рака; те вообличив и те поставив за Завет на народот и за светлина на племињата, за да им ги отвориш очите на слепите, за да ги извадиш затворениците од темницата, од темнината оние што живеат во мрак“. {9С 138.3}

„Кој од вас се грижи за тоа? Кој пази и слуша однапред?“ (Исаија 42:5-7,23). {9С 139.1}

Божјиот народ кој има светлина и знаење не ги исполнил возвишените и свети Божји цели. Тој не напредувал од победа во победа, освојувајќи нови области, подигајќи го знамето во градовите и предградијата. Големо духовно слепило ги опфатило оние, кои Господ ги осветлил со толкава светлина; тие во таа светлина не напредувале постојано. Членовите на црквите не се поттикнувани да ги запрегнат духовните мускули и сите сили, со цел за напредок. Тие мора да сфатат дека проповедниците не можат да го издејствуваат нивното спасение со тоа што постојано ќе бдеат над нив. На тој начин ќе се создаваат духовни слаби, од оние кои треба да бидат силни луѓе. {9С 139.2}

Во секоја црква за носење на одговорности, треба да се бираат млади мажи и жени. Тие мора да ги вложуваат сите свои напори за да се оспособат да им помогнат на оние кои не ја познаваат вистината. Бог бара ревни работници кои работат со целото свое срце. Оние кои ќе бидат кротки и понизни, ќе увидат од лично искуство дека освен Него нема друг спасител. {9С 139.3}

Библиската вистина мора да се проповеда и да се спроведува во дело. Секој зрак на светлина што Бог го дава, мора да болсне со јасен одреден сјај. Вистината мора да свети како факел. Стотина Божји слуги мораат да одговорат на тој повик и да заминат во поле како ревни работници за спасување на души, да пријдат во помош на Господа,

во помош на Господа против силите на темнината. Бог бара живи луѓе, луѓе кои Неговиот Дух ги исполнува со животворно влијание, луѓе кои пред очите го имаат само Бог како Врховен Владетел и од Него примаат обилни докази за исполнување на Неговите ветувања, луѓе кои не се млаки, туку врели и чиишто срца горат од Неговата љубов. {9С 140.1}

Токму во црквите повторно да се вложи целиот оној труд кој бил вложуван за последните дваесет години, членовите на црквите, исто како и во минатото, сепак не би станале пожртвувани Христови следбеници, носители на крстот. Мнозина од нив се заситени од духовна храна, додека во светот илјадници пропаѓаат за лебот на животот. Членовите на црквата мораат да работат; и мораат да се образуваат, настојувајќи да го достигнат возвишеното мерило што им е доверено. Ако сакаат да соработуваат со Него, Господ ќе им помогне да го остварат тоа. Ако во својата душа ја сочуваат љубовта кон вистината, тие нема да ги спречуваат проповедниците во ширење на вистината во нови полиња. {9С 140.2}

Откако црквите ја добија оваа вистина, требаше да се работи во големите градови; Меѓутоа, мнозина не чувствуваат товар за душите; и сатаната, увидувајќи дека се подложни на неговите искушенија, го упропастил нивниот живот. Бог бара од Својот народ да се покае, обрати и да и се врати на својата прва љубов што ја оставил, одбивајќи да оди по стапките на самопожртвуваниот Откупител. {9С 140.3}

Храброст и едноставност во работата

Дојдено е време да се вложат решителни напори во местата во кои вистината уште не е објавена. Како треба да се врши Господовото дело? Во секое место каде што ќе отпочнеме со работа, треба да се постават цврсти темели за делото да биде трајно. Мораме да се придржуваме на Господовите методи. Не смеете да дозволите да ве исплашат надворешните околности колку и да се заканувачки. Ваша должност е да работите така како што одредил Господ. Проповедајте ја Речта, а Господ преку Светиот Дух ќе влијае на разумот на слушателите и ќе ги увери. Божјата Реч кажува: „Тие, пак, отидоа и проповедаа насекаде; и Господ го поткрепуваш словото нивно со чудеса, што се јавуваа“ (Марко 16:20). {9С 141.1 }

Потребно е што поголем број на работници да се посветат на ова дело, учествувајќи во работата од куќа до куќа во давање на библиски часови на семејствата. Со потчинување на Божјата волја, тие треба да го покажат своето напредување во благодатта. На овој начин ќе добијат богато искуство. Кога ќе ги примат, поверуваат и слушаат Христовите зборови, во нивното животно дело ќе се почувствува делувањето на Светиот Дух. Тие тогаш ревно ќе вложуваат напори и ќе негуваат вера, која делува преку љубовта и ја чисти душата. Во нивниот живот ќе се покажат плодовите на Духот. {9С 141.2}

Христос е Светлината на светот. Оние кои одат по Него не одат во мрак, туку ја имаат светлината на животот. Јован кажува за Христос: „А на сите што Го примија - на сите што веруваа во Неговото име - им даде можност да станат синови Божји“ (Јован

1:12). Насочувајте го својот поглед на Христа. На тој начин своето срце, разум и карактер ќе ги усогласите со Божјата волја. {9С 141.3}

Сите кои работат во нашите мисии треба да ги поучуваат другите колку што тоа го можат и да продолжат со работа во сила на оној ист Дух, кој го поттикнал основањето на овие мисии. Со толкување на Светото Писмо, молитва и спроведување на верските начела во живот, поучувајте го народот на Господовите патишта; на тој начин ќе изградите црква основана на карпата - Исуса Христа. {9С 141.4}

Делото мора да се шири во едноставност на вистината. Бог кажува: „Ви упатувам зборови на охрабрување“. Во нашите големи градови Господ има многу драгоцени души кои не ги приклониле своите колена пред Ваал, а и такви кои се поклонувале на Ваал во незнаење. Нив треба да ги осветли светлината на вистината, за да согледаат дека Христос е патот, вистината и животот. {9С 142.1}

Извршувајте ја својата должност во понизност. Не смеете никогаш да се издигате над едноставноста на Христовото евангелие. Нема да доживеете успех во добивањето на души ако прибегнувате кон надворешен сјај, туку ако го воздигнувате Христа. Кога ќе работите за Бога во кротост и со понизно срце, Тој сигурно ќе ви се открие. {9С 142.2}

Проповедниците можат да ја изнесуваат вистината јасно и разбирливо со употреба на цртежи, симболи и различни прикажувања. Таквиот начин на работа ќе биде од помош и е во согласност со Божјата Реч. Меѓутоа, ако работата на еден работник создаватолку многу издатоци, така што други заради тоа не можат да добијат доволно средства од благајната за да работат на терен, тогаш тој не работи во согласност со Божјиот план. Делото во големите градови мора да се одвива според Христовиот систем, а не како на некоја сцена. Бог не се слави со методите од овој вид, туку со изложување на вистината во Христова љубов. {9С 142.3}

Немојте да ја лишувате вистината од нејзиното достоинство и да го намалувате нејзиното влијание со разни воведи, кои се далеку повеќе со световен отколку со духовен карактер. Вашите слушатели мораат да разберат дека вие не одржувате состаноци само да ги восхитите нивните сетила со музика или нешто слично, туку за да ја проповедате вистината во сета нејзина сериозноста за таа да им послужи како предупредување и да ги разбуди од нивниот смртен сон на самоугодување. Незавитканата вистина засечува како меч со две сечила. Тоа ќе ги разбуди оние кои се мртви во престапи и гревови. {9С 142.4}

Тој што го дал Својот живот за да ги спаси мажите и жените од идолопоклонството и себичноста, дал пример на кој мораат да се угледаат сите кои ќе ја прифатат задачата на другите да им го прикажат евангелието. На Божјите слуги во овој век им е дадено да ја објавуваат најсвечената вистина и нивните постапки, методи и планови мора да одговараат на значењето на самата вест. Ако Божјиот Збор го изложувате на Христов начин, вистините кои ги проповедате ќе остават длабок впечаток на вашите слушатели. Тие ќе бидат уверени дека тоа се зборови на живиот Бог. {9С 143.1}

Формалност во богослужението

Во своите напори да допрат до народот, Господовите весници не смеат да се придржуваат на методите од овој свет. На состаноците кои ги одржуваат, тие не смеат да се користат со светски пејачи ниту со некој театрален сјај за да предизвикаат интерес. Како може да се очекува од тие што не се заинтересирани за Божјата Реч, кои никогаш не ја читале Библијата, со искрена желба да ги сфатат нејзините вистини, да пеат од срце и со разбирање? Како нивните срца можат да бидат во согласност со зборовите на светите песни? Како небесниот хор може да се придружи на пеењето кое е само обична формалност? {9C 143.2}

Злото на формално богослужение не може доволно и силно да се опише; Меѓутоа, нема зборови со кои може потполно да се изрази благодатта на искрената, вистинска служба на Бога. Ако човечките суштества се исполнети со Духот и пеат со разбирање, небесните ангели таквата песна ја надополнуваат со својата музика и се придружуваат на фалбоспевот. Оној кој нѐ опсипал со дарови кои ќе нѐ оспособат да бидеме работници заедно со Бога, бара од Своите слуги да го негуваат својот глас за да можат да зборуваат и пеат, така што сите ќе можат да ги разберат. Не е потребно да се пее премногу гласно; гласот треба да биде само чист и одреден, а зборовите треба јасно и разбирливо да се изговараат. На негувањето на гласот сите треба да посветат и време и труд, за Божјата слава да биде отпеана со јасен, благ глас, без грубости и острина кои го параат увото. Вештината на пеењето е Божји дар; и треба, како и другите дарови да се употребува за Негова слава. {9C 143.3}

На состанокот треба да се избере одреден број присутни кои ќе водат во песните, а тие што се вешти во свирењето нека ги придружуваат со музички инструменти. Не треба да се спротивставуваме на употребата на музички инструменти во нашата работа. Тој дел од службата треба внимателно да се изведе, зашто тоа е славење на Бога со песна. {9C 144.1}

Не мора секогаш само неколкумина да пеат. Колку што е тоа почесто можно, во песната треба да учествува целото собрание. {9C 144.2}

Хармонија во различни видови на служба

Кога вложуваме труд во корист на мноштвото кое живее во градовите, мораме да настојуваме нашата служба да биде целосна. Работата во густо населените, големи центри е огромна и еден човек не може да ја изврши со успех. Бог има различни начини на работа и различни работници кои ги надарил со разновидни дарови. {9C 144.3}

Еден работник може да биде добар говорник, вториот да е добар писател, Третиот да има дар за искрена, срдечна и огнена молитва, четвртиот дар за пеење, петтиот дар за особено јасно излагање на Божјата Реч. Сечиј дар треба да стане сила во работата за Господа, бидејќи Тој соработува со Своите работници. На едни Бог им дава зборови на мудрост, на други знаење, на трети вера, но сите мора да работат под водство на една

иста Глава. Разновидноста на даровите е условена од разновидноста на задачите, но „Бог е еден и ист, Кој врши сè во сè“ (1. Коринтјаните 12:6). {9С 144.4}

Господ сака Неговите избрани слуги да се научат да бидат сложни во своите напори. На некои можеби ќе им се чини дека спротивноста меѓу нивните дарови и даровите на нивните соработници е премногу голема за да можат заеднички да вложуваат хармонични напори. Меѓутоа ако имаат на ум дека мораат да им се обраќаат на различни души и дека едни можеби ќе одбијат да слушаат излагање од еден работник, додека ќе го отворат своето срце за Божјата вистина кога другиот ќе ја изнесе на поинаков начин, тогаш тие полни со надеж ќе ја прифатат сложната заедничка соработка. Нивните дарови, колку и да се различни, сепак можат да бидат водени од ист Дух. Тогаш со секој збор и секое дело ќе изразуваат добрина и љубов. И кога секој работник верно ја извршува својата должност која му е доверена, тоа ќе биде одговор на Христовата молитва да владее единство меѓу Неговите следбеници и светот по тоа ќе познае дека тие се Негови следбеници. {9С 145.1}

Божјите работници мора да бидат сложни во љубовта и верата. Тој што зборува или прави било што, што би можело да предизвика неслога меѓу членовите на Христовата црква - работи спротивно на Божјата цел. Тие што во црквата внесуваат расправии и неслога, му нанесуваат срам на Христа. Бог сака Неговите слуги да негуваат христијанска љубов меѓу себе. Вистинската вера ги соединува срцата во најнежно единство, не само со Христа, туку и со браќата меѓусебно. Кога ќе сфатиме што значи да се биде соединет на овој начин со Христа и со нашите браќа, тогаш нашата работа ќе ја прати благотворно влијание каде и да се наоѓаме. {9С 145.2}

Работниците во големите градови мора да ја вршат својата должност, Трудејќи се со сите сили да постигнат најдобри резултати. Нивното излагање за верата и нивните дела мора да бидат такви што ќе остваат добро влијание на луѓето. Тие не смеат Божјото дело да го ограничуваат со сопствените замисли. Ние како народ, во минатото премногу често постапувавме на тој начин и тоа го попречуваш успехот на делото. Мораме да имаме на ум дека Господ има различни начини на работа, дека има различни работници на кои им доверува различни дарови. Мораме да имаме на ум дека Господ има Своја цел кога одредени луѓе ги упатува на одредени места. {9С 145.3}

Гласот на божествената милост и Неговиот милостив повик: „Кој е жеден, нека дојде при Мене да пие“ (Јован 7:37), нема уште долго да одекнува. Бог ги испраќа Своите вести на опомена во сите градови. Гласниците кои Тој ги праќа мора да работат толку сложно, што сите ќе видат дека тие учеле од Исус. {9С 146.1}

Во Христова кротост

Ниеден човек не смее да настојува другите да ги приврзе кон себеси затоа што сака да им заповеда, да им наредува да го прават ова, а не тоа, да командуваат со нив како офицерот со чета војници. Така постапувале свештениците и поглаварите во Христово време, но тоа не е исправно. Кога вистината ќе се вреже во срцето и кога мажите и жените ќе го прифатат нејзиното учење, кон нив треба да се постапува како кон Божја своина, не како кон човечка своина. {9С 146.2}

Ако ги врзувате срцата за себе, ќе ги одвоите од Изворот на мудрост и сила. Тие мора целосно да зависат од Бога, бидејќи само така можат да растат во благодатта. Иако човекот можеби смета дека има знаење и мудрост, тој во духовен поглед ќе биде во целосно незнаење, ако Светиот Дух не го поучува. Човекот мора да ја сфати опасноста во која се наоѓа и својата несовршеност и сосема да се потпре на Оној, кој единствено може да ги сочува душите кои Му се доверуваат, да ги проникне со Дух и да ги исполни со меѓусебна љубов, оспособувајќи ги на тој начин да посведочат дека Бог го пратил Својот Син во светот, за да ги спаси грешниците. Тие што се обратени вистински, ќе ги збијат своите редови во христијанска слога. Во Божјата црква не смее да постои никаква неслога, ниту пак е мудро било кој да владее над оние кои ја прифаќаат вистината. Христовата кротост мора да се одразува во сè што се зборува и работи. {9C 146.3}

Христос е темел на секоја вистинска црква. Нам ни е дадено Неговото непроменливо ветување дека Неговата присутност и Неговата заштита секогаш ќе бидат со оние кои верно живеат според Неговите упатства. Христос мора да ни биде на прво место сè до крајот на векот. Тој е извор на живот и сила, праведност и светост. И Тој е сето тоа за сите што го носат Неговиот јарем и од Него учат како да бидат кротки и понизни. {9C 147.1}

Воздигнување на Христа пред луѓето - тоа е должност и радост на сите работници во секоја гранка на Божјото дело. Тоа е цел на секој што вистински се труди. Да го истакнуваме Христа, а себеси и своето јас да ги скриеме зад Него. Единствено таквото самопожртвување е достојно да се нарече така. „Зашто вака зборува Вишниот и Возвишениот, Кој вечно живее, и Името Му е Светиот: ‘Престојувам во високо и свето место, но Јас Сум и со угнетуваните и со понижуваните, за да го оживеам Духот на смирените, за да го оживеам Духот на скрушените“ (Исаија 57:15). {9C 147.2}

Противење

Кога ќе се трудите да ја изнесувате вистината, често ќе наидувате на противење. Меѓутоа, ако се обидете на противењето да одговорите со докази, само ќе го зголемите, а тоа себеси никако не смеете да си го дозволите. Заземете исправен став. Божјите ангели бдеат над вас и тие знаат како да влијаат на оние со кои не сакате да се расправате со докази. Немојте да се занимавате со негативните страни на прашањата кои се подигнати, туку по пат на ревно проучување, срдечна молитва и посветување на срцето собирајте ја чистата вистина, и таа тогаш нека остане врежана во вашите мисли. Приготвите ги своите светилници и нека бидат запалени, за нивните зраци да светат, и луѓето гледајќи ги вашите добри дела, да го прослават вашиот Татко, кој е на небесата. {9C 147.3}

Доколку Христос во пустината, кога сатаната Го искушувал, не би зазел исправен став, Тој би го изгубил сето она што сакал да го задобие. Христос оставил најдобар пример како треба да се пресретнат противниците. Ние ги поткрепуваме нивните докази ако го повторуваме она што тие го зборуваат. Држете се секогаш само до

вистината. Можеби токму тој човек кој сега ви се противи ќе ги задржи во сеќавање вашите зборови и ќе ја прифати вистината која навлегла во Неговата свест. {9С 148.1}

Често им зборував на Моите браќа: „Вашите противници ќе даваат лажни изјави за вашата работа. Немојте да ги повторувате нивните зборови, туку држете се за своето тврдење за живата вистина, и Божјите ангели ќе го отворат патот пред вас. Наша должност е да извршиме едно големо дело и ние тоа мораме да го направиме на разумен начин. Никогаш не смееме да се возбудуваме, ниту да дозволиме во нас да се појават зли чувства. Христос не постапувал така, а Тој е наш пример во сè. За делото кое ни е доверено, потребно е многу повеќе да бараме небесна мудрост, посветеност и понизност, а многу помалку да се истакнувме себе и своето „јас“. Мораме цврсто да се држиме до божествената сила“. {9С 148.2}

Оние кои се одвоиле од верата, ќе доаѓаат на нашите собири за нашето внимание да го одвратат од делото, кое Бог ни го дал како задача. Не можете да си дозволите вашите уши наместо вистина да слушаат измислици. Немојте да се запирате обидувајќи се да го обратите таквиот, кој со своите зборови го исмева и срамоти вашето дело, туку Покажете дека ве вдахновил Духот на Исуса Христа, и Божјите ангели ќе ви стават во устата зборови кои ќе допрат до срцата на вашите противници. Ако таквите упорно настојуваат да се наметнат, разумните луѓе на собирот ќе увидат дека вашиот став е повозвишен. Зборувајте така, за луѓето да увидат дека преку вас зборува Исус Христос. {9С 148.3}

Потребна е ревна, сесрдна работа

Кога нашите проповедници би сфатиле колку брзо жителите на светот ќе бидат изведени пред Божјиот суд да одговараат за своите дела, колку срдечно би соработувале со Бога на ширење на вистината! Колку неуморно би се залагале за успех на Божјото дело во овој свет, објавувајќи со збор и со дело: „А крајот на сè е близу!“ (1. Петрово 4:7). {9С 149.1}

„Подгответе се за средба со Бога“ - тоа е веста која мораме насекаде да ја објавуваме. Трубата мора да даде разбирлив глас. Јасно и одредено мора да одекне предупредувањето: „Падна, падна големиот Вавилон… Излезете од неа, луѓе мои, за да не учествувате во нејзините гревови, и да не се заразите од нејзините рани“ (Откровение 18:2,4). Овие вдахновени зборови мораат да се исполнат. Наскоро на жителите на целата земја ќе наиде последната проба. Во тоа време ќе се донесуваат брзи одлуки. Оние кои ќе ја прифатат вистината ќе се подредуваат под со крв попрсканото знаме на Кнезот Емануел. Тие ќе видат и разберат како никогаш порано дека пропуштиле многу прилики да прават добро. Ќе сфатат дека не работеле онака сесрдно како што требало, за да ги бараат и најдат изгубените, за да, како што би рекле, ги оттргнат од огнот. {9С 149.2}

Божјите слуги треба да бидат „вредни во работата; пламени во Духот; служејќи му на Господа“. Немарноста и рамнодушноста немаат ништо заедничко со побожноста. Кога ќе сфатиме дека работиме за Бога, мораме повеќе отколку било кога порано да

бидеме свесни за светоста на духовната служба. Тоа сфаќање ќе внесува во вршењето на секоја должност живот, будност и трајна енергија. {9C 150.1}

Вера, чиста и без мани, мора да се огледа во секојдневниот живот. Само ревната, сесрдна работа ќе биде од корист во спасувањето на души. Ние нашите секојдневни должности треба да ги направиме дела на побожност; така секој ден ќе бидеме покорисни, Зошто своето дело го гледаме во светлината на вечноста. {9C 150.2}

Самиот небесен Татко ни укажал на делото кое треба да го извршиме. Мораме да ги земеме своите Библии и да појдеме да го предупредуваме светот. Мораме да бидеме Божји помагачи во спасување на душите канали по кои Неговата љубов од ден во ден ќе се излева на оние кои пропаѓаат. Вистинскиот работник се облагородува и посветува кога ќе ја сфати возвишеноста на делото во која има чест да учествува. Него го исполнува вера која делува преку љубовта и ја чисти душата. На оној кој ќе и се потчини на Божјата волја, нема ништо да му биде макотрпна работа. „Работам како за Господа“ - тоа е мислата која ја прави привлечна секоја задача што Бог ќе му ја довери. {9C 150.3}

Секоја ваша работа мора строго да се основа на верските начела. Запрашајте се сериозно: „Што да направам за да Му угодам на Господарот?“ Посетувајте места каде на верниците им е потребно охрабрување и помош. Прашувајте се на секој чекор: „Дали ова е Господов пат? Дали во Духот, зборовите и делата постапувам во согласност со Неговата волја?“ Ако работите за Бога имајќи ја на ум само Неговата слава, вашето дело ќе носи божествено обележје и така ќе го исполните Господовиот план. {9C 150.4}

Проучувајќи ја Божјата Реч, морате сè подлабоко и подлабоко да навлегувате под површната. Држете се со вера за божествената сила и испитувајте ги длабочините на вдахновението. Внесувајте ја во својата служба Божјата сила, имајќи на ум дека Господ е секогаш пред вас. Неговата љубов мора да блескоти во сето она што го работите и говорите. Драгоцените, едноставни вистини на Божјата Реч треба да заблескаат во целиот свој сјај. Понизете се пред Бога. Христос ќе биде ваша сила. Тој ве поставил да управувате со Неговите домашни, да им давате храна на време. Христовите работници се мошне блиску до Неговото срце, кое е полно со љубов. Тој сака, усовршувајќи ги своите проповедници, да го усврши своето стадо. {9C 151.1}

Христос е наш сочувствителен, милосрден Откупител. Со Неговата сила мажите и жените стануваат силни да му се спротивстават на злото. Кога обратениот грешник ќе го посматра Гревот, тој ја сфаќа целата Негова одвратност. Тој се чуди зошто порано не му пристапил на Христа. Тој увидува дека мора да ги совлада своите недостатоци, дека својот апетит и страстите мора да ги потчини на Божјата волја и да стане соучесник во божествената природа, победувајќи ја расипаноста, која постои во светот среде попуштањето на телесните желби. Откако се покајал за своите престапи на Божјиот закон, тој ревно се трудел да го победи Гревот. Тој се труди да ја открие силата на Христовата благодат и доаѓа во личен допир со Спасителот. Пред неговите очи постојано се наоѓа Христос. Со молитва, вера, и со примање на благословите што му се потребни, тој сè повеќе се приближува до возвишеното Божјо мерило. {9C 151.2}

Нови доблести се откриваат во Неговиот карактер како што се одрекува од себе, го зема својот крст и го следи Христа. Тој го љуби Господа Исуса со сето свое срце и Христос станува Негова мудрост, праведност, посветување и избавување. {9С 151.3}

Христос е наш пример, наше вдахнове-ние, наша најголема награда. „А вие сте Божја нива, Божја зграда“ (1. Коринтјаните 3:9). Бог е главен Градител, но и човекот има свој дел. Тој мора да соработува со Бога. „Ние сме Му соработници на Бога“ (1. Коринтјаните 3:9). Никогаш не заборавајте ги зборовите „соработници на Бога“. „Со страв и трепет градете го вашето спасение, оти Бог е Оној, Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја“ (Филипјаните 2:12,13). Чудотворната сила на Христовата благодат се открива во тоа што во човекот создава ново срце и поттикнува копнеж за повозвишен живот и посвет жар на воодушевување. Бог кажува: „Ќе ви дадам ново срце“ (Езекиел 36:26). Зарем тоа обновување на човекот не е најголемото чудо што може да се изврши? Дали воопшто има нешто што човечкото суштество кое со вера се држи до божествената сила, не би можело да оствари? {9С 152.1}

Имајте на ум дека во соработка со Христа како ваш личен Спасител лежи вашата сила и вашата победа. Сите мора да учествуваат во таа соработка. Христос е патот, вистина и животот. Тој кажува: „Без Мене не можете да правите ништо“ (Јован 15:5). А покајничката, верна душа одговара: „Сè можам преку Исуса Христа Кој ме крепи“ (Филипјаните 4:13). На оние кои така прават, им е дадено ветување: „А на сите што го примија им даде можност да станат синови Божји“ (Јован 1:12). {9С 152.2}

ЗДРАВСТВЕНОТО ДЕЛО

„Возљубен мој, се молам да бидеш
здрав и во сè да ти биде добро,
како што и е добро на душата твоја“.
3. Јованово 2.

ВЕРНОСТ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

Бев поучена на целиот наш народ да му ја објавам веста во врска со здравствената реформа, затоа што мнозина отстапиле од својата првобитна приврзаност на начелата на здравствената реформа. {9С 153.1}

Божја цел е Неговите деца да се развиваат до потполна висина на мажи и жени во Христа. За тоа да го остварат, тие мораат правилно да ги искористат сите свои умни, душевни и телесни способности. Тие не смеат ниту во најмала мера да ги трошат без цел своите умни или телесни сили. {9С 153.2}

Прашањето за чување на здравјето е мошне значајно. Кога тоа прашање го проучуваме во Божји страв, тогаш увидуваме дека за нашиот духовен и телесен развој е најкорисно да се придржуваме на едноставност во исхраната. Тоа прашање треба трпеливо да се проучува. Потребно ни е знаење и способност за правилно расудување, за да постапиме во овој случај мудро. Не смееме да им се противиме на природните закони, туку мора да им се покоруваме. {9С 153.3}

Оние кои добиле поуки во поглед на штетноста на употреба на месо, чај и кафе, како и за подготвување на тешка и нездрава храна и решиле да направат завет на жртва со Бога, нема да продолжат да и попуштаат на својата наклоност за храна за која знаат дека е нездрава. Бог бара да го победиме апетитот и да се одречеме од оние намирници кои не се добри. Тоа дело мора да се изврши за Божјиот народ да може да стои пред Него како совршен народ. {9С 153.4}

Лична одговорност

Божјиот народ на остатокот мора да биде обратен народ. Како последица на изложувањето на овие вести, мора да има обратување и посветување на души. Во тоа движење мораме да ја почувствуваме силата на Божјиот Дух. Ова е чудесна, одредена вест. Таа е од најголемо значење за оној што ќе ја прими и мора да се објавува со гласна вика. Мораме да имаме вистинска, непоколеблива вера дека таа вест сè повеќе ќе се шири сè до свршетокот на светот. {9С 154.1}

Има таканаречени верници кои некои делови од Сведоштвата ги прифаќаат како Божја вест, а ги отфрлаат оние делови кои ги осудуваат нивните омилени склоности.

Таквите работат на штета на сопствената благосостојба и благосостојбата на црквата. Неопходно е да живееме според светлината кога веќе ја имаме. Оние што тврдат дека веруваат во здравствената реформа, а истовремено во секојдневниот живот постапуваат спротивно на нејзините начела, ѝ нанесуваат штета на сопствената душа и оставаат лош впечаток и на верниците и на неверниците. {9C 154.2}

Сила преку послушност

На оние што ја познаваат вистината, почива свечена одговорност сите дела да им бидат во согласност со верата, нивниот живот да биде облагороден и посветен, а и да се подготват за делото кое мора да се изврши брзо во овие последни денови на веста. Тие не смеат да трошат ниту време ниту сила на задоволување на апетитот. Сега за нас од важно значење се зборовите: „Покајте се, и обратете се, за да се исчистите од вашите гревови, за да дојдат времиња за освежување од Господовото лице“ (Дела 3:19,20). На мнозина од нас им недостига духовност и сигурно ќе бидат изгубени ако потполно не се обратат. Зар ќе си дозволите себеси да се изложите на таква опасност? {9C 154.3}

Мнозина заради гордост и слабост во верата се лишени од обилните Божји благослови. Ако не ги понизат своите срца пред Господа, мнозина ќе бидат разочарани и изненадени кога ќе ги чујат зборовите: „Ете, младоженецот иде“ (Матеј 25:6). Тие ја имаат теоријата на вистина, но немаат масло во своите светилници. Нашата вера не смее во ова време да се ограничи само на прифаќање или верување во теоријата на Третата ангелска вест. Мора да го имаме маслото на Христова благодат со кое ќе ги наполниме своите светилници, за светлината да свети и да им го покажува патот на оние кои се во мрак. {9C 155.1}

Ако сакаме да ги избегнеме тешките и непријатни искуства, мораме сесрдно и без одлагање да го градиме своето спасение со страв и трепет. Има мнозина што не даваат очигледни докази дека се верни на заветот направен при крштавањето. Формализмот, стремежот за почести во светот, гордоста и самољубието ја ослабнале нивната ревност. Нивната свест повремено се буди, но тие не паѓаат на Карпата - Исуса Христа. Тие не му приоѓаат на Бога со скршени срца во покајание и признавање. Тие што во срцето ќе го почувствуваат делувањето на вистинско обратување, во својот живот ќе покажуваат плодови на Духот. О, кога оние на кои толку им недостасува духовност, би можеле да сфатат дека вечниот живот може да им се даде само на оние што ќе станат соучесници во божествената природа, на оние што ќе ја избегнат расипаноста што постои во светот заради телесните желби! {9C 155.2}

Само Христовата сила може да оствари преобразување на срцето и умот, а тоа мора да биде искуство на секој што сака да биде со Него соучесник во новиот живот во небесното царство. Спасителот кажува: „Ако некој не се роди одозгора, не може да го види Божјото царство“ (Јован 3:3). Верата која доаѓа од Бога е единствена вера која може да нè одведе кај Бога. За да Му служиме како што треба, мораме да бидеме родени од божествениот Дух. Тоа ќе ни помогне да бдееме будно. Тоа ќе го исчисти срцето, ќе го обнови умот и ќе нè оспособи уште повеќе да го запознаеме Бога и да го

љубиме. Тоа ќе нè оспособи доброволно да се покоруваме на сите Негови барања. Тоа е вистинска побожност. {9С 156.1}

Бог бара Неговиот народ постојано да напредува. Мора да сфатиме дека попуштањето на апетитот претставува најголема пречка за духовниот напредок и делото на посветување на душата. Меѓутоа, и покрај целото наше исповедање на здравствената реформа, мнозина меѓу нас јадат неумерено и тоа храна која не одговара на организмот. Попуштањето на апетитот е главна причина за телесна и духовна слабост и во голема мера е причина за болест и прерана смрт. Секој поединец кој се стреми за чистота на душата мора да има на ум дека во Христа се наоѓа сила за контрола над апетитот. {9С 156.2}

Месото како храна

Кога задоволувањето на желбата за месо како храна би била корисна, јас не би го упатувала овој повик до вас. Меѓутоа, јас знам дека тоа не ни користи. Месото го нарушува телесното здравје и мораме да се научиме да живееме без него. Тие кои имаат можност себеси да си обезбедат вегетаријанска исхрана, но им попуштаат на своите склоности во овој поглед, јадејќи и пиејќи го она што им се допаѓа, постепено ќе станат немарни и кон поуките кои Господ ги дал во поглед на другите точки на сегашната вистина и ќе го изгубат своето согледување за тоа што е вистина. Тие неизбежно ќе жнеат тоа што сееле. {9С 156.3}

Дадена ми е поука дека на учениците во нашите училишта не треба да им се дава месо и храна за која се знае дека е нездрава. На масата не треба да се изнесува ништо што поттикнува желба за надразнувачки средства. Ослободете се од желбата за она што може само да ви наштети. Служете му на Господа преку жртва. {9С 157.1}

И самите деца можат разумно да учествуваат во тоа дело. Ние сите сме членови на Господовото семејство; Господ сака сите Негови деца, и млади и стари, да се одречат од попуштањето на апетитот и да ги штедат парите кои се потребни за подигање на молитвени домови и издржување на мисионери. {9С 157.2}

Поучена сум да им кажам на родителите: Кога станува збор за ова, со душа и со срце бидете на Господовата страна. Во овие денови на милост (проба) мора постојано да имаме на ум дека Создателот на вселената нè ставил на проба. Зарем нема да се одречете од склоностите што можат да ви наштетат? Самите зборови не значат ништо; со своите постапки полни со самоодрекување посведочете дека се покорувате на барањата кои Бог ги поставува на Својот избран народ. Тогаш еден дел на пари што сте ги заштедиле преку самоодрекување, вложете ги во ризницата, и тогаш ќе има доволно средства за потребите на Божјото дело. {9С 157.3}

Многумина сметаат дека не можат да живеат без месо. Меѓутоа, кога би поминале на Господова страна, одлучувајќи да одат по патот по кој Тој ги води, тие би добиле сила и мудрост како некогаш Даниел и неговите другари. Тие ќе увидат дека Господ ќе им даде моќ за здраво расудување. Многу ќе се изненадат кога ќе видат колку може да се заштеди за Бога, благодарение на самоодрекувањето. Малечки суми заштедени

преку жртвување ќе направат повеќе за унапредување на Божјото дело отколку поголеми дарови кои не биле дадени преку самоодрекување. {9C 157.4}

Адвентистите на седмиот ден имаат мошне значајни вистини. Пред повеќе од четириесет години Господ ни даде посебна светлина во врска со здравствената реформа, но како ние живееме според таа светлина? Колку само одбиле да живеат во согласност со Божјите совети! Како народ мораме да напредуваме сразмерно со примената светлина. Наша должност е да ги сфатиме начелата на здравствената реформа и да ги држиме. По прашањето на умереност треба да бидеме далеку пред сите останати народи. Меѓутоа, сепак меѓу нас има добро поучени Членови на црквата, па дури и проповедници, кои имаат малку почитување кон светлината што Бог ја дал за овој предмет. Тие јадат тоа што им се допаѓа и постапуваат според сопствена волја. {9C 158.1}

Учителите и водачите во нашето дело нека заземат цврст став во поглед на здравствената реформа, заснован на Библијата, давајќи недвосмислено сведоштво на тие што веруваат дека живеат во последните денови на историјата на оваа земја. Мора да се повлече линија на разликување помеѓу тие што му служат на Бога и тие што си служат себеси. {9C 158.2}

Покажано ми е дека начелата кои ни се дадени во првите денови на веста и денес, се исто така значајни и дека треба совесно да се спроведуваат како и тогаш. Постојат некои кои никогаш не се управувале според светлината дадена во поглед на исхраната. сега е време таа светлина да се земе од под садот и да светли јасно со блескави зраци. {9C 158.3}

Начелата за здраво живеење се мошне значајни за нас како поединци и како народ. Кога за првпат ми беше упатена вест на здравствена реформа, јас бев слаба и болна и бев подлежна на чести несвестици. Викав кон Бога да ми помогне и Тој ми укажа на големото прашање на здравствената реформа. Тој ми покажа дека оние кои ги држат Неговите заповеди, мора да воспостават света врска со Него и да бидат умерени во јадењето и пиењето, за својот дух и тело да можат да ги сочуваат за служба во најдобра состојба. Таа светлина за Мене беше голем благослов. Јас ја прифатив должноста за здравствена реформа знаејќи дека Господ ќе ме зајакне. Денес и покрај староста многу сум поздрава отколку во младите години. {9C 158.4}

Некои зборуваа дека не се придржувам на начелата на здравствена реформа така како што ги проповедав со своето перо; меѓутоа, јас можам да кажам дека јас сум верен здравствен реформатор. Тие што биле дел од Моето семејство знаат дека тоа е вистина. {9C 159.1}

„За Божја слава“

Ние не пишуваме никакви одредени правила во исхраната; меѓутоа, кажуваме дека во земјите каде што има овошје, житарки и јаткасти плодови во изобилство, не е исправно ако Божјиот народ го употребува месото за храна. Покажано ми е дека месото ги поттикнува животинските нагони, ги лишува мажите и жените од таа љубов и сочувство кои треба да ги негуваат кон секого, и прави ниските страсти да управуваат

над возвишените особини на телото. Ако некогаш било здраво да се јаде месо тоа денес не е така. Ракот, туморите и белодробните болести во голема мера се последица на јадење месо. {9C 159.2}

Прашањето за употреба на месо ние не го сметаме за пробно прашање за верниците, но мораме да имаме во предвид какво влијание вршат на другите тие што се хранат со месо. Зар како Божји гласници нема на луѓето да им ги упатиме овие зборови: „И така, јадете ли, пиете ли, или нешто друго правите, сето тоа правете го за Божја слава“ (1. Коринтјаните 10:31). Зар нема одлучно да им објавиме сведоштво против попуштање на изопачениот апетит? Зар проповедниците на евангелието, кои ја објавуваат најсвечената вистина која некогаш им е упатена на смртниците, ќе се вратат на египетските лонци со месо и ќе дадат таков пример? Зар тие што живеат од Божјиот десеток ќе дозволат со угодување себеси да ја трујат својата крв, животодавниот сок кој тече низ нивните жили? Зар ќе ја занемарат светлината и опомените кои Бог им ги дал? Здравјето на телото треба да биде сметано за неопходно за растење во благодатта и за стекнување на урамнотежен карактер. Мозокот и нервите сочувствуваат со желудникот. Погрешното јадење и пиење резултира во погрешно размислување и постапување. {9C 159.3}

Сега сите се ставени на тест и се проверуваат. Ние сме крстени во Христово име и ако ја вршиме својата должност одвојувајќи се од сè што би нè влечело долу и не прави тоа што не треба да бидеме, тогаш ќе ни биде дадена сила за да се развиваме во Христа кој е наш жив поглавар, и ќе го видиме спасението од Бога. {9C 160.1}

Единствено ако целосно ги сфатиме начелата на здравјето, ќе бидеме во состојба да ги согледаме лошите последици од погрешниот начин на исхрана. Тие, кои увидувајќи ги своите грешки, имаат храброст да го променат својот начин на живеење, ќе сфатат дека процесот на реформација бара постојана борба и голема истрајност; но кога еднаш ќе стекнат добри навики, тие ќе сфатат дека начинот на исхрана кој порано го сметале за нештетен, полека но сигурно отвора пат кон желудечни и други заболувања. {9C 160.2}

Татковци и мајки, бдејте во молитва. Строго чувајте се од секој облик на неумереност. Учете ги своите деца на начелата на здравствената реформа. Учете ги што сè треба да избегнуваат за да го сочуваат своето здравје. Божјиот гнев веќе почна да се излева на синовите на непокорноста. Какви сè злосторства, гревови и беззаконија се појавуваат насекаде и на секое место! Како народ, мора да бидеме будни и мошне внимателни за да ги сочуваме своите деца од влијанието на расипаното општество. {9C 160.3}

Поучување на народот на здравствените начела

Мора да вложуваме многу поголеми напори за да го поучиме народот на начелата на здравствената реформа. Треба да се формираат курсеви за готвење, а исто така и тие што работат од куќа до куќа можат да ги упатуваат луѓето во вештината на готвење на здрава храна. И старите и младите треба да научат како да готват што поедноставни јадења. Секаде каде што се проповеда вистината, луѓето треба да се поучат како да

готват едноставни, а сепак вкусни јадења. Треба да им се покаже дека и без месо може да се подготви добра храна. {9C 161.1}

Учете го народот дека е подобро да знаеме како да го сочуваме здравјето, отколку како да се лечиме од болести. Нашите лекари мора да бидат мудри едукатори и да станат против секоја неумереност, покажувајќи дека воздржувањето од сè она што Бог го забранил е единствен начин да се спречи пропаста на телото и душата. {9C 161.2}

Подготвувајќи здрава храна, која треба да биде замена за поранешната исхрана на тие што сега учат да бидат здравствени реформатори, мора да бидеме многу внимателни и тактични. Потребна е вера во Бога, искрени намери и подготвеност да си помогнеме еден на друг. Исхраната која нема доволно хранлива вредност, нанесува срам на делото на здравствена реформа. Ние сме смртни луѓе и затоа мора да внесуваме храна која правилно ќе го нахрани нашето тело. {9C 161.3}

Крајности во исхраната

Некои од нашиот народ, додека совесно се воздржуваат од земање на нездрава храна, занемаруваат да се снабдат со елементите кои се неопходни за одржување на телото. Тие кои застапуваат такви претерани гледишта за здравствената реформа, се наоѓаат во опасност да подготвуваат блуткави јадења кои воопшто не можат да ги задоволат нивните потреби. Треба да се готват јадења кои ќе бидат хранливи и вкусни. Ним не треба да им недостасува ништо што му е потребно на човечкиот организам. Јас отсекогаш употребував одредена количина сол, бидејќи солта не само што не е штетна, туку напротив е многу неопходна за крвта. Зеленчукот треба да се направи вкусен со малку млеко, кајмак (павлака) или нешто слично. {9C 161.4}

Иако ни се упатени предупредувања во поглед на путерот, кој може да предизвика болест, како и за штетноста на обилната употреба на јајца кај малите деца, сепак не треба да мислиме дека ги кршиме начелата ако јадеме јајца од добро одгледувани и правилно хранети кокошки. Јајцата содржат состојки кои делуваат како лек против одредени отрови. {9C 162.1}

Некои се откажале од млекото, јајцата и путерот и не внесуваат во организмот потребни состојки, така што ослабнале и станале неспособни за работа. Тоа го руши угледот на делото на здравствена реформа. Во делото кое ние настојуваме да го ставиме на здрави темели, настана збрка заради нечии сопствени гледишта кои Бог не ги бара и тоа ја осакатува силата на заедницата. Но Бог ќе се вмеша за да ги спречи последиците на тие претерани сфаќања. Евангелието треба да внесе хармонија во овој грешен свет, собирајќи ги и богатите и сиромашните пред Исусовите нозе. {9C 162.2}

Ќе дојде време кога некои намирници кои денес ги употребуваме, како што се млекото, кајмакот и јајцата, ќе мораме да ги оставиме, но не е потребно да си навлекуваме тешкотии себеси со прерани и претерани ограничувања. Чекајте додека приликите тоа не го бараат и додека Господ го подготви патот за тоа. {9C 162.3}

Тие што сакаат да имаат успех во објавувањето на здравствената реформа, мораат Божјата Реч да ја направат свој водич и советник. Учителите на здравствена реформа ќе имаат успех во својата работа единствено ако постапуваат на тој начин. Никогаш не

смееме да работиме против здравствената реформа со тоа што ќе пропуштаме да користиме здрава и вкусна храна наместо таа што сме ја оставиле. Немојте на било кој начин да поттикнувате желба за надразнувачки средства. Јадете само едноставна и здрава храна и постојано благодарете му на Бога за начелата на здравствената реформа. Бидете искрени и исправни во сè и ќе добиете драгоцени победи. {9C 162.4}

Исхраната во разни земји

Во својата работа против прејадувањето и неумереноста мораме да ги земеме во предвид и условите во кои живее човечкиот род. Луѓето живеат во разни краеви на светот, но Бог за сите подеднакво се погрижил. Тие што сакаат да бидат Божји соработници, мораат да размислат добро пред да одредат кои јадења треба да се јадат, а кои не треба. Мораме да бидеме во тесен допир со луѓето. Ако здравствената реформа во нејзиниот екстремен облик ја препорачуваме на оние на кои околностите не им дозволуваат да ја прифатат, ќе направиме поголема штета отколку корист. И додека го проповедам евангелието на сиромашните, наложено ми е да им кажам да ја јадат онаа храна која е најхранлива. Не можам да им кажам: „Не смеете да јадете јајца, млеко ниту кајмак. Не смеете да подготвувате јадења со путер“. Мораме да го проповедаме евангелието на сиромашните, но сè уште не дошло време во исхраната да се држиме до најстрогите начела. {9C 163.1}

Еден збор до колебливите

Проповедниците кои сметаат дека можат слободно да му попуштаат на својот апетит, нема да ја постигнат вистинската цел. Бог сака тие да бидат здравствени реформатори. Тој сака тие да живеат според светлината што им ја дал за овој предмет. Ме опфаќа тага кога ќе видам дека тие што би требало да бидат ревни поборници на здравствената реформа, сè уште не се обратиле кон правилниот начин на живеење. Се молам на Господа да им покаже каква загуба ќе претрпат заради тоа. Ние би имале двапати поголем успех во работата за Господа, кога во домовите на нашите членови би се постапувало така како што треба. {9C 163.2}

Услови за молитвата да биде услишена

За да се исчистат и да останат чисти, адвентистите на седмиот ден мораат во своето срце и во својот дом да му дадат место на Светиот Дух. Господ ми ја даде оваа светлина; ако денешниот Израел се понизи пред Него и храмот на својата душа го исчисти од секоја нечистотија, Бог ќе ги услиши неговите молитви за болните и ќе ги благослови своите лековити средства употребени против болестите. Кога човечкото орудие со вера ќе преземе сè што може во борбата против болеста, применувајќи ги

едноставните методи на лекување што Бог ги определил, Бог ќе ги благослови неговите напори. {9C 164.1}

Божјиот народ сигурно ќе ги почувствува сите последици на престапот, ако и покрај толкавата светлина што ја примил, и понатаму продолжи да им робува на лошите навики, угодувајќи си себеси и одбивајќи да се реформира. Ако луѓето по секоја цена одлучат да го задоволуваат својот изопачен апетит, Господ нема со никакво чудо да ги спаси од последиците на задоволувањето на апетитот. Тие „ќе лежат во маки“. (Исаија 50:11) {9C 164.2}

Тие што се одлучуваат да бидат вообразени и кажат: „Господ ме исцели, и јас не морам да си поставувам никакви ограничувања во поглед на исхраната; можам да јадам и да пијам што сакам“, набргу повторно ќе им биде потребна исцелувачката Божја сила. Не смеете да мислите како и светот дека можете да им попуштате на своите желби, затоа што Господ милостиво ве излечил. Држете се до налогот што Христос го давал откако ќе ги излекувал болните: „Оди и немој повеќе да грешиш“ (Јован 8:11). Не дозволувајте апетитот да ви биде бог. {9C 164.3}

На Израелците во старо време Господ им дал ветување дека ако цврсто се држат до Него и ги почитуваат сите Негови заповеди, ќе ги сочува од сите болести што ги пуштил на Египет. Тоа ветување било дадено под услов на послушност. Кога Израелците би се покорувале на поуките кои ги добиле и ги користеле своите предности, тие за светот би биле пример за здравје и напредок. Но тие пропуштиле да го остварат Божјиот план и затоа не ги примиле благословите што им биле наменети. Сепак, Јосиф и Даниел, Мојсеј и Илија, како и многу други, даваат прекрасен пример што може човекот да постигне ако во својот живот се држи до исправни навики. Со истата верност кон начелата и денес би се постигнале истите резултати. За нас е запишано: „Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени, за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2:9). {9C 165.1}

Самоодрекување и мир

О, колкумина ги губат толку скапоцените благослови на здравје и духовни дарови кои Бог им ги подготвил! Има многу такви кои со сите сили се трудат да задобијат големи победи и да примат посебна благодат за да можат да направат нешто големо. Тие чувствуваат дека мора постојано да се борат во агонија со молитва и солзи за тоа да го остварат. Овие луѓе ќе најдат мир, ако со молитва ја бараат во Светото Писмо јасната Божја волја и ако ја извршат без било какво воздржување или угодување на себе. Сите тие очајнички напори, борби и солзи нема да им ги донесат благословите за кои копнеат. Тие треба потполно да се одречат од себе. Тие мора да ја вршат задачата која им е доверена, користејќи се со обилните благодети што Бог им ги ветил на сите оние, кои бараат со вера. {9C 165.2}

„Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека оди по Мене“, рекол Исус (Лука 9:23). Да се угледаме на едноставноста и самоодрекувањето на нашиот Спасител. Да го воздигнуваме Човекот од Голгота со тоа

што ќе бидеме свети во зборовите и животот. Спасителот е сосема блиску до оние, кои себе се посветуваат на Бога. Ако некогаш било време Божјиот Дух да делува на нашите срца и живот тоа време е денес. Да се фатиме за таа божествена сила за да живееме живот на светост и самоодрекување. {9C 165.3}

Божјата Реч треба да биде наш учебник. Господ е наш помошник и наш Бог. Да му се обратиме Нему за Тој да ни овозможи да ги оствариме своите планови. {9C 166.1}

ПОВИК ЗА ЗДРАВСТВЕНО-ЕВАНЛГЕСКИ МИСИОНЕРИ

Ракопис читан пред делегатите на Генералната Конференција, Вашингтон, 1. јуни, 1909.

Живееме во последните денови. Крајот на сите нешта мошне се приближил. Знаците што Христос ги прорекол, бргу се исполнуваат. Ни претстојат бурни времиња, но да не изговориме ниту еден збор на неверување или малодушност. Оној кој ги разбира тешкотиите на кои наидуваме, ќе се погрижи на нашите работници во разните места да им даде можност поуспешно да го привлечат вниманието на народот. Тој знае за потребите и желбите на она најслабо создание од Своето стадо и ја испраќа Својата вест на сите патишта, главните и споредните. Тој нè љуби со вечна љубов. Да имаме на ум дека ние ја носиме веста за исцелување на светот, кој е полн со болни души од Гревот. Христова желба и намера е сите ние подобро да се запознаеме со Неговата служба на исцелување и со седиштето на милоста; и Тој нека ја засили нашата вера тоа да го сфатиме. Тој сака светлината на Неговата благодат да заблеска од многу места. {9C 167.1}

Санаториумите како мисионерски центри

Во многу места има души кои сè уште не ја чуле веста. Здравствено-мисионерската работа во иднина мора да се развива со многу поголема ревност. Тоа дело е пат по кој вистината ќе оди во големите градови. Треба да се подигнат санаториуми во многу места. {9C 167.2}

Работата во санаториумите претставува средство со кое најуспешно може да се допре до сите општествени слоеви. Нашите санаториуми се десна рака на евангелието; тие ја отвораат вратата, преку која на напатеното човештво може да се објави радосната вест за исцелувањето преку Христа. Во тие институции болните можат да се научат своите страдања да ги доверат на големиот Лекар, донесувајќи им исцелување и на душата и на телото. {9C 167.3}

Христос не се наоѓа повеќе на овој свет, за како човек да оди низ градовите и селата и да ги лечи болните. Меѓутоа, Тој нам ни оставил должност да ја продолжиме здравствено-мисионската работа што тој ја започнал. Во тој дел мораме да направиме сè што можеме. Мораат да се основаат институции за лекување на болните, во кои мажите и жените кои страдаат од разни болести ќе бидат доверени на грижата на

богобојазливите лекари и медицински браќа и сестри и лекувани без вештачки лекови. {9C 168.1}

Покажано ми е дека делото кое мора да се изврши во поглед на здравствената реформа, не смее да се одложува. Извршувајќи го тоа дело, ние ќе им се приближиме на душите по сите патишта. Дадена ми е посебна светлина дека во нашите санаториуми многу души ќе ја примат сегашната вистина и дека ќе и се покорат. Во тие институции луѓето и жените треба да научат како ќе се грижат за своето телесно здравје и истовремено, како да станат здрави во верата. Ним мора да им се објасни што значи да се зема телото и крвта на Божјиот Син. Христос кажува: „Зборовите што Ви ги кажав, се дух и живот“ (Јован 6:63). {9C 168.2}

Нашите санаториуми мора да бидат училишта во кои ќе се добива знаење за здравствено-мисионската работа. На некои души заболени од гревот, тука им се даваат листови од дрвото на животот кои ќе им го вратат мирот, надежта и верата во Исуса Христа. {9C 168.3}

Господовото дело мора да напредува. Здравствено-мисионската работа, исто како и образовната, мора да напредува. Според мое длабоко уверување, нам многу ни недостасуваат ревни, предани, мудри и способни работници. Во секој голем град треба да се наоѓа претставниш-тво на вистинското здравствено-мисионско дело. Секој денес нека си го постави прашањето: „Господи, што сакаш да направам?“ (Дела 9:6). Господ сака нашите здравствени институции во секој голем град да го истакнуваат Неговиот начин на лекување без вештачки лекови. Бог ќе им даде свето достоинство на тие што секогаш продираат сè повеќе и повеќе, во секое место каде што ќе им се овозможи пристап. Сатаната ќе ја направи нивната работа колку што е можно потешка. Но божествената сила ќе го поддржува секој искрен работник. Водени од раката на нашиот Небесен Татко, ние мора да одиме напред, користејќи ја секоја можност да придонесеме за напредокот на Божјото дело. {9C 168.4}

На сите здравствени мисионери Господ им се обраќа со овие зборови: Одете, работете денес во Моето лозје и спасувајте ги душите. Бог ги слуша молитвите на сите што навистина го бараат. Тој располага со сила, која на сите ни е потребна. Тој го исполнува срцето со љубов, радост, мир и светост. Карактерот мора постојано да се развива. Не смееме да губиме време работејќи спротивно на Божјите цели. {9C 169.1}

Има лекари кои заради поранешните врски со нашите санаториуми сметаат дека е корисно да се населат во близина на тие институции. Тие ги затвораат очите пред големото поле, запоставено и необработено, на кое несебичната работа на мнозина би им донела благослови. Лекарите како мисионери можат да вршат влијание кое воздигнува, облагородува и посветува. Тие што не работат така, ги злоупотребуваат своите способности и го прават она што Господ не го одобрува. {9C 169.2}

Обучување на работници

Ако Господ некогаш зборувал преку Мене, Тој зборува кога кажувам дека работниците кои учествуваат во образовната, проповедничката и здравствено-

мисионската работа мора да делуваат како целина, работејќи под Божји надзор, помагајќи си и благословувајќи се еден со друг. {9C 169.3}

Тие што се поврзани со нашите училишта и санаториуми, мора да работат срдечно и ревно. Делото кое се врши под дејство на Светиот Дух, од љубов кон Бога и човештвото, ќе носи божествен печат и ќе влијае врз човечкиот разум. {9C 170.1}

Господ ја повикува нашата младина да стапи во нашите училишта и што побрзо да се оспособи за служба. Во разни места, надвор од градовите, треба да се основаат училишта каде што младите би добиле воспитување што ќе ги подготви да се посветат на евангелското дело и здравствено-мисионската работа. {9C 170.2}

Мора да му се дозволи на Господ сам да им укаже на луѓето на нивните должности и да влијае на нивниот разум. Никој не треба да се обврзе да служи одреден број на години под управа на една група луѓе или во една одредена гранка на Господовото дело, бидејќи Господ сам ги повикува луѓето, како што некогаш ги повикал понизните рибари, и Тој самиот ќе им даде поуки во поглед на нивното поле на работа и методи со кои ќе се служат. Тој ќе ги повика луѓето од плугот и од други занимања, за на душите кои се на работ на пропаст, да им ја соопштат последната вест на предупредување. Постојат многу начини да се работи за Господарот, и големиот Учител ќе им ги отвори очите на работниците, овозможувајќи им да видат чудесни работи во Неговата Реч. {9C 170.3}

Медицинските браќа и сестри како евангелисти

Христос - големиот здравствен мисионер - е наш пример. За Него е напишано: „И одеше Исус по цела Галилеја, и поучуваше по синагогите, го проповедаше Евангелието на царството и лекуваше секаква болест и немоќ кај народот“ (Матеј 4:23). Тој лекувал болни и го проповедал евангелието. Во Неговата служба учењето и лекувањето биле тесно поврзани. Тоа и денес не смее да се одвојува. {9C 170.4}

Медицинските браќа и сестри кои се обучуваат во нашите институции, мора да се оспособат да работат како здравствени мисионери, со лекувањето на телото да го поврзат и проповедањето на Речта. {9C 171.1}

Светлината што ни е доверена, треба да ја расветли моралната темнина на светот. Кога на таквите на кои денес им се налага во мрак да укажат на Светлината на светот, мнозина ќе разберат дека за нив сè уште постои надеж за спасение. Можеби вашата светилка ќе биде мала, но имајте на ум дека сте ја примиле од Бога и дека Тој ќе ве смета за одговорни ако таа не е запалена. Таа можеби на некого во темнината ќе му го осветли патот, а овој пак со својата светилка и други ќе изведе од темнината. {9C 171.2}

Насекаде околу нас ни се укажуваат можности за служба. Мора да се запознаеме со своите соседи и да се трудиме да ги приведеме кон Христа. Ако работиме на тој начин, Тој тоа секогаш ќе го одобри и ќе соработува со нас. {9C 171.3}

Жителите на градовите во кои работел Христос посакувале Тој да остане кај нив и да продолжи со работата меѓу нив. Но Тој обично би им рекол дека мора да отиде во места чиишто жители сè уште не ја чуле вистината, на која Тој мора да им укаже. Откако во еден град би ја изнел вистината на луѓето, би ги оставил да се развиваат во

тоа што го примиле, а Тој заминувал во друго место. Оние на кои Тој го предал Своето дело, мораат денес да се угледуваат на Неговиот начин на работа. Мора да одиме од место во место и да ја проповедаме веста. Штом ќе ја објавиме вистината во едно место, мораме да одиме да предупредуваме и други. {9С 171.4}

Треба да се организираат и темелно да се обучуваат поедини групи на работници кои ќе работат како медицински браќа и сестри, евангелисти, проповедници, колпортери, евангелски ученици и ќе го усовршуваат карактерот според Божјиот пример. Денес наша цел мора да биде да се подготвиме за добивање на повисоко образование во небесното училиште. {9С 171.5}

Благодарение на поуките што Господ одвреме навреме ни ги дава знам дека треба да се оспособат работници кои ќе учествуваат во здравствено-евангелската работа по градовите и селата. Тие што учествуваат во таквата работа ќе пожнеат богата жетва на души од повисоките и од пониските слоеви. Верните колпортери со своите напори најдобро го подготвуваат патот за тоа дело. {9С 172.1}

Многу ќе бидат повикани да учествуваат во работата од куќа до куќа, да даваат библиски часови и да се молат со оние кои се заинтересирани. {9С 172.2}

Нашите проповедници кои добиле искуство во проповедањето на Божјата Реч нека ги научат принципите на едноставното лекување и нека работат разумно како здравствено-евангелски мисионери. {9С 172.3}

Денес се потребни работници - евангелско-здравствени мисионери. Немојте да дозволите цели години да поминат во подготовка. Денес отворената врата за вистината наскоро засекогаш ќе се затвори. Денес морате да ја објавувате веста. Немојте да чекате и немојте да му дозволите на Непријателот да ги заземе полињата кои денес се отвораат пред вас. Нека мали групи тргнат на работа која Христос им ја наменил на Своите ученици. Членовите на тие групи треба да работат како евангелисти, ширејќи ги нашите публикации и зборувајќи за вистината со оние во кои доаѓаме во допир. Тие можат да се молат за болните, грижејќи се за нивните потреби, употребувајќи не вештачки туку природни лекови, поучувајќи ги како да оздравуваат и да ги избегнат болестите. {9С 172.4}

ЕВАНГЕЛСКИОТ КОЛЕЏ ВО ЛОМА ЛИНДА

Ракопис читан пред делегатите на Генералната Конференција, Вашингтон, 1. јуни, 1909.

Додека присуствував на Генералната конференција во Вашингтон во 1905 година, добив писмо од Џ.А. Барден за некој посед што го нашол на околу четири милји од Редлендс. Читајќи го писмото, сфатив дека е тоа е едно од местата што ги видов во видение и веднаш му телеграфирав да го купи тој посед без колебање. Подоцна, кога го посетив тоа место, веднаш го препознав, бидејќи отприлика две години претходно го видов во видение. Колку сум му благодарна на нашиот Господ Бог за тоа место! {9С 173.1}

Една од главните предности на Лома Линда е пријатната разновидност на мошне убавата околина. Погледот на долината и планината е величествен. Меѓутоа, поважно од величествената околина, убавите згради и пространства е тоа што институцијата се наоѓа непосредно во близина на една густо населена област; на тој начин на мнозина им се дава можност да дознаат за Третата ангелска вест. Мораме да имаме јасно духовно сфаќање, инаку нема да го забележиме влијанието на Божјото Провидение што ни го отвора патот за да го осветлиме светот. {9C 173.2}

Со оглед на тоа што поседуваме едно такво место, на нас лежи сериозна одговорност работата во таа институција да добие воспитно обележје. Лома Линда треба да биде не само санаториум, туку и образовен центар. Тука треба да се основа училиште за воспитување на здравствено-евангелски мисионери. Ова дело опфаќа многу нешта и мошне е важно почетокот да биде добар. Господ ќе изврши особено дело во тоа поле. Тој ме упати да се обратиме за помош на старешината Хаскел и Неговата сопруга за правилно да пристапиме на делото слично на она што тие го спровеле во Авондејл. Овдешните искусни работници се согласија своите напори да ги соединат со напорите на работниците во Лома Линда, за да се организира училиште, кое таму секако мора да се основа. Кога со вера ќе тргнат напред, Господ ќе оди пред нив, подготвувајќи им го патот. {9C 173.3}

Што се однесува до училиштето, би сакала да го кажам ова: На обучувањето на медицински браќа и сестри и лекари треба да се посвети посебно внимание. Во здравствено-мисионерските школи треба да се оспособат многу работници, кои со спретноста на лекарите ќе делуваат како здравствено-евангелски мисионери. Таквата обука, што ја одредил самиот Господ, е во согласност со начелата на вистинското возвишено образование. Многу слушаме за возвишеното образование. Меѓутоа, за човек да добие највисоко образование тој мора да оди по Христовите стапки; таквото образование мора да биде прилагодено на примерот што Тој го дал кога бил на овој свет. Повозвишено образование од тоа не би можеле да добиеме; само со помош на таквото образование луѓето стануваат работници заедно со Бога. {9C 174.1}

Да се има возвишено образование значи да се одржува жива врска со Христа. Спасителот ги повикал необразованите рибари да ги напуштат своите чамци и мрежи и ги водел со себе додека одел од место до место, поучувајќи ги луѓето и грижејќи се за нивните потреби. Седејќи на падинката на гората или на некоја височинка, Тој ги собирал Своите ученици околу себе и им давал поуки, и набргу стотици и стотици луѓе би пристапувале да ги слушаат Неговите зборови. Има многу мажи и жени кои мислат дека знаат сè што вреди да се знае, додека всушност мошне им е потребно понизно да седат понизно крај Исусовите нозе и да го слушаат Оној кој го дал Својот живот за да го откупи паднатиот свет. На сите нам ни е потребен Христос - Оној што ги оставил величествените дворови, ја одложил Својата царска наметка и круна, го напуштил величенственото небо и зел обличје на човек. Божјиот Син дошол на овој свет како мало бебе, за да помине низ сите искуства низ кои може да помине едно човечко суштество, и да сфати како може да му помогне. Тој ги познава и потребите на малите деца. За време на својата земна служба, Тој никогаш не се согласувал со тоа на децата да им се забрани да пристапуваат кон Него. Христос им рекол на Своите ученици:

„Немојте да им браните да доаѓаат кај Мене, зашто на таквите е царството небесно“. {9С 174.2}

Во работата во училиштето треба да владее едноставност. Нема посилен доказ во корист на исправното воспитување, од успехот кој е токму плод на едноставноста. Успехот во подготвувањето на учениците за здравствено-мисионска работа може да се оствари и без медицински школи, кои оспособуваат лекари кои можат да се натпреваруваат со лекарите од овој свет. На учениците треба да им се овозможи и даде практично образование. Колку помалку се потпирате на световните методи на образование, тоа толку подобро ќе биде за учениците. Посебно внимание треба да се посвети на добивање на знаење за лекување на болни без употреба на отровни лекови, во согласност со светлината што ни ја дал Бог. При лекувањето на болните не мора да се употребуваат отровни лекови. Учениците треба да излезат од училиштата, не жртвувајќи ги начелата на здравствената реформа, ниту својата љубов кон Бога и праведноста. {9С 175.1}

Тие што сакаат здравствено-мисионерската работа во врска со Третата ангелска вест да биде делотворна, мораат многу помалку да го ценат образованието што одговара на погледите на овој свет. Нивното образование треба да биде основано врз совеста; доколку совесно и верно се придржуваат на правилните методи при лечењето на болните, тие методи ќе бидат прифатени како позгодни од оние на кои мнозина се навикнале, а кои бараат употреба на отровни лекови. {9С 175.2}

Во ова време не треба да се обидуваме да се натпреваруваме со световните медицински училишта. Кога така би постапувале, нашите изгледи за успех би биле мошне мали. сега не сме во можност со успех да основаме големи здравствени училишта. Освен тоа, кога би се придржувале на световните методи во лекарската пракса, барајќи големи надоместоци како што бараат световните лекари за своите услуги, ние би се оддалечиле од планот што го определил Христос за нашата служба кон болните. {9С 175.3}

Во нашите санаториуми нека се најдат разумни мажи и жени кои ќе даваат поуки за Христовите методи во службата. Благодарение на поуките на способните и посветени учители, младите мажи и жени можат да станат соучесници во божествената природа и да научат како да ја избегнат расипаноста што постои во овој свет среде попуштањето на телесните желби. Ми беше покажано дека ни се потребни многу повеќе жени кои нарочно ќе се посветат на лекување на женските болести, многу повеќе медицински сестри кои болните ќе ги негуваат на едноставен начин, без употреба на отровни лекови. {9С 176.1}

Според дадените поуки на Синај, лекарот не треба да ја врши работата на акушерките. Библијата зборува дека на жените при пораѓањето треба да им помагаат жени, и така треба да биде секогаш така. За лекување на женски болести и должности на акушерки треба да се обучат и оспособат жени. Тоа е Божји план. Жените треба да се обучат за да можат разумно да ги лечат болните жени. Би требало да има школа за лекарки кои ќе даваат сè од себе при лекувањето на заболените жени. Ние како народ мораме да придаваме особено значење на лекарскиот повик. {9С 176.2}

Во Лома Линда располагаме со корисен центар за изведување на различни мисионерски потфати. Гледаме дека Божјото Провидение го ставил тој санаториум во

рацете на нашиот народ. Мораме да имаме на ум дека самиот Господ ја предвидел Лома Линда како место што ќе ни биде потребно, и дека Тој самиот ни го дал. Мора да се изврши мошне значајно дело во врска со санаториумот и училиштето во Лома Линда; и тоа дело навистина ќе биде остварено ако сите работиме на тоа, ако сложно напредуваме според Божјиот план. {9C 176.3}

Во Лома Линда мнозина можат да добијат знаење што им е потребно за да можат да работат како мисионери и да ги шират начелата на здравјето и умереноста. Треба да се подготват наставници за многу гранки на Божјото дело. Треба да се основаат училишта во места во кои уште ништо не е направено. Мисионерите нека заминуваат во други држави во кои досега се работел малку. Мора да се изврши делото на објавување на начелата на здравствената реформа. Нека Бог ни помогне да бидеме мудри како народ. {9C 177.1}

Јас чувствував длабок интерес за тоа добро да се проучи што сè е потребно да се направи за нашите институции во Лома Линда, и во сè исправно да се постапува. За делото во тоа место да напредува, потребни се надарени луѓе, полни со Дух. За едукатори треба да се земат најдобри наставници, мажи и жени кои ќе бидат претпазливи во својата работа и целосно ќе се потпираат на Господа. Ако учителите на здравственото поле работат во Божји страв, делото ќе биде објавено со успех. Со Христа како учител, ние ќе постигнеме висок степен на знаење во исправната наука за исцелување. {9C 177.2}

Најзначајно е учениците да бидат поучени како правилно да ги прикажат начелата на здравствената реформа. Поучете ги верно да го проучат ова прашање, заедно со останатите неопходни гранки на образованието. Христовата благодат ќе им даде мудрост на сите оние кои се управуваат според Божјиот план за вистинското образование. Учениците постојано нека се угледуваат на примерот на Оној кој го откупил човечкиот род со големата цена на сопствениот живот. Нека се обратат на Спасителот и нека имаат доверба во Него, зашто Тој лекува од секоја болест. Господ сака работниците да се потрудат на болните и тие што страдаат да им укажат на Големиот Лекар кој го создал човечкото тело. {9C 177.3}

Би било добро нашите училишта за христијански работници да се подигаат покрај нашите здравствени институции, за учениците да можат да се поучат и во начелата за здрав начин на живеење. Колку само се значајни оние институции кои испраќаат во светот работници кои ќе бидат во состојба да ги изнесат причините за својата вера која делува преку љубовта и ја чисти душата. Мене ми е даден јасен налог дека училиштата треба да се подигаат во близина на санаториумите, за едната институција да биде од помош и сила за другата. Оној што го создал човекот, се грижи за оние кои страдаат. Тој нè упатил да отвораме училишта при нашите санаториуми, за тие да станат силни центри, каде мажите и жените ќе се обучуваат како да му помогнат на напатеното човештво. {9C 178.1}

Адвентистите на седмиот ден како здравствени работници, мораат да имаат на ум дека Господ Бог семоќниот владее над сите нешта. Христос бил најголем лекар кој кога и да е чекорел на оваа од грев проколната земја. Господ сака Неговиот народ да дојде кај Него и од Него да прими исцелувачка сила. Тој ќе ги крсти со Својот Свет Дух

и ќе направи да станат благослов за сите оние на кои им е потребно духовно и телесно исцелување. {9С 178.2}

Отсек Пет

ДУХ НА ЕДИНСТВО

„За сите тие да бидат едно“ Јован 17:21.

ЕДИНСТВО ПОМЕЃУ ПРИПАДНИЦИТЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ НАРОДОНСТИ

„Кој е жеден, нека дојде при Мене да пие“. „А кој пие од водата, што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедне: таа во него ќе стане извор на вода, што ќе тече во вечен живот“ (Јован 7:37; 4:14). {9С 179.1}

Самите ќе бидеме виновни ако, и покрај овие ветувања, останеме жедни и овенеме среде недостаток на живот. Ако се обратиме кон Христа, простодушно како што детето се обраќа кон своите земни родители, и побараме од Него она што го ветил, верувајќи дека ќе примиме, ќе ни биде. Кога сите би верувале онака како што би требало, Бог со Својот Дух многу повеќе би ги благословил состаноците. Се радувам што остануваат уште неколку дена од нашиот состанок. сега се поставува прашање: Ќе сакаме ли да пристапиме на изворот и да пиеме? Дали учителите на вистината ќе одат напред со својот пример? Бог ќе направи за нас големи работи ако со вера се потпреме на Неговата Реч. О, кога овде би можеле да видиме како сите срца во понизност се приклонуваат пред Бога! {9С 179.2}

Уште од почетокот на состанокот чуствував незапирлива потреба да зборувам за верата и љубовта. Пред сè затоа што ова сведоштво ви е потребно. Некои од луѓето кои влегоа во ова мисионерско поле почнаа да зборуваат: „Вие не го разбирате францускиот народ, вие не ги разбирате Германците. Со нив мора да се работи така и така!“ {9С 179.3}

Но јас прашувам: Дали Бог ги разбира? Не е ли Тој оној кој на Своите слуги им дава вест да ја однесат на народот? Бог точно знае што на луѓето им е потребно и затоа ако веста доаѓа директно од Него преку Неговите слуги до народот, таа ќе го изврши делото за што е испратена и ќе ги соедини сите во Христа. Иако едни можат да бидат Французи, други Германци, а трети Американци, сепак сите можат да станат едно и слични на Христа. {9С 180.1}

Еврејскиот храм бил изѕидан од делкан камен откорнат од планинските карпи: секој камен бил изделкан, измазнет и испитан пред да го донесат во Ерусалим и да се вгради на одредено место во храмот. И кога сѐ така е подготвено, донесено на градилиштето, градбата била подигната без да се слушне ниеден удар на секирата ниту чеканот. Оваа зграда го претставува Божјиот духовен храм, кој се гради од материјал присобран од сите народи и јазици, од сите слоеви, ниски и високи, од богати и сиромашни, учени и неучени. Тоа не се мртви работи кои се обработуваат со чекан и длето. Тоа се живи камења, кои вистината ги одделила од светот и кои сега големиот Градител, Господарот на овој Храм, ги делка и измазнува, за секој камен да го заземе своето место во духовниот храм. Кога ќе биде довршен во сите свои делови, ќе му се восхитуваат и ангелите и луѓето, бидејќи Ѕидар и Творец му е самиот Бог. {9С 180.2}

Нека никој не мисли дека не му е потребно никакво усовршување. Ниту една личност, ниту еден народ не е совршен во секоја своја постапка и секоја помисла. Секој мора по нешто да научи од другиот. Според тоа, Бог сака различните народности тесно да се поврзат, подеднакво да расудуваат и да се стремат кон една иста цел. Тогаш ќе се покаже единство кое е во Христа. {9С 180.3}

Јас речиси се плашев да дојдам во оваа земја, затоа што многу зборуваа дека народностите на Европа се нешто посебно и дека мора да им се пристапи на посебен начин. Меѓутоа, Божјата мудрост им е ветена на оние кои знаат дека таа им е потребна и кои ја бараат. Допуштете Господ да го земе во свои раце вашиот ум, за да го оформи како што грнчарот ја оформува глината, и сите разлики ќе ги снема. Угледајте се на Исуса, браќа; угледајте се на Неговите постапки и Неговиот дух и нема да имате никакви потешкотии да им пристапите на тие разновидни слоеви. Немаме ние пет-шест примери на кои треба да се угледаме, туку само еден – а тоа е Исус Христос. Ако браќата Италијанци, браќата Французи и браќата Германци се трудат да бидат како Него, нивните нозе ќе стојат на истиот темел на вистината; ист дух ќе биде во сите нив - Христос во нив, надежта на славата. Ве предупредувам, браќа и сестри, да не подигате ѕид на поделба помеѓу различните народности. Напротив, трудете се да го урнувате ѕидот каде и да постои тој. Мораме да настојуваме сѐ што е во Исуса да биде хармонично, да се залагаме за истата работа - за спасување на нашите ближни. {9С 181.1}

Дали, драги мои браќа проповедници, ќе се држите цврсто за богатите Божји ветувања? Дали ќе го потиснете своето јас и ќе му дозволите на Исуса да го заземе првото место? Вашето јас мора да умре за Бог да може да делува преку вас. Се чувствувам вознемирено кога ќе видам дека Тука и таму се појавува тоа јас. Ви кажувам во името на Исуса Назареецот, дека вашата волја мора да умре, дека таа мора да стане она што е Божја волја. Бог сака да ве претопи и исчисти од секаква нечистотија. Големо дело мора да се изврши за вас, за да можете да се исполните со Божјата сила. Ве преколнувам да се приближите кон Бога за да ги примите Неговите благослови пред да се заврши овој состанок. {9С 181.2}

Овде се наоѓаат и такви кои ги осветлила голема светлина, во вид на предупредувања и укори. Кога некој ќе се укори, непријателот се труди во тој кој е укорен да предизвика желба за човечко сожалување. Затоа ве предупредувам да се

чувате во своето настојување да се воздигнете, барајќи наклонетост од другите и присетувајќи се на своите некогашни искушенија, повторно да не паднете во истите грешки. Господ Своите заблудени деца Често ги доведува во иста положба; Меѓутоа, ако тие воопшто не се осврнуваат на предупредувањата од Неговиот Дух, ако не се обратат по сите прашања во кои грешеле, Тој на крајот ќе ги препушти на нивните слабости. {9С 182.1}

Ве преколнувам, браќа, пристапете му на Христа и пијте, пијте слободно од водата на спасението. Немојте да се потпирате на сопствените чувства. Немојте да мислите дека верата е сентименталност. Ослободете се од секоја човечка потпирка и потпрете се на Христа. Морате да се подготвите за делото на спасување на души. Вашите зборови и постапки влијаат на други и за тоа влијание ќе полагате сметка на Господовиот ден. Исус кажува: „Ете, ти дадов врата отворена, и никој не може да ја затвори“ (Откровение 3:8). Од таа врата блеска светлина и наше право е да ја примиме, ако сакаме. Да ги насочиме своите очи кон таа врата и да се потрудиме да прифатиме сè што Христос сака да ни даде. {9С 182.2}

Секој мора да поведе решителна борба за да го совлада гревот во сопственото срце. Тоа понекогаш е мошне болно и обесхрабрувачко, бидејќи кога ќе видиме изопаченост во својот карактер, ние и понатаму насочуваме поглед во нив, наместо да го насочуваме погледот во Исуса и да се облечеме во облеката на Неговата праведност. Секој кој ќе влезе низ бисерната врата пред Божјиот град, ќе влезе како победник а Негова најголема победа е победата над самиот себе. {9С 182.3}

„Затоа ги преклонувам своите колена пред Таткото на нашиот Господ Исус Христос, од Кого се именува секој род на небесата и на земјата, да ви даде, по богатството на Својата слава, сила, да се утврдите преку Неговиот Дух во внатрешниот човек, и преку ве- рата Христос да се всели во вашите срца, та вкоренети и утврдени во љубовта, да можете да разбирате со сите светии, што е ширина и должина, што е длабочина и височина, и да ја узнаете Христовата љубов, што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета Божјата полнота“ (Ефесјаните 3:14-19). {9С 183.1}

Како Божји помошници, драги браќа и сестри, потпрете се целосно на раката на Семожниот. Залагајте се за единство, залагајте се за љубов и ќе станете сила во светот. {9С 183.2}

ЕДИНСТВО ВО ИСУСА ХРИСТА

Лома Линда, Калифорнија, 24 август 1905.

До нашите браќа поврзани со издавачката дејност во колеџот Видик-

Додека присуствував на состанокот на советот на Генералната Конференција, кој беше одржан во септември 1904. година, многу размислував за единството кое мора да го следи нашето дело. Немав можност да присуствувам на сите состаноци, но во текот на ноќта ми беше покажано сè, и јас почувствував дека морам да објавам една вест на нашиот народ во многу места. {9С 184.1}

Ме боли срцето кога ќе видам дека се задоволуваме со тоа да останеме џуџиња во Христовото дело, додека постојат толку начини своите сили и способности да ги развиваме до најголем степен. Бог сака сите Негови работници да се развијат во потполно зрели мажи и жени во Христа. Каде што има животни сили, таму ќе има и развој; развојот сведочи за постоење на животни сили. Зборовите и делата за светот претставуваат живо сведоштво за тоа што сè може да направи христијанството за Христовите следбеници. {9С 184.2}

Кога својата должност ја вршите без расправии и не се занимавате со критикување на своите ближни, вашето дело ќе биде проникнато со слобода, светлина и сила кое ќе даде обележје и влијание на институциите и зафатите во кои работите. {9С 184.3}

Имајте на ум дека нема да постигнете многу, ако сте вознемирени и земате на себе товар да ја поправите секоја душа која ќе ви се приближи. Ако паднете во искушение да ги критикувате другите, да укажувате на нивните грешки и да го рушите она што тие го sидаат, тогаш тоа е сигурен доказ дека својата должност не ја вршите благородно и добро. {9С 184.4}

Дојдено е време кога секој кој се наоѓа на одговорна положба и секој член во црквата мора сите свои постапки да ги доведе во потполна хармонија со учењето на Божјата Реч. Со неуморна будност, срдечна молитва, христијански зборови и дела мораме да му покажеме на светот каков е Божјиот идеал за Неговата црква. {9С 185.1}

Христос - Царот на славата и Величеството на небото - видел од Својот возвишен престол во каква состојба се наоѓаат луѓето. Тој почувствувал сожалување кон човечките суштества потонати во слабости и гревови и дошол на Земјата за да открие што значат луѓето за Бога. Напуштајќи ги царските дворови и облекувајќи го Своето Божество во обличје на човек, Тој дошол на овој свет заради нас да изгради совршен карактер. Тој не го побарал Својот престој меѓу богатите на земјата. Се родил во сиромаштија, од скромни родители, и живеел во презрениот Назарет. Кога пораснал доволно и можел да раководи со алатот, го понел и товарот за издржување на семејството. {9С 185.2}

Христос се понизил и се ставил на чело на човештвото, за да се соочи со искушенијата и помине низ неволјите низ кои поминуваат човечките суштества. Морал да го вкуси сето она што луѓето можеле да го очекуваат од паднатиот непријател, за да може да им помогне на искушаните. {9С 185.3}

И Христос станал наш Судија. Таткото не е Судијата. Ниту ангелите ја немаат таа улога. Оној што земал човечко обличје и во овој свет живеел совршен живот, Тој ќе ни суди. Само Тој може да биде наш Судија. Имајте го ова на ум браќа, вие проповедници, и вие татковци и мајки. Христос земал човечка природа за да може да биде наш Судија. Никој од нас не е поставен да им биде судија на другите. Најдобро што можете да направите е да се дисциплинирате себеси. Ве преколнувам во Христовото име да им се покорите на упатите кои Тој ви ги дава, никогаш не заземајќи место на судија. Од ден во ден во ушите ми одекнуваше веста: „Симнете се од судските столици. Симнете се во понизност”. {9С 185.4}

Никогаш не било толку важно како што е денес да се одречеме од самите себеси и секој ден да го носиме крстот. Во колкава мера сме подготвени да се одречеме од себеси и од своето јас? {9С 186.1}

Живот на благодат и мир

Во првата глава на второто Петрово послание ќе го најдете ветувањето дека ќе ви се умножи благодатта и мирот ако „додадете кон својата вера добродетел, а кон добродетелта разум, кон разумот воздржување, кон воздржувањето трпение, кон трпеливоста побожност, кон побожноста братољубивост, кон братољубивоста љубов“ (2. Петрово 1:5-7). Овие доблести се чудесна ризница. Благодарение на нив „човекот ќе вреди повеќе од чисто злато, повеќе од офирско злато“ (Исаија 13:12). {9C 186.2}

„Оти, ако овие добродетелства ги има во вас и се умножуваат, тие нема да ве остават празни, ниту бесплодни во познавањето на нашиот Господ Исус Христос“ (2. Петрово 1:8). {9C 186.3}

Зар нема да се потрудиме што подобро да го искористиме ова малку време што ни преостанува во овој живот, напредувајќи во благодатта и силата, покажувајќи му на светот дека изворот на нашата сила се наоѓа горе на небото? Христос кажува: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата“ (Матеј 28:18). Заради кого Му е дадена таа власт? - Заради нас. Тој сака да сфатиме дека Тој се вратил на небото како наш Постар Брат и дека неограничената власта што Му била дадена и нам ни е ставена на располагање. {9C 186.4}

Оние кои во својот живот ги применуваат поуките дадени на црквата преку апостол Петар, ќе добијат власт одозгора. Мораме да живееме според Божјиот план, Трудејќи се со сите сили да го зајакнеме својот позив и избор. Ние го претставуваме Христа со тоа што го зборуваме или правиме. Мораме да живееме со Неговиот живот. На начелата со кои Тој самиот се раководел, и ние мораме да го основаме својот став кон оние со кои доаѓаме во допир. {9C 186.5}

Кога цврсто ќе се потпреме на Христа, тогаш имаме власт и сила која ниедно човечко суштество не може да ја одземе. Зошто е тоа така? - Затоа што сме соучесници во божествената природа. Затоа што сме ја избегнале расипаноста која владее во светот заради телесните желби - учесници во природата на Оној што дошол на оваа Земја облечен во човечка природа, за да стане поглавар на човечкиот род и изгради карактер без ниедна дамка на грев. {9C 187.1}

Зошто мнозина меѓу нас се толку слаби и неделотворни? Затоа што го насочуваме погледот само на себе, затоа што го проучуваме сопствениот карактер, затоа што се трудиме да си направиме место за себе, за својата личност и за своите особини, наместо да го проучуваме Христа и Неговиот карактер. {9C 187.2}

Браќата кои би можеле сложно да работат кога би учеле од Христа, заборавајќи дека се Американци или Европејци, Германци или Французи, Швеѓани, Данци или Норвежани, сметаат дека би изгубиле нешто што е својствено за нивната земја и народност и би станале нешто сосема друго кога би се измешале со другите народности. {9C 187.3}

Драги браќа, сето тоа треба да се остави на страна. Немаме право своите мисли да ги насочуваме на себе самите, на своите склоности и гледишта. Не смееме да се трудиме да ги сочуваме сопствените особини, својата личност, својата индивидуалност, ако тоа би нѐ одвојувало од нашите соработници. Наша должност е

во себе да го сочуваме само карактерот, и тоа Христовиот карактер. Ако го имаме Христовиот карактер, можеме заеднички да се посветиме на Божјото дело. Христос во нас ќе се спои со Христа во нашите браќа, а Светиот Дух ќе ни го даде она единство на срцата и делувањето кое му сведочи на светот дека сме Божји деца. Господ нека ни помогне нашето јас да умре и повторно да се родиме, за Христос да живее во нас како живо, делотворно начело, како сила која ќе нè одржува свети. {9С 187.4}

Залагајте се за единство. Молете се и тежнејте за него. Тоа ќе ви донесе духовно здравје, возвишеност на мислите, благородност на карактерот, наклонетост кон она што е небесно; ќе ве оспособи да ја совладате себичноста и злите претпоставки и да станете повеќе отколку победници, преку Оној кој Ве љуби и кој се жртвувал заради вас. Распнете го своето јас, почитувајте ги другите повеќе отколку самите себе. Така ќе станете едно со Христа. Пред небесната вселена, пред црквата и пред светот, вие ќе дадете несоборливи докази дека сте Божји синови и ќерки. Со својот пример вие ќе го славите Бога. {9С 188.1}

Делувањето на чудесната сила која ги спојува срцата на Божјиот народ во христијанска љубов треба да го увидат оние кои не се во верата. Тие треба да увидат дека Господовиот народ престојува на небото во Христа. Зар нема со својот живот да дадете докази за тоа што може да направи Божјата вистина за сите кои го љубат и кои Му служат? На Бога му е познато што вие можете да станете. Тој знае што може Неговата благодат да направи за вас ако сакате да станете соучесници во божествената природа. {9С 188.2}

ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО КОЛЕЏОТ ВИДИК

Лома Линда, Калифорнија, 24. август 1905.

Ги ценам напорите кои се вложувани во колеџот Видик да се развие издавачка дејност на германски и скандинавски јазик. Се надевам дека ќе бидат изработени планови кои ќе ја поттикнат и прошират таа работа. {9С 189.1}

Целиот товар на ова дело не смее да се префрли на браќата од странство. Исто така не би требало нашите се наоѓаат во првите редови и да направат сè браќа од цел свет премногу да ги оптоварат Области во близината на колеџот Видик. Навистина членовите на тие Области мора да што е во нивна моќ, но сите треба да им помогнат. Вистината мора да се објави на секое племе, јазик, колено и народ. {9С 189.2}

Нашите браќа Германци, Данци и Швеѓаните немаат никаква причина да не соработуваат сложно во издавачката дејност. Тие што веруваат во вистината, мораат да имаат на ум дека се Божји деца - дека се под Негово раководство. Нека му бидат благодарни на Бога, на Неговата многукратна милост и нека бидат љубезни еден кон друг. Тие имаат еден Бог и еден Спасител, а заедничкиот Дух -Христовиот Дух ќе внесе слога во нивните редови. {9С 189.3}

По своето воскресение, Христос се вознел на небото и Тој денес ги изнесува нашите потреби пред Бога. Тој кажува: „Ете те врежав во Своите дланки“ (Исаија 49:16). А тоа скапо го чинело. Поднел неискажливи маки. Ако сме љубезни и учтиви,

нежни и милостиви, стотина ќе се обратат и ќе ѝ пристапат на вистината таму каде што сега има само еден. Меѓутоа, иако тврдиме дека сме се обрататиле, ние во себе го носиме своето јас, кое го сметаме премногу драгоцено за да се откажеме од него. Наше предимство е да го положиме овој товар пред Христовите нозе и на негово место да го земеме карактерот сличен на Христа. Спасителот чека ние да го направиме тоа. {9С 189.4}

Сето тоа Тој го направил за на луѓето да им даде сила со која ќе можат да победат. Тој кажува: „Ми се даде секаква власт“ (Матеј 28:18). И таа власт Тој ја дава на сите оние кои одат по Него. Тие треба да му покажат на светот дека постои сила во Христовата вера за човекот кој настојува да се победи себеси. {9С 190.1}

„Поучете се од Мене,“ кажува Христос, „и ќе најдете мир за вашите души“ (Матеј 11:29). Зошто секој ден не учиме од Спасителот? {9С 190.2}

Зошто не живееме во постојана заедница со Него, за во меѓусебните односи да можеме да зборуваме и постапуваме со љубов и учтивост? Зошто не го славиме Господа покажувајќи нежност и љубов еден кон друг? Ако зборуваме и постапуваме во согласност со небесните начела, во дружењето со нас, неверниците ќе бидат привлечени кон Христа. {9С 190.3}

Христовиот став кон прашањето на народностите

Христос не признавал никакви разлики во поглед на националната, класната и верската припадност. Книжевниците и фарисеите сакале само тие и нивниот народ да ги користат небесните дарови, а тоа да им го скратат на останатите членови на Божјото семејство во светот. Меѓутоа, Христос дошол да го сруши секој ѕид на поделба. Тој дошол да покаже дека дарот на Неговата милост и љубов им ја дава на сите, исто така неограничено како и воздухот, светлината и дождот кој ја натопува земјата. {9С 190.4}

Христос со Својот живот основал вера во која нема привилегирана група, вера која и Евреите и незнабошците, и слободните и робовите ги поврзува во братство на еднакви луѓе пред Бога. Тој не се осврнувал на политички прашања. Не правел разлика помеѓу соседот и странецот, помеѓу пријателот и Непријателот. На Неговото срце му била драга секоја душа која копнеела за водата на животот. {9С 191.1}

Тој не одминал ниту едно човечко создание како безвредно, туку се стремел да даде лек на секоја душа. Во било какво друштво да се наоѓал, Тој секогаш давал поуки во согласност со времето и приликите. Секоја неправда или навреда која луѓето би ја нанесувале на друг, само уште повеќе би Го зацврстувала во уверувањето дека Неговото божествено-човечко сочувство навистина им е потребно. Се трудел да им влее надеж и на најзакоравените и најизопачените, уверувајќи ги дека можат да станат чисти и незлобни, дека можат да развијат таков карактер кој ќе сведочи дека станале Божји деца. {9С 191.2}

Сигурен темел

„Затоа, браќа“, кажува апостол Петар, „уште повеќе Настојувајте да го зајакнете вашиот позив и избор, оти, ако го вршите тоа, никогаш нема да погрешите, бидејќи на таков начин ќе ви се овозможи слободен влез во вечното царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос“ (2. Петрово 1:10,11). {9С 191.3}

Пред многу години, додека бројот на тие што веруваа во скорото Христово доаѓање беше мошне мал, адвентистите на седмиот ден во Топсем, во државата Мејн се собираа на молитва во пространата кујна на братот Стокбриџ Хауленд. Едно саботно утро братот Хауленд го немаше. Тоа нè изненади, зашто секогаш беше мошне точен. Нешто подоцна тој се појави со лице осветле-но со Божја слава. Браќа, кажа тој, пронајдов. Пронајдов како треба да се постапува за сигурно да се оствари ветувањето на Божјата Реч: „Зашто правејќи го тоа никогаш нема да погрешите“. Сега ќе ви кажам што е тоа. {9С 191.4}

Тогаш тој ни раскажа како на еден брат, сиромашен рибар, му се причинило дека останатите браќа не го почитуваат колку што би требало и дека братот Хауленд и останатите мислат дека се над него. Тоа не беше точно, но Нему така му се чинело и неколку седмици не доаѓаш на богослужение. Затоа братот Хауленд отишол кај него, клекнал пред него и рекол: „Брате мој, прости ми. Што ти направив?“ Човекот го фатил за рака Трудејќи се да го подигне. „Но“, рекол братот Хауленд, „што имаш против Мене“? Немам ништо против тебе. „Но мора нешто да имаш“, повторно рекол братот Хауленд, „зашто некогаш убаво зборувавме еден со друг, а сега ти веќе воопшто не сакаш да зборуваш со Мене, а јас сакам да знам во што е работата“. {9С 192.1}

Стани, брате Хауленде, рекол рибарот. „Не сакам“, одговорил братот Хауленд. „Тогаш јас ќе клекнам“, рекол тој, потоа паднал на колена и признал колку бил детинест и колку зли претпоставки негувал во себе. „Јас сега сето тоа ќе го отфрлам“, рекол тој. {9С 192.2}

Лицето на братот Хауленд блескаше со Господова слава додека го зборуваше ова. И само што заврши, се појави рибарот со своето семејство и нашиот состанок беше прекрасен. {9С 192.3}

Да претпоставиме дека некој од нас мора да ја примени таа иста метода како и братот Хауленд. Ако некој од нашите браќа се сомнева во нас, да отиде-ме кај него и да му кажеме: „Прости ми ако нешто сум те навредил“. Со тоа би ја скршиле маѓепсничката моќ на сатаната и би го ослободиле својот брат од неговите искушенија. Немојте да дозволите било што да се испречи помеѓу вас и вашите браќа. Ако е можно со некоја жртва да ги разбиете сите нивни сомнежи, направете ја таа жртва, разбијте ги сите нивни сомнежи, направете ја таа жртва. Бог бара да се сакаме еден со друг како браќа. Тој бара да бидеме милостиви и љубезни. Тој сака да се воспитуваме самите себе во уверувањето дека нашите браќа нè сакаат и дека Христос нè сака. Љубовта раѓа љубов. {9С 192.4}

Дали очекуваме дека ќе се сретнеме со своите браќа на небото? Ако овде можеме да живееме со нив во мир и љубов, тогаш и таму ќе можеме. Но како ќе живееме со нив на небото кога овде постојано се караме и судираме? Оние луѓе, кои со своите постапки ќе се отуѓат од своите браќа и внесат неслога и раздор, мораат потполно да

се обратат. Христовата љубов треба да ги потчини и омекне нашите срца. Ние мораме да ја негуваме таа љубов која Тој ја покажал, умирајќи за нас на крстот на Голгота. Мораме да приоѓаме сè поблиску кај Спасителот. Мораме многу да се молиме и да учиме да живееме во вера. Мораме да бидеме понежни по срце, посожаливи и полљубезни. По патеката на животот минуваме само еднаш. Зар тогаш нема да настојуваме на оние со кои се дружиме да им оставиме добро влијание со својот карактер кој станал сличен на Христовиот? {9С 193.1}

Нашите тврди срца мора да се разбијат. Потребно е меѓусебно да се зближиме во совршена слога, имајќи на ум дека сме откупени со крвта на Исуса од Назарет. Секој нека си каже себеси: „Тој го дал Својот живот за Мене и Тој сака во овој живот да ја откријам љубовта која Тој ја покажал давајќи се Себеси за Мене“. Христос „нашите гревови сам ги изнел на Своето тело на дрво“, за Бог да може да остане праведен, а сепак да ги оправда тие што веруваат во Него. Сите што ќе се предадат на Христа ги очекува живот, вечен живот. {9С 193.2}

Јас сакам да го видам Царот во Неговата убавина. Сакам да го гледам Неговото неспоредливо величество. Исто така сакам и вие да Го видите. Христос ќе ги поведе Своите откупени до брегoвите на реката на животот и ќе им објасни сè што не им било јасно на овој свет. Таму каде што нивниот ограничен ум гледал само збрка и неостварени желби, тие ќе видат најсовршена и најубава хармонија. {9С 193.3}

Да му служиме на Бога со сите свои способности, со сите свои умствени сили. Нашиот ум ќе се развива само ако се користиме со тоа што ни е дадено. Нашето верско искуство ќе станува сè поголемо, колку што повеќе ќе го внесуваме во својот секојдневен живот. На тој начин постепено ќе се искачуваме по скалилата што водат во небото и на крајот од највисокото скалило ќе стапиме во Божјото царство. Да бидеме христијани во овој свет. Тогаш во царството на славата ќе добиеме вечен живот. {9С 194.1}

Единството што постои меѓу Христовите следбеници е најдобар доказ дека Бог го испратил Својот Син да ги спаси грешниците. Тоа исто е момент на сведоштво за Неговата сила, зашто само чудесната Божја сила може да ги наведе човечките суштества со различни темпераменти на сложна работа и да направи единствена желба да им биде да ја зборуваат вистината во љубов. {9С 194.2}

Божјите предупредувања и совети се јасни и одредени. Ние го читаме Светото Писмо и сфаќаме колкава сила во корист на доброто лежи во единството, а колку зла создава неслогата, и зар тогаш смееме себеси да си дозволиме во срцето да не го примиме Божјиот Збор? Сомневањето и недовербата се квасец на зло. Единството сведочи за силата на вистината. {9С 194.3

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАШАТА ЗАЕДНИЦА ВО ГЕРМАНИЈА И СКАНДИНАВИЈА

Лома Линда, Калифорнија, 1. септември 1905.

Драги браќа, некои наши проповедници ми пишаа и ми поста- вија прашање дали делото меѓу Германците и Скандинавците треба да се води во рамките на посебни

организации. Ова прашање повеќепати ми беше поставувано. Кога бев во колеџот Видик, Господ ми даде да изнесам едно јасно сведоштво, а и после тоа неколку пати ми беше објаснувано тоа прашање. {9C 195.1}

Еднаш ми се причини како да се наоѓам на некое советување каде што се расправаше токму за тоа прашање. Еден со авторитет стоеше во средината на овој собир и ги изнесуваш начелата според кои треба да се постапува во Божјото дело. Бев поучена дека одвојувањето во областите со повеќе народности не би придонело за напредок и јакнење на делото. Тоа не би водело кон највисок степен на духовен развој. Така само би се подигнале ѕидови кои набрзо потоа би морале да се срушат. {9C 195.2}

Според светлината што Бог ми ја даде, одвоените Области не би довеле до единство, туку до неслога. Ако нашите браќа го побараат Господа со скрушени срца, тие што денес сметаат дека Германија и Скандинавија треба да бидат посебни Области, ќе увидат дека Господ сака сите тие да работат заеднички како браќа. {9C 195.3}

Кога тие што сакаат да го разединат Божјото дело би ја постигнале својата цел, некои од нив би се воздигнале и би почнале да го работат тоа што не треба. Тоа во голема мера би го успорило Божјото дело. Ако сакаме во својата работа да постигнеме што подобар успех, пред сè е потребно да се обедини способноста на Англичаните и Американците, со силата и способноста на останатите народи. Секој народ треба сесрдно да работи за сите останати. Еден е Господ и една е верата. Нашите напори треба да претставуваат одговор на Христовата молитва сите Негови ученици да бидат едно. {9C 195.4}

„Освети ги со Својата вистина. Твојот Збор е вистина. Како Ти Мене што Ме прати во светот, и Јас ги пратив во светот. И за нив Јас се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината“ (Јован 17:17-19). {9C 196.1}

„Но не се молам само за нив, туку и за оние, што по нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за сите да бидат едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил“ (Јован 17:20,21). {9C 196.2}

Мораме да сфатиме дека за успешно остварување на Божјото дело неопходно е совршено единство меѓу работниците. За да го сочуваме мирот, сите мораме да бараме мудрост од Големиот Учител. Сите нека се чуваат да не негуваат славољубиви планови кои ќе предизвикаат неслога. {9C 196.3}

Ние треба да се покоруваме еден на друг. Ниеден човек сам по себе не претставува потполна целина. Со потчинување на разумот и волјата на силата на Светиот Дух, ние постојано ќе учиме од Големиот Учител. {9C 196.4}

Проучувајте ја втората глава од Делата на апостолите. Во првата црква Божјиот Дух силно делувал преку оние кои биле сложно обединети. На денот на Педесетницата учениците биле еднодушно здружени на исто место. {9C 196.5}

Мораме да му покажеме на светот дека сите луѓе од сите националности се едно во Исуса Христа. Мораме да ги отстраниме сите пречки и да се обединиме во служба за Господарот. {9C 196.1}

Ако подигате национални пречки, вие на светот му прикажувате нешто што е плод на човечки сфаќања, а Бог тоа никогаш нема да го поддржи. На тие што постапуваат така, апостол Павле им кажува: „Вие сте сè уште телесни. И навистина, штом помеѓу вас има завист, караница и неслога, не сте ли телесни и не живеете ли како обични луѓе?... Кој е, пак, Павле, а кој Аполос? Не се ли тие слуги, преку кои вие поверувавте, и тоа според она, колку кому Господ му дал? Јас посадив, Аполос поли, но Бог направи да израсне. Затоа, ниту оној, кој сади, е нешто, ниту, пак, оној, што полева, а сè е Бог, кој прави да израсне. Кој сади и кој полива се еднакви; но секој ќе ја добие својата награда според својот труд. Ние сме Му соработници на Бога, а вие сте Божја нива, Божја зграда“ (1. Коринтјаните 3:3-9). {9С 197.1}

Еден пример на братска љубезност

Кога нашите браќа од Скандинавија паднаа во финансиска криза, дадено ни е сведоштво дека не смееме да дозволиме тие во очите на светот да стојат како луѓе кои не се способни да одговорат на своите финансиски обврски. Со тоа Бог би бил обесчестен. Итната и благородна помош на нашите Американски браќа претставуваше потврда дека разликата во народноста не ги ослободува луѓето од нивните должности меѓусебно да си помагаат во Божјото дело. „А вие сте сите браќа“ (Матеј 23:8). Ние сме обединети во вистината. {9С 197.2}

Сега мораме да се потрудиме со вредни, самопожртвувани напори да одиме во Христова љубов, во единство на Духот, по пат на посветеност преку вистината. Никаква половична работа нема да биде доволна за да се оствари тоа што Христос го изложил во Својата молитва. Уште овде на оваа Земја мораме да постапуваме според небесните начела. Небото ќе биде само големо збирно место. {9С 197.3}

Морам да бидам сосема одредена и јасна во поглед на подигањето на ѕидовите на поделба во Божјото дело. Покажано ми е дека тоа е заблуда што ја измислиле луѓето. Господовиот план не е Неговиот народ да се одвојува во посебни групи заради разликата во народноста и јазикот. Ако така постапуваат, ќе станат тесногради, а нивното влијание мошне би се смалило. Бог бара хармонично соединување на различните дарови. {9С 197.4}

Пак ги повторувам Христовите зборови. Сакам тие длабоко да се врежат во вашите срца. „Но не се молам само за нив, туку и за оние, што по нивните зборови ќе поверуваат во Мене, за сите да бидат едно, како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил. И славата што си Ми ја дал, ним им ја дадов, за да бидат едно, како што сме Ние. Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно, и да узнае светот дека Ти си Ме пратил, и нив си ги возљубил, како Мене што Ме возљуби“. {9С 198.1}

Христос Својот народ го оградил од светот, Меѓутоа, тие што работат на национално одвојување, работат нешто што Христос никогаш не го одобрувал. {9С 198.2}

Обединете се, браќа; пристапете поблиску еден до друг, ослободете се од секоја човечка измислица и угледајте се внимателно на Исуса, вашиот голем Пример. {9С 198.3}

МЕЃУ ЦРНЕЧКОТО НАСЕЛЕНИЕ

„Заштоа помолете Го Господарот на жетвата
да испрати работници на Својата жетва”.
Матеј 9:38

ПОВИК ЗА ОБОЕНИ РАБОТНИЦИ

Мораме да вложиме најодлучни напори за мисионерската работа во Јужно-Американските држави да подготвиме обоени мажи и жени. Нашите обоени браќа кои го прифатиле христијанството и сакаат да учат, треба да се оспособат да ја однесат вистината на својот народ. На таквите на коишто стравот Господов е почеток на мудроста и кои внимаваат на советите на искусните луѓе, можат да бидат голем благослов за црнечката раса и на својот народ да му ја однесат светлината на сегашната вистина. Секој работник, кој со своите браќа ќе работи во понизност и слога, ќе претставува зрак на светлина за мнозина што денес живеат во темнината на незнаење и празноверие. {9С 199.1}

Наместо да се прашуваат Зошто не се погодни за работа со белците, нашите обоени браќа и сестри треба да се посветат на мисионерската дејност меѓу обоените. Разумните обоени мажи и жени имаат изобилство на можности да работат за својот народ. Уште многу треба да се направи во Јужното поле. Посебно внимание треба да се посвети на големите градови. Во секој од овие градови живеат илјадници обоени луѓе на кои треба да им се објави последната вест на милост. Во срцето на нашите обоени Членови треба да се разбуди дух на мисионство. Нека се работи сесрдно за оние кои сè уште не ја познаваат вистината. {9С 199.2}

Сакам да им кажам на секој наш брат и сестра: Прифатете ја вистината таква каква што е. Запрашајте се: „Колку сум должен да направам за својот Господ, со оглед на можностите и предностите што ги имам? Како најдобро ќе го прославам и успешно да работам за доброто на својот народ? Како најдобро ќе го искористам знаењето што Бог милостиво ми го дал? Зар не треба да ја отворам својата Библија, зар да не го поучувам својот народ на вистината? Зар не постојат илјадници кои пропаѓаат во незнаење и на кои би можел да им помогнам ако се потчинам на Бога и ако станам Негово орудие? Зарем не ми претстои едно дело што треба да го извршам за своите угнетени и обесхрабрени сонародници?“ {9С 200.1}

Јужното поле трпи заради недостаток на работници. Зар ќе го оставите својот народ, не Трудејќи се да му помогнете, или со понизни срца ќе настојувате да ги спасите оние кои пропаѓаат? Постои една задача која можете да ја извршите, само ако ги понизите своите срца пред Бога. Ако се надевате на Него, ќе најдете мир и утеха, но ако одите по своите склоности, ќе наидете на трње и боцки и ќе ја изгубите својата плата. {9С 200.2}

Времето е кратко и тоа што го работите, работете го брзо. Одлучете добро да го искористите преостанатото време. Немојте да копнеете за сопствена удобност. Пробудете се! Фатете се за работа со нова решителност во срцето. Господ ќе го расчисти патот пред вас. Трудете се со сите сили да одите по Христовите стапки, бидете кротки и понизни, и Тој нека биде ваша сила. Морате да ја сфатите задачата што ви ја дал Господ. Морате да се надевате на Бога, и тогаш секој ден сè повеќе ќе напредувате во силата и благодатта. Тогаш ќе се оспособите вредно и усрдно да работите за својот народ додека уште трае денот, зашто доаѓа ноќ кога никој нема да може да работи. {9C 200.3}

На Југ постои голема потреба за сите гранки на мисионско работење. Затоа работниците мораат без одлагање да се подготвуваат за тоа поле. Нашиот народ нека осигура материјални средства со кои ќе се овозможи за работа во Јужните држави да се оспособат мажи и жени навикнати на тамошната клима, така што ќе можат да ги извршуваат своите должности без опасности по здравјето. {9C 200.4}

Талентираните момчиња и девојки треба да се обучуваат за учители. Ним треба да им се овозможат посебни предности. Во различни места мораме да подигаме училишта и згради за состаноци и да поставиме учители. {9C 201.1}

Луѓето, кои со години им помагале на обоените можат да дадат најдобар совет во поглед на отворањето на нови училишта. Тие треба, каде и да е можно, да се подигаат надвор од градовите. Меѓутоа, и во градовите има многу деца кои не можат да посетуваат училиште далеку надвор од градот; и затоа, заради тие деца, треба да се отвораат училишта во градовите и надвор од нив. {9C 201.2}

Во тие училишта децата и младината треба да се учат на нешто повеќе од тоа како да читаат. Нека се воведат и обуки и занаети. На учениците треба да им се даде можност да научат занаети, за да бидат во состојба самите себе да се издржуваат. {9C 201.3}

Нашите цркви во Северните и Јужните држави, мора да направат сè што можат за да ја помагаат работата на овие училишта наменети за децата на обоените. Веќе отворените училишта мораат совесно да се одржуваат, а за отворање на нови треба да се обезбеди посебен фонд. Сите наши браќа и сестри мораат со цело срце да придонесат овие училишта да се постават на цврста основа. {9C 201.4}

Покрај оваа работа во областа на основните училишта, нашите браќа и сестри од црно потекло можат за своите сонародници да направат многу добра, со основање на неделни и саботни училишта во кои младината треба да ја поучуваат учители чиишто срца се полни со љубов за душите. {9C 201.5}

Во јужните држави постојано се отвораат нови можности и многу мудри христијани меѓу црнечките жители ќе бидат повикани на работа. Но од повеќе причини, за раководители, сепак мора да се постават белци. Ние сме сите органи на едно тело и потполно сме едно во Исуса Христа, кој ќе го подигне Својот народ од длабочините, каде Гревот го фрлил, и ќе ги изведе луѓето на висина каде што ќе може да соработува со Бога и ќе бидат признаени во небесните дворови. {9C 202.1}

Треба да се работи во многу места каде што тоа ќе оди мачно, но од тие места ќе произлезат способни работници. Работата треба така да се организира, така што обоените луѓе ќе се образуваат да работат меѓу својот народ. Меѓу црнечката раса има

многу надарени и способни луѓе. Мораме да ги побараме тие мажи и жени и да ги поучиме како да работат на спасување на души. Бог ќе соработува со нив и ќе им даде победа. {9С 202.2}

„Божји помошници“

Божјото уво е отворено за повиците на оние кои се во Неговата служба. Тој ветил: „Ќе те управувам со Моите очи“ (Псалм 32:8). Одете понизно со Бога и молете Го јасно да ви го покаже патот на вашите должности. Кога Тој им зборува на Своите претставници и ги повикува да соработуваат со Него, тоа значи дека тие ќе го вршат истото онаа дело, кое Исус го објавил како Свое кога во назаретската синагога станал да чита. Тој ја отворил книгата на пророкот Исаија и прочитал: „Духот на Господа Бога е на Мене, зашто Господ Ме помаза, Ме испрати да им ја проповеда радосни вести на кротките, да ги излечам скршените срца; да им проповедам слобода на заробениците и ослободување на оние во темница“ (Исаија 61:1). {9С 202.3}

Облаците на заблудата која денес во светот сè повеќе се шири, ја засенува вистината. Секој кој ќе влијае, макар на оние најниските и ги разбуди за Христа таквиот човек соработува со небесните сили, бидејќи се труди да го спаси она што е изгубено. Укажувајќи им на грешниците на личниот Спасител, кој ги простува гревовите, ние ја подаваме едната рака на милосрдие и христијанска љубов на паднатиот грешник, додека со другата рака со помош на верата се фаќаме за Христа. Ние на тој начин ја претставуваме врската помеѓу грешникот и Спасителот. {9С 203.1}

Крајот е близу и секоја душа треба внимателно, понизно и кротко да оди со Исуса Христа. Нашиот драг Спасител, од Кој свети сета светлина на вистината, не сака ние да се надеваме во кнезовите ниту во синовите човечки од кои нема помош, туку да се потпреме само на Него. Тој кажува: „Без Мене не можете да направите ништо“ (Јован 15:5). Мораме постојано да гледаме на Исуса, за да се преобразиме во Неговиот лик полн со љубов. Мораме постојано да го имаме пред очи Божјото Јагне кое ги зеде на себе гревовите на светот. Тогаш ќе го откриваме Христа на своите ближни. {9С 203.2}

ОБЈАВУВАЊЕ НА ВИСТИНАТА ТАМУ КАДЕ ШТО ПОСТОИ РАСНА НЕТРПЕЛИВОСТ

Работата меѓу црнечкото жителство е моја голема грижа и голем товар. Евангелието треба да се проповеда на угнетената црнечка раса. Но во својата работа на подигање и облагородување на овој народ, мораме да бидеме мошне претпазливи. Во многу места меѓу белците постојат големи предрасуди во поглед на црнечката раса. Ние би сакале да не се осврнуваме на овие предрасуди, но не можеме. Ако работиме така како овие предрасуди и да не постојат, нема да можеме да им ја донесеме светлината на белците. Мораме да ја прифатиме ситуацијата таква каква што е и да постапиме мудро и промислено. {9С 204.1}

Јас многу години носев голем товар за црнците. Ме болеше срцето гледајќи како непријателството против овие луѓе сè повеќе и повеќе се засилува, и како некои адвентисти на седмиот ден очигледно не сфаќаат дека Тука мора да се работи усрдно и брзо. Годините заминуваат во неврат, а колку малку се прави за да им се помогне на оние кои до неодамна беа раса на робови. {9C 204.2}

Една од потешкотиите во оваа работа е тоа што многу белци кои живеат во места каде што има доста црнечко жителство не се расположени да вложат посебни напори заради издигање на обоените. Кога ќе видат дека за нив се отвораат училишта, кога ќе видат како овие се оспособуваат да се издржуваат самите себе, дека се занимаваат со занаети, дека градат за себе пристојни куќи наместо да живеат во колиби, белците се плашат дека нивните себични планови ќе бидат пореметени, дека повеќе нема да можат да вработуваат црнци да им работат само за еден мал беден приход; тогаш во нив се буди непријателско чувство. Тие се чувствуваат навредени и оштетени. Некои постапуваат како ропството воопшто да не е укинато. Таквиот дух сè повеќе се шири, а Божјиот Дух се повлекува од светот. Во многу места денес за обоените е невозможно да се направи она што во текот на поранешните години можело да се направи. {9C 204.3}

Народот на Америка можел многу да постигне кога владата и христијанските цркви би вложиле соодветни напори веднаш по ослободувањето на црнците. Требало да се потрошат колку што било потребно пари за тие да се згрижат и образуваат во времето кога помошта им била толку потребна. Меѓутоа, владата по краткотрајниот обид, го оставила тој народ без ничија помош сам да се бори против сите тешкотии. Некои од силните христијански цркви отпочнале добро дело, но за жал успеале да придобијат сразмерно мал број на луѓе, и црквата на адвентистите на седмиот ден не ја извршила својата должност. Некои поединци и здруженија вложувале истрајни напори заради издигање на обоените луѓе и на тој начин извршеле благородно дело. Меѓутоа, колку малку од нив учествувале во тој потфат кој би требало да ја има помошта и наклонетоста на сите! {9C 205.1}

Некои од адвентистите на седмиот ден вложуваа благородни напори за делото неопходно за црнечкото жителство успешно да се изврши. Кога браќата - проповедници би им дале поддршка во тој поглед, резултатите на нивната работа денес би биле сосема поинакви. Меѓутоа, повеќето наши проповедници не соработувале со нив така како што требало, со малиот број на оние кои се бореле да го извршат толку потребното дело на ова поле полно со тешкотии. {9C 205.2}

Што повеќе одминува времето и што повеќе расте противењето, околностите покажуваат дека претпазливоста вреди повеќе од храброста. Предупредени сме во залагањето за обоените да не преземаме непромислени чекори. Од Австралија, преку пространите води на Тихиот океан, предупредени сме дека треба да внимаваме на секој чекор, дека работниците не треба да држат никакви политички разговори и дека мешањето на црнците и белците во општествената рамноправност не треба да се поттикнува на никаков начин. {9C 205.3}

На заседанието на советодавниот одбор одржан 1905. година во Армадејл, предградие на Мелбурн во државата Викторија, јас зборував за овој предмет, како одговор на прашањата што браќата ги поставуваа и притоа ја истакнав потребата за

претпазливост. Нагласив дека наидуваат тешки времиња и дека денес слободно можеме да говориме за мисионска работа за обоените луѓе, но во иднина можеби нема да можеме за тоа да говориме без опасност по животот. Јасно истакнав дека делото за обоените мора да се врши поинаку отколку што тоа е работено во некои краеви на земјата во раните години. {9С 206.1}

Треба што помалку да се расправа за црнечките прашања; и обоените луѓе воглавном нека се залагаат за припадниците на својата раса. {9С 206.2}

Што се однесува до прашањето дали белите и црните луѓе треба да се молат на Бога во иста зграда, тоа не може да се постави како општо правило што би било обострано корисно - особено во Јужните држави. Најдобро би било за црнците што ќе ја прифатат вистината да се обезбедат сопствени згради за молитва, во кои сами ќе го извршуваат богослужението. Тоа особено е потребно во Јужните држави за делото за белите луѓе да може да се одвива без поголеми пречки. {9С 206.3}

Треба да се погрижиме обоените верници да добијат соодветни згради за богослужение. Мора да им се објасни дека тоа не се прави со желба да им се оневозможи пристап на богослужението заедно со бели луѓе, затоа што тие се црни, туку со цел за што поголем напредок на вистината. Нека сфатат дека треба да се придржуваат на овој план сè додека Господ не ни покаже подобар пат. {9С 206.4}

Способните и искусните обоени Членови треба да се поттикнуваат да застанат на чело на службата на сопствениот народ; нивниот глас треба да се чуе и на делегатските состаноци. {9С 207.1}

Меѓу обоените верници има многу кои можат да работат во корист на сопствениот народ, има работници на кои Господ им дал светлина и знаење и кои имаат значителни способности. Тие работници мора истрајно да работат, служејќи се со делотворни методи. Тие можат да ја користат нашата литература и да одржуваат состаноци под шатор и во пригодни сали. Понекогаш нека им помагаат и бели верници (кога тоа го допуштаат околностите). Посебен труд треба да се вложи да се зголеми силата и влијанието на обоените работници. Нив треба да ги образуваме и оспособиме за да можат да држат библиски часови и за својот народ да организираат состаноци под ведро небо. Има многу што се способни за ова дело и треба само да се подготват. {9С 207.2}

Мораме длабоко да се заинтересираме за основање на училишта наменети за црнечкото жителство; а не смееме да го изгубиме од вид ниту значењето на изнесување на вистината на учителите и учениците во големите светски колеџи, основани за студентите од црнечко потекло. {9С 207.3}

Треба да се основаат училишта и санаториуми за обоените луѓе. Во нив нека работат најдобрите учители за поучување и оспособување на црнечката младина за служба. {9С 207.4}

Проповедниците од црнечко потекло треба да ги вложат сите напори за да му помогнат на сопствениот народ да ја сфати вистината за ова време. Како што одминува времето и како што расните предрасуди ќе се умножуваат, во многу места на белите работници речиси ќе им биде оневозможено да работат за обоените луѓе. Понекогаш белите луѓе, кои не се наклонети на нашата работа, ќе им се придружат на обоените во противењето, тврдејќи дека нашето учење има за цел да ги разбие другите цркви и да

создава тешкотии заради прашањето на саботата. Проповедниците од другите цркви и бели и обоени, ќе изнесуваат лажни тврдења, што кај луѓето ќе предизвикаат такви чувства на противење и нетрпеливост, така што ќе бидат подготвени да уништуваат и убиваат. {9C 207.5}

Силите на пеколот ја употребуваат целата своја остроумност за да го оневозможат објавувањето на последната порака на милост на обоените. Сатаната се труди на сите можни начини на библиските проповедници и учители, надминувањето на предрасуди кои постојат помеѓу белите и обоените, да го направи најтешко. {9C 208.1}

Да го следиме патот на мудроста, да не правиме ништо што без потреба би создало противење ништо што би можело да го попречува објавувањето на евангелската вест. Таму каде што обичаите се такви и каде што на тој начин ќе се постигнат поголеми резултати, белите и обоените верници нека се состануваат во одвоени молитвени домови. Мораме да ја негуваме Христовата кротост. Тој бил небесно Величество, единороден Божји Син. Но, „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3:16). {9C 208.2}

Кога Бог се понижил со тоа што Својот Син го предал на маченичка и срамна смрт за да го спаси светот кој пропаѓа, зар Господовите мисионери нема да бидат подготвени да ги вложат сите свои напори за да им помогнат на оние што потонале во длабочините на гревот и да ги придобијат за Христа, за да ги осветлат со светлината оние кои во поглед на вистината сè уште се наоѓаат во темнина? Христос Своето божество го облекол во човечко обличје и се спуштил до паднатите човечки суштества за потоа да ги подигне. Зар Неговите следбеници нема да бидат подготвени заради Него да поднесат многу неправди и страдања за да им помогнат токму на оние на кои помошта им е потребна? Делото мора да се врши на тој начин што нема да поттикне предрасуди кои ќе ја затворат вратата низ која вистината денес може да влезе. {9C 208.3}

Талентираните луѓе меѓу обоените верници, треба да бидат Божји помошници во работата за сопствениот народ. Ним понекогаш ќе им се укаже можност на состаноците под шатор и на големите собори да ги објавуваат сведоштвата што ќе влијаат на многу души. Такви прилики ќе се укажат ако се работи во Јужното поле и ако се даде гласна вика. Кога Светиот Дух ќе се излее, ќе дојде до победа на човештвото над предрасудите во стремежот да се спасуваат души. Бог ќе управува со мислите. Човечките срца ќе знаат да љубат како што љуби Христос. И мнозина сосема поинаку ќе ја посматраат работата за обоените отколку што тоа денес го прават. Да се љуби како што љуби Христос, значи да се издигне умот во чиста, небесна атмосфера на несебичност. {9C 209.1}

Тој што е блиску поврзан со Христа се издига над расните и класните предрасуди. Неговата вера цврсто се држи за вечните вистини. Мораме да го издигаме божествениот Зачетник на вистината. Нашите срца мора да бидат исполнети со вера што делува преку љубовта и ја чисти душата. Делото на милостивиот Самарјанин е пример на кој треба да се угледаме. {9C 209.2}

Прашањето за работата на обоените не треба да создава вознемиреност ниту да буди предрасуди и така да предизвика криза. Светлината на Третата ангелска вест

мора да им биде дадена на оние на кои таа им е потребна. Мораме да работиме мирно, сталожено, верно, потпирајќи се на својот Постар Брат. Не смееме да брзаме со одредувањето на правецот по кој ќе одиме во иднина во поглед на односот помеѓу белите и обоените луѓе. Вистината за ова време треба да се објави на илјадници луѓе во Јужните држави. Колку што тоа е можно, патот мора да се исчисти од сите пречки. На народот треба да му се објави евангелската вест. Посебно треба да се залагаме за белите, а посебно за обоените луѓе, а за останатото Господ ќе се погрижи. Вистината мора да им се објави на луѓето и жените во Јужните држави. Тогаш во нивните семејства ќе биде извршено дело кое ќе придонесе за спасување на многу души. {9С 209.3}

„Во сета мудрост и разумност“

Додека луѓето се обиду-ваат да го решат прашањето за обоените, времето одминува, а душите заминуваат во гроб непредупредени и неподготвени за спасение. Не смееме да дозволиме таквата состојба и понатаму да продолжи. Мажите и жените мора да тргнат на работа и да работат така како што им налага Божјиот Дух. Во ова дело ни се потребни сите способности на обоените верници. Обоените работници мора да работат за сопствениот народ, со помош на белите работници, кога тоа ќе го побараат околностите. Ним Често ќе им бидат потребни совети и упатства. Обоените верници нека имаат свое место за богослужение, а белите свое. И едните и другите нека се трудат да вршат вистинско мисионско дело во својот народ, а и за обоените кога ќе можат и каде што ќе можат. {9С 210.1}

Ако вистината е објавена во едно место, и ако многу белци се подготвени да ја примат и да веруваат, тогаш понекогаш ќе се укаже можност белите работници на мирен и ненаметлив начин да вложат напор и за обоените. Таквите прилики не треба да се пропуштат. {9С 210.2}

Меѓутоа, ние не смееме без потреба да поттикнуваме предрасуди кои ќе го затворат патот за објавување на Третата ангелска вест на белите луѓе. Ним таа вест им е потребна, зашто ни претстојат тешки времиња какви што никогаш немало откако е човекот. {9С 210.3}

Мораме мошне да се чуваме да не кажеме и да не направиме ништо што чувствата на обоените луѓе би можело да ги распали против белите. Не смееме да ги влошуваме тешкотиите што веќе постојат. Колку и да постапуваат мудро работниците, тие ќе наидуваат на противење и кога нема да го покренуваат црнечкото прашање. Мораме да му го подготвиме патот на Царот. Да му дадеме можност на Бога да работи. Луѓето не смеат да стојат како пречка на Неговиот пат. Тој подобро управува и раководи, отколку што тоа можат да го прават човечките суштества. Мораме да имаме на ум дека наша главна задача е да ја проповедаме Божјата Реч, да ги објавуваме библиските предупредувања. {9С 211.1}

Господ нѐ повикува да ја прифатиме задачата со понизен дух. Сите проповедници не се посветени со вистината. Господ ги повикува сите да ги отфрлат своите разидувања. Луѓето мора да се чуваат да не направат нешто што би ја уништило

нашата последна надеж дека сепак ќе можеме да работиме и во такви полиња, каде што постојат расни предрасуди и нетрпеливост. {9C 211.2}

Мораме да ја користиме здравствено-мисионерската работа како средство за совладување на предрасудите и придобивање на души, и тоа не само во едно или две места, туку во многу места во кои вистината сè уште не е објавена. Мораме да работиме како евангелско-здравствени мисионери, да ги лекуваме заболените души од Гревот, со објавување на веста за спасението. Тоа дело пред било што друго ќе ги уништи сите предрасуди. {9C 211.3}

Саботата

Излагањето на вистината за саботата ќе бара посебно внимание и мудрост. Потребно е многу Божја благодат и сила за да се собори идолот што е подигнат во облик на лажна сабота. Подигнете го знамето, подигајте го сè повеќе и повеќе. Укажете им на луѓето на дваесеттата глава од Втората книга Мојсеева (Излез) во која е запишан Божјиот закон. Првите четири заповеди ни укажуваат на должноста кон Творецот. Тој што не му е верен на Бога, не може да му биде верен ниту на својот ближен. Тој што го љуби Бога над сè, ќе го љуби и својот ближен како самиот себе. Гордоста се издигнува до суетата, наведувајќи го човечкото битие себе да се смета за бог. Христовото Евангелие ја посветува душата и го уништува самољубието. {9C 211.4}

„Помни го денот саботен за да го празнуваш“ (Излез 20:8). Бог саботата ја воспоставил уште во рајот, веднаш по создавањето. „Така се довршии небото и земјата и сиот нивни украс. И ги заврши Бог до седмиот ден Своите дела, што ги направи; и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде. И го благослови Бог седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите Свои дела, што ги направи и создаде“ (Создавање 2:1-3). {9C 212.1}

„И пак му рече Господ на Мојсеја велејќи: Кажи, заповедај им на синовите Израелеви: пазете ги Моите саботи, зашто тоа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве осветува. Пазете ја, пак, саботата, оти таа е света за Господа и за вас. Кој ќе ја оскверни, да се погуби; бидејќи секој, кој ќе врши некаква работа во тој ден, таа душа нека се истреби од својот народ. Шест дена нека се работи; а седмиот ден е сабота, одмор, свет на Господа; секој, кој ќе работи во саботен ден, нека се предаде на смрт. Затоа синовите Израелеви нека ги пазат саботите, празнувајќи ги во своите родови“ (Создавање 31:12-16). {9C 212.2}

19 октомври, 1908

РАСНА ПОДЕЛЕНОСТ

Би сакала да кажам неколку зборови за обоените луѓе во Јужните Американски држави и нашиот однос кон нив. Тие толку долго беа под ропски јарем, така што денес е мошне тешко да се реши прашањето како да се постапува со нив. {9C 213.1}

Божјите работници многу ќе постигнат во спасувањето на души ако дозволат Божјиот Дух да делува на нивниот ум. Господ е наш помошник. Ако Му се довериме, Тој ќе нè води секогаш и во сè. Едно е сигурно: мораме да имаме вера во Бога - мораме да веруваме дека Тој така ќе ги води случувањата што ќе работиме со успех. Сè уште никој не се доверил на Бога, а тоа да било напразно. Тој никогаш нема да ги разочара оние што имаат доверба во Него. {9C 213.2}

Мораме да избегнуваме впуштање во расправии за расната поделеност. Ако многу се расправа за тоа прашање, ќе се појават потешкотии, а за тие да се совладаат ќе биде изгубено многу драгоцено време. Не можеме да поставиме некое правило по кое секогаш ќе се постапува во тој поглед. Како понекогаш ќе се постапува, зависи од местото и околностите. Кога на Југ, каде што постојат толку јасни предрасуди, би го решавале ова прашање исто како и на Север, не би можеле да направиме ништо за ширење на вистината. Белите работници на Југ мораат да постапуваат така, што ќе си создадат можности за пристап и на белите луѓе. {9C 213.3}

Да се наведат луѓето да се препираат околу прашањето за расна поделеност, тоа е план на сатаната. Ако луѓето му попуштат на неговото наговарање, ќе се создаде разлика во мислењата и голема збрка. Никој не е во состојба јасно да ја дефинира положбата на обоените. Луѓето можат да поставуваат теории, но јас ве уверувам дека не смееме да се поведуваме по човечки прашања. Колку што е можно избегнувајте го потегнувањето на прашања за расната поделеност. {9C 213.4}

Треба да се работи во градовите на Југ и за таа работа мораме да обезбедиме најспособни луѓе и тоа без одлагање. За белците нека работат бели работници, објавувајќи ја веста на сегашната вистина во нејзината едноставност. Тие ќе најдат можност да дојдат и до повисоките слоеви. Треба да се искористи секоја прилика и овие слоеви да се придобијат. {9C 214.1}

Обоените работници нека направат сè што можат да не застанат зад белите, работејќи вредно за својот народ. Благодарна сум му на Бога затоа што меѓу обоените верници има способни луѓе што можат делотворно да работат за својот народ и да му ја проповедаат вистината на едноставен начин. Меѓу припадниците на црнечкото жителство има многу луѓе со мошне големи способности кои ќе ја прифатат вистината, ако нашите обоени проповедници се мудри во измислување на начини за обучување на учителите за работа во училиштата и останатите работници за работа на терен. {9C 214.2}

Обоените нека не бидат толку упорни во своето барање да се шам дека засекогаш ќе остане еден од најсложените проблеми. Колку што е тоа можно, треба да се избегнува сè што би можело да ги распали расните предрасуди на белците. Постои опасност да ни се затворат вратите, така што белите работници нема да можат да работат во некои градови на Југ. {9C 214.3}

Знаеме дека би наишле на потполно затворени врати кога би се обиделе да им излеземе во пресрет на идеите и погледите на поедини луѓе од црнечкото население. Напорот да се поправи положбата на обоените луѓе не смее да му пречи на делото на проповедање на вистината за ова време. Кога би се обиделе да го направиме тоа, очигледно е дека пред нас би се појавиле само пречки големи како планини, спречувајќи нè да работиме на делото кое Бог сака да го извршиме. Нашиот труд ќе им

донесе благослов и на белите и на црните само ако постапуваме внимателно и промислено, работејќи на начин кој Бог ни го одредил. {9С 214.4}

Сè уште не е дојдено време да се однесуваме како да нема никакви предрасуди. Христос рекол: „Бидете мудри како змии и безопасни како гулаби“ (Матеј 10:16). Ако забележите дека со преземањето на некои чекори на кои имате целосно право, го кочите ширењето на Божјото дело, Немојте да го правите тоа. Отфрлете сè што би ги затворило срцата на луѓето за вистината. Ние сме повикани да го спасуваме светот и нема да добиеме ништо со што ќе се одвоиме од оние на кои настојуваме да им дадеме помош. Може нешто да биде сосема исправно, но не е сè корисно. {9С 215.1}

Да се постапува мудро тоа е најдобриот пат. Како Божји работници мораме да работиме така што повеќе да направиме за Него. Никој нека не оди во крајност. Потребна ни е мудрост одозгора, зашто треба да се реши еден навистина тежок проблем. Ако сега постапуваме невнимателно, можеме многу да му наштетиме на делото. Работите треба да се постават така што обоените луѓе ќе ја прегрнат вистината заради Христа, да не ги отфрлаат начелата на здравото библиско учење затоа што мислат дека кон црнечката раса не се постапува на најдобар начин. {9С 215.2}

Мораме да сеснеме како ученици крај Христовите нозе за Тој да нè поучи што е Божја волја, за да знаеме како да работиме и за белите и за црните во Јужното поле. Мораме да постапуваме така како што тоа ќе ни го налага Господовиот Дух и да се трудиме што помалку да го покренуваме прашањето за расна поделеност. Мораме со сите сили да настојуваме последната вест на евангелието да ја објавиме на сите луѓе на Југ. Ако нè води Божјиот Дух и ако Тој управува со нашите постапки, ќе видиме дека ова прашање кај нашиот народ ќе се реши само по себе. {9С 215.3}

Секој од нас мора сам да го побара Господа. Оние кои во минатото имале само површно верско искуство, нека пристапат поблиску до Бога. Покајте се, покајте се и обратете се, за вашите гревови да можат да бидат избришани. {9С 216.1}

Ако одлучиме сериозно да го прифатиме делото, ќе бидеме поспособни отколку што сме биле до сега да ги решаваме проблемите кои произлегуваат во текот на работата. Секој верник нека направи сè што може за да го подготви патот за мисионерското дело на евангелието, кое треба да се изврши. Но никој не треба да се впушта во расправии. Сатаната го сака токму тоа, христијаните што повеќе да се заплеткаат во меѓусебни расправии. Тој знае дека Господовиот ден ќе им дојде како крадец во ноќно време ако не стражарат. Ние денес немаме време да му даваме место на Духот на непријателот и да негуваме предрасуди кои би ни пречеле да расудуваме здраво и кои би нè одвојувале од Христа. {9С 216.2}

За меѓу обоените да се направи она што треба да се направи, потребни се пари, потребни се срдечни и истрајни напори. Денес секој поединец мора да стои на своето место и да ја врши секојдневната должност, да го признае и остави секој грев и да работи во слога со своите браќа. Божјите работници мора да бидат со едно срце и една душа, тие мора да се молат за дарот на Светиот Дух и да веруваат дека Бог ќе го исполни Својот збор. {9С 216.3}

Поука од Христовата работа

Во една прилика, додека Христос го вршел Своето дело на поучување и исцелување, еден од насобраното мноштво Му се обратил со молба: „Учителу, Речи му на мојот брат да го раздели со Мене наследството“ (Лука 12:13). {9С 216.4}

Овој човек бил сведок на Христовите чудесни дела. Бил восхитен од проникливоста на Неговите мисли, извонредната способност за расудување и од Неговата привлечност во решавањето на случаите што Му биле изнесени. Ги слушнал Христовите возбудливи повици и Неговите сериозни обвинувања против книжевниците и фарисеите. Ако со толку силни зборови би се проговорило на неговиот брат, мислел оштетениот човек, овој не би се осмелил да му го скрати Неговиот дел. Затоа го замолил Христа, да се заземе за него. „Учителу, Речи му на мојот брат да го раздели со Мене наследството“, рекол тој. {9С 216.5}

Светиот Дух се борел со овој човек повикувајќи го да стане соучесник на светото наследство што не пропаѓа и не се распаѓа. Тој ги видел знаците на Христовата сила. сега му се дала можност на големиот Учител да му ја изрази најдлабоката желба на своето срце. Но неговите очи, слично на развратникот од Буњановата алегорија, биле насочени кон земјата. Тој не ја гледал круната над својата глава, туку како и Симон маѓепсникот, го ценел Божјиот дар само како средство со кое би ја остварил земната добивка. {9С 217.1}

Се приближувал крајот на земната мисија на Спасителот. Му преостанале уште само неколку месеци за да го доврши она за што дошол и да го воспостави царството на Својата благодат. Сепак кога не би бил внимателен, човечката алчност би Го одвоила од Неговото дело и би го вплеткала во несогласувањето околу едно парче земја. Меѓутоа, Исус не дозволил ништо да го одвои од Неговата мисија. „Човеку“, одговорил Тој, „кој Ме постави да Ви судам или да Ве делам?“ (Лука 12:14). {9С 217.2}

Христос на овој човек јасно му ставил до знаење дека тоа не е Негова задача. Тој дошол да спасува души; и не допуштил да го одвратат од тоа, за да презема должност на помирителен судија. {9С 217.3}

Колку често денес на Црквата и се наметнуваат напори, кои во никој случај не би смееле да влезат во рамка на делото на проповедање на евангелието. {9С 217.4}

Колку само пати го повикувале Христа да ги решава правните и политичките прашања. Но Тој не сакал да се меша во земни работи. Тој знаел дека во политичкиот свет владее неправда и големо насилство. Меѓутоа, тој ги изобличувал единствено со проповедање на библиската вистина. На мноштвото кое се туркало околу Него, му ги изнесувал чистите и свети начела на Божјиот закон и зборувал за благословот кој се добива со покорување на тие начела. Со сила одозгора Тој им укажувал на луѓето на важноста на правдата и милоста, но одбивал да се меша во личните спорови. {9С 218.1}

Христос стоел во нашиот свет како Глава на она големо духовно царство што дошол да го воспостави - царството на праведноста. Тој ги излагал и толкувал благородните и свети начела што владеат во тоа царство. Објаснувал дека правдата, милоста и љубовта се управувачки сили на Божјото царство. {9С 218.2}

Време на подготовка

Ние живееме во големиот ден не на симболично, туку на вистинско помирување. Секој од нас мора сам да го бара Бога. Тоа е лична задача. Да му се приближиме на Бога и да не дозволиме во нашето дело да се појави нешто што би можело вистината за ова време да ја прикаже во лажна светлина. Секој нека ги признае, не гревовите на својот брат, туку личните. Нека се понизи пред Бога и нека се исполни со Свети Дух, така што во Неговиот живот ќе се види вистинска преродба. Напишано е: „А на сите што Го примија - на сите што веруваа во Неговото име - им даде можност да станат синови Божји“ (Јован 1:12). {9С 218.3}

Мораме да живееме според Христовото евангелие и да го примениме во својот секојдневен живот. Божјите слуги мора да се исчистат од секаква рамнодушност и себичност. Едноставноста, кротоста и понизноста се голема вредност во Божјото дело. Трудете се работниците да ги обедините во доверба и љубов. Ако тоа не можете да го постигнете, самите бидете исправни, а останатото препуштете го на Бога. Работете со вера и молитва. Одбирајте ја христијанската младина и учете ја дека секој треба да биде работник, и тоа не со железно срце, туку подготвено да работи во хармонија со другите. {9С 218.4}

Се молам Господ да ги промени срцата на оние, кои освен ако не примат повеќе благодат, ќе паднат во искушение. Го молам да го омекне и потчини секое срце. Мораме да живееме во жива врска со Бога за да можеме да се љубиме еден друг како што Христос нè љуби нас. Со тоа ќе му покажеме на светот дека сме Негови ученици. Никој не смее да се воздига самиот себе. Ако работниците ги понизат своите срца пред Бога, ќе следи Негов благослов. Тие постојано ќе добиваат свежи, нови мисли и евангелско-здравствено мисионерската работа чудесно ќе заживее. {9С 219.1}

Големата задача што се поставува пред нас христијаните е што е можно побрзо да го прошируваме Христовото царство во согласност со небесниот налог. Евангелието мора постојано и сè повеќе да освојува и победува. Големината на царството под целото небо ќе се даде на народот на светиите на Севишниот, и тие ќе го примат царството и ќе царуваат вечно. {9С 219.2}

Борба што ни претстои

Божјите слуги мораат да го земат на себе секој дел од христијанскиот оклоп. Ние не се бориме со обичен непријател во човечки облик. Бог го повикува секој христијанин да стапи во борба и да се бори под Негово водство, потпирајќи се за успех на небесната благодат и помош. {9С 219.3}

Мораме да напредуваме во силата на Семожниот. Никогаш не смееме да отстапиме пред сатанските напади. Зошто како христијански работници да не се спротивставиме на поглаварствата и властите и управителите на темнината од овој свет? Бог бара од нас да одиме напред, користејќи се со даровите што Тој ни ги доверил. Сатаната ќе нè доведува во искушенија. Тој ќе се обидува да нè совлада со

своите борбени лукавства. Но ние мораме, со Божја сила, да стоиме цврсто како карпа во поглед на начелата. {9С 219.4}

Во оваа борба нема одмор. Сатанските претставници никогаш не застануваат во своето дело на уништување. Оние што се наоѓаат во Христова служба мораат секогаш да бдеат будно. Наша цел е спасување на души од пропаст. Тоа е бескрајно големо дело и човекот не може да се надева на успех, ако не се соедини со божествениот Работник. {9С 220.1}

Христос е човечки Искупител од вечни времиња. Уште од самото паѓање, до сите оние кои се соединуваат со Него, допираат зборовите: „А вие, браќа, не паѓајте со Духот, кога вршите добро“ (2. Солунјаните 3:13). „Бидете цврсти, непоколебливи и секогаш богати во Господовото дело“ (1. Коринтјаните 15:58). {9С 220.2}

Христијанинот е повикан да биде трпелив и истраен во вршењето на службата на евангелието во врска со здравствено-мисионерската работа. „Ние сме помошници на Бога“. На оној кој учествува во Божјата служба, секој ден му донесува нови должности сразмерно со неговите способности. И додека христијанинот ги објавува тие должности под водство на врховната Сила, тој станува сè покорисен. Исполнувањето на една должност нè оспособува да прифатиме нови. Оние кои јасно сфаќаат што треба да направат, ќе настојуваат да бидат непосредно осветлени со светлината на Божјата Реч, да бидат во единство со останатите Негови работници. {9С 220.3}

Таквиот христијанин секој ден го зема сето Божјо оружје и заминува во борба. Тој ќе работи со молитва, будно и истрајно, со цврста одлука, за по завршувањето на своето дело да не остане неподготвен, пред да дојде крајот да направи сè што може за спасување на душите кои пропаѓаат. {9С 220.4}

Кога христијаните би работеле сложно и еднодушно, под раководство на една иста Сила, поради остварување на една иста цел - тие би го задвижиле светот. {9С 221.1}

Апостол Павле поставил начела според кои ние, како Божји работници, мораме да се раководиме. Тој кажува: „Ние сме помошници на Бога“ (1. Коринтјаните 3:9). „И сè, што правите, правете го од душата, како за Господа, а не за луѓе“ (Колосјаните 3:23). А Петар ги повикува верниците: „Служете си еден на друг, секој со дарот што го примил, како добри распоредници на разнобразната Божја благодат. Ако некој зборува, нека знае дека зборува Божји зборови; ако некој служи, нека служи според силата, која Бог ја дава, та во сè да се прослави Бог преку Исуса Христа“ (1. Петрово 4:10,11). {9С 221.2}

Постојат големи закони кои владеат со светот на природата, и во духовните нешта се управувани од исто така сигурни принципи. За да се постигне одредена цел и да се остварат саканите резултати, мора да се вложат средства. Бог на секој човек му одредил работа во согласност со неговите способности. Преку воспитување и практична работа, луѓето ќе се оспособат да се снајдат во секоја прилика. Потребно е мудро да се планира за секој да биде поставен на одредено место и да може да добие искуства кои ќе го направат подобен за одредени одговорности. {9С 221.3}

Бог сака сите ние да си помагаме еден на друг, давајќи докази на наклонетост и несебична љубов. Има луѓе кои наследиле специфичен карактер и склоности. Можеби во односите со нив ќе наидуваме на потешкотии; Меѓутоа, дали ние сме безгрешни? Не смееме да ги обесхрабриме. Не треба секаде да ги претресуваме нивните грешки.

Христос ги сожалува оние кои погрешно расудуваат и им помага. Тој умрел за секој човек и заради тоа милостиво и длабоко се интересира за секој поединец. {9С 222.1}

Можеби некој се труди да му служи на Бога, но го напаѓаат искушенија одвнатре и однадвор. Сатаната и неговите ангели го наведуваат и мамат на престап. Можеби таквиот и ќе стане плен на нивните искушенија. Како тогаш неговите браќа се однесуваат кон него? {9С 222.2}

Дали зборуваат остри и груби зборови, туркајќи го подалеку од Спасителот? Колку е тоа тажна сцена за Христа и ангелите! Да имаме на ум дека и ние самите се бориме и паѓаме, дека во зборови и дела не го претставуваме секогаш Христа; паѓаме и повторно стануваме, се обесхрабруваме и се надеваме. Не смееме да постапуваме грубо со оние кои слично на нас се подложни на искушенија и кои, токму, како и ние, се предмет на неисцрпната Христова љубов. {9С 222.3}

Бог со луѓето постапува како со одговорни суштества. Со помош на Својот Дух Тој делува на разумот што му го дал на човекот, само ако човекот Му даде можност за тоа и ги сфати Неговите настојувања. Бог одредил секој човек да го користи сопствениот разум и совест. Тој не сака ниеден човек да биде нечија сенка, на тој начин што ќе изразува туѓи чувства. {9С 222.4}

ДА СЕ ИМААТ ВО ПРЕДВИД ОБОЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

Библиската вера не прави никакви разлики во поглед на класи или раси. Таа не ја зема во предвид општествената положба, богатството и световните почести. Бог ги цени луѓето како луѓе. Во Неговите очи карактерот ја одредува нивната вредност, а ние мораме да го признаеме Христовиот дух во секој во кој Тој се открива. Никој не смее да се срами да поразговара каде и да било, со чесен црн човек или да се ракува со него. Оној кој живее во атмосфера на Христовиот живот, ќе биде поучен од Бога и ќе знае да ги цени луѓето според Неговото мерило. {9С 223.1}

Кон нашите обоени проповедници мораме да се однесуваме со почит. Тоа секогаш не било случај. Тие луѓе треба да се поттикнуваат да стекнат потполно знаење за вистината. И мора да се научат како со успех да ги поучуваат другите. Ако верно соработуваат во делото, треба да добијат и соодветна плата. Имајте на ум дека тие мора да имаат леб. {9С 223.2}

Господ сака Неговиот народ во северните држави да заземе пријателски став кон обоените браќа и сестри. Не смееме да бидеме брзи во пронаоѓање на нивните грешки. Не можеме од нив да очекуваме во секој поглед да живеат како оние, коишто живеат во поповолни прилики. Мораме да ги имаме на ум тешките околности под кои живееле обоените луѓе. Приликите во кои тие живееле во многу се разликувале од околностите во кои живеела белата раса. Луѓето во северните држави живееле во појасна, почиста морална атмосфера отколку обоените луѓе на Југот. Не можеме да очекуваме и тие во сè да бидат цврсти и непоколебливи. Кога Христос денес би бил на Земјата, Тој припадниците на црната раса би ги поучувал на начин кој нас би нè изненадил. Тој сака секогаш да имаме на ум дека дури и оние кои уживале големи

предности се навредуваат ако, постојано им се укажува на нивните грешки и ако зборовите на совет и поттикнување им се упатуваат на нељубезен начин. {9C 223.3}

Кога меѓу обоените ќе наидете на она што не е добро, што заслужува прекор и приговор, имајте на ум дека Господ од вас бара да постапувате како мудар и верен пастир. Не заборавајте дека со благост се постигнува повеќе отколку со строгост. Нека обоените браќа и сестри увидат дека нивните браќа сакаат тие да постигнат најголем степен на развој и дека тие сакаат да им помогнат. Ако, како и сите луѓе во нешто погрешат, немојте веднаш да ги осудувате и одвојувате од делото. {9C 224.1}

Кон припадниците на црната раса мораме да бидеме праведни и непристрасни. Христос бара од своите следбеници да бидат благи и сожаливи кон напатените, милостиви кон несреќните и големодушни кон оние кои грешат. {9C 224.2}

На сиромашните не треба да им се скратува предноста да даваат. И тие исто како и богатите, имаат своја задача во делото. Поуката кој Христос ја дал во поглед на прилогот на онаа сиромашна вдовица која дала само две лепти покажува дека и најмалиот дар на сиромашните, ако е даден од срце и од љубов, се прима како и најголемиот прилог на богатите. На мерилата на светилиштето, дарот на сиромасите направен од љубов кон Христа се проценува не според својата големина, туку според љубовта којашто поттикнала на жртва. {9C 224.3}

ПОТРЕБИТЕ НА ЕДНО МИСИОНСКО ПОЛЕ

Господ на Својот народ со години му укажувал на потребите за работа меѓу обоените луѓе во јужните држави на Америка. Моралната темнина на тоа поле веќе сама по себе претставува еден силен повик да покажеме дарежливост. Во минатото некои наши браќа правеле сè што можеле за оваа гранка на делото; нивните дарови вродиле со плод и многу души се обратиле. {9C 225.1}

Иако уште многу треба да се направи за обоените, имаме причина да се радуваме заради добрите успеси што сме ги постигнале на самиот почеток. Во скорешниот број на „Евангелскиот гласник“ (1907) се кажува дека „пред петнаесет години меѓу обоените немало повеќе од дваесетина адвентисти на седмиот ден јужно од линијата на Мејсон - Диксон, а денес ги има седумстотини. Пред дваесет години постоела само една црква на обоени, а денес ги има педесет, не вбројувајќи ги оние во Африка и Карипските острови… Десеток на обоените минатата година во Соединетите Држави изнесувал пет илјади долари, додека пред петнаесет години не бил поголем од педесет долари“. {9C 225.2}

Да се заблагодариме на Бога, драги браќа и сестри, и да се охрабриме! Бог ја подига Својата моќна рака за да изврши едно големо дело во оваа мисионерско поле кое лежи во самата наша земја. Денес Тој му дава на Својот народ голема можност за брзото ширење на веста на Југ. Дух на добродетелство треба особено да се покаже при годишното собирање на прилози за работа меѓу обоените. Бог ни укажал доверба, правејќи нè повереници на средства и на Неговата изобилна благодат; и Тој сега нè упатува на сиромашните, напатените и угнетените, на душите врзани со окови на суеверието и заблудите уверувајќи нè нас дека доброто што ќе им го укажеме ним, Тој

така ќе го прими како Нему да му е направено. Тој вели: „Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле“ (Матеј 25:40). {9C 225.3}

Илјадници обоени луѓе на Југ можат денес да се издигнат и да станат работници кои ќе и помогнат на својата раса само ако добијат помош која Бог нè повикува да им ја дадеме. Многу луѓе и жени во тоа поле ја чувствуваат целата големина на бедата на сопствената сиромаштија и потребата за издигнување. Таа темнина ќе исчезне ако верните жители дојдат да им го објаснат Светото Писмо токму онака како што пишува и да им ја прикажат вистината во нејзината првобитна чистота. Блескавата светлина ќе ги осветли душите кои ја бараат вистината и заедно со оние кои веќе ја имале таа предност ќе се посветат на внимателно и грижливо проучување на вистините откриени во Светото Писмо. Мнозина ќе бидат поучени од Бога. Тие ќе учат од Големиот Учител и со радост ќе ги примат вистините кои го посветуваат и издигнуваат човекот. Во душата ќе се обнови Божјиот вистински лик и мнозина ќе бидат спасени засекогаш. {9C 226.1}

Драги браќа и сестри, Христос сега ни зборува: „Подигнете ги своите очи и погледнете го Јужното поле; таму се потребни работници - сејачи на семето и жетвата. На тоа поле му се потребни вашите средства за издржување на тие работници“. Христовата благодат нема граници, таа е доброволен Божји дар. Зошто тогаш не му влееме надеж, храброст и вера на овој запоставен народ? Во срцата на оние кои ќе го примат Христа, ќе засветли сончева светлина. {9C 226.2}

Септември, 1907 година

ВЕРСКА СЛОБОДА

„И објавете слобода по земјата за сите жители". „Бидете мудри како змии и безопасни како гулаби". Левитска 25:10; Матеј 10:16.

НИ ПРЕТСТОИ ВРЕМЕ НА ИСКУШЕНИЈА

Пред нас е време на големи искушенија. Наша задача денес е сите свои дарови и способности да ги посветиме за унапредување на Божјото дело. Силите што ни ги дал Господ треба да ги искористиме за изградба, а не за рушење. Луѓето кои живеат во заблуда, без своја вина, не смеат и понатаму да останат во неа. Господ им вели на Своите гласници: Одете кај нив и објавете им го она што сум го рекол, било да послушаат или да не послушаат. {9С 227.2}

Пред нас е време кога тие што ја проповедаат вистината ќе бидат прогонувани. Изгледите не се ласкави, но и покрај сè не смееме да се обесхрабриме во своите напори да ги спасуваме тие што се наоѓаат на работ на пропаста и заради чие откупување Царот на небото го дал Својот драгоцен живот. Ако не успеете на еден начин, обидете се на друг. Нашата работа не смее да биде мртва и безживотна. Додека сме живи, мораме да работиме за Господа. Гласниците кои Бог ги испраќал во сите времиња биле изложени на исмевање и прогонства поради вистината. Меѓутоа, каде и да мора да оди Божјиот народ, дури и ако биде прогонет на пусти острови како љубениот човек Јован, Христос ќе знае каде е тој, ќе го поддржи и благослови и ќе го исполни со мир и радост. {9С 227.3}

Наскоро ќе надојдат неволји на целиот свет. Затоа секој поединец мора да се стреми да го запознае Бога. Не смееме да губиме време. Мораме да ја објавуваме веста ревно и сесрдно. „О сите вие, кои сте жедни, Дојдете при водите; ако и немате сребреници, Дојдете, купете и јадете. Да, Дојдете, купете вино и млеко, без сребреници и без плаќање" (Исаија 55:1). Господ зборува вака: „Пазете го правосудството и вршете ја правдата, зашто наскоро ќе дојде Моето спасение и ќе се објави Мојата правда. Блазе му на човекот кој прави така и на синот човечки што се придржува за тоа: кој ја почитува саботата за да не ја онечисти и кој ги чува своите раце од секое зло дело" (Исаија 56:1,2). {9С 228.1}

Божјата љубов кон Неговата црква е бесконечна. Тој никогаш не престанува да се грижи за Своето наследство. Тој не дозволува на црквата да дојдат никакви неволји освен оние кои се неопходни за таа да се исчисти, само заради нејзиното сегашно и идно добро. Тој ќе ја исчисти Својата црква исто како што го исчистил храмот на почетокот и на крајот на Својата мисија на Земјата. Сите искушенија и неволји кои Тој ги допушта на црквата, имаат за цел Неговиот народ да добие уште подлабока побожност и уште повеќе сили, за веста за победата на крстот да ја пренесат низ сите

делови на светот. Тој на секого му одредил задача. Делото мора постојано да се шири и постојано да напредува. Тоа мора да се пренесува од еден град во друг, од една земја во друга, од еден народ до друг, да напредува сè понатаму и понатаму, да фати сè поголем корен и да добива сè поголема сила. {9С 228.2}

„И Словото стана тело и се всели во нас,... полно со благодат и вистина; и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Таткото". Но оние кои Христос дојде да ги спаси не сакале да имаат ништо со Него. „Дојде при Своите и Своите не Го примија" (Јован 1:14,11). Потчинувајќи се на власта на сатаната, тие го отфрлиле Месијата и барале можност да Го убијат. {9С 228.3}

Сатаната заедно со своите ангели, решил Христовата смрт да ја направи што посрамна. Тие ги исполниле срцата на еврејските поглавари со огорчена омраза кон Спасителот. На заповед на непријателот, свештениците и поглаварите ја побуниле масата против Божјиот Син. Освен изјавата на Пилат за Неговата невиност, никој не проговорил ниеден збор во Негова одбрана. На крајот и самиот Пилат, иако знаел дека е невин, Го предал на милост и немилост на оние кои биле под сатанска власт. {9С 229.1}

Слични сцени ќе се одигруваат и во блиска иднина. Луѓето ќе ги издигнуваат законите кои се во потполна спротивност со Божјиот закон и ќе се стремат сите да им се покоруваат. И додека ревно ќе ги наметнуваат сопствените закони, ќе се свртат од јасното „така зборува Господ". Ќе го издигаат лажниот ден за одмор и ќе ги присилуваат луѓето да го презрат законот на Јехова, преписот на Неговиот карактер. Иако недолжни и неизвалкани од престап, Божјите слуги ќе бидат изложени на понижување и малтретирање од страна на оние кои, вдахновени од сатаната, ќе бидат полни со завист и верска нетрпеливост. {9С 229.2}

Верските власти кои изјавуваат дека се поврзани со небото и тврдат дека ги имаат особините на Јагнето, со своите постапки ќе покажат дека срцето им е како на ламјата и дека ги поттикнува и води сатаната. Доаѓа време кога Божјиот народ ќе ја почувствува раката на прогонство, само затоа што го празнува седмиот ден. Сатаната ги навел луѓето да ја променат саботата, надевајќи се дека на тој начин ќе ја оствари својата цел да ги осуети Божјите планови. Тој се трудел човечките закони во светот да ги направи со поголема сила отколку Божјите. Човекот на беззаконието кој ќе помисли да ги измени времињата и законите, и кој секогаш го прогонувал Божјиот народ, ќе прогласи закон за присилно празнување на првиот ден во седмицата. Но Божјиот народ мора цврсто да се држи за Него. И Господ ќе се заземе за Своите и јасно ќе покаже дека Тој е Бог над боговите. {9С 229.3}

„Моите саботи треба да ги пазите", кажува Господ, „зашто саботата е знак меѓу Мене и вас од поколение до поколение" (Излез 31:13). Никој не би смеел да се одрече од покорноста на Неговите заповеди за да го избегне прогонството. Но сите треба да ги имаат на ум Христовите зборови: „Ако ве падат од еден град, бегајте во друг" (Матеј 10:23). Ако можете да се засолните, Немојте да дозволите да паднете во рацете на луѓе кои се обземени со Духот на антихристот. Треба да се направи сè што е во наша можност оние кои се подготвени да страдаат заради вистината да се спасат од прогонство и свирепост. {9С 230.1}

Христос е наш пример. Антихристот уште на небото се одлучил на бунт и тоа дело тој го продолжува и на земјата во синовите на непокорноста. Нивната завист и омраза кон тие што се покоруваат на четвртата заповед, ќе биде сè посилна и погорчлива. Но Божјиот народ не смее да го крие своето знаме. Тој не смее да ги заборави Божјите заповеди ниту да се поведува по мноштвото на зло, само за да живее полесно. {9С 230.2}

Господ ги охрабрува сите оние што го бараат со сето срце. Тој им го дава Својот Свет Дух, кој претставува доказ за Неговата присутност и благонаклоност. Но Бог ќе се одрече од секој што ќе се одрече од Него, за да го спаси својот живот. Во настојувањето да го спасат својот живот таквите ќе се одречат од вистината и со тоа ќе го изгубат вечниот живот. {9С 230.3}

Ноќта на искушенијата се ближи кон својот крај. Сатаната сега ги користи сите свои сили и лукавства бидејќи знае дека времето е кратко. Божјите казни веќе го посетуваат светот и ги повикуваат сите што ја познаваат вистината да се сокријат во процепите на Карпата и да ја видат Божјата слава. Вистината денес не смее да се пригушува. Мораме да говориме јасно. Мораме да ја изнесуваме целата вистина преку брошури и книги, а тие треба да се растурат како лисја во есен. {9С 230.4}

Црквата на остатокот ќе биде изложена на тешки искушенија и неволји. Оние кои ги држат Божјите заповеди и верата Исусова, ќе ја почувствуваат на себе лутината на ламјата и нејзината војска. Сатаната целиот свет го вбројува во своите поданици. Тој ја задобил власта над отпадничките цркви; Меѓутоа, постои една мала група на верни кои не ја признаваат Неговата власт. Кога би можел и нив да ги збрише од лицето на земјата, Неговата победа би била целосна. Како што некогаш ги наведувал незнабожечките народи да го уништат Израел, така сатаната во блиска иднина ќе ги поттикнува силите на злото да го уништат Божјиот народ. Од секој поединец ќе се бара да се покори на човечките одредби и така да го прекрои Божјиот закон. Оние што ќе останат верни на Бога и должностите. ќе бидат под закана, ќе бидат обвинувани и осудувани. Тие ќе бидат предавани „и од родители, и од браќа и од роднини, и од пријатели“ (Лука 21:16). {9С 231.1}

„Послушајте Ме, вие кои ја познавате правдата, народе, во чие срце е Мојот Закон. Не бојте се од човечките хули, не плашете се од навреди! Зашто молецот ќе го разјаде како облека, црвот ќе ги изеде како волна. Но Мојата праведност ќе трае довека, и Моето спасение од род во род“ (Исаија 51:7,8). {9С 231.2}

ШТО МОЖЕ ДА СЕ РАБОТИ ВО НЕДЕЛА

Санаториум, Калифорнија, 17. август 1902.

Драги брате, ќе се обидам да одговорам на Твоето прашање во врска со тоа што треба да се работи кога законот за присилно празнување на неделата ќе стапи на сила. {9С 232.1}

Според светлината што ми ја даде Господ во времето кога ние очекувавме иста таква криза, каква што се чини дека сега вам ви се приближува, беше кога луѓето беа

задвижени од една сила одоздола да присилат празнување на неделата, адвентистите на седмиот ден мораат да ја покажат својата мудрост на тој начин, што во тој ден ќе се воздржуваат од вообичаена работа и ќе се посветат на мисионство. {9C 232.2}

Да се противи на законот за празнување на неделата би значело само уште повеќе да се охрабрат верските поборници во нивното настојување да го наметнат тој закон. Немојте да им давате можност да ве нарекуваат престапници. Ако им препуштиме да ги обуздуваат оние што не се бојат ниту од Бога ниту од луѓето, таквото зауздување наскоро ќе го изгуби својот новитет и тие ќе увидат дека не е ниту доследно ниту угодно за нив да бидат строги во поглед на празнувањето на неделата. Вие само продолжете ја својата мисионерска работа со Библијата во раце, и Непријателот ќе увиди дека уште повеќе си наштетил на сопствената работа. Никој нема да го прими жигот на sверот заради тоа што увидува дека е мудро да го сочува мирот ако се воздржува од работа која може да предизвика негодување и ако истовремено извршува дело кое е од најголемо значење. {9C 232.3}

Ако неделата ја посветиме за мисионерска работа, ќе го земеме камшикот од рацете на самоволните фанатици кои би се радувале да ги понижат адвентистите на седмиот ден. Кога ќе видат дека ние во недела ги посетуваме луѓето и им го толкуваме Светото Писмо, тие ќе сфатат дека целосно е бескорисен нивниот обид да ја спречат нашата работа со пропишување на закон за празнување на неделата. {9C 232.4}

Неделата може да се искористи за разновидна работа која многу ќе придонесе за Господовата работа. Тој ден може да се одржуваат состаноци под ведро небо и по домовите. Можете да работите од куќа до куќа. Тие што пишуваат тој ден можат да го посветат на пишување на статии. Кога тоа ќе биде можно треба да се одржуваат верски служби во недела. Овие состаноци нека бидат мошне интересни. Пејте вистински оживувачки песни и зборувајте силно и со уверување за љубовта на Спасителот. Зборувајте за умереноста и за вистинскиот верски живот. На тој начин ќе добиете големо искуство во работата и ќе придобиете многу души. {9C 233.1}

Учителите во нашите училишта неделата треба да ја користат за мисионска работа. Покажано ми е дека на тој начин тие ќе бидат во состојба да го оне-возможат исполнувањето на целта на непријателот. Учителите нека ги поведат со себе и учениците и нека одржуваат состаноци за оние кои не ја познаваат вистината. Така ќе остварат многу поголеми резултати отколку на било кој друг начин. {9C 233.2}

Бог ни дал јасни упатства во поглед на нашата работа. Наша должност е да ја објавуваме вистината за Господовата сабота, да ја зasидаме урнатината направена во Неговиот закон. Мораме да направиме сè што е во наша моќ за да ги просветлиме оние кои се наоѓаат во незнаење. Меѓутоа, никогаш не смееме да се здружуваме со луѓето од овој свет за да добиеме финансиска помош. {9C 233.3}

Еве што читаме за Израелевите синови: „Ги изведов од Египетската земја и ги одведов во пустината; и им ги дадов Своите заповеди, им ги објавив Своите закони, коишто секој треба да ги извршува за да живее; и им ги дадов и своите саботи, како знак меѓу Себе и нив, нека знаат дека Јас Сум Господ Кој ги осветува. Но и во пустината, Израеловиот дом се одметна од Мене: не одеа по Моите заповеди, ги отфрлија Моите закони коишто секој треба да ги исполнува за да живее; ги обесветуваа Моите саботи. И затоа одлучив во пустината да го излеам Мојот гнев за да ги сотрам. {9C 233.4}

Но ни тоа не го направив заради Своето Име, и за да не се хули тоа пред народите, пред чии очи ги изведов. Но им се заколнав во пустината дека нема да ги воведам во земјата што им ја дадов, во земјата низ која течат мед и млеко, најубава од сите земји, зашто ги отфрлија Моите закони, и не одеа по Моите заповеди, и ги обесветуваа Моите саботи, а срцето им одеше по нивните идоли. Моите очи сепак се сожалија за да не ги сотрам. И така не ги уништив во пустината. Туку им реков на нивните синови во пустината: Не Одете по заповедите на вашите татковци, не ги пазете нивните закони и не се осквернувајте со нивните идоли! Зашто Јас Сум Господ, ваш Бог! Одете по Моите заповеди и исполнувајте ги Моите закони. Тие нека бидат знак меѓу Мене и вас за да се знае дека Јас Сум Господ, ваш Бог!“ (Езекиел 20:10-20). {9С 234.1}

Саботата е Господов тест и ниеден човек било тој да е цар, свештеник или владетел, не е овластен да се поставува меѓу Бога и човекот. Таквите кои се трудат да бидат совест на своите ближни, се издигаат над Бога. Тие што се под влијание на некоја лажна вера и го празнуваат лажниот ден за одмор, ќе го отфрлат и најочигледниот доказ во поглед на вистината за саботата. Тие ќе се обидуваат да ги присилат луѓето на покорност на законите кои луѓето ги создале, закони кои потполно се спротивни на Божјите закони. На тие што и понатаму ќе продолжат по таквиот пат ќе се излее Божјиот гнев. Ако не се променат, тие нема да ја избегнат казната. Законот за празнување на првиот ден во седмицата е производ на отпаднатото христијанство. {9С 234.2}

Неделата тоа папско дете таканаречениот христијански свет ја издигнал над Божјиот свет ден за одмор. Божјиот народ во никој случај не треба да му оддава почит и признавање на тој ден. Сепак, јас сакам Божјиот народ да сфати дека не ја исполнува Божјата волја ако им се спротивставува на противниците; Бог сака тоа да се избегнува. Со тоа само би се создале толку огорчени предрасуди, што објавувањето на вистината потполно би било оневозможено. Немојте во недела да правите ништо што би изгледало како да му се спротивставувате на тој закон. Ако тоа еднаш сте го направиле на едно место и заради тоа сте биле понижени, истото ќе ви се случи и на друго место. Тој ден ние можеме корисно да го употребуваме правејќи дело кое ќе сведочи за Христа. Да направиме сè најдобро од своја страна работејќи во кротост и понизност. {9С 235.1}

Христос ги предупредил Своите ученици на тешкотите на кои ќе наидат во евангелската работа. Тој знаел какви ќе бидат нивните страдања, какви искушенија и тешкотии ќе мораат да покажат. Тој не сакал да ги сокрие од нив тешкотиите на кои ќе наидат, за тешкотиите да не ги изненадат и да не ја потресат нивната вера. „И сега ви кажав, пред да се случи“, кажува Тој, „за да Верувате кога ќе се случи“ (Јован 14:29). И кога наишле искушенијата, нивната вера станала уште поцврста, наместо да биде послаба. Учениците си зборувале еден на друг: „Тој ни рече дека тоа ќе наиде и што мораме да правиме за да се соочиме со тоа“. {9С 235.2}

„Ете“, рекол Христос, „Јас ве праќам како овци меѓу волци: бидете мудри како змии и безопасни како гулаби”. „И ќе бидете намразени од сите народи заради Моето име, но, кој претрпи до крај, ќе биде спасен“ (Матеј 10:16,22). Луѓето го мразеле Христа без никаква причина. Зар тогаш е чудно што ги мразат оние кои го носат

Неговиот знак и ја извршуваат Неговата служба? На нив во овој свет се гледа како ѓубриште. {9С 235.3}

„Ако ве падат од еден град, бегајте во друг“. Не е Божја волја непромислено да го жртвуваме својот живот. „Зашто, вистина, ви велам: нема да ги обиколите Израелевите градови додека дојде Синот Човечки“ (Стих 23). {9С 236.1}

На народот мора да му се изнесе вистината, отворена, вистинска вистина. Но таа вистина мора да се излага во Христов дух. Ние треба да бидеме како овци среде волци. Оние кои не се подготвени заради Христа да се придржуваат на претпазливоста на кој Тој самиот укажал, кои нема да покажат трпеливост и самоконтрола, ќе пропуштат скапоцени прилики да работат за Господарот. Господ не му дал на Својот народ должност да држи долги говори против оние што го кршат Неговиот закон. Во никој случај не смееме да напаѓаме други цркви. Мораме да имаме на ум дека како народ на кого е доверена светата вистина, сме ги запоставувале своите должности, не извршувајќи ги верно. Работата беше ограничена на неколку центри, така што срцата на луѓето станале тврди за евангелието. Тешко е да се влијае на оние што толку многу слушале за вистината, а сепак ја отфрлиле... {9С 236.2}

Сето тоа е против нас денес. Нашето дело далеку повеќе би напредувало кога би вложувале сесрдни напори да ги придобиеме оние, кои кога би се обратиле, би покажале што сегашната вистина може да направи за човечките суштества. Не е исправно на неколку места да се посвети целото внимание, а останатите места да се занемарат. {9С 236.3}

Во нашето училиште во Авондејл, во близина на Куранбонг во Австралија, се постави прашањето за работа во недела. Се чинеше дека кругот околу нас сè повеќе се стеснува, така што нема повеќе да смееме да работиме во недела. Нашето училиште се наоѓа среде шума, далеку од секое село или железничка станица. Во близина немаше никој, кого на било кој начин би можеле да го вознемируваме. Сепак, нè набљудуваа. Бараа од службениците да дојдат и да го прегледаат нашето место и тие навистина дојдоа. Кога би сакале да нè прогонуваат, би можеле да забележат многу нешта, но се чинеше како тие и да не ги гледаат оние кои работеа. Имаа толку многу доверба во нас и толку многу почитување заради нашата работа, во таа населба, што сметаа дека можат потполно да се потпрат на нас. {9С 236.4}

Многумина признаа дека целата таа населба е целосно препородена откако сме дојдени ние. Една жена, која не ја празнуваше саботата, ми рече: „Нема да ми верувате доколку целосно ве известам колку ова место се препороди откако дојдовте вие, во тоа што воспоставивте училиште и почнавте да ги одржувате тие мали состаноци“. {9С 237.1}

И затоа, кога на нашите браќа им се закани прогонство и кога почнаа да прашуваат што да прават, им го дадов истиот совет како и во претходно изложениот одговор. Реков: „Во недела можете да работите мисионска работа за Бога. Учители, појдете на работа со своите ученици. Појдете со нив во шумичката, (така ги нарекувавме ретко пошумените подрачја во кои куќите беа оддалечени често по една до две милји една од друга) и посетувајте ги жителите во нивните домови. Нека увидат дека ви е дојдено до спасение на нивните души”. Така и постапуваа и од тоа имаа големи благодети, а беа во состојба и на други да им помогнат. Божјиот благослов ги придружуваше

додека трудољубиво го проучуваа Светото Писмо, за да научат како да ги изнесат светите вистини на Божјата Реч на таков начин што слушателите со задоволство ќе ги прифатат. {9С 237.2}

20 август 1903. година

Луѓето кои управуваа со школата во Авондејл еднаш ми го поставија следното прашање: „Што да правиме? Чуварите на законот беа овде со налог да ги уапсат оние што работат во недела“. Им одговорив: „Овие потешкотии можат мошне лесно да се избегнат. Одредете ја неделата за мисионство, како ден за работа за Господа. Упатете ги студентите во разни места да одржуваат состаноци и да работат на здравствено-мисионското поле. Во недела ќе ги најдат луѓето дома и така ќе им се укаже извонредна прилика да ја изнесат вистината. Ваквото користење на неделата е секогаш прифатливо за Господа”. {9С 238.1}

Мораме да дадеме сè од себе за да ги искорениме предрасудите што мнозина ги негуваат во срцето во поглед на нашата работа и библиската сабота. {9С 238.2}

Поучувајте ги луѓето во сè да се покоруваат на законите на својата држава, доколку тие закони не се во спротивност со Божјиот закон. {9С 238.3}

Божјата вистина некогаш може да влијае и на срцата на прогонителите, како што тоа било случај со Павле пред Неговото обратување. {9С 238.4}

ЗБОРОВИ НА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Христос им рекол на Своите ученици: „Ете, Јас ве праќам како овци меѓу волци: бидете мудри како змии и незлобни како гулаби“ (Матеј 10:16). Сатанските напади против поборниците на вистината ќе бидат се поогорчени и порешителни колку сè повеќе се приближуваме до крајот. Како што во времето на Христа главните свештеници и старешините го побунувале народот против Него, така и денес црковните водачи ќе предизвикаат огорчување и предрасуди против вистината за ова време. Ќе ги наведуваат луѓето да се противат и да прават такви насилства на кои никогаш не би помислувале кога тие што се нарекуваат христијани не би ги вдахновиле со омраза против вистината. {9С 239.1}

Каков став треба да заземат поборниците на вистината? Тие го имаат непроменливото, вечното Божјо Слово и мораат да откриваат и да сведочат дека ја имаат вистината каква што е во Исуса. Нивните зборови не смеат да бидат груби и остри. Прикажувајќи на вистината, тие мора да покажуваат љубов, кротост и Христова благородност. Вистината нека сече: Божјиот збор е како меч со две острици и тој ќе пронајде пат до срцето. Оние кои знаат дека ја имаат вистината не смеат со своите остри и строги зборови да му дадат можност на сатаната лажно да го прикажува нивниот дух. {9С 239.2}

Како народ мораме да се однесуваме така како што тоа го правел нашиот Искупител. Христос не му искажал на сатаната хулна пресуда кога бил во судир со него за Мојсеевото тело. Тој на сите можни начини бил предизвикан да постапи токму така, но сатаната останал разочаран зашто не успеал во Христа да пробуди дух на одмазда.

Сатаната бил подготвен лажно да прикаже сè што направил Исус, но Спасителот не сакал да му даде повод, ниту било каква можност за напад. Не сакал да отстапи од Својот отворен пат на вистината за да се поведе по сатанските застранувања, извртувања, заобиколувања и дволичност. {9С 239.3}

Во книгата на пророкот Захарија читаме за тоа кога сатаната се подигнал со целата своја војска за да се спротивстави на молитвите на Исус првосвештеникот и на Христос, кој само што требаше да покаже решителна благонаклоност кон првосвештеник: „Господ му рече на сатаната: Господ да те укори, Господ да ти забрани, Оној Кој го избра Ерусалим. Зар не е тој гламја истргната од оган?“ (Захарија 3:2). {9С 240.1}

Начинот на кој Христос постапил дури и кон Непријателот на душите, треба на сите нас да ни биде пример во однесувањето со другите. Не смееме против никого никогаш да изречеме хулна пресуда, а уште помалку да бидеме груби и строги кон оние на кои можеби исто толку им дошло до познавање на вистинскиот пат како и на нас самите. {9С 240.2}

Тие што се воспитувани во вистината со поука и со пример мораат да имаат мошне многу обѕир кон душите кои за Светото Писмо го знаат единствено тоа што го чуле од проповедниците и другите верници, но сепак традиционалните толкувања и приказни ги сметаат за библиска вистина. Нив ги изненадува вистината на која им се укажува. Таа за нив претставува ново Откровение и затоа не можат да поднесат веднаш на почетокот да им се прикаже целата вистина во целата своја впечатливост и острина. Сè им е ново и чудно и целосно различно од тоа што го слушале од своите проповедници, и затоа се наклонети да поверуваат во тоа што нивните проповедници им зборувале: дека адвентистите на седмиот ден се неверници и дека не веруваат во Библијата. Изнесувајте ја вистината таква каква што е во Исуса, заповед по заповед, правило по правило, овде малку, таму малку. {9С 240.3}

Тие што пишуваат статии за нашите весници, нека не се впуштаат во нељубезни напади и алузии што би можеле да ги повредат другите и да нè спречат да го извршиме делото што ни е дадено во должност. Ние мораме да допреме до сите луѓе, па и до католиците. Наша задача е да ја зборуваме вистината со љубов и да не дозволиме таа да биде помешана со непосветеноста на телесното срце. Ние не смееме да зборуваме со ист дух како нашите противници. На сите наши напади ќе се одговори со двократна мерка, зашто силата е на страната на оние кои можат да ја злоупотребат на наша штета. Многу пати сум примила вест дека не смееме да изговориме ниеден збор, дека не смееме да напишеме ниедна реченица, особено кога е во прашање нечија личност, освен ако тоа е неопходно за потврдување на вистината; со тоа само уште повеќе би ги побуниле своите противници против себе и би ги распалиле усвитување сите нивни страсти. Нашето дело набргу ќе се заврши и набргу ќе нè снајдат неволји какви што никогаш досега немало и кои денес не можеме ни да ги замислиме. {9С 240.4}

Господ сака Неговите работници да го претставуваат Него, големиот Мисионерски Работник. Непромисленоста секогаш создава неприлики. Ние во Христовата школа секој ден мораме да ги учиме важните доблести на христијанскиот живот. Кој и да не внимава што ќе каже или напише за јавноста, кој и да се служи со зборови и изрази кои никогаш повеќе не можат да се повлечат кога еднаш ќе се изговорат или напишат,

тој покажува дека не заслужува да му се довери светото дело на кое денес мораат да се посветат Христовите следбеници. Тие што се служат со груби напади на другите и постојано го повторуваат тоа, ќе стекнат навика заради која ќе мораат да се покајат. {9C 241.1}

Мораме внимателно да го проучиме својот начин на работа и својот дух и добро да размислиме за тоа како ќе го вршиме делото што Господ ни го доверил и од кое зависи судбината на душите. Нам ни се доверени највозвишени одговорности. Сатаната е подготвен и гори од ревност да го собере против нас целиот сојуз на своите демонски сили, да ги соедини со злите луѓе и тие кои веруваат во вистината што порано да ги изложи на најголеми страдања и маки. Кнезот на мракот ќе го искористи секој непромислен збор кој ќе го изговорат нашите браќа. {9C 241.2}

Би сакала да поставам едно прашање: Како луѓето со толку ограничен ум се осмелуваат да изговорат непромислени и смели зборови кои можат да ги активираат силите на пеколот против Божјите светии, кога самиот Михаил Архангел не се осмели да изрече хулна пресуда против сатаната, туку рече: „Господ да ти забрани?“ (Јуда 9). {9C 242.1}

Ние нема да можеме да ги избегнеме тешкотите и страдањата. Исус рече: „Тешко му на светот од соблазни, оти соблазните треба да дојдат; но тешко му на оној човек, преку кого доаѓа соблазната“ (Матеј 17:1). Но токму затоа што ќе дојдат соблазни, мораме да се трудиме со непромислени зборови да не ја предизвикаме телесната природа на оние кои не ја сакаат вистината. {9C 242.2}

Драгоцената вистина мора да се прикажува во својата природна сила. Сите широко распространети заблуди кои светот го држат во синџирите на ропството треба да се разоткријат. Непријателот упорно настојува да ги заведе душите со своите лукави и острумни заклучоци, да ги одврати од вистината кон гатачите и така да ги под- готви со силата на измамата потполно да бидат измамени. Меѓутоа, иако овие измамени души се свртуваат од вистината кон заблудата, сепак Немојте да им упатите ниеден збор на осуда. Трудете се на овие бедни и измамени души да им укажете на опасноста која им се заканува и да им објасните колку Исус Христос страда заради нивното вакво постапување. Меѓутоа, сето ова правете го благо и сожаливо. Ако притоа постапувате на правилен начин, можеби ќе успеете да ги отргнете од сатанската власт. Немојте да ги напаѓате и осудувате. Немојте да ги исмејувате тие што паднале во заблуда, зашто со тоа нема да ги отворите нивните слепи очи ниту ќе ги придобиете за вистината. {9C 242.3}

Луѓето кои ќе го изгубат од вид Христовиот пример и кои не се трудат да учат така како што Тој учел, стануваат горди и почнуваат да се борат против сатаната со Неговото сопствено оружје. Непријателот мошне добро знае како да го сврти своето оружје против тие што се служат со него. Исус зборувал единствено зборови на чиста вистина и праведност. {9C 243.1}

Ако некогаш било потребно еден народ да оди понизно пред Бога, тогаш тоа треба денес да го прави Неговата црква, Неговите избраници од оваа генерација. Сите мораме длабоко да зажалиме заради отапеноста на нашите умни способности и неспособноста да ги цениме предностите и можностите што ги имаме. Немаме ништо со што би можеле да се пофалиме. Ние го жалостиме Господа Исуса Христа со својата

грубост, со своите нехристијански постапки. Ние треба да станеме совршени во Него. {9С 243.2}

Вистина е дека нам ни е даден налогот: „Викај од сето грло, не воздржувај се! Издигни го својот глас како роб. Објави му ги на Мојот народ неговите злостори, на Јакововиот дом неговите гревови“ (Исаија 59:1). Оваа вест треба да ја објавуваме, но иако сме должни тоа да го правиме мораме да внимаваме да не напаѓаме, да не осудуваме и да не ги обвинуваме оние кои ја немаат светлината што ние ја имаме. Ние не смееме да скршнуваме од својот пат и жестоко да ги напаѓаме католиците. Меѓу католиците има луѓе кои се мошне совесни како христијани, такви кои одат во светлината што свети над нив и Бог ќе работи за нив. Тие што и покрај големите предности и можности за тоа не ги развивале своите телесни, умни и морални сили, туку живееле за да си угодуваат на себе, одбивајќи да ги вршат своите должности - таквите се наоѓаат во поголема опасност и Бог таквите повеќе ги осудува отколку оние кои имаат погрешни поими за науката и начелата, но се трудат во животот да им прават добро на другите. Немојте да ги критикувате другите, ниту да ги осудувате. {9С 243.3}

Ако дозволиме себичните обзири, погрешното расудување и лажните изговори да го изопачат нашиот разум и нашето срце, така што ќе скршнеме од Божјите патишта и Неговата волја, нашата вина ќе биде многу поголема од вината на оние кои грешат отворено. Мораме да бидеме мошне внимателни, за да не ги осудуваме тие што пред Бога се помалку виновни од нас самите. {9С 243.4}

Секој од нас мора да има на ум дека не ние не треба самите да предизвикаме прогонство. Не смееме да употребуваме груби и остри зборови. Избришете ги таквите зборови од секоја напишана статија, отфрлете ги од секое свое излагање. Допуштете Божјиот Збор да сече и укорува. Смртниот човек нека дозволи Христос да престојува во него. Нека се покаже Христовиот дух. Сите мораме да внимаваме какви зборови употребуваме, за оние кои не се со нас во верата, заради нашите зборови да не станат наши смртни непријатели и на сатаната да не му дадеме можност заради нашите непромислени зборови да ни го попречи патот. {9С 243.1}

Ќе настане време на неволји, какво што немало откако постојат луѓето. Наша должност е од својот речник да го искорениме сето тоа што личи на одмазда и пркосење, на напад против црквите и поединците, зашто тоа не е Христов начин и метод на работа. {9С 243.2}

Токму заради тоа што Божјиот народ, кој ја познава вистината, не ја извршил својата должност во согласност со светлината што е дадена во Божјата Реч, неопходно е да бидеме што повнимателни за да не ги навредиме неверниците пред да ги чујат доказите на нашата вера во поглед на саботата и неделата. {9С 243.3}

БЛАГОВРЕМЕНИ СОВЕТИ

„Ете, идам скоро: држи цврсто што имаш,
за никој да не ја земе твојата круна“
(Откровение 3:11).

ВЕРНОСТ ВО ПОВРЕМЕНИШТВОТО

Ракопис читан пред делегатите на Областа Сан Хозе (Калифорнија), јануари, 1907.

Христос нè купил со цената на сопствената крв. Тој ја исплатил Неизмерната цена за нашето откупување и Бог бесплатно ни го дава ова богатство, само ако посакаме тоа да стане наше. {9С 245.1}

„Колку му должиш на мојот Господар?“ (Лука 16:5). Не е можно тоа да се каже. Сè што имаме е од Бога. Тој става рака на нашиот имот и кажува: „Јас Сум вистинскиот Сопственик на целата вселена; сето ова е Мое. Посветете ги на Мене десетоците и даровите. Кога тоа ќе го донесете како гаранција за вашата верност и покорност на Мојата суверена моќ, Моите благослови ќе го зголемат вашиот имот и ќе имате во изобилие“. {9С 245.2}

Бог ја става на проба секоја душа која тврди дека верува во Него. На сите им се доверени таланти. Господ им ги дал Своите добра на луѓето да тргу-ваат со нив. Тој ги направил Свои повереници и им дал пари, куќи и земја. И сето тоа треба да се смета за Господов имот и да се употреби за напредок на Неговото дело, за подигање на Неговото царство во овој свет. Тргувајќи со Господовите добра, мораме да бараме мудрост од Него за Неговиот свет имот да не го употребуваме за издигнување на самите себе и за задоволување на своите себични желби. Големината на довереният имот е различен; меѓутоа, тие што добиле најмалку дарови не би смееле да помислат заради тоа што даровите им се мали, дека не треба да дадат ништо. {9С 245.3}

Секој христијанин е Божји повереник, на кого му е доверен Неговиот имот. Имајте ги на ум зборовите: „А од повереницте се бара секој од нив да се покаже верен“ (1. Коринтјаните 4:2). Да бидеме сигурни во ништо, ниту во најмалку, да не го крадеме Бога, бидејќи тоа е многу значајно прашање. {9С 246.1}

Сè му припаѓа на Бога. Но луѓето не водат сметка за Неговото право. Додека Бог обилно ги опсипува со Своите благослови, луѓето често ги употребуваат Неговите дарови за свои себични задоволства; но тие ќе бидат повикани да дадат сметка за тоа како ја вршеле должноста на повереништво. {9С 246.2}

Повереникот речиси се изедначува со својот господар. Тој ја прифаќа должноста на повереник и го застапува својот господар, постапувајќи како што би постапувал господарот кога лично би управувал со имотот. Интересите на Неговиот господар стануваат негови интереси. Положбата на повереникот е почесна позиција бидејќи

Неговиот господар има доверба во него. Ако во било кој поглед постапи себично, ако за себе ја искористи добивката која ја заработил тргувајќи со богатството на својот господар, повереникот ја злоупотребува укажаната доверба. {9C 246.3}

Давање поддршка на евангелието

Господ одредил објавувањето на евангелието да зависи од трудот и доброволните прилози на Неговиот народ. Оној што ја објавува веста на милоста на паднатите луѓе, има уште една задача - да му изложи на народот дека е должен да го поддржува Божјото дело со своите средства. Тој мора да ги поучува дека еден дел од нивниот приход му припаѓа на Бога и дека треба да биде на свет начин вложен во Неговото дело. Таа поука мора да ја дава со зборови и со дело, и мора да се чува со своите постапки да не ја ослабне силата на поуката. {9C 246.4}

Тоа што е одвоено настрана според Светото Писмо, како нешто што му припаѓа на Бога претставува приход за евангелието кој веќе не ни припаѓа нам. Ако човекот зема од Божјата ризница за да го користи сам или да им дава на другите да го користат тоа во своите земни работи, тоа е исто како кога краде од светињата. Некои грешеле со тоа што средствата од Божјиот олтар што посебно му биле посветени на Бога, ги насочувале за друга намена. Ова прашање нека го разгледаат сите во вистинска светлина. Ниеден човек не смее, ако западне во тешка положба, да зема од парите посветени за верски цели и да ги употреби за сопствена корист, смирувајќи ја својата совест со зборовите дека тие пари сепак ќе ги врати некогаш. Многу е подобро да се смалат расходите, така што ќе одговараат на приходите, да се ограничат потребите и да се живее во рамките на своите можности, отколку Господовите пари да се употребуваат за земни цели. {9C 246.5}

Употреба на десетокот

Бог дал посебни упатства во поглед на употребата на десеток. Бог не сака развојот на Неговото дело да биде попречуван заради недостаток од средства. Тој мошне јасно ја изложил нашата должност во врска со тоа, за да нема никакви грешки и за да не се работи без размислување. Делот што Бог го одвоил за себе не смее да се употребува за било каква друга цел освен за таа која сам ја одредил. Никој нека не мисли дека може според своја волја да краде од десеток и да го употребува според свое мислење. Човекот не смее да го користи десеток дури ниту во случај на итни потреби, ниту смее да го употреби за тоа што тој наоѓа дека е добро дури и ако смета дека со тоа го помага Господовото дело. {9C 247.1}

Проповедникот мора со зборови и пример да го поучува народот дека десеток е свет. Тој не смее да мисли дека десеток може да го задржи и употреби според сопствена замисла само затоа што е проповедник. Десеток не е Негов. Тој не смее да го присвои за себе тоа што, според Негово мислење, му припаѓа, ниту смее да го употреби своето влијание да дозволи трошење на десетокот и даровите посветени на

Бога за некои други цели. Десеток и дарот треба да се стават во Божјата ризница и да се посветат на Неговата служба, на начин кој Тој го одредил. {9С 247.2}

Бог бара од сите свои повереници точно да се управуваат според Неговиот налог. Тие не смеат да ги компензираат Господовите планови со тоа што ќе извршуваат некое дело на милосрдие или ќе дадат некој дар или некој прилог тогаш или како тие самите го наоѓаат тоа за соодветно. Не е добар знак кога луѓето настојуваат да го поправаат Божјиот план во поглед на десеток на тој начин што Тука и таму, кога на тоа ќе бидат мотивирани, направат некое добродетелство, изедначувајќи го тоа со Божјите барања. Бог повикува сите да се заложат за извршување на Неговите упатства. Тој јасно означил каков е Неговиот план, и сите што сакаат да соработуваат со Него, треба да придонесат за остварување на тој план, а не дрско да се обиду-ваат да извршуваат некои поправки во него. {9С 248.1}

Господ го поучил Мојсеја во поглед на Израелот: „Натаму, нареди им на Израилците да ти донесуваат за осветление чисто масло од истолчени маслинки, за да гори светилото постојано“ (Излез 27:20). Тоа бил еден дар кој се принесувал редовно за Божјиот дом да не остане без она што е неопходно за Божја служба. И денес Божјиот народ мора да има на ум дека молитвениот дом е Господов имот и дека треба внимателно да се води сметка за неговите потреби. Меѓутоа, средствата за оваа цел не треба да се земаат од десетокот. {9С 248.2}

На Мене ми е дадена една мошне јасна и одредена вест за нашиот народ. Наложено ми е да им кажам на луѓето дека е грев да се троши десетокот во некои други цели кои, иако се добри сами по себе, не се тие за кои Господ предвидел да се троши десетокот. {9С 248.2}

Тие што така го трошат десетокот се оддалечуваат од Господовиот план. Бог ќе им суди заради тоа. Некои мислат дека десетокот може да се употребува за подигање и одржување на школи. Други пак сметаат дека со десеток треба да се издржуваат колпортери. Меѓутоа, голема грешка е ако десетокот не се употребува за тоа за што е неменет за издржување на проповедниците. Денес би требало да има стотина способни работници во полето во кое работи само еден. {9С 248.3}

Света обврска

Десетокот е свет и Бог го задржува за себе. Десетокот треба да се донесе во Божјата ризница, со него да се издржуваат евангелските работници во својата работа. Веќе долго време од Господа се краде десетокот затоа што има луѓе кои не сфаќаат дека тоа е дел кој му припаѓа Нему. {9С 249.1}

Некои беа незадоволни и кажаа: „Нема повеќе да давам десеток бидејќи немам доверба во луѓето кои се наоѓаат во срцето на делото и ракуваат со тој десеток“. Но, треба ли да го крадете Бога затоа што сметате дека со делото не се управува добро? Причините за своето незадоволство треба отворено, јасно и во христијански дух да ги изнесете на оние на кои тоа се однесува. Барајте работите да се исправат и да се стават на свое место, но немојте да крадете од Божјиот дел и да се покажете неверни затоа што други не постапуваат правилно. {9С 249.2}

Прочитајте ја внимателно третата глава од книгата на пророкот Малахија и таму ќе видите што кажува Господ за десетокот. Кога нашите цркви би постапувале според Божјата Реч и кога верниците верно би го донесувале својот десеток во Неговата ризница, многу повеќе работници би биле охрабрени да се посветат на проповедничкиот повик. Кога луѓето не би слушале за празните ризници, со поголемо задоволство би се посветувале на проповедништвото. Во Господовата ризница треба да прилива многу повеќе десеток, а и би приливало кога себичните срца и себичните раце не крадат и не го користат за потпомагање на други гранки на делото. {9C 249.3}

Средствата што Господ ги издвоил за себе, не треба да се трошат непланско. Десетокот му припаѓа на Господа и оние кои неодговорно ракуваат со него ќе бидат казнети, и ако не се покајат, ќе го изгубат своето небесно богатство. Немојте да дозволите Господовото дело да се попречува со тоа што десетокот ќе се троши за разни други цели, наместо за тие што сам Бог ги одредил. За останатите гранки на делото треба да се набаваат други средства. И тие треба да се помагаат, но не од десетокот. Бог не се изменил; десетокот сè уште мора да се употребува за издржување на Неговите проповедници. За отворање на нови полиња ни се потребни поголеми проповеднички сили отколку што сега ги имаме и затоа мораме да имаме средства во ризницата. {9C 249.4}

Луѓето кои се посветуваат на проповедничкиот повик имаат света должност која необично се запоставува. Некои со задоволство проповедаат, но не вложуваат лични напори за членовите на црквата. Потребно е на луѓето да им се објаснат нивните должности и обврски кон Бога, посебно за совесно исполнување на обврската за давање на десеток. Нашите проповедници би се сметале тешко погодени кога не би биле плаќани за својата работа; Меѓутоа, дали размислувале за тоа дека во ризницата мора да има пари за издржување на работници? Ако тие ја занемарат својата должност и не го поучат народот совесно да го дава на Бога тоа што е Божјо, во ризницата нема да има доволно средства за ширење на Господовото дело. {9C 250.1}

Надгледувачот на Божјото стадо мора совесно да ја врши својата должност. Тој нема да биде верен работник ако оваа должност ја препушти на други, само затоа што не е пријатна. Тој на слушателите мора да им ги прочита зборовите од книгата на пророкот Малахија со кои Господ го обвину-ва Својот народ дека со недавањето на десеток го краде Бога. Семоќниот Бог вели: „Проколнати сте“ (Малахија 3:9). Може ли еден проповедник кој гледа дека патот по кој оди народот ќе му донесе проклетство, да ја занемари својата должност и да пропу-шти да го поучи и опомени? Секој член на црквата треба да се поучи да биде верен во давањето на десеток. {9C 250.2}

„Донесете ги сите десетоци пред вратите, па да има храна во Мојот дом, и барем во тоа испитајте Ме, вели Господ Саваот; зар нема да ги отворам небесните прозори за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек“ (Малахија 3:10). {9C 251.1}

Му се молам на Бога Моите браќа да сфатат дека Третата ангелска вест е од големо значење за нас, и дека почитувањето на саботата претставува знак по кој ќе се разликуваат тие што му служат на Господа, од тие што не му служат. Нека се разбудат тие што заспале и што станале рамнодушни. Ние сме повикани да бидеме свети и мораме внимателно да избегнуваме да не оставиме таков впечаток дека мошне малку ни е дојдено до тоа дали ќе ги сочуваме обележјата на својата вера или нема. На нас

лежи голема обврска порешително да се заложиме за вистината и праведноста отколку што тоа го правевме досега. Линијата која ги одвојува тие што ги држат Божјите заповеди од тие што не ги држат, мора да се покаже јасно и чисто. Мораме совесно да укажуваме почитување кон Бога, настојувајќи со сите свои сили да го одржиме заветот кој нè поврзува со Него, за да ги примиме Неговите благослови - благослови толку неопходни на народот кој ќе мора да помине низ големи искушенија. Да се остава впечаток како верата да не е владејачка сила во нашиот живот, значи целосно да се обесчести Бог. Така ние се одвратуваме од Неговите заповеди, кои за нас претставуваат живот, одрекувајќи дека тој е наш Бог и дека ние сме Негов народ. {9C 251.2}

„И така, знај дека Господ, твојот Бог, е Бог верен, Кој го пази од илјада поколе-нија Својот завет и има милост кон оние што го сакаат и ги извршуваат Неговите заповеди; а оние, што Го мразат, ги казнува нив и ги погубува; Он не заборава да го казни токму оној, кој Го мрази“ (Второзаконие 7:9,10). {9C 251.3}

Каде ќе бидеме ние пред да се заврши овој период од илјада колена споменати во овие стихови? Нашата судбина ќе биде решена за вечност. Или ќе бидеме прогласени за достојни за Божјото вечно царство, или ќе примиме осуда на вечна смрт. Тие што останале верни во својот завет со Бога, тие што мислејќи на Голгота, цврсто стоеле на страната на верата и секогаш се бореле за Божјата чест, ќе ја примат пофалбата: „Добро, слуго, добар и верен“. Но тие кои не му служеле на Бога со сето срце, допуштајќи во начинот на живеење да се изедначат со светот, таквите ќе слушнат Страшни зборови: „Одете од Мене; не ве познавам“. {9C 252.1}

ДОБРОДЕТЕЛСТВО

„Почиту-вај Го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход и твоите житници ќе бидат преполни, и твоите каци ќе се прелеваат со ново вино“ (Изреки 3:9,10). {9C 253.1}

„Кој дели изобилно, сè повеќе има, а кој скржави сè е посиромашен. Дарежливата душа наоѓа поткрепа, а кој ги напојува другите, сам ќе се напои“ (Изреки 11:24, 25). {9C 253.2}

„На дарежливиот, замислите му се великодушни и тој стои цврсто во сè што е чесно“ (Исаија 32:8). {9C 253.3}

Божествената мудрост во планот на спасението предвидела за-кон на делување и на против делување, така што делото на добродетелството, во сите свои видови донесува двократна благодат. Тој што им дава на тие што имаат потреба им служи на благослов, а и самиот прима благослови во многу поголема мерка. {9C 253.4}

Славата на евангелието

За човекот да не остане без благословите кои се плод на добродетелството, Спасителот плански го распоредил во свој соработник. Бог и без помошта на човекот

можел да го оствари својот план за спасение на грешните луѓе, но знаел дека човекот не би можел да биде среќен кога не би го извршил својот дел од задачата во тоа големо дело. Бог дозволува човекот да се најде во такви ситуации кои во него ќе разбудат сожалување и на тој начин му дава прилика да ја негува доблеста на дарежливост, постојано да им помага на сиромашните и да придонесува за ширење на Неговото дело. На светот кој е на раб на пропаста му е потребно да ги искористиме своите таленти: имотот или угледот за на луѓето да ја изнесеме вистината која им е толку многу потребна. Ако одговориме на овој повик, ако се трудиме и правиме дела на милосрдие, сè повеќе ќе го примаме ликот на Оној кој станал сиромав заради нас. Кога им даваме на другите, им служиме на благослов и во истиот момент собираме вистинско богатство за себе. {9С 253.5}

Величествен е фактот дека евангелието е основано токму на принципот на Воздигнување на паднатиот човечки род со постојано покажување на добродетелството. Ова дело е започнато уште во небесните дворови. Така Бог на човечкиот род му дал очигледен доказ на љубовта што ја има кон него. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него, да не загине, туку да има живот вечен“ (Јован 3:16). {9С 254.1}

Духот на дарежливост е небесен дух. На крстот се покажало колку Христос бил самопожртвуван во својата љубов. За да го спаси човекот, Тој дал сè што имал, а на крајот се дал и Самиот себе. Христовиот крст го повикува секој Негов следбеник да прави добри дела. Начелото откри-но на крстот гласи: давајте, давајте. А за да се оствари овој принцип со вистинско добродетелство и со добри дела, значи да се донесуваат вистински плодови на христијанскиот живот. Начелото на светот е што повеќе да се зема, зема; луѓето мислат дека на тој начин ќе ја осигурат својата среќа, но ако во сè се постапува така, плодот ќе биде беда и смрт. {9С 254.2}

Светлината на евангелието која светли од Христовиот крст претставува укор за себичноста, и поттикнува на дарежливост и добродетелство. Жалосно е тоа што луѓето мораат сè почесто да се повикуваат на давање; тоа не би смеело да биде така. Бог во своето Провидение го повикува Својот народ да излезе од тесниот круг на своето занимање и да се посвети на поголеми потфати. Во денешно време, кога целиот свет е обвиткан со морална темнина, потребни се неспоредливо поголеми напори. Мнозина во Божјиот народ се наоѓаат во опасност да паднат во стапицата на лакомство и светски желби. Тие мораат да сфатат дека Неговата милост упатува сè почести повици да приложуваат од своите средства. Луѓето треба да се доведат во ситуација во нив да се разбуди желба да прават добро; во спротивно тие нема да бидат во состојба во својот карактер да покажат сличност со големиот Пример. {9С 254.3}

Благословите од повереништвото

Давајќи им го на Своите ученици налогот: „Одете и научете ги сите народи“, Христос на луѓето им доверил дело да го запознаат светот со Неговата благодат. Меѓутоа, додека едни заминуваат да проповедаат, Тој ги повикува останатите да приложуваат дарови со кои ќе се поддржува Неговата работа на Земјата. Тој ставил

средства во рацете на луѓето, за Неговите дарови да се излеваат преку човечки канали, за вршење на делото за спасување на ближните, што Бог ни го наменил. Тоа е еден од Божјите начини за воздигнување на човештвото. Тоа е токму она дело што му е потребно на човекот, бидејќи тоа ќе поттикне најдлабока љубов во Неговото срце и ќе ги разбуди највозвишените способности на умот. {9С 255.1}

Секоја добра работа на Земјата потекнува од Божјите дарежливи раце и претставува израз на Неговата љубов кон човекот. Сиромашните се Негови, но и верското дело е Негово. Негово е златото и среброто и кога би сакал, би можел да направи и тоа да паѓа од небото како дожд. Но наместо тоа тој човекот го направил свој повереник, давајќи му средства не да ги натрупува, туку да ги употреби во корист на другите. На тој начин човекот станува посредник преку кој Божјите благослови се излеваат на Земјата. Бог предвидел систем на добродетелство за човекот да може да стане сличен на својот Творец, милосрден и несебичен според карактерот, и најпосле со Христа да биде соучесник во вечната славна награда. {9С 255.2}

Собирање околу крстот

Љубовта изразена на Голгота, мора да ги оживее, засили и целосно опфати нашите цркви. Зар нема да направиме сè што е во наша моќ за да ги оживееме начелата на кои Христос му укажал на овој свет? Зар нема да се трудиме да формираме и развиваме добротворни институции кои денес се толку потребни? Кога стоите пред крстот и гледате како небесниот Кнез умира заради вас, можете ли тогаш да ги затворите своите срца и зборови: „Не, јас немам ништо да дадам“? {9С 256.1}

Христовите верници треба да ја овековечат Неговата љубов. Таа љубов ќе ги собере околу крстот. Таа ќе ги ослободи од секоја себичност, ќе ги поврзе со Бога, а и едни со други. {9С 256.2}

Соберете се околу крстот на Голгота во самопожртвување и самоодречување. Бог ќе ве благослови кога ќе работите со сите свои сили. Кога ќе се доближите до престолот на благодатта, кога ќе се врзете за тој престол со златен ланец, кој се спушта од небото на земјата, за со Негова помош луѓето да се извлечат од бездната на гревот, вашите срца ќе бидат исполнети со љубов кон браќата и сестрите, кои на овој свет се без Бога и без надеж. {9С 256.3}

ДУХ НА НЕЗАВИСНОСТ

Ракопис читан пред делегатите на Генералната Конференција, Вашингтон, 30 мај, 1909.

Пред да отпатувам од Австралија, а и за време на престојот во оваа земја, покажано ми е дека во Америка мора да се изврши големо дело. Тие што на почетокот учествуваа во делото одумираат. {9С 257.1}

Меѓу нас сега се наоѓаат само мал број на првоборци. Млади луѓе преземаат тешки товари што порано ги носеа луѓе со големо искуство. Тоа пренесување на одговорности на работниците чиешто искуство е помало или поограничено, носи извесни опасности од кои мораме да се чуваме. Светот е исполнет со борба за превласт. Духот на одвојување од работниците со кои се соработува, Духот на дезорганизација го исполнува воздухот што го вдишуваме. Некои сметаат дека сите напори за воспоставување на ред се опасни - дека тие претставуваат ограничување на личната слобода и дека од нив треба да се плашиме како од папството. Тие измамени души сметаат дека е доблест да се фалат со својата слобода на мислење и независно дејствување. Тие изјавуваат дека не примаат ничии упатства, дека никому не се одговорни. Покажано ми е дека сатаната посебно се труди да ги наведе луѓето на заклучок дека на Бога му е угодно кога сами на себе си го одредуваат патот, независно од советите на своите браќа. {9C 257.2}

Тука лежи голема опасност за напредокот на нашето дело. Мораме да постапуваме внимателно, разумно, во согласност со расудувањето на богобојазливите советници, бидејќи само на тој начин ќе станеме сигурни и силни. На друг начин Бог не може да работи со нас, преку нас и за нас. {9C 257.3}

О, колку би се радувал сатаната кога би успеал да се вовлече меѓу овој народ и да ја дезорганизира работата, во моментот кога целосна организација би била неопходна и кога таа претставува најголема сила за спречување на лажни движења и за одбивање на барањата кои не можат да се поткрепат со Божјата Реч! Ние сакаме сите гранки на делото да се развиваат рамномерно, за да не се наруши системот на организацијата и редот кој бил создаден со мудра и внимателна работа. На несредените елементи кои сакаат да го преземат водството на делото за ова време, не треба да им се допушти да работат што сакаат. {9C 257.4}

Некои го застапуваа мислењето дека, колку сè повеќе се доближуваме кон крајот, секое Божјо дете ќе постапува независно од било која верска организација. Меѓутоа, мене Господ ме поучи дека во ова дело не може да постои нешто што би личело на независност на секој поединец. Небесните ѕвезди се сите потчинети на законот, секоја влијае на останатите да ја врши Божјата волја, а сите заедно се покоруваат на законот што го одредува нивниот пат. И Божјиот народ мора да ги збива своите редови за Господовото дело да може силно и непоколебливо да напредува. {9C 258.1}

Повремени, грчевити напори на некои луѓе кои тврдат дека се христијани, можат да се споредат со работата на силните, но неизвежбани коњи. Додека еден влече напред другиот влече наназад, на гласот на господарот еден скока, а другиот стои неподвижен. Ако луѓето во големото и величествено дело на ова време не постапуваат сложно, ќе дојде до збрка. Не е добар знак кога луѓето одбиваат да се соединат со своите браќа и постапуваат самостојно. Работниците мораат да имаат доверба во своите браќа, кои можат да им укажат на секое отстапување од вистинските начела. Ако луѓето го земаат на себе Христовиот јарем, тие не можат да влечат на страна, туку заедно со Христа. {9C 258.2}

Некои работници влечат со сета сила што Бог им ја дал, но сè уште не научиле дека не смеат сами да влечат. Наместо да се осамуваат, тие мораат да влечат заедно со останатите работници. Ако не постапуваат така, тие нема да знаат да го изберат ниту

вистинскиот момент, ниту пригодниот начин за својата работа. Тие Често ќе постапуваат спротивно на она што Бог го сака, и нивните напори ќе бидат повеќе отколку напразни. {9С 258.3}

Хармонија во различните методи на работа

Од друга страна, водечките луѓе во Божјиот народ мораат да се чуваат од опасноста да ги осудуваат поединте работници на кои Господ им доверил посебно дело, а за чиешто извршување е способен само мал број на луѓе. Браќата кои се наоѓаат на одговорни положби, мораат да бидат внимателни во критикувањето на постапките, кои не се во потполна согласност со методите на нивната работа. Тие никогаш не смеат да помислуваат дека секој план мора да го носи печатот само на нивната личност. Тие не смеат да покажат страв или недоверба во методите на некој друг брат, зашто, ако ја скратат довербата на работникот, кој понизно и во посветена ревност врши посебно дело на начин кој Бог го одредил, тие го забавуваат напредокот на Господовото дело. {9С 259.1}

Бог може да ги употреби и ќе ги употребува и оние кои не добиле потполно образование во човечките училишта. Да се сомнева во Неговата моќ дека тоа ќе го направи, значи очигледно неверување, значи да се ограничува семоќта на Оној за кого ништо не е невозможно. О, кога би имало помалку од таа непотребна, недоверлива претпазливост. Заради неа во црквата остануваат толку неискористени сили; таа го затвора патот и Светиот Дух не може да ги употреби луѓето; заради неа повеќемина кои би сакале да работат во Христовото дело остануваат невработени; таа спречува мнозина да пристапат на делото, мнозина кои инаку би станале вредни Божји помагачи кога за тоа би им се дала можност. {9С 259.2}

Тркалата, едно во друго, и појавата на живите суштества во врска со нив, сето тоа на пророкот Езекиел му било чудно и необјасниво. Но меѓу тркалата се гледала раката на бескрајната мудрост и резултатот на нејзиното делување бил совршена хармонија. Божјата рака управува со секое тркало и тој работи во совршена хармонија со сите останати тркала. Ми беше покажано дека луѓето се наклонети да копнеат за власт и да се обидуваат сами да раководат со делото. Тие во својата работа и плановите премногу забораваат на Господ Бог, Семожниот Работник и не се надеваат на Него кога е во прашање напредокот на делото. Нека никој ни за еден момент не помислува дека е во состојба да управува со она што му припаѓа само на великиот ЈАС СУМ. Бог во своето Провидение го подготвува патот делото да го извршат човечки орудија. Затоа секој поединец треба да биде на своето место на должноста, вршејќи ја верно задачата за ова време, и имајќи секогаш на ум дека Бог е наш учител. {9С 259.3}

Генералната Конференција

Господ повеќепати ми покажа дека човекот никогаш не треба слепо да се поведува по другите. Не смееме никогаш да мислиме дека мислењето на еден или пак на

неколкумина според силата и мудроста е доволно за управување со делото и одредување на упатство за работа. Но кога на заседанието на Генералната Конференција дојде до израз расудувањето на браќата од целиот свет, тогаш личната независност и суд на поединецот не смеат и понатаму тврдоглаво да се застапуваат, туку мораат да се потчинат. Ниеден работник не смее да мисли дека тоа е некоја доблест, кога останува при своето мислење наспроти одлуката на целата црква. {9C 260.1}

Меѓутоа, понекогаш се случувало неколку луѓе, на кои им било доверено управувањето на делото во името на Генералната Конференција, да се обидат да остварат некои немудри планови и да го ограничат Божјото дело. Јас тогаш изјавив дека гласот на Генералната Конференција кој го претставувале тие неколку луѓе, не можам да го сметам како Божји глас. Но со тоа не е кажано дека не треба да се почитуваат одлуките на таквата Генерална Конференција, во која би биле застапени правилно избраните делегати од сите делови на полето. Божјиот налог е дека авторитетот на Генералната Конференција кој го сочинуваат ополномоштени претставници од сите краеви на светот треба да се признае. Некои луѓе можат лесно да погрешат ако на мислењето и одлуките на еден човек или на помала група на луѓе им ја даваат таа сила и оној авторитет, кои Бог ги дал на Својата црква, како и на мислењето и на одлуките на Генералната Конференција, на која браќата се собираат да планираат за просперитетот и за напредокот на Неговото дело. {9C 260.2}

Ако сета власт која Бог ја дал на Својата црква се предаде само на еден човек и ако тој се овласти да одлучува за другите, вистинскиот библиски ред ќе биде прекршен. Сатаната на сите можни начини ќе се труди да влијае на умот на таквиот човек и понекогаш тоа ќе му појде од рака; бидејќи Непријателот се надева дека преку овој еден ќе може понатаму да делува и на многу други. Затоа авторитетот кој често сме наклонети да го припишуваме на еден човек или една помала група луѓе треба да се придава само на највисоката институција во организацијата на црквата. {9C 261.1}

ПОДЕЛБА НА ОДГОВОРНОСТА

Ракопис читан пред делегатите на Генералната Конференција, Вашингтон, 30. мај, 1909.

Бог сака Неговиот народ да биде разумен народ. Тој одредил одбрани луѓе да одат како делегати на нашите конференции (сесии). Тие мораат да бидат доверливи луѓе. Изборот на делегати за нашите конференции е значајна работа. На овие луѓе им се доверува правењето на планови на кои останатите ќе се придржуваат во развивањето на Божјото дело и според тоа, мора да бидат разумни луѓе, способни да ја утврдат причината и да ги предвидат последиците. {9C 262.1}

„Утредента Мојсеј седна да му дели правда на народот. Народот стоеше околу Него од утрото до мракот. Откако го виде Мојсеевиот труд што тој го правеше за народот, му рече: ‘Што правиш со народот? И Зошто седиш сам, а целиот народ стои околу тебе од утро до мрак?’ ‘Народот доаѓа при Мене - му одговори Мојсеј - за да се

посоветува со Бога. Кога имаат препирка меѓу себе, доаѓаат кај Мене. Јас тогаш пресудувам меѓу едниот и другиот; им ги изложувам Божјите закони и одредби.' 'Не е добро како што работиш му одговори дедото на Мојсеја. И ти и тој народ со тебе ќе се исцрпите целосно. Таа работа е претешка за тебе; сам не можеш да ја вршиш. Послушај ме. Те советувам, и Бог ќе биде со тебе. Ти застапувај го народот пред Бога; изнесувај ги нивните спорови пред Бога. Поучувај ги за законите и одредбите; покажувај им го патот по кој треба да одат, упатувај ги во дела што треба да ги вршат. Тогаш, избери од целиот народ способни луѓе кои се бојат од Бога и праведни кои го мразат поткупот, та постави ги за главатари на народот: илјадници, стотници, педесетници и десетници. Нека му судат на народот во секое време. Сите поголеми случаи нека ги изнесуваат пред тебе, а за помалите нека пресудуваат сами. Олесни го бремето и нека го носат тие со тебе. {9С 262.2}

Ако направиш така и Бог ти го одобри тоа, ќе можеш да издржиш, и сиот твој народ ќе си оди дома во мир. {9С 263.1}

Мојсеј го послуша советот на својот тест и направи како што го посоветува. Мојсеј избра способни луѓе од сите Израелци па ги постави за главатари на народот: илјадници, стотници, педесетници и десетници. Тие му судеа на народот во секое време. Потешките случаи му ги изнесуваа на Мојсеја, а за помалите решаваа сами" (Излез 18:13-26). {9С 263.2 }

Во првата глава на Делата на апостолите исто така се дадени упатства за избирање на луѓе кои треба да вршат должности во црквата. По предавството на Јуда, во редовите на апостолите останало едно празно место и било потребно да се избере некој друг на местото на Јуда. Во врска со ова, Петар кажува: {9С 263.3}

„И така, потребно е пак еден од оние луѓе, што беа со нас за сето време, додека пребиваше и општеше со нас Господ Исус, почнувајќи од крштавањето Јованово па до денот, кога се вознесе од нас, да биде сведок со нас, да биде сведок за Неговото воскресение. И поставија двајца: Јосифа, наречен Варсава, а по прекар Јуст и Матиј; потоа се помолија и рекоа: Ти, Господи, Кој ги познаваш срцата на сите, покажи од овие двајца еден, кого си го избрал, за да прими дел од оваа служба и од апостолството, од кое отпадна Јуда за да си отиде на своето место! И фрлија жреб за нив, и жребот падна на Матиј; и тој се вброи кон единаесетте апостоли" (Дела 1:21-26). {9С 263.4}

Од овие библиски записи гледаме дека Господ направил во одредена положба да дојдат сигурни луѓе. Бог ќе го поучи Својот народ да постапува внимателно, мудро да бира луѓе кои нема да го издадат Бога во својата света доверба. Кога верниците во Христово време морале да бидат внимателни во изборот на луѓе за одговорни положби, секако дека ние кои живееме во последните денови мораме да постапуваме со уште поголема претпазливост. Секој случај мораме да го изнесеме пред Бога поединечно и срдечно да го молиме Тој да го изврши изборот за нас. {9С 264.1}

Небесниот Господ Бог избрал искусни луѓе кои можеле да понесат одговорност во Неговото дело. Тие луѓе мораат да имаат посебен углед и влијание. Кога на сите би им се дала власт што е дадена на тие избрани луѓе, би дошло до застој во работата. Тие што се избрани да го носат товарот во Божјото дело, не смеат да бидат брзи, самоуверени, ни себични. Со својот пример и влијание, тие никогаш не смеат да

поттикнуваат зло. Господ не остава на мажите и жените според нивната волја да проповедаат такви идеи кои во Неговото дело го внесуваат Духот на овој свет и го лишуваат од светоста со која тоа секогаш мора да биде проникнато. Божјиот народ мора сè повеќе да увидува колку е свето делото. Ние мораме во секој поглед да ги издигаме возвишените обележја на вистината. Тие што се поставени за чувари на Божјото дело во нашите институции, мораат секогаш да ја истакнуваат и вршат Божјата волја. Успехот на делото во целина зависи од верноста на луѓето поставени да ја вршат Божјата волја во поедини цркви. {9C 264.2}

Должноста треба да им се довери на луѓе кои ќе добијат едно пошироко искуство, но не во живот на себичност, туку во Божјото дело, луѓе кои ќе добијат подлабоко сознание за Христовиот карактер. Колку повеќе го познаваат Христа, толку поверно ќе Го застапуваат во овој свет. Тие мораат да го слушаат Неговиот глас и да се покоруваат на Неговите зборови. {9C 265.1}

Едно предупредување

„Тогаш почна Исус да ги укорува градовите, во кои најмногу се извршија Негови чудеса, бидејќи не се покаја. ‘Тешко тебе, Хоризоне! Тешко тебе, Витсаидо! Ако во Тир и Сидон беа чудесата што станаа при вас, тие одамна би се покајале во кострет и пепел; но ви велам: на Тир и на Сидон ќе им биде полесно во судниот ден отколку вам. {9C 265.2}

И ти, Капернауме, што си се воздигнал до небото, до пеколот ќе слезеш; зашто, ако во Содом се беа извршеле чудесата што станаа во тебе, тој и до ден денес ќе останеше. Но ви велам, дека на земјата содомска ќе ѝ биде полесно на Страшниот суд, отколку тебе. {9C 265.3}

Во тоа време, откако продолжи Исус, рече: „Те прославувам Татко, Господи на небото и на земјата, оти си го сокрил тоа од мудрите и разумните и си го открил на младенците. Да, Оче, зашто таква беше волјата Твоја. Сè ми е предадено од Мојот Татко и никој не Го познава Синот, освен Таткото; ниту Таткото Го познава некој освен Синот, и кому што сака Синот да Го открие. {9C 265.4}

Дојдете при Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за вашите души ваши; зашто Мојот јарем е благ и Моето бреме е лесно“ (Матеј 11:20-30). {9C 265.5}

Добро е да се биде понизен, кроток и благ, но ние истовремено мораме во поглед на Христовото учење да бидеме непоколебливи како карпа. Мораме строго да се придржуваме на Неговите поуки. Не смееме да изгубиме од вид ниеден збор. Вистината ќе трае вечно. Не смееме да поверуваме во никаква лага, ниту измама. Тие што прават така ќе увидат дека тоа го направиле по цена на губење на вечниот живот. Мораме да ги израмниме патеките на своите нозе, да не скрш-нат хромите. Ако хромите скршнат од стазата на сигурноста, кој е одговорен за тоа? Нели се оние што ги завеле? Таквите го отфрлиле советот на Оној чиишто зборови се вечен живот и ги прифатиле зборовите на измама што потекнуваат од таткото на лагата. {9C 266.1}

Би сакала да им кажам нешто на сите оние кои замислуваат дека се во придобивањето на своето образование во Батл Крик. Господ уништи две од нашите најголеми институции кои постоеја во Батл Крик и даваш предупредување по предупредување, како што Христос ги предупредувал Витсаида и Капернаум. Затоа е неопходно да се посвети најголемо внимание на зборовите кои излегуваат од Божјата уста. Не можеме да отстапуваме од Христовите зборови, а притоа да не погрешиме. Спасителот бара грешниците да се покајат. Ќе им биде простено на сите оние кои ќе се понизат во своите срца и ќе ги признаат своите гревови. Нивните престапи ќе бидат простени. Меѓутоа, човекот кој смета дека е слабост да го признае Гревот, нема да најде простување, тој во Христа нема да види свој Откупител, туку сè подлабоко ќе паѓа во престап, додавајќи грешка на грешка и грев на грев. Што ќе прави таквиот човек во оној ден кога книгите ќе се отворат и кога на секого ќе му биде судено според она што е запишано во книгите? {9C 266.2}

Петтата глава на Откровението треба да се проучи внимателно. Тоа е од големо значење за оние кои учествуваат во Божјото дело за овие последни денови. Некои се измамени во тој поглед. Тие не сфаќаат што на-ду-ва на Земјата. Таквите кои и понатаму остануваат при своите замаглени сфаќања за тоа што е грев, живеат во стравична измама. Ако не извршат решителна промена во својот живот, тие ќе се најдат лесни кога Бог ќе им пресуди на човечките синови. Тие го престапиле законот и го раскинале вечниот завет и затоа ќе примат плата според своите дела. {9C 267.1}

„И видов, кога се крена шестиот печат. И, ете, настана голем земјотрес, и сонцето стана црно како вреќа од кострет, и месечината стана како крв; ѕвездите, пак, небесни паднаа на земјата, како што смоквата, лулана од силен ветер, ги исфрла своите пупки; и небото се оттргна како книга свиткана, и секоја гора и секој остров се поместија од своите места; и земните цареви, и благородниците, и богатите, и војводите, и силните, и секој роб и слободен се сокрија во пештери и горски камењари, велејќи им на планините и на карпите: паднете врз нас и сокријте нè од лицето на Оној, Кој седи на престолот и од гневот на Агнецот, зашто дојде големиот ден на Неговиот гнев, и кој може да устои?“ (Откровение 6:12-17). {9C 267.2}

„Потоа видов, и ете, големо мноштво народ, коешто никој не можеше да го преброи, - од сите племиња и колена, народи и јазици; тие стоеја пред престолот и пред Агнецот облечени во бели облеки и со палмови гранчиња во рацете. И воскликнуваа со висок глас, велејќи: За нашето спасение слава на нашиот Бог, Кој седи на престолот и на Агнецот... Тие се што дојдоа од големи маки; тие ги испраа своите облеки и ги избелеа со крвта на Агнецот. Затоа се пред престолот на Бога кому Му служат во Неговиот храм и дење и ноќе; и Оној, кој седи на престолот, ќе се всели во нив; и нема веќе да огладнат, ниту, пак, да ожеднат; нив нема да ги пече сонцето, и никаква горештина; бидејќи Агнецот, Кој е среде престолот, ќе ги пасе и води на живи извори водни, и Бог ќе им ја избрише секоја солза од нивните очи“ (Откровение 7:9-17). {9C 267.3}

Овие стихови укажуваат на две групи луѓе. Една група допуштила да биде измамена и застанала на страната на оние со кои имаат расправија со Господ. Тие погрешно ја толкувале веста што им била испратена и се облекле во облека на

сопствена праведност. Во нивните очи Гревот не бил толку грешен. Проповедале лага наместо вистина и така завеле многу души. {9C 268.1}

Дадени се предупредувања и наша должност е да им обрнеме внимание. Зар не гледаме како се исполнуваат Христовите пророштва забележани во дваесет и првата глава на Евангелието според Лука? Колкумина ги проучуваат овие Христови зборови? Колкумина се тие што ги измамуваат сопствените души и така го губат благословот кој инаку би можеле да го примат само кога би сакале да веруваат и да послушаат? Времето на милост сè уште трае и сè уште ни се дава можност да се обезбедиме со надеж која ни е предочена во евангелието. Да се покаеме и обратиме, и да ги отфрлиме сите свои гревови за тие да можат да бидат избришани. „Небото и земјата ќе поминат, но зборовите мои нема да поминат. Само пазете се: вашите срца да не бидат оптоварени со прејадување и пијанство, и грижа за овој свет, за да не ве затече оној ден ненадејно; оти тој ќе дојде како примка за сите што живеат по целата земја; бидете будни во секое време и молете се, за да го избегнете сето она, што ќе настане, и да се исправите пред Синот Човечки“ (Лука 21:33-36). {9C 268.2}

Зар нема да обрнеме внимание на предупредувањата што ни ги упатил Христос? Зар нема да се потрудиме да се покаеме, и тоа уште денес додека сè уште се слуша гласот на милоста? {9C 269.1}

„Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ. Знајте го тоа, дека, ако домаќинот на куќата би знаел во кој час ќе дојде крадецот, тој би стол буден и не би позволил да му ја поткопаат куќата. Затоа бидете и вие готови, зашто во кој час и не мислите, ќе дојде Синот Човечки. Кој е пак, верен и благоразумен слуга, кого ќе го постави Неговиот господар над своите слуги, да им дава навреме храна? Блазе на тој слуга, кого, кога ќе дојде Неговиот господар, го најде да постапува така; вистина, ви велам, дека над целиот свој имот ќе го постави него. Ако, пак, тој слуга, бидејќи лош, рече во срцето свое: господарот мој уште за долго време нема да дојде, па почне да ги бие другарите свои и да јаде и да пие со пијаниците, господарот на тој слуга ќе дојде во ден, кога тој не го очекува, и во час, што не го знае; и ќе го пресече на половина, и ќе му даде еднаква награда со лицемерите; таму ќе биде плач и чкртање со заби“ (Матеј 24:42-51). {9C 269.2}

ВО ПОНИЗНОСТ И ВЕРА

Дадени ми се посебни поуки за Божјиот народ, зашто ни претстојат тешки времиња. Насилството и урнувачкото делување сè повеќе се присутни во овој свет. Во црквата се води сè поголема борба на превласт и луѓето кои се поставени на одговорни положби сметаат дека нивно право е да владеат. {9C 270.1}

Луѓето кои Господ ги поставил на одговорни положби во своето дело, мораат да негуваат понизност и секогаш да се чувствуваат зависни од Него. Тие не смеат да копнеат да задобијат што поголем авторитет и углед, зашто Бог не ги повикал да заповедаат, туку да работат советувајќи се со своите соработници. Секој работник мора да се покорува на Божјите барања и поуки. {9C 270.2}

Мудри советници

Бидејќи нашето дело во Јужна Калифорнија е од големо значење, а моментално се наоѓа во криза, треба да се изберат најмалку пет разумни и искусни луѓе кои со претседателите на поедини Области и Унии ќе се посоветуваат за општо водење на работите. На Господа не му е угодно што некои луѓе покажуваат наклонетост да им заповедаат на тие што имаат поголемо искуство отколку тие самите. Некои со своите постапки самите покажаа дека не се подобни за важни должности кои штотуку ги вршат. Секој човек кој се воздига премногу и сака да владее над своите ближни, покажува колку е опасно да му се довери должност во верските прашања. {9C 270.3}

Никој нека не помислува дека луѓето не треба да се повикуваат да ги вложат своите средства, во случај резервите да се исцрпат. Кога би постапувале така во својата некогашна работа, ние би пропуштиле многу извонредни и поволни прилики, како што беше на пример купувањето на имотот на Фернандо, училишта и имоти за нашите санаториуми во Парадајз Вали (Рајска Долина), Глендејл и Лома Линда. {9C 270.4}

Само напред

Не треба да се мисли дека секогаш е најмудро да не се преземаат никакви чекори за довршување на планираниот потфат, освен ако имаме пари на располагање. Во изградбата на Своето дело Господ не ги поставува работите за секогаш да им изгледаат јасно на Неговите слуги. Тој понекогаш ја испробува довербата на Својот народ, очекувајќи тој да оди напред со вера. Бог Често ги става Своите слуги на тешки проби, барајќи од нив да одат напред дури тогаш кога им се чини дека нивните нозе ги заплиснуваат водите на Црвеното Море. Во таквите моменти, кога молитвата на Неговите слуги се издига кон Него во искрена вера, Господ го отвора патот пред нив и ги изведува на широко место. {9C 271.1}

Господ сака Неговите слуги во овие денови да веруваат дека Тој за нив ќе направи исто толку големи работи како што правел за Израелевите деца на нивниот пат од Египет за Ханан. Нашата вера мора да биде таква што никогаш да не се поколебаме во поглед на исполнување на Неговите упатства, па дури ниту во најтешките животни околности. „Само напред“ - тоа е заповедта што Бог ја дава на Својот народ. {9C 271.2}

За да можат да се остварат Божјите намери, неопходна е вера и радосна послушност. Кога Тој ќе укаже на потребата за работа во поедини места, таму каде што делото ќе има влијание, луѓето треба да појдат и да работат со вера. Со своето побожно однесување, со својата понизност, со своите молитви и сесрдни напори, Божјите слуги мораат да ги поттикнат оние со кои работат добро да го ценат делото што Господ го започнал меѓу нив. Господова намера беше санаториумот во Лома Линда да стане сопственост на нашиот народ, и Тој тоа го оствари во моментот кога надоаѓаа реки од тешкотии и дури се излеваа преку брегoвите. {9C 271.3}

Работата за остварување на приватни, лични цели е работа за себе; Тука луѓето можат да се потпрат на сопственото расудување. Меѓутоа, водењето на Господовото дело на оваа земја е нешто сосема друго. Кога Бог ќе одреди дека треба да се купи

некој имот заради напредок на Неговата работа и за успешно одвивање на Неговото дело, за санаториум, училиште или било што друго, Тој и ќе овозможи да се оствари тоа, само ако тие што имаат искуства покажат дека имаат и вера и доверба во Неговите планови и ако веднаш тргнат да ги искористат поволните прилики на кои Тој им укажува. Ние не смееме да се обидуваме на луѓето просто да им го истргнуваме имотот од рацете, но ако веќе ни се укажува прилика, тогаш мораме да бидеме будни да ја воочиме таквата предност, за да можеме да ги остваримe плановите за понатамошниот развој на Божјото дело. После тоа мораме да дадеме сè од себе за да осигуриме доброволни прилози од Божјиот народ за издржување на тие нови институции. {9С 272.1}

Господ Често забележува дека Неговите работници се во сомнеж за тоа што треба да прават. Ако во таквите моменти се потпрат на Него, Тој ќе им ја открие Својата волја. Божјото дело сега мора брзо да напредува, и ако членовите на црквата се отповикаат на Неговиот повик, Тој ќе направи тие што имаат средства со задоволство да приложат и на тој начин да помогнат Неговото дело на Земјата да се доврши. „А верата е жива претстава за она, на кое се надеваме, и докажување на она што не се гледа“ (Евреите 11:1). Со вера во Божјата Реч, Неговиот народ ќе добие сè што ќе му овозможи да го изврши делото во големите градови, кои чекаат на веста на вистината. {9С 272.2}

Студениот, формалистички начин без жива вера, на кој одредени работници ја вршат својата должност, претставува голема навреда за Божјиот Дух. Апостол Павле кажува: „Правете сè без ропот и двоумење, за да бидете прави и чисти, непорочни чеда Божји среде лош и расипан род, во кој светите како светила во светот, имајќи го во себе словото на животот, за моја пофалба во Христовиот ден, дека не залудно трчав и не залудно се трудев. Но, ако и се принесувам како жртва и за служба на вашата вера, се радувам сам и се радувам со сите вас“ (Филипјаните 2:14-17). {9С 273.1}

Ние треба едни во други да поттикнуваме вера која, според Христовото ветување, може да ја има секој верник. Делото треба да се унапредува, а Господ го подготвува патот. Кога Бог ќе ги доведе Своите слуги во тешкотија, нивна предност е да се соберат на молитва, имајќи на ум дека сè доаѓа од Бога. Тие што сè уште не поминале низ тешкотии, кои го очекуваат делото во овие последни денови, наскоро ќе имаат такви искуства во кои ќе се стави на тешка проба нивната доверба во Бога. Токму тогаш кога Божјиот народ не гледа никаков пат пред себе, кога пред него се наоѓаат брановите на Црвеното море, а зад него војската која ги прогонува, Бог му налага: „Само напред!“ Тој на тој начин ја става нивната вера на проба. Кога и да ви се случи такво нешто, Одете напред, надевајќи се на Христа. Одете чекор по чекор по патот што Тој го одредил. Ќе наидат искушенија - но вие одете напред. На тој начин ќе добиете искуство што ќе ја засили вашата вера во Бога и ќе ве оспособи за вистинска служба. {9С 273.2}

Христов пример

Божјиот народ мора да добие подлабоко и пошироко искуство во поглед на верата. Христос е наш пример. Ако низ жива вера и посветена послушност на Божјата

Реч ја откриваме Христовата љубов и благодат, ако покажеме дека вистински го сфаќаме Божјото провидение во делото, ние ќе имаме сила да го убедиме светот. Високата положба не ни дава вредност во Божјите очи. Човекот се мери според својата посветеност и верност во вршењето на Божјата волја. Ако остатокот на Божјиот народ оди пред Него во понизност и вера, Тој преку него ќе ја оствари Својата вечна цел, оспособувајќи го на светот сложно да ја објавува вистината каква што е во Исуса. Тој ќе нè употребува сите нас - мажите, жените и децата - за да го осветли светот со светлина и да си избере Себе народ кој верно ќе ги извршува Неговите заповеди. Преку верата на Својот народ Господ ќе му покаже на светот дека Тој е вистинскиот Бог, Бог Израелев. {9С 274.1}

Апостол Павле кажува: „Живејте достојно за Христовото евангелие, та, ако дојдам и ве видам, или отсуствувам, да чујам за вас дека стоите во еден дух, борејќи се еднодушно за евангелската вера, и во ништо не плашете се од противниците; тоа е знак за нивната погибел, а вам - за спасение. И тоа е од Бога. Оти вам ви се даде дар поради Христа не само да Верувате во Него, туку и да страдате за Него. {9С 274.2}

И така, ако во Христа има некаква утеха, ако има некоја утеха во љубовта, ако има општење со Духот, ако има некое милосрдие и сострадание, исполнете ја радоста моја, бидете со едни мисли, имајќи една иста љубов, и бидете еднодушни и едномислени; не правете ништо од љубов кон препирање или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за погорен од себеси. {9С 274.3}

Не грижете се секој само за себе, туку и за другите! Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос, Кој, иако беше во Божјо обличје, сепак не држеше многу до тоа што е еднаков со Бога; но Сам Себе се понизи, откако зеде обличје на слуга и се изедначи со луѓето; и по вид се покажа како човек; сам се смири, откако стана послушен дури до самата смрт, и тоа смрт на крст. Па затоа и Бог Го издигна и Му даде име, што е над секое име, та во името на Исуса да ги преклони колената на сè што е небесно, земно и подземно, и секој јазик да испове-да дека Исус Христос е Господ, за слава на Бога Таткото. Затоа, возљубени мои, како што секогаш ме слушавте, не само во мое присуство, туку многу повеќе сега кога сум отсутен, со страв и трепет градете го вашето спасение, оти Бог е Оној, Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја“ (Филипјаните 1:21-30; 2:1-13). {9С 275.1}

Наложено ми е овие зборови да ги изложам на нашиот народ во Јужна Калифорнија. Тие мора да се објават во секоја црква, зашто туѓ дух се вовлекува во нашите редови. {9С 275.2}

Сега е време луѓето да ги понизат своите срца пред Бога и да научат да работат во согласност со Неговите методи. Тие што сакаат да владеат над своите ближни, треба да сфатат со каков дух се. Тие би морале да го побараат Господа во пост и молитва и во понизност на душата. {9С 275.3}

Христос во Својот живот на оваа Земја дал пример кој сите со сигурност можат да го следат. Тој ја цени секоја овца и јагне на Своето стадо и не сака било кој да владее над нив со некоја сила и да ја ограничува нивната слобода во Неговата служба. Тој никогаш не одредил човек да владее над Неговото наследство. Вистинската библиска вера ќе ни овозможи да владееме над самите себе, а не над другите. Нам како на

народ ни е потребен Светиот Дух во многу поголема мера за да ја објавуваме свечената вест што Бог ни ја дал, и тоа без никакво возвишување. {9C 275.4}

Браќа, задржете ги зборовите на осуда и обвинување за самите себе. Поучувајте го Божјото стадо да го насочи својот поглед на Христа, а не кон грешниот човек. Секој што станува учител на вистината, мора во сопствениот живот да вроди плод на светост. Угледувајќи се на Христа и следејќи го Неговиот пример, таквиот човек им покажува на душите што му се доверени што значи да се биде вистински христијанин во науката и животот. Дозволете му на Бога да ве поучува на Своите патишта. Истражувајте секој ден за да ја дознаете Неговата волја. Бидете достојни на својот повик, славејќи го Бога со својот секојдневен живот и со своите молитви. Држејќи се за Речта на животот, ќе придобиете и други да станат Христови следбеници. {9C 276.1}

ДО РАБОТНИЦИТЕ ВО ЈУЖНА КАЛИФОРНИЈА

Ова утро сум мошне неспокојна. Ме вознемирува ситуацијата во Јужна Калифорнија. Бог на секој човек му ја одредил Неговата работа. Меѓутоа, има и такви кои не ја земаат со молитва во предвид својата лична одговорност. {9C 277.1}

Кога ќе се постави еден работник на одредено место, тоа место само по себе не му дава способност која порано ја немал. Високата положба сама по себе не дава христијански доблести на карактерот. Човекот кој претпоставува дека самостојно може да расудува и да прави планови за сите гранки на Божјото дело, со тоа покажува голем недостаток на мудрост. Разумот на ниеден човек не е доволен сам да одговори на многубројните и разновидни должности на една Област, која опфаќа илјадници луѓе и многу гранки на Божјото дело. {9C 277.2}

Меѓутоа, покажано ми е дека уште поголема опасност лежи во сè пораспространетото сфаќање на нашите работници според кое проповедниците и останатите работници во Божјото дело мораат да се потчинуваат на судот на одредени луѓе од водството, очекувајќи тие да им ја одредуваат должноста. Не смееме да мислиме дека разумот и просудувањето на еден човек се во состојба да водат една цела Област. Секој поединец и секоја црква имаат своја должност. Бог на секој човек му дал барем по еден талент или повеќе, за да ги умножува со употреба и со ставање во промет. Користејќи се со тие таленти, човекот ги зголемува своите способности за служба. Бог на секој поединец му дал разум и Тој сака секој работник да го користи својот дар и да се развива. Претседателот на една Област никогаш не смее да смета дека Неговиот суд е секогаш поисправен од судот на останатите браќа. {9C 277.3}

Во ниедна Област изнесените предлози не би требало со брзање да се прифаќаат така што браќата ќе немаат време внимателно да го разгледаат прашањето од сите страни. Затоа што претседателот предлагал извесни планови и просто им ги наметнувал на останатите, понекогаш се сметало дека е неопходно да се праша Господ за совет. Прифаќани се предлози кои на верниците не им биле од духовна корист и кои засечувале многу подлабоко отколку што тоа се чинело при првото површно разгледување. Таквите чекори не се во согласност со редот на кој укажува Бог. Многу, навистина многу нешта биле предложени и усвоени по пат на гласање, кои со себе

носеле многу повеќе отколку што се тоа на прв поглед се очекувало и многу повеќе на кое тие што гласале би се согласиле кога би имале време да го проучат прашањето од сите страни. {9C 278.1}

Во ова време не смееме себеси да си дозволиме никаква немарност во Божјото дело. Мораме секој ден поусрдно да го бараме Господа, ако сакаме да се подготвиме за тоа што наскоро ќе надојде на нас. Нашето срце мора да се исчисти од секаква желба за превласт, а во душата мора да се всадат живите начела на вистината. Младите и старите и средновечните луѓе, сите мораат да ги негуваат доблестите на Христовиот карактер. Тие мораат духовно да се развиваат секој ден, за да можат да бидат садови за чест во службата на Господарот. {9C 278.2}

„Еднаш Тој беше на едно место и се молеше, и кога престана, еден од Неговите ученици Му рече: Господи, нау-чи нè да се молиме, како што ги научи Јован своите ученици“ (Лука 11:1). Одговарајќи на оваа молба, Христос на Своите ученици им ја изговорил молитвата, која потребите на душата не ги изразу-ва со величествен стил, туку со едноставни човечки зборови. Оваа молитва е кратка и непосредно се однесува на секојдневните животни потребни. {9C 278.3}

Секоја душа има предимство во молитва да ги изложи на Господа своите лични потреби и благодарност за благословите што секојдневно ги прима. Меѓутоа, долгите молитви кои без дух и вера се упатуваат на Бога претставуваат за Него товар наместо радост. Пред сè, потребно ни е толку многу, чисто и обратено срце! Нашата вера мора да се засили. Спасителот ветил: „Сакајте и ќе ви се даде; барајте и ќе најдете; чукајте и ќе ви се отвори“ (Матеј 7:7). Да се трудиме и да учиме секогаш да имаме доверба во овие зборови и во сите свои постапки да ја внесуваме Христовата светлина и благодат. Мораме цврсто да се држиме за Христа сè додека не се осведочиме дека во нас делува силата на Неговата преобразувачка благодат. Мораме да имаме вера во Него, ако сакаме нашиот карактер да биде одраз на божествениот. {9C 278.4}

Христос го обле-кол Своето божество со човечко обличје и живеел со живот на молитва, самоодречување и секојдневни борби со искушенијата за да може да им помогне на оние на кои денес навалуваат искушенија. Тој е наша делотворна сила. Тој сака човештвото да ја прими Неговата благодат, преку тоа станувајќи соучесник во божествената природа и на тој начин да ја избегне расипаноста која постои во светот среде попуштањата на телесните желби. Божјиот Збор, и Стариот и Новиот Завет, дава духовна мудрост и живот, само ако верно се проучува и применува во животот. Тој Збор мора свето да се негува. Верата во Божјата Реч и во Христовата моќ ќе го преобрази животот, ќе го оспособи верникот да соучествува во Неговото дело и да живее живот на радост во Господа. {9C 279.1}

Толку многу пати ми беше налагано да му кажам на нашиот народ: Имајте вера и доверба во Господа. Немојте да дозволите еден смртен човек да ви одредува должност. Ваше предимство е да кажете: „Ќе го проповедам Твоето име на Моите браќа, ќе Те фалам среде собранието. Вие кои се боите од Бога, фалете Го! Славете Го сите од Јакововиот род! Бојте се од Него сите Израелеви потомци. Зашто не го презре ниту ја заборави тагата на натаженият, и не го скри Своето лице од него, туку го чу, кога го повика. Затоа ќе Те фалам во големото собрание, ќе ги исполнам своите завети

пред оние кои се плашат од Него. Бедните ќе јадат и ќе се наситат, ќе го фалат Господа оние што Го бараат: вашето срце нека живее довека!“ (Псалм 22:22-26). {9С 279.2}

Овие зборови се однесуваат токму на нас. Секој член на црквата мора да знае дека разјаснувањето и упатствата во поглед на својата должност треба да ги очекува само од Бога. Добро е кога браќата се советуваат меѓусебно; но кога луѓето како според некој закон пропишуваат што ќе работат нивните браќа, тие нека им одговорат дека го земале Господа за свој советник. Тие што ќе Го побараат понизно, ќе увидат дека им е доволна Неговата благодат. Но кога човекот допушта некој друг да се поставува меѓу него и должноста на кој Бог му укажал, кога се потпира на некој друг и дозволува тој да го води, тој се оддалечува од вистинскиот пат и стапнува на една погрешна и опасна патека. Наместо да расте и да се развива, таквиот човек ќе ја изгуби својата духовност. {9С 280.1}

Ниеден човек нема сила да преобрази еден несовршен карактер. Секој од нас поединечно мора да ја насочи својата надеж кон Оној што е толку многу повозвишен од смртниот човек. Секогаш да имаме на ум дека помошта доаѓа од Семожниот. Господ се погрижил секоја душа да ја добие неопходната помош, само ако тоа го сака. {9С 280.2}

Санаториум, Калифорнија, 3. октомври 1907

„ЈАС СУМ СОСЕМ МЛАД“

Во почетокот на своето владеење Соломон се молел: „сега, о Господи ти го направи цар Својот слуга на местото на мојот татко Давид, но јас сум сосем млад, не знам ни да излегувам, ни да влегувам“ (1. Царевите 3:7). {9С 281.1}

Наследувајќи го својот татко Давид, Соломон дошол на Израелскиот престол. Бог му укажал голема почест и како што знаеме, тој подоцна станал најголем, најбогат и најмудар владетел кој некогаш седел на земен престол. Соломон веднаш на почетокот на своето владеење, благодарение на делувањето на Светиот Дух сфатил колку се свети неговите должности, па, иако богат со таленти и способности, увидел дека слично на мало дете ќе биде неспособен за вршење на тие должности ако ја нема Божјата помош. Соломон никогаш не бил толку богат, толку мудар, и вистински толку голем како тогаш кога го повикал Господа: „Јас сум сосем млад, та уште не знам да владеам“. {9С 281.2}

Кога Господ во таа прилика му се јавил во сон, и му рекол: „Барај што да ти дадам“, Соломон изразил колку се чувствува беспомошен и колку му е потребна Божјата помош. Потоа продолжил: „Твојот слуга е сред народот што си Го избрал; народ броен што не може ни да се изброи ни да се опфати со попис. Дај му на Својот слуга проникливо срце, за да може да му суди на Твојот народ, да разликува добро од зло, зашто кој би можел да управува со Твојот народ? {9С 281.3}

На Господа Му беше мило дека Соломон молеше за тоа. Затоа Господ му рече: Зашто го бараш тоа, а не посака ни долг живот, ни богатство, ниту смрт на своите непријатели, туку проникливост во пресудувањето на правдата, еве ќе направам според твоите зборови: ти давам мудро и разумно срце, какво што немал никој пред

тебе ниту ќе го има некој по тебе, но ти давам и што не бараш: богатство и слава каква што нема никој меѓу царевите”. Бог на крајот ги истакнал и условите: „И ако одиш по Моите патишта и ако ги пазиш Моите закони и заповеди, како што правеше твојот татко Давид, ќе ги умножам твоите денови. {9С 281.4}

Соломон се разбуди, и ете: тоа беше сон. Тој се врати во Ерусалим и застана пред Ковчегот на Божјиот Завет; принесе паленици и помирителни приноси, и им приреди гозба на сите свои слуги“ (1. Царевите 3:8-15). {9С 282.1}

Сите кои заземаат одговорни положби треба да ја примат поуката што ни е дадена во Соломоновата понизно изразена молитва. Тие секогаш мораат да имаат на ум дека положбата не може да го измени карактерот на еден човек ниту да го направи непогрешлив. Колку е повисока положбата која еден човек ја зазема, толку се поголеми неговите должности, толку е пораспространето Неговото влијание на другите и понеопходна е Неговата потреба да ја сфати својата зависност од Божјата мудрост и сила за да може да ги развие најдобрите и најсветите особини на својата природа. Тие што прифаќаат одговорни места во Божјото дело, мора секогаш да имаат на ум дека повикот да го прифатат тоа место е истовремено и повик од Бога внимателно да живеат пред Него и пред своите ближни. Наместо, злоупотребувајќи ја примената положба само да заповедаат и наредуваат, тие мораат да сфатат дека тие самите се ученици. Ако еден работник не е во состојба да ја сфати оваа поука, тогаш и за него и за Божјото дело ќе биде подобро тој, што порано да биде ослободен од доверените одговорности. Самата положба нема на никого да му даде совршен карактер. Оној што го почитува Бога и ги држи Неговите заповеди ќе биде и самиот почитуван. {9С 282.2}

Секој мора себеси во потполна понизност да си го постави прашањето: „Дали сум способен за оваа должност? Дали сум научил да се држам за Господовите патишта и да творам правда и суд?“ Спасителот со Својот живот на Земјата ни покажал дека не смееме да одиме во своја сила, туку дека секој треба да се смета себеси за, како што тоа го изразил Соломон: „сосем млад“. {9С 283.1}

„И така угледајте се на Бога, како љубезни деца“

Секоја вистински обратена душа може да каже: „Јас сум сосем млад, но сум Божје дете“. На членовите на човечкото семејство по бескрајна цена им е овозможено повторно да станат Божји синови. Бог во почетокот го создал човекот според својот лик. Нашите први родители, слушајќи го гласот на искушувачот, подлегнале на сатанската сила. Но човекот не бил оставен сам да ги носи сите последици на Гревот што го направил. Ветено му е дека ќе дојде Ослободител: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената, меѓу родот и породот нејзин. Тој ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петата”. (Создавање 3:15). Пред изрекувањето на пресудата за трњето и плевелите, за маката и потта што ќе им паднат во дел, за правот во кој ќе се вратат, тие ги слушнале зборовите што морале да им влеат надеж. Сè што изгубил човекот поради попуштањето на сатаната, можел да го врати преку Христа. {9С 283.2}

Божјиот Син дошол да го откупи човечкиот род. Со неизмерно страдање на Безгрешниот наместо на грешникот, платена е цената за ослободување на човечкиот род од разорната сатанска моќ, за Негово обновување според Божјиот лик. Тие што ќе го примат спасението што им го донел Христос, ќе се понизат пред Бога како Негови деца. {9C 263.3}

Бог сака Неговите деца да го бараат тоа што ќе му овозможи Нему преку нивниот живот да ја открие Својата благодат на светот. Тој сака тие да го бараат Неговиот совет, да ја признаат Неговата сила. Од сите за кои го дал Својот живот, Христос со љубов бара да се покоруваат на Неговата волја ако сакаат да учествуваат во радостите што Тој ги подготвил на сите кои овде го откриваат Неговиот карактер. Добро е да бидеме свесни за своите слабости, зашто во тој случај ќе бараме сила и мудрост кои Таткото со задоволство ни ги дава како на Свои деца за да победиме во секојдневната борба против силите на злото. {9C 284.1}

Иако треба да се ценат искуствата, образованието и советот на искусните, сепак работниците треба да се поучуваат дека не смеат целосно да се потпираат на судот на ниеден човек. Сите мораме да бараме мудрост од Бога, зашто сите ние сме Негови слободни орудија. Ако оној што учи се поведува по мислењето на некој друг човек, ако ги прифаќа неговите планови и не се впушта во ништо повеќе, тогаш тој гледа исклучително со очите на тој човек и така претставува само туѓа сенка. {9C 284.2}

НАГРАДА ЗА СЕСРДНАТА РАБОТА

„Ако делото на некој човек се задржи,... тој ќе прими награда“ (1. Коринтјаните 3:14). Величествена ќе биде наградата на верните работници кои еднаш ќе се соберат околу престолот на Бог и на Јагнето. Кога Јован во својата смртна состојба ја видел Божјата слава, паднал како мртов бидејќи не можел да ја поднесе таа сцена. Меѓутоа, кога Божјите деца ќе се облечат во бесмртност, тие ќе „го видат Онаков Каков што е“ (1. Јованово 3:2). Тие ќе стојат пред престолот прифатени од Возљубениот. Сите нивни гревови ќе бидат простени, сите нивни престапи избришани. Тогаш ќе можат да ја гледаат сета слава на Божјиот престол. Тие учествувале со Христа во Неговите маки, соработувале со Него во планот за откупување и затоа со Него ќе ја делат радоста кога во Божјото царство ќе ги видат спасените кои таму ќе го слават Бога низ целата вечност. {9C 285.1}

Мои браќа и сестри, ве повикувам да се подготвите за доаѓањето на Спасителот на небесните облаци. Од ден во ден искоренувајте ја од своето срце љубовта кон светот. Разберете преку искуство што значи да се има заедница со Христа. Подгответе се за судот, за во мир да се сретнете со Христа, кога Тој ќе дојде да се прослави во оние кои веруваат. Тој ден откупените ќе засветлат во славата на Таткото и Синот. Ангелите ќе свират со своите златни харфи поздравувајќи го Царот и трофеите на Неговата победа - оние кои ги испрале и ги избелиле своите облеки во крвта на Јагнето. Ќе се заори песна на победа која ќе ги исполни сето небо. Христос победил. Тој ќе влезе во небесните дворови, пратен од Своите откупени, како живи сведоци дека Неговата мисија на страдања и жртви не била напразно. {9C 285.2}

Воскресението и вознесението на нашиот Господ е несоборлив доказ дека Божјите светии ќе ја победат смртта и гробот, тоа е гаранција дека небото е отворено за сите оние што ќе ги исперат облеките на својот карактер и ќе ги избелат во крвта на Јагнето. Исус се вознел кај Отецот како претставник на човечкиот род, и оние во кои ќе се огледа Неговиот лик, Бог ќе ги доведе таму да ја гледаат Неговата слава и до соучествуваат во неа. {9C 286.1}

Постојат домови за оние кои на Земјата биле само патници и придојдени. Бели облеки со круни на слава и палми на победа ги очекуваат праведниците. Во идниот свет сето тоа што нè збунувало во Божјото Провидение конечно ќе ни стане јасно. Тогаш ќе бидат објаснети појавите кои денес е тешко да се разберат. Пред нас ќе се открие тајната на благодатта. Таму каде што нашиот ограничен ум гледал само збрка и неисполнети ветувања, ќе забележиме најсовршена и најубава хармонија. Ќе увидиме дека токму бескрајната љубов одредила да го преживееме она што ни изгледало потешко од сè. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа на Оној кој прави сè што ќе нè снајде да биде за наше добро, тогаш ќе почувствуваме неискажана радост и благодарност. {9C 286.2}

Болка не може да постои во небесната атмосфера. Во домовите на откупените нема да има солзи, жалост ниту погребна поворка. „И ниеден жител нема да рече: ‘Болен сум!’ На народот што живее таму, ќе му се прости беззаконието“ (Исаија 33:24). Блаженство и среќа ќе потечат како поројна силна ре-ка која во текот на бескрајните векови ќе станува сè подлабока и сè поширока. {9C 286.3}

Иако сè уште се наоѓаме среде сенката и ви-рот на земната активност, да ја имаме секогаш на ум среќата и благословот на иднината. Нашата вера нека ги пробие сите облаци на мракот и го види Оној што умрел за гревовите на светот. Тој ја отвора ширум вратата на рајот на сите што ќе Го примат и веруваат во Него. Тој им дава сила и власт да станат Божји синови и ќерки. Неволјите кои толку болно нè рануваат, треба да ги прифатиме како поуки кои Господ ни ги испраќа, за да побрзаме „кон наградата на горното призвание од Бога во Исуса Христа”. Да се тешиме и храбриме со мислата дека Господ наскоро ќе дојде и оваа надеж нека ги развеселува нашите срца. „Зашто уште малку, сосема малку и Оној што доаѓа, ќе дојде и нема да се забави“ (Евреите 10:37). Блажени ќе бидат оние слуги кои Господ, кога ќе дојде, ќе ги затече будни и на стража. {9C 286.4}

Ние се наоѓаме на пат кон својот дом. Оној кој толку нè љуби што умрел заради нас, ни подготвил еден град. Новиот Ерусалим е место на нашиот одмор и мир. Во Божјиот град нема да има тага. Никогаш повеќе нема да се чуе глас на болка ниту тажачки заради скршени надежи и погребани мили и драги. Наскоро облеките на тага ќе бидат заменети со свадбена облека. Наскоро ќе бидеме сведоци на крунисувањето на нашиот Цар. Оние чијшто живот бил сокриен во Христа, оние кои на оваа земја се бореле во добрата борба на верата, ќе заблескаат со славата на Откупителот во Божјото царство. {9C 287.1}

Нема да помине уште многу време и ќе го видиме Оној во кого се сконцентрирани сите наши надежи на вечен живот. Во Негово присуство сите страдања и искушенија од овој живот ќе ни се чинат толку ништожни и безначајни. „И така, не напуштајте ја вашата слобода, за која имате голема награда. Најнапред ви е потребно трпение, па,

откако ќе ја исполните волјата Божја, да го добиете ветеното; зашто уште малку, сосема малку и она што иде, ќе дојде и нема да се забави“ (Евреите 10:35-37). Подигајте го постојано својот поглед горе и вашата вера нека биде сè посилна и посилна. Таа вера нека ве води по оној тесен пат кој преку вратата на Божјиот град води во бескрајната слава на иднината, која таму ги очекува искупените. „Бидете трпе-ливи, браќа мои, до доаѓањето на Господа! Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго трпи за него, додека не добие дожд, ран или доцен. Па трпете и вие, укрепете ги своите срца, оти доаѓањето на Господа се приближи“ (Јаков 5:7, 8). {9C 287.2}